# НЕЗАВРШЕНА РАБОТА

*Девет закони за забрзување*



ГЕРИ КИСИ

Драги пријатели во Христос,

Наша молитва е поучувањето во оваа книга да ви биде на благослов и охрабрување! Слободно споделете го овој материјал со вашите пријатели, вашето семејство и вашата црква. Исто така, посетете ја страницата на FLNFree.com за бесплатно преземање на дополнителни копии, како и за повеќе други материјали за почување на вашиот јазик!

Бог ве љуби и Тој има прекрасен план за вашиот живот! Сознанието како функционира Божјото Царство ни го промени животот на подобро, и веруваме дека ќе го стори истото и за вас!

Со љубов во Христос,

Гери и Дренда Киси



П.С. Не заборавајте да ја посетите нашата веб страница FLNFree.com за бесплатно преземење на дополнителни материјали за поучување на вашиот јазик!

**Unfinished Business:** ***Nine Laws for Acceleration*****.** Macedonian. By Gary Keesee
Copyright © 2024 by Gary Keesee

Originally printed in English
ISBN: 978-1-945930-98-0

Faith Life Now
P.O. Box 779
New Albany, OH 43054, USA

This book is a free gift from the author and is NOT FOR SALE

You can reach Faith Life Now Ministries on the Internet at **FaithLifeNow.com**

More resources by the same author are available for free download at **FLNFree.com**

**Незавршена Работа:** ***Девет Закони за Забрзување*****.** Македонски. Од Гери Киси
Авторски права © 2024 од Гери Киси

Првично издадена на англиски јазик
ISBN: 978-1-945930-98-0

Faith Life Now
P.O. Box 779
New Albany, OH 43054, USA

Оваа книга е подарок од авторот и НЕ Е ЗА ПРОДАЖБА

Службата на Faith Life Now е достапна онлајн на: **FaithLifeNow.com**

Дополнителни материјали од истиот автор се достапни за бесплатно преземање од страницата на: **FLNFree.com**

**Издава: Евангелска Црква во РМ**
**Ф.Рузвелт 16**
**Скопје**

**Превод: Игор Панов**
**Лектура: Емилија Златкова - Анастасова**
**Графика и дизајн: Елисавета Галева**
**Печати: Ирис – Струга**
**Тираж: 2000**

Во оваа книга авторот има користено стихови од различни преводи на Библијата. Сите стихови, кои се поклопуваат со стандарниот македонски превод на Библијата, во издание на Библиското здружение на Р. Македонија, Скопје, 2007, се користени од тоа издание на Библијата. Дел од стиховите се извадени од динамичниот превод на Новиот завет, во издание на ХБЦ „Радосна Вест“, Скопје, 1999. Сите останати стихови се парафразиран и динамичен превод на англиските преводи на Библијата.

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД**. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **9**

**ПОГЛАВЈЕ 1:** КАДЕ САКАТЕ ДА ОДИТЕ?. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **13**

**ПОГЛАВЈЕ 2:** РОБОВИТЕ НЕ СОНУВААТ!. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **27**

**ПОГЛАВЈЕ 3:** КОЛКУ Е ГОЛЕМ ВАШИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ? . . . . . . . . . . . . . **47**

**ПОГЛАВЈЕ 4:** АВРААМОВИОТ БЛАГОСЛОВ. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **73**

**ПОГЛАВЈЕ 5:** ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **83**

**ПОГЛАВЈЕ 6:** ЗАКОНОТ ЗА КАПАЦИТЕТ. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **93**

**ПОГЛАВЈЕ 7:** ЗАКОНОТ ЗА ОСВОЈУВАЊЕ. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **109**

**ПОГЛАВЈЕ 8:** ЗАКОНОТ ЗА ПРИТИСОК. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **119**

**ПОГЛАВЈЕ 9:** ЗАКОНОТ ЗА СТРАТЕГИЈА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **133**

**ПОГЛАВЈЕ 10:** ЗАКОНОТ ЗА ИТНОСТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **159**

**ПОГЛАВЈЕ 11:** ЗАКОНОТ ЗА ВАЖНОСТ. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **173**

**ПОГЛАВЈЕ 12:** ЗАКОНОТ ЗА ДАРЕЖЛИВОСТА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **187**

**ПОГЛАВЈЕ 13:** ЗАКОНОТ ЗА ПРОСЛАВУВАЊЕ. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **221**

**ЗАКЛУЧОК** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **235**

**ДОДАТОК: ВЕРА**. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **237**

# ВОВЕД

„Зошто не си и ти на бината?“, тоа ми го кажа Бог додека седев на годишната конвенција за продажба гледајќи како десетте најдобри лидери во продажба го добиваат своето признание, кое патем вклучуваше бонус чек од 100.000 долари. Бев малку шокиран кога го слушнав тоа. Реков: „Господи, знаеш зошто не сум таму горе; Ти ме повика да започнам црква и да бидам пастор. Знаеш дека сум зафатен, навистина зафатен. Овие луѓе на сцената го прават тоа цел ден. Тоа е она што го јадат и дишат цела година за да стигнат овде. Јас сум пастор со полно работно време и во мојата компанија работам само со скратено работно време или само кога можам“. Потоа слушнав како ми одговори: „Сакам и ти да бидеш горе на бината. Тоа е одлична можност да Ме претставуваш пред другите“. Па, се разбира, дека сакав да бидам на бината; кој не би? Затоа, реков: „Па, Господи, јас веќе максимално го користам моето време, затоа ќе мора да ми покажеш што треба да направам за да се случи тоа, бидејќи во моментов јас не гледам начин“.

Да ви дадам малку историја, во тој период од мојот живот, покрај водењето на голема црква од 3.500 луѓе, веќе 34 години работев и во финансиската сфера продавајќи осигурување, хартии од вредност и помагајќи им на луѓето да се ослободат од долгови. Конвенцијата на која присуствував беше организирана од еден од многуте партнери што мојата финансиска компанија ги користи помагајќи им на нашите клиенти во нивните финансиски планови. Соработувавме со тој партнер веќе 14 години и

обично имавме доволно профит за да се квалификуваме да присуствувам на нивниот годишен настан, но до тој момент никогаш не бевме помеѓу најпрофитабилните.

Вообичаено нашиот профит беше околу 4 милиони годишно, доволно да бидеме меѓу првите 200 од 5.000 партнери на таа компанија, затоа и не ми сметаше што имавме толкав профит, особено затоа што бев многу зафатен. За да бидеме во првите 10 партнери, требаше да заработуваме повеќе од 10 милиони годишно, а веќе беше Март кога бев на таа конвенција. Немав поим како би можеле да достигнеме до 10 милиони пред крајот на годината. Запомнете, имавме обрт од околу 4 милиони во производство годишно во претходните 14 години!

Но, Дренда и јас се согласивме дека ако Господ сака да бидеме на бината, тогаш тоа сигурно е возможно – меѓутоа, немавме претстава, во тој момент, како тоа може да се случи. Проповедав четири пати за време на викендот, патував околу 75 денови годишно на разни конференции, имав дневна ТВ емисија, бев одговорен за 75 вработени и ја водев мојата финансиска компанија. Дренда исто така имаше своја ТВ емисија. Додадете ги на тоа нашите пет деца и внуци, и ќе имате прилично исполнет живот. Дренда и јас посеавме финансиско семе и побаравме од Бог да ни покаже како да го направиме она што ни се чинеше невозможно.

Да ја скратиме приказната – или да бидам попрецизен, да дадам вовед во една долга приказна – следната пролет, ние стоевме на таа бина помеѓу најуспешните, и да, го добивме бонусот од 100.000 долари, како и патување до Бора Бора! Беше прекрасно и неверојатно. И тоа не е сè, шест години по ред го достигнувавме тоа ниво на продуктивност. Го постигнавме сето тоа без да воведеме нов маркетинг план, без да ангажираме повеќе вработени, без дополнителни трошоци, без купени потенцијални клиенти. Всушност, ние не се рекламиравме ниту користевме било каква друга форма на маркетинг во ниту една од тие шест години. Па, како тогаш пораснавме од 4 милиони кои ги имавме 14 години последователно на над 10 милиони профит за помалку

од 10 месеци одржувајќи ниво на производство помеѓу 12 и 15 милиони во следните пет години? Повторно, тоа не беше резултат на присуство на некој состанок за продажба или конференција за продажба.

Оваа промена беше резултат на сонот што го имав кога Господ ми го даде клучот што го промени мојот финансиски живот. Оваа книга ја пишувам шест години подоцна како резултат на вториот сон што го сонував кога Господ ми рече да ја напишам оваа книга. Во тој сон, го видов насловот на книгата и поглавјата од книгата толку јасно како да ја држев книгата во рака.

Како и јас, знам дека сакате да победувате, да заземете територија и да дозволите Бог да ве користи како слика на Неговата големина. Ако тоа е вашето срце, тогаш оваа книга е за вас. Време е да го катапултирате вашиот успех со овие девет закони за забрзување. Да не оставиме никаква незавршена работа зад нас. Кога ќе одам на Небото, сакам да знам дека ја исполнив мојата задача, не само што преживеав тука и напредував, преку Божјата благодат. Сакам Тој да блеска низ мојот живот, покажувајќи им на луѓето дека невозможното е секогаш можно!

—Гери Киси

## ПОГЛАВЈЕ 1

# КАДЕ САКАТЕ ДА ОДИТЕ?

Земјата е огромна! Има многу фантастични места што можат да се посетат и видат, но чудно, толку многу луѓе никогаш не стигнуваат таму. Една неодамнешна анкета што ја прочитав во списанието *Форбс* го наведува следново:

- Единаесет проценти од испитаниците во истражувањето никогаш не патувале надвор од државата во која се родени.
- Над половина од анкетираните (54 проценти) велат дека посетиле 10 држави или помалку.
- Дури 13 проценти велат дека никогаш не летале во авион.
- Четириесет проценти од испитаниците рекле дека никогаш не ја напуштиле земјата.
- Над половина од испитаниците никогаш не поседувале пасош. (Запомнете, со години не беше потребен пасош за да се оди во Канада, што можеби го објаснува овој голем број.)[1]

Овие бројки ми беа многу интересни. Но, следнава информација што ја прочитав во истата анкета е она

[1] Леа Лејн, „Процент на Американци кои никогаш не патувале надвор од државата каде што се родени? Дали е тоа изненадување", https://www.forbes.com, 5 мај 2019 година

што навистина ми беше неверојатно: 85 проценти од анкетираните рекле дека имаат желба да патуваат, а над 60 проценти веќе имале листа на места што еден ден би сакале да ги посетат. На прашањето зошто не патувале иако имаат желба за тоа, нивниот одговор бил едноставен: Тие немале пари да патуваат. Значи, знаете ли што се случува тогаш? Ништо! Станувате набљудувач, случаен минувач во животот. Така пораснав јас.

Додека јас бев мал моето семејство никогаш не патуваше. Едвај ги знаев имињата на соседните градови, а уште помалку знаев каде се и како да стигнам таму. За да ви дадам илустрација колку бев нефункционален во однос на патувањето, ќе ви кажам за еден настан што се случи кога имав 14 години.

Пораснав во земја опкружена со обработливо земјиште во средината на Охајо. Дедо ми беше земјоделец, а моите родители изградија дом на неколку хектари од неговата фарма, и тоа многу ми се допаѓаше затоа што имаше големо езерце до нашата куќа. Исто така имаше и еден поток што течеше од нашето езерце во шумата, каде што научив да ловам и да поставувам стапици. Поминав многу денови во риболов и прошетки низ тие шуми! Уживав во животот таму. Иако мојот роден град беше на само неколку милји од границите на градот Колумбос, никогаш не сакав многу да одам во големиот град.

Меѓутоа, таа година, мојот пријател и јас решивме да купиме велосипеди Швин. Не било кои стари Швин велосипеди, туку 10-брзински со вистински брзинометар на нив. Бидејќи сè уште бев премногу млад за да возам, мислев дека велосипедот е навистина нешто посебно. Заштедив пари, а јас и мојот пријател купивме сосема нов Швин со 10 брзини. Ги возевме тие велосипеди во нашето соседство, а исто така возевме и два километри до училиште.

Еден ден, решивме дека сакаме навистина да одиме некаде, вистинско патување со нашите нови велосипеди. Зедовме неколку долари и тргнавме по патот. На околу еден-два километри од мојата куќа, дојдовме до првата раскрсница. Знаев дека ако тргнам лево, ќе стигнеме до

училиштето. Знаев и дека ако тргнам десно, ќе завршам на окружната линија, која беше на околу два и пол километри од таа раскрсница. Но, не знаев каде води откако ќе ја поминавте границата на нашиот округ; никогаш порано не сум се движел по тој пат. Па, и мојот пријател исто така не знаеше што има после границата на нашиот округ, па си помисливме: *Ајде да одиме и да дознаеме што има таму.* Така и направивме: се упативме десно, кон границата на округот и мислевме дека сме многу возрасни и храбри што се упативме кон непознатото.

Возевме некое време, ја поминавме границата на округот и продолживме понатаму. Се сеќавам дека додека ја поминувавме линијата на округот си мислев, *Леле, навистина сега одиме некаде, вистинско патување.* Како што возевме понатаму, видовме мал град пред нас. Немавме поим за кој град се работи. Како што се приближивме до градот, забележавме мала продавница, и бидејќи беше топол ден и бевме жедни, застанавме на паркингот и влеговме внатре да си купиме нешто за пиење. Влеговме двајцата и купивме пијалок по избор. Во тој период од мојот живот, јас вообичаено пиев планинска роса. Патем, ако сте помлад читател, тоа беше шише, а не лименка, и беше направено со вистински шеќер, а не со сируп од пченка. Најдобар пијалок!

Додека плаќавме, ѝ кажавме на госпоѓата на касата за нашето патување со велосипед и ја прашавме како се вика градот во кој се наоѓаме. Кога ни кажа, никој од нас не беше слушнал за тој град порано, па ја прашавме колку сме далеку од раскрсницата кон Њу Албани. Се сеќавам колку глупаво се чувствував кога ни кажа дека е седум и пол километри. Седум и пол километри? Само толку? Возевме само седум и пол километри? Чувството беше дека возевме најмалку 75 километри! Иако сфативме дека не сме отишле далеку, решивме дека тоа е доволно возење за еден ден, се свртевме, се вративме на раскрсницата и отидовме дома. Тоа беше големо патување за мене. Можете ли да замислите да не го знаете името на градот што е на само неколку километри од вашиот дом, домот во кој сте пораснале? Да повторам, ние едноставно не

патувавме многу.

Сѐ уште се сеќавам дека кога имав 19 години со еден пријател возевме кон реката Охајо на риболов. Откако се обидовме да ловиме малку, зафати бура, па решивме да се вратиме дома. Се сеќавам дека го прашав мојот пријател дали би му пречело ако возиме преку мостот на реката Охајо и да се вратиме веднаш за да можам да кажам дека всушност ја напуштив државата Охајо. Тој ден за прв пат бев во Кентаки. Леле, каков заштитен живот имав додека растев. Имаше во тоа прекрасно нешто, но без да сфатам, тоа исто така ме ограничуваше.

Веќе знаете дека ја сакам природата. Најлошата казна што можеше да ми ја дадете додека растев беше да ми кажете дека морам да останам внатре. Живеев надвор! Почнав да ловам кога бев шесто одделение, не затоа што татко ми ловеше, туку затоа што кога умре дедо ми, пребарував во неговиот подрум и најдов картонска кутија полна со делови од стара 65-годишна пушка. Го прашав татко ми дали можам да ја задржам, а тој ми рече дека можам, не мислејќи дека можам да составам пушка од она што тој мислеше дека е ѓубре во таа кутија, но јас го направив токму тоа. Мислам дека беше малку шокиран тој ден кога ја извадив пушката, му покажав дека ја поправив и го прашав дали може да пука со неа за да видам дали навистина функционира. Бев изненаден – дозволете ми да се коригирам – бев шокиран – кога тој рече да. Се сеќавам на тој настан како да беше вчера.

Тој најде неколку стари зрна од сачмарка со калибар 12. Немав поим зошто ги чува бидејќи немаше пиштол. Во тие денови, зрната беа направени од хартија, за разлика од пластичните денес. Отидовме зад куќата, и тој постави лименка на стап, се повлече околу 40 метри и пукаше со пушката. Пукаше неколку пати, а потоа ме покани да пукам јас. Потоа ми кажа дека бидејќи јас ја состави пушката, таа ќе биде моја, но не смеам да пукам без негова дозвола. Се сеќавам дека мислев дека татко ми е многу храбар што го повлече чкрапалото. До ден денес ја чувам таа пушка.

Таа пушка ми отвори нов свет. Беше есен, а сезоната на

лов штотуку беше отворена. Неколку мои пријатели на училиште зборуваа дека сакаат да одат во лов на зајаци, и бидејќи тогаш имав своја пушка, многу сакав да ја пробам. Татко ми уште повеќе ме изненади таа есен. Почнав да разговарам со него за мојот интерес да ловам зајаци, а тој ми рече дека можам да пробам. Бев во шок!

Живеевме во село, и никој навистина не живееше околу нас во тоа време. Татко ми рече дека можам сам да излезам зад нашата куќа на фармата на дедо ми! Ми објасни дека зајаците сакаат да живеат покрај оградите, ми кажа дека е и сезона на препелици и ме потсети дека ќе можам да ги ловам и нив. Тоа попладне, уловив еден зајак и една препелица. Бев засекогаш навлечен на лов!

Се претплатив на сите ловечки списанија на кои можев да се претплатам. Имав *Outdoor Life, Sports Afield, Field & Stream, Fur-Fish-Game* и неколку други. Секоја приказна во нив би ја читал со фасцинација. Во тоа време, немаше продавница за спортска опрема на Кабела или Волмарт, но имаше каталог на Хертер. Тоа беше еквивалентно на денешниот каталог на Кабела и ја исполнуваше мојата имагинација со сите супер работи што ги имаше. Го носев мојот каталог и на училиште и го разгледував додека другите учеа.

Но, тука е тажниот дел од приказната; тука е поентата што сакам да ја направам. Тие списанија ми доаѓаа дома секој месец, во последните години од основното училиште, целото средно училиште, и продолжија во текот на следните четири години кога не учев, живеев дома и работев за татко ми. Ниту еднаш не помислив, *Ќе одам на тоа место или на она место и ќе го направам она што го видов во тие списанија*. Ниту еднаш! Никогаш не ми падна на памет! Иако ги читав тие приказни со голем восхит и фасцинација, дури и откако купив сопствен автомобил и имав свои пари, никогаш не ми падна на памет да одам и да бидам дел од она што го читам.

Можеби мислите, *Тоа е чудно*; и кога сега гледам наназад, се согласувам, тоа беше чудно. Па, зошто никогаш не сонував да ги правам сите оние работи за кои читав, или всушност да отидам на Карпестите Планини?

На крајот на краиштата, беше лесно да се стигне таму. Меѓудржавниот коридор 70 поминуваше низ Колумбус и водеше директно во Денвер. Но, ниту еднаш не помислив да возам до таму. Зошто? Тоа е прашањето на кое мора да се одговори.

**Никогаш не знаев дека можам.**

Не реков дека не е можно. Реков дека никогаш не знаев дека „јас" можам. Знам што мислите: *Овој човек е малку луд, а можеби си ги потрошив парите за оваа книга.* Дозволете ми да објаснам. Во мојот ум, никогаш не се гледав себеси во приказните и сликите што ги читав. Бидејќи моите родители не патуваа и додека растев немавме многу финансии, научив да кажам „не" пред да кажам „да". Бев толку совршено обучен да кажам НЕ што никогаш не ни бев свесен за тоа. Со други зборови, од почеток ја отфрлав мислата дека е можно да одам некаде, долго пред воопшто да помислам дека можеби сепак е можно. Можам целосно да ги разберам луѓето што ги споменав претходно во ова поглавје кои никогаш не биле никаде исто така. Дозволете ми да се навратиме на анкетата.

„Осумдесет и пет проценти од анкетираните рекле дека имаат желба да патуваат, а над шеесет проценти веќе имале список на места што еден ден би сакале да ги посетат."

Застанете малку! Осумдесет и пет проценти сакале да патуваат, а шеесет проценти веќе ги имале запишано местата на кои сакале да патуваат? Па зошто не патувале? О, знам, анкетата вели дека парите биле проблемот. Па, јас велам: „Не, тоа било само изговор; проблемот не бил во парите".

Тоа е исто како кога сакав да купам нов Швин со 10 брзини. Го сакав тој велосипед и најдов начин да работам со скратено работно време за да заработам пари за да можам да го купам. Секој пат кога ќе помислев на тој велосипед, замислував како го возам и колку ќе биде прекрасно. Како мене, восхитувајќи се на сите тие места и искуства во тие списанија, тие испитаници во анкетата никогаш не се виделе себеси на сликата. Да било така,

тие ќе пронашле начин да стигнат таму.

Да бидеме реални: имав автомобил, имав пари; и ако парите беа проблем, можев да кампувам во државниот парк за 5 долари од ноќ. За жал, имав 40 години кога првпат ги видов Карпестите Планини. Да се каже дека бев воодушевен би било потценување. Но, можам да се сетам дека додека бев таму си помислив: *Зошто не го направив ова порано?*

Оваа книга се вика *Незавршена Работа.* Во неа се пишува за патување кон дестинацијата каде што одамна веќе требаше да бидете, но од истите причини што јас никогаш не бев на Карпестите планини, и вие се двоумете. Обуката да кажете НЕ ви говореше дека не можете да си го дозволите тоа, или не знаете како да го направите тоа или разни други причини поради што се убедувавте себеси дека сте обични и просечни. Но, сакам да ве потсетам што ми рече Господ во воведот: „Сакам да бидеш меѓу најдобрите 10. Сакам да го добиеш тој бонус чек од 100.000 долари. Сакам луѓето да ја видат Мојата големина во тебе!“

Мојот збор до вас е ова: „Зошто не и вие?“

Мислам дека е од витално значење пред да навлеземе понатаму во оваа книга и пред да почнам да ве обучувам за тоа како да го забрзате вашиот живот и вашите цели, навистина да одвоите момент и да си го поставите ова прашање: **„Каде сакам да одам?“**

Пред да почнете да го поедноставувате вашиот одговор додека размислувате низ призмата на кажи НЕ обуката, дозволете ми да го објаснам прашањето. Не ве прашувам како ќе го направите или како ќе платите за тоа. Едноставно ве прашувам: „Што сакате да правите?“ Знам дека она што штотуку го кажавме може да изгледа како многу поедноставена вежба, но нѐ става во позиција за сето она што се случува следно и нѐ води до следното прашање што сакам да ви го поставам: **„И колку брзо сакате да стигнете таму?“**

Во 1800-тите, луѓето немале многу опции за патување. Патувале со коњ. Ако некој сакал да патува од реката Мисури до Сакраменто, Калифорнија, ќе му биле потребни

4 до 6 месеци за да стигне таму. Тогаш било вообичаено да се патува во група, наречена параван, заради безбедност и пријателство. Таквите паравани би патувале само околу 18 до 23 километри дневно, поради што таквото патување било долго и опасно. Луѓето минувале низ бесни реки и високи планини и, се разбира, таму биле и Индијанците со кои се бореле. Од 1835 до 1855 година, 10.000 луѓе загинале на таквите патувања, не од напади од Индијанците туку од болест или несреќи, и да, некои умреле од напади од Индијанците, околу 4 проценти.[2]

Можете ли да замислите да ја земете најновата рекламна брошура за таков параван гледајќи ги сите сјајни слики? Во брошурата пишува: „Изгубивме само 10.000 луѓе во последните 20 години и горди сме на нашиот успех губејќи само 4 отсто од оние што патуваат загинаа од нападите од Индијанците“? Што мислите, колкумина би се пријавиле за тоа? Со тие бројки, можеби мислите дека никој со здрав ум не би тргнал на такво патување, но би згрешиле. Стотици илјади тргнале да патуваат. Мислам дека ќе се согласиме дека тоа било опасно патување, но зошто некој би ризикувал? Едноставно луѓето барале подобар живот, нова иднина. Тие навистина не се разликуваат од вас, но имале силна желба за промена и тој сон бил поголем од каква било неволја со која би можеле да се соочат на патот.

Вториот најдобар начин за патување било со чамец, а некои во таа ера би рекле дека е најдобар што се однесува до удобноста. Зборувам за патување низ Панама; и не, не зборувам за Панамскиот канал туку за Панама. Луѓе патувале со брод низ источната страна на САД и Централна Америка за да стигнат до Панама. Потоа ги растоварале своите работи и ги пренесувале преку тесниот дел на Панама до Тихиот Океан, потоа назад на друг брод и понатаму до Калифорнија. Тоа патување траело четири месеци.

Сега, ако поради некоја причина мразите отровни змии, а помислата дека ќе умрете од маларија или

[2] „Што е трасата во Калифорнија?“, https://lisbdnet.com, 6 февруари 2022 година

мноштво други болести што би можеле да ве убијат ве вознемирува, тогаш можете да патувате околу врвот на Јужна Америка. Сепак, повеќето од бродовите што се обиделе не успеале бидејќи имало ужасни бури околу Кејп Хорн.

Тоа е тоа. Овие методи на патување што штотуку ги спомнав биле единствените опции во 1800-тите додека не била изградена железницата и кога луѓето веќе можеле да патуваат по трансконтиненталната железница. Таа пруга навистина променила многу. Наместо да патувате четири месеци од Мисури до Калифорнија, едно лице можел да ја помине таа релација за една недела! Ајде да застанеме и да размислиме за ова – четири месеци или една недела? Што би одбрале вие? Мислам дека изборот е очигледен.

Тогаш, се разбира, автомобилските и модерните автопатишта денес го намалуваат времето на патување низ целата земја на 42 часа. А модерното патување со авион го намалува тоа уште повеќе на 4 до 5 часа. Па, како сакате да патувате? Иако патувањето со авион е многу брзо, 50 до 60% од Американците не летаат ниту еднаш годишно. Просечен Американец лета од 1 до 1,5 пати годишно.[3]

И, да, ако сакам да патувам низ Соединетите Држави, би можел да одам со мојот велосипед, за што на просечниот човек би му биле потребни околу 65 дена. Иако тоа не би го нарекол средство за патување, туку авантура по избор.

Но, дозволете ми да ја кажам мојата поента овде: повеќе од половина од луѓето во нашата земја не патуваат еднаш годишно! Тие сè уште живеат во 1800-тите, патуваат со автомобил, брод и велосипед. И тоа е добро ако имате време. И се чини дека тие имаат време!

Според едно неодамнешно истражување, 50% од Американците поминуваат пет до шест часа на своите телефони дневно, не вклучувајќи ја употребата на телефонот поврзана со работата. Други 22% поминуваат помеѓу три до четири часа на ден на своите телефони.[4]

---

[3] Даглас Адолф, „Колку пати просечниот Американец лета во една година?“, https://www.quora.com, 6 јануари 2018 година

[4] Л. Цеси, „Просечно време поминато дневно на паметен телефон во Соединетите Држави 2021 година“, https://www.statista.com/statistics/1224510, 25 февруари 2022 година

**Прашањето е дали ова е така затоа што имаат време или немаат визија?**

Дозволете ми да кажам збор два за времето овде. Горенаведената статистика ни покажува колку време губиме во животот секој ден. Поради некоја причина, мислиме дека го имаме целото време на светот, но го немаме. Сите ние имаме многу ограничен временски рок на оваа планета за да ги завршиме работите. Сите ние имаме почеток и крај на нашите животи. Она што се случува помеѓу тие точки одредува дали навистина сме ги живееле нашите животи со вистински приоритети и дали сме ги исполниле нашите задачи дадени од Бог.

Во моментов, додека ја читате оваа страница, се движите. Земјата ротира со 1.676 километри на час, а самата земја се движи околу Сонцето со 107.826 километри на час. Самиот наш Сончев систем се врти со ротацијата на Млечниот Пат, нашата галаксија со брзина од 777.313 километри на час. Но, сепак, се чувствувате како воопшто да не се движите.[5] [6] [7]

Знаете, времето не постои без стационарна референтна точка. Кога летате на 36.000 стапки со модерен авион, се чувствувате како воопшто да не се движите брзо додека гледате во пејзажот што полека се движи под вас. Но, како што се спуштате пониско и се приближувате до аеродромот, се чини дека забрзувате и земјиштето под вас се движи побрзо. Но, вие воопшто не забрзувате. Потоа имате нова перспектива според која ќе ја процените вашата брзина. И како што вашиот авион доаѓа до пистата, лесно можете да почувствувате дека се движите многу брзо.

И така е во нашите животи. Без цели, без смисла, нема по што да се суди нашиот напредок. Дозволете ми да го кажам тоа на следниов начин: **Без цел, нема итност!**

Целта го поставува патот и страста да се стигне некаде. Одеднаш, патувањето со автомобилот на пат од 12000 километри може да изгледа несоодветно кога

---

[5] Итан Сигал, „Колку брзо се движи Земјата?“, www.bigthink.com, 16 март 2022 година
[6] „Колку брзо се движи Земјата околу Сонцето?“, www.wtwshow.com
[7] Ендрју Фракнои, „Колку брзо се движите кога седите мирни?“, Фотхил колеџ и астрономското друштво на Пацификот, https://nightsky.jpl.nasa.gov, пролет 2007 година

нашата цел бара побрзо решение, како авион. Темата на оваа книга е забрзување, но оваа книга е безвредна ако немате референтна точка што носи јасно барање за итност при што ќе можете да го евидентирате вашиот напредок.

## ЦЕЛТА ГО ПОСТАВУВА ПАТОТ И СТРАСТА ДА СЕ СТИГНЕ НЕКАДЕ

Статистиката што штотуку ја дадов во врска со употребата на телефонот ми покажува дека повеќето луѓе немаат никаква итност, никаква цел или страст да ги забрзаат нивните животи во поголема иднина. Поради некоја причина, тие се задоволни да ги гледаат финалињата на животот како гледачи, да седат пред екранот и да гледаат некоја романса што го погодува срцето без никогаш самите да направат исчекор или некогаш самите да искусат вистински бакнеж.

Вистинскиот показател за здравјето на вашата страст е да се запрашате што практикувате. Или со други зборови: Она што го правите ми покажува каде одите. Ако сакате да бидете одличен пијанист, нема да губите пет до шест часа дневно на вашиот уред. Она што го гледам е дека повеќето луѓе немаат никаква итност и пропуштаат толку многу можности навистина да го променат својот живот. Зошто? Затоа што едноставно не ги гледаат можностите.

Дали некогаш сте правеле скара? Сигурен сум дека сте правеле. Тоа е прилично лесно. Па, Мекдоналдс го зеде тој едноставен концепт, правење хамбургери, и од тоа направи империја. Дали некогаш сте јаделе подобар хамбургер од оној што го прави Мекдоналдс? Сигурен сум дека сте јаделе. Но, сепак, тие моментално се присутни во 120 држави и територии низ целиот свет и опслужуваат 68 милиони муштерии секој ден! Тие работат со 36.899 ресторани ширум светот во кои работат повеќе од 375.000 луѓе.[8]

---

[8] „Колку локации на Мекдоналдс има во светот?", https://www.worldatlas.com

Што е со Сабвеј? Секој има направено ладен сендвич, но во моментов Сабвеј има 42.431 продавници во 108 земји.[9]

Убер беше основан во 2009 година, пред само 13 години, а во 2021 година вредеше 86 милијарди долари. Убер беше основан од двајца момци кои не ја основаа компанијата само за да можат да имаат попогоден метод за нив лично да се возат. Не, тие го започнаа Убер со размислување да започнат револуција во патувањето. За само 12 години тие се проширија низ 80 земји во светот![10]

Како овие компании го постигнале ова? Едноставно кажано, тие никогаш не започнале со цел само да направат хамбургер. Зошто ги спомнувам овие компании? Очигледно, ќе се согласите дека тие биле многу свесни за времето и итноста. Имале план.

Денес, млади луѓе се вработуваат во Мекдоналдс само за да заработат пари со скратено работно време. Таа работа е само отскочна даска до некое друго место, но додека се таму, тие никогаш не престануваат да се прашуваат и да научат како Мекдоналдс станал тоа што е денес. Тие треба да пишуваат белешки за тоа како Мекдоналдс го прави она што го прави и зошто го прави. Тоа може да им послужи подобро од факултетското образование.

Токму тоа се случило на Кордија Харингтон, самохрана мајка на три момчиња која работела во полето на недвижнини и се обидувала да најде постабилна работа. Таа мислела дека ако купи франшиза од Мекдоналдс ќе има повеќе време за своите деца. Таа на крајот купила три. Во тоа време, Мекдоналдс бил во процес на планирање да отвори уште една пекара каде што ќе ги печат лепчињата за сендвичите, а Кордија била ставена во комисијата за контрола на квалитетот. Нејзината задача била да даде свој придонес за милионите лепчињата што Мекдоналдс ги користи за сендвичите, за вкусот и начинот на правење. Таа запишала многу белешки.

Иако работела да им помогне на Мекдоналдс со

---

[9] „SWOT анализа на Сабвеј | Слабите и јаките страни на Сабвеј, можности и закани", https://biznewske.com, 25 февруари 2022 година

[10] Ден Блистон, „Приказната за Убер", https://www.investopedia.com/articles/personal-finance/111015/story-uber.asp, ажурирано на 19 септември 2021 година

нивниот проект за лепчињата, таа тајно собирала белешки за себе. Таа мислела дека може да прави подобри лепчиња од тие што Мекдоналдс сакале да ги прават. Таа ги претставила своите планови на Мекдоналдс, но тие ги одбиле. Но, четири години и 32 интервјуа подоцна, тие одлучиле дека лепчињата за нивните сендвичи ќе ги купуваат од неа. Проблемот бил што таа сè уште немала пекара и морала да позајми пари за да изгради, што, како што вели, за малку ја стопирало целата зделка. Но, за да ја скратиме приказната, лепчињата што денес ги јадете во Мекдоналдс Чилис, Руби Тјусдеј, КФЦ и Пепериџ Фарм се подготвени во нејзината пекара, Тенеси Бан Компани. Позната е како најбрзата автоматизирана пекара во светот, која испорачува 9 милиони печива дневно за 1.500 клиенти. Да, добро прочитавте!

Ваквите приказни не се случуваат туку така, како што знаете. Било потребна напорна работа и визија за да се успее. Мислам дека ќе се согласите дека таа имала страст и итност за својот сон. Таа не можела да си дозволи да го губи времето. Значи, да се вратиме на причината што ја земавте оваа книга. Да се вратиме на првото прашање.

**Каде сакате да одите?**

Вистинскиот одговор на ова прашање може да се сумира со зборот — сакате. Каде „сакате“ да одите? Во минатото, обуката да кажете „не“ пред да кажете „да“ ве ограничила на живот на преживување и просечност. Но, сега, имате избор. Ајде да ги извадиме тие списанија *Живот во природа* и да ги препрочитаме приказните, меѓутоа овој пат да сфатиме дека можете да го направите тоа, можете да одите таму. Ставете се себеси на сликата. Дозволете си да сонувате!

## ПОГЛАВЈЕ 2

# РОБОВИТЕ НЕ СОНУВААТ!

Верувам дека размислувавте повеќе за она што го кажав во претходното поглавје во врска со тоа каде сакате да одите. Се чини дека луѓето трчаат наоколу во кругови и на крајот – како хрчак на тркало – застануваат, уморни од целото трчање, па гледаат и откриваат дека никаде не патувале. Оваа книга е за забрзување, а почетокот на целиот тој процес е во поставување насока пред да започнете. Се разбира, сфаќам дека многупати не знаеме каде сакаме да одиме. Повторно, верувам дека тоа е поради тоа што сме обучени да кажеме „не“. Не си дозволуваме да сонуваме или, како што реков претходно, да се видиме себеси во таа сјајна слика, да се замислиме во нашата иднина.

Кога Дренда и јас бевме во големи долгови и бев на антидепресиви и имав панични напади, навистина не размислував многу каде сакам да одам. Не ми беше гајле. Само сакав да преживеам уште една недела. Целта ми беше само уште еднаш да можам да ја платам киријата, да купам намирници и да ги платам комуналиите пред да ми ја прекинат струјата. Ова е стресот со кој живеат толку многу луѓе; ако останат без работа еден месец ќе бидат бездомници. Нема сигурност во тоа. Библијата го спомнува ова во книгата Изреки.

*„Богатиот господари над сиромавиот, и должникот станува роб на заемодавецот.“*

—Изреки 22:7

Робовите не сонуваат; нивниот сон е да застанат, а не да одат. Робовите немаат опции. Им се кажува што да прават. Сигурно сте го слушнале извикот на современото ропство: „Морам да одам на работа“. Се вели дека над 80% од Американците не ги сакаат своите работни места, а 33% всушност ги мразат.[1] Причината? Тие се како квадратен капак на округло тенџере; не се совпаѓаат. Тие не избираат работа зашто сакаат да го работат тоа. Тие одат на работа за да ги платат своите сметки, мислат само на опстанок. Поради тоа емоционално сме болни.

Дали некогаш сте слушнале некој да каже: „Леле, морам да одам на риболов денес“? Се сомневам. Тие сакаат да одат на риболов. Зарем не би било прекрасно ако ја сакате вашата професија исто како и вашето хоби, ако можете да кажете: „Едвај чекам да дојде понеделник?“ Повторно, за повеќето луѓе, ова не е реалност во нивните животи. Но, така Бог ве создал да функционирате. Тој ви дал уникатни таленти и способности и ве создал да успеете во вашата страст и цел. Плаќањето на сметките ја замени визијата кај повеќето луѓе. Ропството сега е американски начин на живот, со долг кој ја киднапира нашата слобода и нè тера да се откажеме од нашите соништа.

Ако ја знаете мојата приказна од моите други книги, тогаш ќе се сетите дека живеев на тој начин девет години – девет години во финансиски пекол. Живеев како да сум сирак без татко и без дом. Ништо не беше сигурно. Купот сметки беше огромен, а секојдневните телефонски повици од луѓе што се обидуваа да го добијат од мене она што го немав не престануваа. Позајмував од моите родители, од родителите на мојата сопруга, од заложниците и од секаде каде што можев да позајмам. Имав 10 блокирани кредитни картички, долгови кон УЈП, заеми од компании за финансии, рати за автомобил и закупнина. Беше толку

[1] Кен Кеис, д-р, „Зошто луѓето ја мразат својата работа?“, Linkedin.com, 6 октомври 2014 година

лошо што стравот ми го обзеде животот, дотолку што дури се плашев да ја напуштам мојата куќа. Признавам дека често пати, пред да научам дека има подобар начин, го поставував прашањето, „Каде е Бог во сето ова?"

Кога луѓето ја слушаат нашата приказна, тие многу пати велат: „Па, доброто од сето тоа е што дојдовте кај Христа". Но, повеќето не разбираат дека јас и Дренда веќе бевме христијани кога сето тоа се случуваше. Имав диплома по старозаветна теологија и една година библиски колеџ. Посетувавме голема црква каде што ги слушав Божјите ветувања секоја недела, но нешто не беше во ред. Во тоа време живеевме во стара куќа од 1853 година. Сè беше скршено. Тепихот од собата на нашите синови го најдовме покрај пат. Нивните душеци ги најдовме во купот за отпадоци во еден дом за стари лица. Нашите куќни апарати беа постари од 20 години, а нашите автомобили едвај работеа.

Секој ден беше ден на финансиски стрес и притисок. Работев напорно како агент за продажба, но сè што успеав да направам беше едвај да преживеам додека конечно не го допрев дното. Немав опции и повеќе немав пари од семејството; немаше повеќе заеми од заложни куќи, бидејќи немаше што да се заложи; и немаше повеќе достапни кредити. Само што разговарав на телефон со адвокат кој ми се закануваше дека ќе ме тужи и за прв пат сфатив дека сум готов. Овој пат немаше спас.

Во солзи, се качив по скалите, легнав на мојот кревет и извикав кон Бога за помош. Немав поим што да правам. Знам што мислите: *Сакаш да кажеш дека чекаше девет години пред да побараш помош од Бог?* Не, се разбира дека не. Но овој пат бев празен. Гери Киси веќе не можеше да смисли уште едно од себе измислено решение. Сите тие години сè уште се потпирав на светскиот систем за да ме носи. Но сега, немаше ништо. Додека лежев на креветот во солзи, викајќи кон Него, викав од целото свое срце. Морав да слушнам од Него. Тој беше мојата единствена надеж. И така, го слушнав Неговиот глас. Не беше тоа чујно, но скоро звучеше како да е. Тој ми кажа дека причината поради која се наоѓам во овој хаос е затоа што никогаш не

сум одвоил време да научам како функционира Неговото Царство.

Морам да признаам дека навистина немав поим што сакаше да каже со тоа. Како што реков, поминав пет години во школување за да научам како функционира Неговото Царство, нели? Но, зборот Царство остана со мене. Што сакаше да каже со тоа? Тоа не беше збор што често го користев. Но, едно беше сигурно: требаше да дознаам што Бог сакаше да ми каже тој ден. Се симнав долу кај Дренда. Се државме за раце и се молевме Бог да ни помогне да разбереме што сака да ни каже и се покајавме што направивме таков хаос со нашите финансии. Па, да ја скратам приказната, Тој почна да нè учи, и тоа целосно го промени нашиот живот.

Применувајќи го она што ми го покажа, можевме целосно да се ослободиме од долговите за две и пол години. Ни покажа како да започнеме неколку нови компании и почнавме да напредуваме на начин на кој никогаш не ни помислував дека е возможен. Потоа изградивме и целосно го плативме нашиот дом од соништата на повеќе од 55 прекрасни хектари. Имавме прекрасни нови апарати од нерѓосувачки челик, дрвени подови и лајсни и повеќе од 2000 квадратни метри простор за нашето семејство и канцеларии од каде што можев да го водам мојот бизнис. Не можам да ви кажам колку бевме воодушевени гледајќи како Царството дејствува во нашите животи. Почнавме да плаќаме во готово за нашите автомобили и сè друго што ни требаше. Бевме слободни. Најголемата промена беше тоа што можевме да бидеме дарежливи и да почнеме да го поддржуваме Божјото Царство како што Тој нè водеше. Престанавме да размислуваме за нашите давања во суми од стотици долари и наместо тоа размислувавме за давање во суми од стотици илјади долари.

Секако, нашите животи драстично се променија. Но, веројатно една, ако не и најголема, од промените што ги видов беше тоа што јас и Дренда можевме повторно да сонуваме. Не само сон за навремена исплата на хипотеката за следниот месец, туку и за целта на нашите животи. Сакавме да им помогнеме на луѓето да го научат

тоа што го научивме ние, како се ослободивме.

Патем, ако сте заинтересирани да ја слушнете целата наша приказна и што нѐ научи Бог за Царството, напишав серијал од пет книги наречен, „Вашата Финансиска Револуција". Би ви препорачал да ги набавите овие пет книги. Запомнете, бев во долгови и без надеж девет долги години, но денес сум милионер. Тоа не се случи само од себе; не сме ние толку добри. Треба да дознаете како се случи тоа и сето она што Бог ни го покажа на мене и на Дренда. Значи, набавете си ги книгите. Тие ќе ве научат како функционира Божјото Царство преку законите и начелата што треба да ги дознаете. Научете од некој кој бил таму, го искусил тоа и посакува никогаш да не го имал тоа искуство. Добрата вест е дека вие не мора да го искусите тоа. Размислете да го набавите целиот серијал на garykeesee.com.

Добро, доста за моите книги. Дозволете ми да се вратам на причината што појдов по тој пат. Кажав на почетокот на ова поглавје дека кога јас и Дренда бевме во сериозни долгови, никогаш не размислував каде одам. Бевме толку зафатени со кажување „не" на сѐ што немаше простор за „да"! Значи, јас целосно разбирам ако вие во овој момент немате поим каде одите или треба да одите, но знам дека сакате да ја најдете таа насока – и треба да ја најдете. Затоа, сакам да ви кажам една едноставна изјава што јас и Дренда ја кажуваме со години: „Никогаш нема да откриете кои сте навистина и што сте создадени да бидете додека не го решите финансиското прашање".

**НИКОГАШ НЕМА ДА ОТКРИЕТЕ КОИ СТЕ НАВИСТИНА И ШТО СТЕ СОЗДАДЕНИ ДА БИДЕТЕ ДОДЕКА НЕ ГО РЕШИТЕ ФИНАНСИСКОТО ПРАШАЊЕ.**

Додека не го решите финансиското прашање, во основа сте роб на опстанокот. Како што реков претходно,

робовите немаат големи соништа. Тие се премногу зафатени служејќи му на некој друг. Нивниот сон е да застанат, а не да одат. Визијата бара снабдување; снабдувањето служи на визијата. Размислете за тоа. Робовите немаат визија. Тие само го прават она што им е кажано. Значи, најдоброто нешто што можете да го направите за да започнете да откривате каде сакате да одите е да почнете да ги средувате вашите финансии и да се ослободите од долговите.

Откако Дренда и јас се ослободивме од долговите, леле, имавме секакви идеи за тоа што можеме и сакаме да правиме. Отворивме црква, имавме дневна ТВ програма, изградивме објекти од повеќе милиони долари и отворивме училишта. Напишавме книги, а потоа ги преведовме на десетици јазици за да им ја пренесеме на луѓето ширум светот добрата вест за Божјото Царство. Никогаш не престанавме да имаме идеи. И така ќе биде и со вас откако што ќе почнете да учите како функционира Божјото Царство, ќе почнете да сонувате и ќе престанете да бидете набљудувачи во животот. Почнете да се замислувате себеси на сликата од списанието.

Како што реков во Воведот, оваа книга произлезе од еден мој сон што го имав во 2016 година. Во сонот ја видов оваа книга, ги видов поглавјата и насловот. Бог ми рече да ја напишам оваа книга за деветте закони за забрзување на кои ме научи Тој. Во сонот разбрав дека Бог сака да ја напишам за да им помогнам на Неговите бизнисмени да го постигнат она за што се повикани да го постигнат. Сега, не ме сфаќајте погрешно. Оваа книга е за секого. Но, во сонот, почувствував дека иако Бог на многу од Своите луѓе им дал идеја и визија за бизнис, тие не го достигнуваат целиот потенцијал од нивниот бизнис што Бог го намислил да го имаат. И Тој ми рече дека овие деловни луѓе знаеле дека треба да им оди подобро во бизнисот и дека биле фрустрирани затоа што тоа не е така. Тој исто така ми рече дека тие луѓе знаеле дека има повеќе, но не биле сигурни како да го постигнат тоа, а оваа книга треба да биде напишана за да им помогне да успеат во намерите! Можеби ќе речете: „Па, тој сон ти

е од 2016 година, а сега сме 2022 година. Зошто чекаше толку долго?“ Добро прашање. Се молев за тоа сите овие години од 2016 година, и немав зелено светло од Божјиот Дух да ја напишам книгата. Наместо тоа, чувствував дека прво треба да го завршам серијалот од пет книги, „Вашата Финансиска Револуција“, бидејќи без разлика на тоа колку се добри овие девет закони за забрзување, претходно е потребно да се разбере Царството за тие закони целосно да бидат исползувани.

Концептите и откровението во оваа книга започнаа во молитва утрото на 9 септември 2009 година. Јас поучував во една црква во Алабама вечерта пред да се случи овој настан. Имавме добра богослужба, но чувствував нелагодност. Во 2008 година беше финансискиот колапс и сè уште траеше во 2009 година, а јас се соочував со големи проблеми во тој период. Нашиот кампус, кој го нарекуваме „Центар Нау“, првично беше проект вреден 5,2 милиони долари, и за истиот земавме заем од нашата банка и имавме заштедено 2,5 милиони долари на нашата црковна сметка. Сопственикот на градежната фирма беше пријател на моето семејство, и тој го изгради нашиот дом неколку години пред тоа. Па, можеби се сеќавате дека цените на суровините вртоглаво пораснаа во 2008 и 2009 година. Цените на челикот за „Центарот Нау“ се зголемија за 300 проценти во однос на првичната понудата, цената на асфалтот стана толку висока што беше поевтино да се користи цемент, нафтата беше 140 долари за барел итн.

Зголемувањето на цените нè ставија околу еден милион над буџетот. Бидејќи веќе бевме започнати со проектот и речиси при крај, банката ни кажа дека нема да биде проблем да ни одобри дополнителни средства, така што добивме уште еден милион долари.

Можеби се сеќавате на огромниот број запленувања во тоа време и како банките беа во сериозна неволја. Всушност, банкарскиот систем речиси пропадна. Од нашата банка не ми кажаа ништо во тоа време на криза и мислев дека бидејќи имаме договор за заемот и бидејќи плаќавме на време нема за што да се грижиме. Но, еден ден на насловната страница од нашиот локален весник

видов дека нашата банка штотуку отпуштила 550 луѓе и престанала да дава кредити, така што повеќе не бев сигурен за нашиот кредит. Секако, се јавија и ми рекоа дека го откажуваат заемот.

Вистинскиот проблем беше што градежникот, нашиот пријател, веќе беше потрошил милион долари, сметајќи на тие средства од банката. Се сеќавам на денот кога тој дојде да си ги подигне парите, а ние моравме да му кажеме дека банката ги повлече тие пари, и дека ние сè уште немаме пари за него. Тој беше прилично шокиран и загрижен бидејќи сè уште мораше да ги плати сите свои снабдувачи, и секако неговиот персонал. Но, како верник, тој знаеше дека и двајцата треба да се молиме и да Му веруваме на Бог за одговор. Така, кога бев во Алабама, кога се разбудив утрото по богослужбата претходната ноќ, почнав повторно да се молам за оваа ситуација.

Исто така, во тој период, Бог ми зборуваше да почнам со телевизиска емисија  каде што ќе поучувам за Неговото Царство. Не знаев ништо за ТВ, освен дека беше многу скапо, и немав поим како ќе ги најдам потребните 300.000 долари за да започнам со програмата, покрај сè друго со кое се соочував. Кога Бог ме водеше да почнам со ТВ емисии, Тој јасно ми стави до знаење дека ќе снабди средства за тоа. Го кажав Неговото ветување за тоа, но признавам, понекогаш ми беше тешко да останам фокусиран на она што Тој ми го вети кога не гледав докази дека влегуваат пари. Морав постојано да се потсетувам на она што Тој ми го кажа, иако имаше денови кога мојот ум очајно бараше одговори.

Така, тоа утро кога се разбудив многу нешта ми поминуваа низ ум. Се молев за некои одговори и насока, знаејќи дека кога ќе се вратам дома, ќе треба да донесам некои важни одлуки за сето ова и ми требаше план за дејствување. Додека се молев тоа утро, одеднаш Господ ми кажа: „Прочитај ги Евреите 11:32-33“. Си помислив: *Па, мислам дека го знам тој дел од Светото Писмо*, но во послушност, ја отворив мојата Библија и ги прочитав тие два стиха.

## РОБОВИТЕ НЕ СОНУВААТ!

*„И што уште да кажам? Зашто не ќе имам доволно време да кажувам за Гедеон, Варак, Самсон и Јефтај, за Давид и Самоил и другите пророци, кои преку вера победија царства, вршеа правда, добија ветувања.“*
—Евреите 11:32-33

Додека ги читав тие стихови, одеднаш ми светна. Знаете, единаесеттото поглавје од Евреите е алеја на славните во која се наведени луѓе кои направиле моќни дела преку Божјата сила. Како што писателот на Евреите се приближува кон крајот на поглавјето, тој вели: „Еј, немам време да продолжам и да ви кажам сè за сите други луѓе кои имаат одлични приказни. Но, ќе ви кажам како тие го постигнале тоа“, (моја парафраза). Ова ми го привлече вниманието, последната реченица, стих 33.

*„Кои преку вера победија царства, вршеа правда, добија ветувања.“*

Еве една многу концизна и едноставна формула за тоа како да ги примите Божјите ветувања. Додека читав втренчено, сфатив дека Бог одговара на мојата молитва. Ми покажуваше што да правам, како да го добијам ветеното. Значи, ајде да ја погледнеме оваа реченица и да дознаеме што точно Бог ми зборуваше.

Првото нешто што писателот на Евреите го спомнува е „преку вера“. Мислам дека сите што ја читаат оваа книга веројатно мислат: *Добро, имам вера, тоа не е проблем.* Да, мислев дека и јас знам што е вера — но кога работите станаа тешки, дознав дека немам поим што всушност е верата, како да добијам вера и зошто е потребна пред Бог да направи нешто овде на земјата. Колку е важна верата? Па, беше прва на списокот таму во Евреите 11:33, па ако сакате да го добиете ветеното, мислам дека добро е да се потрудите да дознаете што е вера и како да знаете дали сте во верата.

Бидејќи ова е толку витална тема, вклучив посебен додаток во задниот дел на оваа книга за ваш преглед. Ако никогаш не сте прочитале некоја од моите книги што ја

покрива темата на верата, тогаш ќе ве замолам да свртите на тој додаток и да научите што е вера, како да ја добиете, како да знаете дали сте во верата и ако немате вера, што да преземете во врска со тоа. Сега пред да се исклучите овде, мислејќи дека знаете што е вера бидејќи вие имате вера, ви велам дека Бог мораше да ми ги покаже одговорите на овие прашања затоа што, како и вие, и јас мислев дека веќе знам сè за верата. Затоа, размислете да го прочитате тој додаток, дури и ако тоа за вас е само едно повторување.

**АКО САКАТЕ ДА ГО ДОБИЕТЕ ВЕТЕНОТО МИСЛАМ ДЕКА ДОБРО Е ДА СЕ ПОТРУДИТЕ ДА ДОЗНАЕТЕ ШТО Е ВЕРА И КАКО ДА ЗНАЕТЕ ДАЛИ СТЕ ВО ВЕРАТА.**

Како кратко повторување за вас, верата е целосно убеденост и согласност на нашето срце со она што го вели Небото. Тој договор, кој се нарекува вера, му дава на Небото правна јурисдикција да се дејствува меѓу нас, кои имаме вера, овде на Земјата. Преку вера, можеме да ја искористиме Небесната јурисдикција и авторитет и да се спротивставиме на царството на сатаната, да заземеме територија и да ја донесеме под јурисдикција на Божјото Царство. Научив многу за верата кога Бог ми рече да го прочитам Евреите 11:32-33. Но, средниот дел од таа реченица најмногу ми го привлече вниманието, и беше тоа што Бог сакаше да го видам.

> *„Кои преку вера победија царства, вршеа правда, добија ветувања.“*
>
> —Евреите 11:33

Додека седев таму тоа утро во 2009 година, зјапајќи во тој стих, конечно разбрав што Бог се обидуваше да ми каже. Дозволете ми да ви го дадам моето едноставно

толкување на она што Бог се обидуваше да каже. За таа цел ќе ја искористам следната аналогија. Да претпоставиме дека сте купиле убаво парче земја од 20 хектари. Имате големи надежи дека ќе соберете добар род од таа земја. Сепак, земјата била необработена повеќе години и била покриена со плевел. Значи, првото нешто што треба да направите е да го исчистите тој плевел; ништо да не остане. Со напорна работа го правите тоа и ќе ја изорате нивата. Со зборовите од нашиот стих во Евреите, поглавје 11, да се согласиме дека го победивте плевелот. Урааа! Тоа без друго е голема победа и многу работа. Но, исто така знаете дека уште ништо не е готово.

Знаете дека ако не посадите нешто друго во земјата, иако сте сопственик на земјиштето, тоа во основа не ви вреди ништо. Значи, користејќи ја терминологијата од нашиот стих, ако не го ставите правото семе во таа почва, никогаш нема да имате ветување за жетва. Во таков случај само би седеле чекајќи нешто што никогаш нема да дојде.

Значи, да го преформулирам тоа со други зборови. Откако ќе освоите некое земјиште, мора да го користите. За да го користите, мора да насадите некакво семе. Ако не го посеете со семе, ќе имате само земја без плевел, но и без род, и никогаш нема да го исполните потенцијалот за таа култура што толку многу ви е потребна. Запишете го ова бидејќи е многу важен концепт: **Никогаш нема да го поседувате она што не го користите!**

Да ви дадам уште еден пример. Кога Бог го извел израелскиот народ од Египет, Тој го направил тоа со моќна рака. Но фараонот се премислил и тргнал по нив, па мислел дека нема каде да одат поради морето. Но, во реалноста, треба да сфатиме дека Бог е Тој што ги водел до морето. Знаете, Бог ги довел токму до тоа место каде што ќе го имаат морето пред нив и планини околу нив. Бог знаел дека фараонот веќе е на пат да ги фати повторно кога му кажа на Мојсеј каде треба да го одведе народот.

Кога фараонот стигнал до нивниот логор, Израелците ја сфатиле својата ситуација и се нашле на многу лошо место без спас. Но, Бог имал план, план кој засекогаш

ќе стави крај на владеењето на Египет врз нив. И знаете како продолжува приказната: Црвеното Море се разделува на два дела, а тие преминуваат на суво! Но, кога фараонот и неговата војска почнуваат да преминуваат по истата траса, морето одеднаш се затвара над нив и сите се дават. Тоа било големо избавување. Не станува збор дека фараонот бил принуден да се повлече и да најде друг начин да дојде до Израелците. Не, тие биле целосно елиминирани. Но, колку и да било големо тоа избавување, тоа било само мал дел од нивната цела приказна. Знаете, тоа избавување само направило место за поголемата приказна, нивната судбина, место за кое тие биле создадени и повикани да го освојат.

Значи, да го разбереме овој многу важен принцип. Тие биле ослободени од Египет да одат некаде, местото на нивната судбина. Фараонот едноставно бил препреката до нивната иднина. Исто е и со вас. Вашиот проблем е едноставно пречка за вашата иднина. Иако избавувањето е исто така дел од вашата приказна, местото каде што одите и она за што сте повикани да го поседувате е вашата вистинска приказна! Сега, црквата сака да го слави Божјото избавување, но најчесто не сфаќа дека избавувањето едноставно нè ослободува да го освоиме она што треба да го поседуваме.

Гледаме дека моќното избавување на Израел од рацете на Египет било само почеток, а не крај. Иако биле ослободени од ропството на фараонот, тие имале уште долг пат да поминат пред да можат навистина да го заземат и да уживаат во ветувањето. После многу години, се кренала нова генерација која поминала низ пустината и стигнала до реката Јордан. Од другата страна на таа река се наоѓала Ветената земја за која сите тие слушале целиот свој живот. Токму за тоа сите тие сонувале уште откако Мојсеј ги извел нивните родители од Египет. Не заборавајте, генерацијата што го напуштила Египет со Мојсеј изумрела во пустината поради нивниот бунт, сите освен Исус Навин и Халев, кои Му верувале на Бога.

Во овој момент од приказната, Мојсеј веќе умрел и Исус Навин сега ја водел следната генерација во таа голема

# РОБОВИТЕ НЕ СОНУВААТ!

Ветена земја. Кога се приближиле до реката Јордан, виделе дека таа е речиси пред излевање. Надојдена и силна река која била непогодна и опасна за премин. Но, повторно, како што Бог му рекол на Мојсеј да го премине Црвеното Море кога се чинело дека им го попречува патот, Бог му рекол на Исус Навин да оди напред и да ја премине реката, но прво да ги испрати свештениците. Народот се наредил да премине со свештениците во прв ред како што наредил Бог, и во моментот кога нивните прсти ја допреле водата, таа престанала да тече.

Како преминот низ Црвеното Море за кој слушале цел живот, тие поминале по суво речно корито. Но, за разлика од нивните родители, кои биле избавени од фараонот, ова поминување по суво за нив не значело избавување. Тоа било Божји повик кон нивната иднина. Да, реката била пречка, исто како што Црвеното Море било пречка за нивните татковци да излезат од Египет. Но, во овој случај, тоа послужило како сведоштво за Божјата моќ и способност да ги одведе во ветувањето додека стоеле пред градски ѕидини и џинови. Тоа секогаш ги потсетувало дека Бог ќе направи пат кога изгледа дека нема пат, дека ќе биде со нив и дека ќе го исполни Своето ветување за нив.

Повторно, колку и да бил чудесен тој премин низ реката, тие сè уште не биле стигнати на посакуваната дестинација. Тие мореле да вршат правда на тоа место пред да можат навистина да го „добијат“ ветеното. Да објаснам уште една работа. Правдата е правен термин што значи администрација на правото. Тие морале да ги спроведат Божјите упатства, Неговиот закон, во оваа ситуација пред да можат да ја заземат таа земја и да уживаат во ветувањето. Дозволете ми да напоменам дека иако Бог ги довел толку далеку со неверојатни демонстрации на Неговата моќ, тие сепак не освоиле ништо. Тие допрва требало да покажат или да го применат и да го спроведат она што го рекол Бог, што значи дека тие требало да ја освојат и заземат таа земја.

Знаете, нивните родители ја направиле грешката што ја прават многу христијани. Тие ја виделе моќта Божја; ги

слушнале ветувањата во врска со убавата земја кон која се упатиле. Но, тие мислеле дека нивното избавување е самата цел. Мислеле дека Бог ќе го направил останатото, а тие само треба да влезат во земјата, да си сипат леден чај и да уживаат. Не, тие не сфатиле дека треба да ја спроведуваат правдата за да го добијат ветеното. Кога сфатиле дека ќе мора и тие лично да се активираат и всушност да се соочат со тие утврдени градови и огромни луѓе, нивните срца се стопиле од страв.

Токму тоа Бог се обидуваше да ми го покаже и мене. „Гери, ќе треба да одиш таму и да се справиш со таа ситуација. Треба да го фасилитираш она што сакам да се направи овде". Можеби ќе прашате: „Дали ти беше страв?" Да, морав да се борам со стравот. Мојата ТВ емисија се вика *Решавање на проблемот со парите* а на мојот пријател му должев еден милион долари – кои знаев дека се потребни не само за тој да ги исплати своите вработени, туку да ги исплати и сите подизведувачи кои имаа свои семејства – и немав поим од каде ќе дојде тој милион долари.

На враќање дома од тој состанок, додека одев низ аеродромот, Бог повторно ми зборуваше. Го слушнав јасно како вели: „Подигни го стапот!" Знаев дека мислеше на она што го направил Мојсеј кај Црвеното Море кога го подигна својот стап и водата се раздели. Знаев и дека стапот го претставува авторитетот што го имал Мојсеј како назначен водач на народот. Тогаш знаев дека Бог ми вели да стојам во мојот авторитет. Јас бев на чело на оваа служба. Морав да го покажам Божјиот авторитет и мудрост во оваа ситуација ако воопшто сакав да излезам од неа. Го имав ветувањето за тој нов кампус, но додека не ја преземам одговорноста и не ја спроведувам правдата, нема да имам корист од освојувањето. Некој ќе мораше да влезе таму и да најде решение – со Божја помош – за овој финансиски хаос. А тој некој бев јас, водачот на службата!

Во врска со тие еден милион долари на градителот, Бог ѝ даде план на Дренда. Знаевме дека банките во нашиот град не позајмуваа пари за време на таа финансиска криза. Дури отидов во мојата банка и побарав заем од 100.000 американски долари од мојот дом, кој беше

платен, само за да добијам некои средства бидејќи знаев дека многу луѓе зависат од нашата исплата. Мојот дом вредеше многу стотици илјади повеќе од она што го барав. Имав совршен кредит и одличен проток на пари, но ми се јавија и ми рекоа дека ме одбиле. Не можев да верувам, но такви беа работите во тие денови.

Бог ѝ кажа на Дренда да одиме во банката на нашиот градител и да побараме позајмица за црквата еден милион долари. Претходно ние ниту сме биле во таа банка ниту сме слушнале за неа, но тоа е она што го направивме. Видете, сфативме дека ако нашиот градител не ги добие потребните еден милион долари, можеби ќе треба да оди под стечај. Тој веќе максимално ја имаше искористено својата деловна кредитна линија, а згора на тоа, тој должеше и илјадници долари на различни добавувачи. Сметавме дека неговата банка веќе беше фатена во орото за поголемиот дел од тие пари и сакавме да ни го префрлат тој долг нам. Ако ни одобрат заем нам, тогаш ние ќе му исплатиме на нашиот градител, а тој ќе има средства да ја плати банката, неговите подизведувачи и персоналот. Обврската потоа би била префрлена на нас, а нашиот градител би бил слободен. Но запомнете, оваа банка не знаеше ништо за нас.

Така, заедно ја претставивме нашата историја, нашата прогноза за раст и причините зошто би можеле да ни веруваат дека ќе им ги вратиме тие еден милион долари. Како што реков, никогаш порано не сме биле во оваа банка и никогаш не сме го сретнале службеникот за заем. Но, ние ја направивме нашата презентација тој ден и објаснивме зошто мислевме дека е во нивен најдобар интерес да ни одобрат заем од еден милион долари. Кога завршивме со презентирање на нашиот случај, тој рече: „Имам овластување да ви одобрам 500.000 американски долари без жирант“, и таму на лице место ни даде чек од 500.000 долари. Потоа рече: „Ќе ги добиете и другите 500.000 долари следната недела откако ќе го процесирам вашето барање“. Вистинска приказна: Без жиранти, без пополнета апликација, на лице место ни напиша чек од 500.000 долари. Дренда и јас седевме таму во шок кога ни

го даваше чекот. Но, ве молам слушнете ме: Тоа никогаш немаше да се случи ако не го започневме тој процес. Второ, ние требаше да се сретнеме со банкарот. Зошто? Затоа што ние го носевме стапот, авторитетот и помазанието на службата бидејќи ние бевме на чело на службата. Не можев да испратам некој од мојот персонал да го направи тоа. Сигурен сум дека немаше да заминат со тој чек ако го направев тоа. Морав да го подигнам мојот стап, мојот авторитет, со план од Бога за да ја завршиме таа работа.

Дозволете ми да продолжам. Како се појавија тие 300.000 долари за да започнеме со ТВ програмата? Па, и тоа е долга приказна, но во интерес на времето ќе ја скратам. Некој во Атланта добил копија од една моја мала книга за излез од долгови што ја имав напишано пред неколку години. Во тоа време во Атланта сè уште не бевме на телевизија, ниту на радио и немавме канцеларија или соработници. Еден од нашите вработени од канцеларијата во Охајо патувал преку аеродромот во Атланта и ја зел мојата книга да ја чита во авионот. Додека чекал на аеродромот, еден човек таму ја видел книгата во рацете и го прашал за неа. Нашиот колега, кој веќе ја прочитал книгата, му ја дал на тој човек.

**МОРАВ ДА ГО ПОДИГНАМ МОЈОТ СТАП, МОЈОТ АВТОРИТЕТ, СО ПЛАН ОД БОГА ЗА ДА ЈА ЗАВРШИМЕ ТАА РАБОТА.**

Овој човек ја прочитал книгата и бил толку импресиониран од неа што ми се јави да ми каже дека многу му се допаднала. Тој бил толку импресиониран од книгата што организираше да гостувам на една национална телевизија за да зборувам на неа. Продуцентите на емисијата сакаа да ги рекламираат моите книги за време на емисијата и нè прашаа дали можеме да отпечатиме повеќе копии од таа книга, и, се разбира, ние рековме да. Зачудувачки, за време на таа емисија се продадоа толку многу копии од мои книги што профитот од тоа едно мое

појавување на ТВ плати третина од целиот трошок за започнување на нашата ТВ емисија.

Второ, еден човек од мојата црква дојде кај мене после неделната утринска богослужба и ми даде 120.000 долари за емисијата. Тоа секако беше голем шок за мене. Тој човек почна да доаѓа во нашата црква кога останал целосно без пари и за малку не бил избркан од неговиот стан само неколку години претходно. Но, кога го слушнал моето учење за Царството, неговиот живот почнал да се менува. Почнал со неколку бизниси кои навистина направиле тој да просперира.

Повторно, можете да го видите процесот во оваа приказна. Не најдов чек со целата сума во поштенското сандаче. Морав да поминам низ процесот на администрирање на деталите и процесите за таа ТВ програма, што ми овозможи да ги имам тие средства. Морав да патувам за да стигнам до местото каде што се снимаше емисијата. И јас имав моја улога во оваа приказна.

Она што Бог се обидуваше да ми помогне да го видам тоа утро во молитва во однос на Евреите 11:33 беше дека иако верата е многу потребна, таа не е сѐ што ни треба. Имаме свој удел во остварувањето на ветувањата.

**Бог може да ги донесе рибите, но ние мора да ги фатиме!**

Ајде малку да го поедноставиме ова. Окупација едноставно значи остварување и одржување на вашето законско право на владеење над нешто што сте го освоиле, нешто што е под ваша законска јурисдикција. Освојувањето не секогаш значи употреба на конфликт или сила, иако тоа секако дека може да биде случај. На пример, купувањето на одредено парче земја ја освојува таа земја и ја става под ваша правна јурисдикција. Но, повторно, ако не ја спроведете или администрирате својата волја над таа земја, таа ќе остане запустена и бескорисна. Значи, што е администрација? Според речникот, тоа е чин или процес на спроведување или управување со нешто со цел да се постигне одреден резултат.

Нашиот текст во Евреите 11 ни кажува дека треба

да ја спроведуваме правдата ако сакаме да уживаме во Божјите ветувања. Ова едноставно значи дека ние треба да го спроведеме она што Бог го сака во некоја дадена ситуација, она што го вели Неговото Слово, Неговиот закон. Во однос на земјата што потенцијално би ја купиле, тоа значи да го спроведеме она што сакаме да се случи на таа земја.

**Ако сакате да го примените овој принцип во вашиот бизнис или живот, треба да го спроведете процесот кој треба да ве доведе до посакуваниот резултат што вие го очекувате од она што веќе се наоѓа во ваша правна надлежност.**

Токму во оваа област многумина потфрлаат. Тие не разбираат дека имаат свој удел во освојувањето на ветувањето. Не заборавајте, не можете да го поседувате она што не го користите. Многумина се потпираат само на верата очекувајќи дека Бог ќе го направи останатото. Меѓутоа така не функционираат нештата.

**НЕ МОЖЕТЕ ДА ГО ПОСЕДУВАТЕ ОНА ШТО НЕ ГО КОРИСТИТЕ.**

Дренда и јас имаме прекрасна куќа со над 2000 квадратни метри простор на над 55 хектари што ја изградивме пред околу 25 години. Во тоа време, само што излеговме од долгови и учевме за Царството, па затоа голем дел од работата ја завршивме сами. Ангажиравме мајстори за конструкцијата и за гипс картон, а остатокот требаше да го направиме сами или да ангажираме општи мајстори. И дозволете ми да кажам дека ништо не знаевме за изградба на куќа, навистина ништо. Купивме книга за тоа како да си изградите сами куќа и така почнавме. Навистина бевме наивни. Како и да е, тоа е она што го направивме. Јас ја поврзав целата електрична инсталација во куќата, а сепак во тоа време немав поим дека има различни видови на жици. Не знаев ништо за струја. Имавме пријател кој ни помогна со водата и поврзувањето со градскиот водовод. Ги поплочивме подовите (Дренда го направи

тоа), ископавме ровови, ги поставивме сите електрични апарати, ја бојадисавме целата куќа и многу повеќе.

Една вечер бев исцрпен. Во тоа време, ја водевме нашата црква, напладне работев за мојот бизнис, а доцна во вечерта работев на куќата, затоа бев изнемоштен. Еден ден, почнав да Му се жалам на Господ за тоа, а Тој ми рече: „Па, како очекуваше оваа куќа да се изгради?“ Да, тоа беше реалноста. Но, оваа куќа е тука и е платена затоа што главно ја градевме сами. Заштедивме еден куп пари. Згора на тоа, сите наши деца ни помагаа и тоа е многу посебно место за сите нас.

**Бог ќе го направи својот дел, но ние мораме да го направиме нашиот дел за да уживаме во Неговите ветувања.**

Бог ми кажа дека спроведувањето е главниот клуч за забрзување! Да, тоа се досадните детали на освојувањето, но тоа мора да се направи. Поседувам дом, и потребно е многу работа за да уживам во него. За еден дом да функционира треба да се плаќаат даноците, и секако да се одржува и поправа.

Значи, зошто спроведувањето е толку важно за вашето забрзување? Дозволете ми да ви дадам еден пример и да ви објаснам зошто. Дали некогаш сте возеле автомобил или можеби голф количка со блокатор на моторот? Колку и да го притискате педалото за гас, тие не одат побрзо. Знаете, карбураторот е дизајниран да спроведува само одреден проток на гориво во моторот, и без разлика колку сакате возилото да оди побрзо, нема да оди. **Додека не го смените спроведувањето на гориво, вие сте ограничени.**

И тука се наоѓаат многу луѓе, тие сакаат да одат побрзо, меѓутоа протокот и спроведувањето се забавени.

Како доказ на ова што го говорам, дозволете ми да ви поставам едно прашање: „Зошто фараонот го постави Јосиф на чело на Египет?“ Знам што ќе кажат повеќето луѓе: „Затоа што Јосиф можел да го протолкува сонот на фараонот“. Но тие грешат. Дозволете ми да ви покажам.

*„Тоа е она што веќе му го реков на фараонот: Бог му кажува на фараонот што ќе прави. Ете, ќе дојдат седум години многу родни по целата земја египетска; а по нив ќе настапат седум гладни години; ќе се заборави сето она изобилство во земјата египетска, и глад ќе настапи во земјата. И нема да се знае дека во земјата порано имало изобилие – поради гладот – што ќе дојде, зашто ќе биде многу голем. А тоа, што фараонот сонил двапати едноподруго, значи дека Божјиот збор е вистински и дека Бог наскоро ќе го направи тоа.*
*А сега фараонот нека побара човек мудар и разумен, па да го постави над египетската земја. И нека заповеда фараонот да бидат поставени старешини по земјата, па да собираат петина од сите жетви по земјата египетска во текот на седумте родни години; нека собираат тие секаква зрнена храна во седумте родни години што доаѓаат; житото да го собираат во градовите со овластување од фараонот и храната во градовите да се чува. И таа храна да биде запазена за седумте гладни години што ќе настапат во египетската земја, за да не пропадне земјата од глад.“*
*Планот му се допадна на фараонот и на сите слуги негови.*

—Создавање 41:28-37

Не, тоа не било затоа што Јосиф можел да го протолкува сонот на фараонот. Тоа му дало на Јосиф кредибилитет и платформа од која можел да разговара со фараонот, но неговиот детален план за администрирање го привлекло вниманието на фараонот и му ја донел таа позиција. Дозволете ми сега да кажам еден факт:

**Спроведувањето го спасил Египет! И спроведувањето ќе ве спаси и вас.**

## ПОГЛАВЈЕ 3

# КОЛКУ Е ГОЛЕМ ВАШИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ?

Во истиот ден во 2009 година кога Бог ми ги покажа Евреите 11:32-33 и ми зборуваше за тоа колку е важно спроведувањето, Тој исто така ми кажа да отворам во Исаија 54. Таму ми покажа нешто за забрзувањето што требаше да го разберам заедно со проследувањето. Па, всушност, спроведувањето беше главен дел од она што Тој ми го покажуваше во Исаија 54 тој ден, но имаше повеќе детали што сакаше да ги видам. Во тоа време, идентификував четири работи што мора да ги направиме доколку сакаме да растеме и да заземеме повеќе територија. Проследувањето беше една од тие четири работи. Работите што Тој ми ги покажа ги нареков четирите закони за забрзување. Овие четири закони ги поучував неколку пати низ текот на годините, и тие се вклучени во оваа книга како четири од деветте закони што ги научив низ годините.

Во 2015 година наполнив 60 години, а на мојот роденден, Господ ми зборуваше во сон за следните 10 години од мојот живот. Тој ме потсети на заповедта што

ми ја даде додека бев во Албанија во 2006 година, каде што ме повика да одам меѓу народите и да поучувам за Неговиот завет за финансиски благослов. Ми рече дека меѓу 60-тиот и 70-тиот роденден ќе постигнам повеќе отколку што сум постигнал во сите мои претходни години на служба заедно. Леле! Се сеќавам дека помислив дека тоа е прекрасно. Се разбира, јас веќе бев посветен и работев напорно да бидам верен на таа мисија, но тоа сигурно беше охрабрувачки.

Дренда и јас бевме сведоци на многу прилично неверојатни Божји дела до тој момент во нашите животи. Патувавме низ светот проповедајќи и поучувајќи. Започнавме со дневна телевизиска програма која се емитуваше во секоја временска зона ширум светот. Нашата црква порасна на неколку илјади луѓе и бевме сведоци на безброј променети животи. Видовме луѓе за кои лекарите велеа дека имаат уште четири часа живот како Бог ги исцелува и враќа во нормален живот. Видовме луѓе кои беа прогласени за мртви во болница како оживуваат и кои денес се живи и здрави. Видовме тумури што едноставно исчезнуваат и видовме како парализирани луѓе стануваат и се враќаат на работа следниот ден. Се разбира, највозбудливото нешто беше тоа што илјадници и илјадници луѓе дознаваат колку е прекрасно Божјото Царство, ги предаваат своите срца на Бога и доживуваа целосна трансформација на својот живот. Тоа беше неверојатна привилегија. Затоа бев возбуден кога ми кажа дека следните 10 години ќе бидат уште поголеми од она што веќе го видовме!

Меѓутоа, во октомври 2016 година се случи нешто необично. Господ повторно ми зборуваше за проследувањето и четирите закони што претходно ми ги покажа.

Едно утро, ангел влезе во мојата спална соба и ми кажа само два збора: „Имаш мисија“. Јас всушност не го видов ангелот, но го слушнав како зборува. Кога го прашав Светиот Дух дали тоа е Неговиот глас, Тој ми рече: „Не, тоа беше твојот ангел“. Во ред, тоа беше кул, но во тоа време бев малку збунет бидејќи веќе знаев дека имам

мисија и бев навистина зафатен работејќи на неа. Така, почнав да размислувам за тоа што ми го кажа ангелот и зошто ми го кажа тоа. Размислував за времето кога ангелот ми зборуваше обидувајќи се да забележам какви било детали што би можеле да ми помогнат да разберам што сакаше да ми каже. Се сетив дека почувствував итност и авторитет во неговиот глас. Чувствував дека ми вели дека задачата што ми ја даде Бог во Албанија е исклучително важна и дека времето е кратко. Веројатно пораката на тие зборови беше да останам фокусиран и одлучен до крај да ја завршам целата задача.

По тој ден, почнав да се молам за тоа како да се движам побрзо и што треба да направам за да ја исполнам мојата мисија. Неколку месеци откако ми се јави ангелот, го имав сонот за оваа книга, како што спомнав во последното поглавје. Во тој сон, ја видов оваа книга, го видов насловот и ги видов насловите на поглавјата. Во сонот, почувствував како Господ вели дека тоа се девет закони за забрзување што треба да ги научам и да ги совладам ако сакам да ја завршам трката и успешно да извршам сè што Тој ми стави на срце. Не велам дека овие девет закони се единствените закони што го регулираат забрзувањето, но Тој ми рече дека тие треба да ги совладам јас и да ги запишам во оваа книга.

**Во сонот, Тој ги нарече овие девет области што треба да ги научам, „деветте закони за забрзување“.**

Ги препознав првите четири закони бидејќи Тој веќе ме научи на нив, а јас ги поучував со години. И навистина, овие четири закони, според поглавјата во книгата што ги видов, требаше да бидат првите четири закони за кои требаше да дискутирам во книгата. Откако го имав тој сон, почнав да проучувам и да запишувам за другите пет закони што Тој ми ги покажа. Во тоа проучување, видов дека навистина има многу работи на кои морав да работам во мојот личен и живот во службата, работи кои требаше малку да ги променам.

Откако го сонував тој сон, бев возбуден да ја напишам книгата. Мислев дека после таков драматичен и јасен сон, треба да започнам што е можно поскоро, но знаев дека

сè уште не сум подготвен бидејќи имаше уште многу да научам пред да почнам со пишување. Сега, шест години откако го имав сонот, ја пишувам книгата и многу сум радосен што гледам дека тој сон се исполнува. Но, пред да започнам со деветте закони за забрзување, треба да ја поставиме основата и да читаме во Исаија 54; односно пасусот преку кој Бог ми ги откри првите четири закони за забрзување.

> *„Развесели се, ти неплодна, што не раѓаш; воскликни и извикај ти, која не си почувствувала родилни маки; зашто напуштената има многу повеќе деца од онаа, која има маж, вели Господ.*
> *Рашири го местото на шаторот свој; покривите твои на живеалиштето твое прошири ги; продолжи ги јажињата свои и зацврсти ги колците свои; зашто ти ќе се рашириш десно и лево, и потомството твое ќе завладее народи и ќе ги насели опустошените градови.“*
>
> —Исаија 54:1-3

Овде гледаме пророштво за една жена која е неплодна и која сè уште нема маж но има повеќе деца од некоја жена што има сопруг, и тоа без да остане бремена. Мислам дека тоа треба да ви го привлече вниманието. Вашата прва мисла треба да биде, *Како е можно тоа?* Мислам дека ќе почнеме да го разбираме одговорот на тоа прашање гледајќи го поглавјето 53. Поглавје 53 е пророштво за Исус, што дошол да направи и како ја платил цената за гревот за сите нас.

Дозволете ми да ви покажам мал дел од тоа поглавје, и видите дали ќе се согласите со мене.

> *„Но Тој ги зеде врз Себе нашите болки и ги понесе нашите слабости; а ние мислевме дека Тој беше поразуван, казнуван и понизуван од Бога. А Тој беше изнаранет за нашите гревови и мачен заради нашите беззаконија; казната за нашиот мир падна*

*врз Него, а преку Неговите рани ние се излекувавме. Сите ние бевме заблудени како овци, секој си одеше по својот пат, – и Господ ги натовари врз Него гревовите на сите нас.“*

—Исаија 53:4-6

И последната реченица од 12 стих вели:

*„Ги понесе врз Себе гревовите на мнозина и за престапниците стана посредник.“*

Мислам дека ќе се согласите дека 53то поглавје говори за Исус. Имајќи го тоа на ум, ајде веднаш да преминеме на 54то поглавје, во првиот стих.

*„Развесели се, ти неплодна, што не раѓаш; воскликни и извикај ти, која не си почувствувала родилни маки; зашто напуштената има многу повеќе деца од онаа, која има маж, вели Господ.“*

Сега, можеме повторно да прашаме: „Како може една жена да има бебе без да биде бремена?“ И сега, го имате одговорот. Очигледно, 54то поглавје зборува за ново раѓање, деца кои не можат да бидат изброени, родени од Духот, а не од тело. Исаија зборува за мене и тебе и Црквата. Но, овде се зборува за многу повеќе од само ново раѓање; се зборува за целосно нов завет. Павле ни го толкува Исаија 54 во Галатјаните 4:21-31.

*„Кажете ми, вие, што сакате да бидете под Законот: зарем не го слушате Законот? Зашто е напишано дека Авраам имаше двајца синови, еден од слугинката, а друг од слободната. Но оној што беше од слугинката, се роди по тело; а оној што беше од слободната – по ветување.*
*А ова е речено сликовито: двете жени се двата завети: едниот од Синајската Гора, која раѓа за ропство; а тоа е Агара. Бидејќи Агара значи Синајска Гора во Арабија, а соодветствува на сегашниот*

> *Ерусалим и робува со децата свои; а горниот Ерусалим е слободен: тој е мајка на сите нас.“*
>
> —Галатајните 4:21-26

Павле во стих 24 за двете жени вели дека претставуваат два завети. Едната жена е во ропство; што ги претставува Стариот Завет и законот. Втората жена го претставува Новиот Завет кој не е поврзан за законот, туку е Нов Завет кој се заснова на она што Исус го направил за нас, нешто што ние го примаме со вера. Но, овде има нешто што мислам дека треба да му обрнеме повеќе внимание, нешто навистина големо! Внимателно погледнете го стихот 30.

> *А што зборува Писмото? „Истерај ја робинката и синот нејзин, зашто синот на робинката нема да биде наследник заедно со синот на слободната!“*
>
> —Галатјаните 4:30

Дали некогаш сте добиле наследство? Па, не сте сами. Credit.com во едно истражување на податоци откри дека 73% од луѓето кои починале помеѓу октомври и декември 2016 година имале неподмирени долгови. Просечниот долг што го оставиле зад себе бил 61.554 долари.[1] Но, тоа не е типот на наследство што вие го имате. Не, наследството за кое зборувам е подобро од сѐ што било кога сте го слушнале.

Павле вели дека имате наследство, но тој е многу јасен дека истото никогаш нема да го добиете со тоа што ќе се трудите да го заработите, со тоа што ќе се трудите сами да бидете доволно добри за Бога. Тоа доаѓа со вашето посвојување во Божјото семејство преку Исус Христос, наречено новораѓање. Кога ќе се ново родите, станувате дел од Божјото семејство, син или ќерка на семејството. Запомнете, не мора да работите за наследството; тоа ви се дава, како жената што имала многу деца без да биде бремена. Таа само требало да ги прими. Додека говорам

[1] Бил Феј, „Што се случува кога луѓето умираат со долгови: Кој плаќа?“, www.debt.org, 20 мај 2021 година

за ова неверојатно наследство, сакам да се фокусирате на следната изјава: Таа само требало да ги прими. Таа била неплодна, што во тоа време било голем срам. Но, потоа, таа имала безброј деца, без да биде бремена и да ги носи во утробата. Таа едноставно ги примила, а тоа зборува за заветот во кој сега стоите. Сето тоа ти е достапно сега.

**ЗАПОМНЕТЕ, НЕ МОРА ДА РАБОТИТЕ ЗА НАСЛЕДСТВОТО; ТОА ВИ СЕ ДАВА.**

**Вашиот потенцијал е радикално променет!**

Повеќе не е поврзан со тоа кои сте или со вашите способности, туку сега вашиот потенцијал го одредува Бог, Оној што го дава наследството. Звучи неверојатно? Ајде тогаш да го разгледаме подетално вашето наследство. Ох? Велите дека не сте добиле заверено писмо во кое се наведува дека имате наследство. Хм, мислам дека сте добиле!

Можеби сте слушнале како некои луѓе го користат терминот последна волја и тестамент кога некој ќе умре. Тоа се однесува на тестаментот што починатиот го напишал во кој се наведува како нивниот имот треба да биде распределен на нивните наследници по неговата или нејзината смрт. Зборот тестамент значи формална, пишана директива која дава упатство за тоа како да се подели нечиј имот по смртта.[2]

Дел од Библијата што ја читаме се нарекува Нов Завет (тестамент), што значи дека е формална пишана директива од Бога која го опишува она што Тој ни го дал. Така што, да, вам ви е дадено известување за вашето наследство. Но дали сте го прочитале? Ако добиете официјално писмо во кое пишува дека сте наведени како наследници од вашиот пра-вујко, дали би го отвориле? Секако дека ќе го отворите.

Зошто тогаш толку многу луѓе не го отвораат известувањето за нивното наследство, Библијата?

[2] www.dictionary.com

Затоа што, како прво, тие никогаш не слушнале за ова наследство. Второ, сѐ што слушнале е дека Бог е тежок учител. За нив Бог е лут Бог и им суди според Неговиот список тоа што треба а што не треба да прават. Тие знаат дека никогаш не успеале да живеат според тие правила, па така зошто би сакале да го читаат Божјиот збор за нив? За нив, Бог е неправеден и нефер, затоа не се ни преправаат дека Му веруваат Нему или на Неговото Слово.

На пример, еднаш прочитав наслов за седумгодишно дете кое починало на операциона маса за време на тонзилектомија. Честа и обично многу безбедна операција, но нејзиното срце едноставно престанало да работи за време на операцијата, крајно трагичен исход. Мислам дека нашите срца воздивнаа од тага кога слушнавме дека тоа се случило. Сепак, колку и да беше страшна нејзината смрт, имаше уште еден трагичен дел од приказната што можеби ќе влијае на ова семејство до крајот на нивниот живот. Дозволете ми да ја цитирам изјавата на таткото на еден новинар (цитирам овде):

> „Човек не може да разбере зошто се случуваат овие работи, но знаеме дека тоа е Божји план. И само тоа ни помага да го поминеме овој период, бидејќи знаеме дека ова е од Бог.“[3]

Дозволете ми исто така да го цитирам квотербекот на Грин Беј, Арон Роџерс, чија приказна беше објавена во списанието *Луѓе* (People), на 22ри Јануари, 2020.

> Роџерс објасни дека уште како дете имал сомнежи во религијата, и подоцна во животот пробал, „различен видови на духовност“. „За повеќето луѓе што ги познавав, црквата беше само... место каде што едноставно мораше да одиш. Не знам како човек може да верува во Бог кој сака да го осуди поголемиот дел од човештвото на огнен пекол. Какво, чувствително, сеприсутно, семоќно битие

[3] New York Post, 26 февруари 2020

> сака да го осуди своето прекрасно создание на огнен пекол на крајот од сето ова?“

Луди зборови! Но, ако тие веруваат во таков Бог, ќе се согласите, кој може да верува или да сака да му служи на Бог кој сака да ја земе нивната седумгодишна ќерка? Никој! И кој сака да му служи на Бог кој „сака“ да го прати поголемиот дел од човештвото во пекол? Никој! Но, во тоа веруваат мнозинството христијани. Цел живот сме го слушале тоа, „Господ го дозволи тоа“, „Господ го направи тоа“, „Тоа беше Божји план“, „Време беше да си одат“, и уште многу други изјави слични на овие. Всушност, ќе се обложам дека веројатно и вие размислувате на ист начин. Затоа, ќе бидам отворен: ако навистина верувате дека Бог е таков, дека е подготвен да убие дете или некому да му даде рак, тогаш треба сериозно да разговараме. Дозволете ми да кажам вака:

**НЕМА НИКОГАШ ДА ЈА ПОЛОЖИТЕ ВАШАТА ВЕРА ВО НЕКОЈ ВО КОГО НЕ МОЖЕТЕ ДА ИМАТЕ ДОВЕРБА и сигурно нема да имате интерес да прочитате нешто за некакво наследство од таа личност!**

Токму ова е причината зошто толку многу сакам да им кажувам на луѓето колку е добар Бог. И не само да им кажувам, туку и да им покажам. Причината поради која трошам време во ова поглавје дискутирајќи за вашето наследство, вашиот неограничен потенцијал, е тоа што ако не ви помогнам да го видите потенцијалот што навистина го имате, ќе целите премногу ниско кога ќе почнеме да зборуваме за деветте закони за забрзување. Ако можеме да добиеме слика за тоа кои сме навистина и за големината на нашиот Бог, Кој е Тој за нас, мислам дека тоа ќе ни помогне да ги дефинираме целите кон кои се стремиме во нашите животи. Основата на тоа, се разбира, е дека Бог е добар и дека можеме да веруваме во Неговите ветувања за нас.

Дозволете ми да ви дадам еден пример споделувајќи со вас приказна што неодамна ја слушнав од една млада жена која оди во нашата црква. Ејми е мајка на две прекрасни млади момчиња, а нејзината најголема радост

во животот е да биде мајка. Тоа било нејзин сон уште од почетоците на нејзиниот брак. Но, во првите три години од бракот, таа не можела да забремени. Наместо тоа, таа се мачела со спонтани абортуси и обесхрабрување. Но, еден ден слушнала за нешто неверојатно. На еден нејзин пријател му бил дијагностициран рак и му биле дадени само четири дена живот, но веднаш бил излечен од Божјата сила. Тој нејзин пријател ја запознал со она што јас го поучував за Божјото Царство.

Еден ден кога разговарала со сопругата на тој човек, жената ја прашала дали сакаат да имаат деца. Таа одговорила: „Да, се обидуваме да имаме". Тогаш сопругата ѝ рекла: „Божја волја е да родиш бебе и твојата победа доаѓа". На тоа Ејми се расплакала, бидејќи штотуку имала спонтан абортус. Зборовите ја утешиле, но таа немала поим зошто оваа жена ѝ кажува нешто такво. Отсекогаш ја учеле дека Бог знае најдобро, и ако не забремени, тогаш сигурно Бог има подобар план. Но, зборовите на оваа жена, да биде толку уверена во Божјата волја, разбудиле во неа љубопитност. Таа сакала да дознае повеќе. Додека го проучувала сама Словото, таа наишла на овој стих.

> *„И кој татко меѓу вас, ако синот му побара риба, ќе му даде змија место риба?"*
>
> —Лука 11:11

Одеднаш, таа сфатила дека ако побара од Бога бебе, Тој ќе ѝ даде бебе, а не спонтан абортус или неплодна иднина. Таа во своето срце го негувала тој стих и за неколку месеци забременила со машко бебе. Нејзината бременост се одвивала одлично; а подоцна во бременоста била кај својот лекар за да го дознае полот на бебето. Уште не била излезена од клиниката, ѝ заѕвонил телефонот. Медицинската сестра ја прашала дали може веднаш да се врати бидејќи докторот сакал да разговара со неа за нешто што бара итно внимание. Ејми веднаш се вратила назад. Докторот ѝ кажал и ѝ покажал дека нејзиното бебе има дупка во срцето, како и неколку други сериозни здравствени проблеми. И било кажано дека треба веднаш

да оди кај специјалист.

Ејми добила термин кај специјалист за три дена. Во текот на тие три дена, таа и нејзиниот сопруг се молеле и останале во Словото за бебето и биле решени да не го загубат бебето. Откако специјалистот поминал неколку часа снимајќи го бебето на ехо и вршејќи прегледи, тој дошол кај Ејми и ѝ рекол дека никогаш претходно не видел нешто слично бидејќи дупката што се покажала на снимките само три дена претходно сега ја немало и од неа останала само една мала трага. Бебето било сосема здраво. Ејми била воодушевена! Таа сега е мајка на две деца и со сигурност знае дека Бог е добар! Ова е одлична приказна и е само една од илјадниците што сум ги слушнал низ годините.

Бог е добар, и ако знаете дека е добар, какво мислите дека е вашето наследство?

Во Галатјаните 4, Павле се обраќа до еврејски верници, една мала црква, луѓе кои неодамна Го запознале Христос. Сепак, тие сè уште се бореле со новиот концепт дека законот повеќе не е потребен. Павле ги поучува и ги поправа во врска со нивниот стар ропски начин на живот.

> *„Но ви велам: наследникот, додека е млад, со ништо не се разликува од робот, макар што е* ***господар над сè****; туку е под настојници и чувари до определениот рок од неговиот татко. Па така и ние, додека бевме малолетни, бевме поробени од стихиите на светот; но, кога се исполни времето, Бог Го испрати Својот Син, Кој се роди од жена и се потчини на Законот, за да ги откупи оние што се под Закон, та да го примиме* ***посинувањето****. А бидејќи вие сте синови, Бог Го испрати Духот на Својот Син во срцата ваши, Кој вика: Ава, Оче! Затоа не си веќе роб, туку син; ако си, пак, син, тогаш си и* ***наследник Божји преку Исус Христос****.“*
>
> —Галатјаните 4:1-7

Овде, Павле укажува на тоа дека откако дојдовте кај Христа, сега сте Божји син или ќерка и ослободени од,

како што тој го нарекува, чуварот и повереникот на законот. Законот бил форма на праведност заснована на страв што никој никогаш не можел да ја постигне. И затоа од година во година луѓето носеле жртви, но тие жртви немале моќ да го ослободат народот од гревот. Сега преку Исус Христос, Библијата вели дека во Христа, вие станавте ново создание.

> *„И така, кој е во Христос, тој е ново создание; старото помина, и ете, се создаде новото.“*
>
> —2 Коринтјаните 5:17

Самиот Божји Дух сега живее во вас и ропството на гревот е скршено. Како Божји син или ќерка, сега стоите непорочно пред Него, не врз основа на она што го правите или не го правите, туку врз основа на тоа кои сте. Сега сте квалификувани за наследството, како што вели Павле во Галатјаните 4:7. Но, што е наследството? Што вели четвртиот стих?

**ЦЕЛИОТ ИМОТ!**

Леле, тоа е прилично прекрасно наследство, но претпоставувам дека зависи за чиј имот зборуваме. Има некои имоти за кои јас воопшто не би имал интерес.

Значи, за чиј имот вели Павле дека сте го наследиле?

> *„Сите оние што се управуваат по Духот Божји, се синови Божји; зашто вие не примивте дух на ропство, за да бидете во страв, туку Го примивте Духот на посинувањето, преку Кого велиме: „Ава, Оче!“ Самиот Дух му сведочи на нашиот дух дека ние сме чеда Божји. А ако сме, пак, чеда, ние сме и наследници: **наследници на Бога и сонаследници Христови**, но само ако со Него страдаме, та со Него и да се прославиме.“*
>
> —Римјаните 8:14-17

Павле вели дека ние сме Божји наследници! Тоа значи дека сме наследници на сè што поседува Бог! Размислете за тоа. Како Божји синови и ќерки имате легално право

**КАКО БОЖЈИ СИНОВИ И ЌЕРКИ ИМАТЕ ЛЕГАЛНО ПРАВО НА ЦЕЛИОТ ИМОТ НА БОГ.**

на целиот имот на Бог. Но, тоа не е сѐ. Павле не застанува таму. Тој понатаму вели дека ние сме сонаследници со Христос. Суштината на сонаследништвото е многу поразлична отколку што мислат повеќето луѓе кога мислат на наследство. Обично мислиме дека наследството се дели меѓу наследниците. Но, во овој случај, зборот сонаследник значи **заедничка сопственост**. Тоа значи дека сите наследници подеднакво го делат наследството; сите тие го поседуваат. На пример, ако еден брачен пар купи куќа, тие веројатно ќе ја регистрираат како заеднички станари, што значи дека и двајцата ја поседуваат заеднички. Ако некој умре, нема оставина. Живиот брачен другар веќе ја поседува куќата. Оставнина е процес на правно докажување дека некој има правно побарување на имотот. Кога имотот е во заедничка сопственост, и двајцата веќе го поседуваат, така што ништо навистина не се менува кога еден од сопружниците ќе умре. Нема забуни, нема борби и докажување за сопственоста, нема правни предизвици. Живиот брачен другар веќе ја поседува целата куќа.

Размислете за она што сега го прочитавте. Вие сте Божји наследници и сонаследници со Исус. Сѐ што има Исус, имате и вие. Значи, запомнете, имате законско право на целиот имот! Затоа, престанете со вашето молење, кукање, плачење и тажни молитви, надевајќи се дека ќе го привлечете вниманието на Бог. Престанете.

**Веќе имате право на целиот имот!**

Не просиме како да сме сираци! Седиме на трпезата на Таткото и смело можеме да кажеме: „Подај ми го лебот“. Всушност, Исус вели дека исцелувањето е лебот на децата во Марко 7:27, значи подај ми го исцелението. Всушност, има повеќе од 7000 ветувања во Библијата, и сите тие се да и амин за вас. Затоа уживајте во нив; тие се веќе ваши! Мислам дека Павле прилично добро го сумира тоа во

Филипјаните 4:6-7.

**Не треба да се грижите за ништо!**

> *„За ништо не грижете се, туку во сѐ преку молитва и молба со благодарност изнесувајте ги пред Бога своите барања, и мирот Божји, што надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Исус Христос.“*
>
> —Филипјаните 4:6-7

Не грижете се! Зошто? Затоа што не треба да се грижите ако имате пристап до одговорот. Павле вели: *„Во сѐ...“* Вие го имате одговорот. Мислам дека тоа вклучува каков било проблем или потреба на која може да наидете. Потоа ни кажува како да се справиме со нашите потреби или кога ни треба помош во која било ситуација. *„Туку во сѐ преку молитва и молба со благодарност изнесувајте ги пред Бога своите барања.“* Мислам дека повеќето луѓе го разбираат делот за молитва, отприлика. Подоцна ќе зборувам повеќе за тоа, но мислам дека повеќето луѓе разбираат дека молитвата е едноставно разговор со Бога.

***„ ТУКУ ВО СЀ ПРЕКУ МОЛИТВА И МОЛБА СО БЛАГОДАРНОСТ ИЗНЕСУВАЈТЕ ГИ ПРЕД БОГА СВОИТЕ БАРАЊА.“***

Тоа е следниот дел со кој мислам дека повеќето христијани имаат проблем, а повеќето немаат поим за што зборува Павле. Зборувам за тој збор молба. Дефиницијата за молба е формален, писмен документ со кој се бара право или поволности од лице или група на овластување или формална писмена пријава со која се бара интервенција и дејствие на судот по одредено прашање.[4] Барате право или поволности? Тоа звучи како молбата да е многу специфично барање засновано на правна положба или врска. Можете ли да замислите да

[4] Американскиот речник на англискиот јазик (The American Heritage Dictionary of the English Language)

поднесете барање до судот да го разгледа вашиот случај, а судијата да ве праша зошто сте таму? Вие одговарате: „Па, ми требаат нешто“. „Добро“, вели судијата, „што ви треба и зошто мислите дека овој суд треба да го слушне вашето барање?“ Вие одговарате: „Само ми треба нешто; тоа е се“. Се шегувате? Немате правна положба пред тој суд ако не можете да обезбедите доказ за вашето законско право да бидете таму и зошто точно сте таму. Судијата веднаш би ве избркал; тоа би било шега.

Но, се разбира, имате соодветна правна положба пред Небесниот суд. Зошто? Затоа што како граѓани на тоа големо Царство, веќе имате законско право на тоа. Но, да се вратиме на тој збор молба. Разбираме дека треба да се молиме, но која е нашата молба? Во светло на дефиницијата на зборот молба што ја споменавме претходно, како би одговориле вие? Како би изгледало вашето официјално, писмено барање? Како би напишале формално барање со кое се бара интервенција на судот и постапување по некоја работа? Мислам дека ќе се согласите дека ќе бидат вклучени многу детали.

Па, ќе ви кажам како повеќето луѓе се молат – многу нејасно и „ако е Твојата волја“ барање. Тие не се сигурни во нивната правна положба и не се сигурни што е правно нивно. Ако човек не ги разбира тие две работи кога оди да се моли, тогаш единствено што може да прави е да проси. Дозволете ми да ви помогнам: **Престанете.** Никогаш не би оделе на суд без многу детално барање, заедно со правната документација за да докажете дека вашето барање е законско и праведно барање пред судот.

Толку многу христијани немаат поим каква е нивната правна положба, немаат претстава како да поднесат барање до небесниот суд врз основа на нивната правна положба и она што законски е нивно во Царството. Многумина се навредуваат кога зборувам и учам за овие принципи. Ми велат дека е непочитување да барам нешто од Бога. Ние не бараме ништо од Бога. Ние едноставно велиме: „Подај ми ги лебот“. ВЕЌЕ го имате лебот; Бог веќе ви ги дал. Тој се навредува кога не го примаме она што Тој ни го дал.

Ако имам голем депозит во мојата банка, и појдам да ги подигнам, а вработената на шалтер ми рече дека не може да ми ги даде парите, што ќе правам? „Ох, извинете што ве измачив. Колку глупаво од мене да побарам такво нешто од таква престижна банка". Дали ќе направам такво нешто? НЕ! Ќе ги барам моите пари; тие веќе се мои. Кога одам во банка, поднесувам детално барање. Не велам: „Еј, вие знаете што е најдобро. Дајте ми само малку пари; вие одлучите".

**Молбата е многу детална, но не може да биде детална ако не знаете што имате.**

Дозволете ми да ви дадам пример за тоа како изгледа едно конкретно барање. Пред неколку години, кога уште само учевме како функционира Царството, сакав мотор. Во тоа време сè уште живеевме во старата куќа на фармата и немавме гаража. Така, посеав семе за нова хонда СТ 1100 што ја видов еден ден и мислев е добар мотор што вреди да го имам. Меѓутоа, кога го посеав моето семе за тој мотор, напишав на чекот дека не сакам да го добијам додека немам убава гаража каде што ќе можам да го чувам. Зошто? Затоа што не сакав да го чувам надвор на отворено. Мојот пастор во тоа време сакаше да вози мотори. Секоја година му давав чек од 300 долари и на чекот пишував: Пари за бензин за моторот и семе за мојот СТ 1100. Купив и три користени мотори за други пастори и пријатели, секогаш велејќи дека тоа е семе за мојот СТ 1100.

Па, откако ја изградивме нашата куќа, имавме убава гаража. Еден ден, кај нас дојде еден брачен пар со сосема нов СТ 1300 и ми го подарија за роденден. Хонда неодамна го редизајнираше моторот од 1100 кубици со понов, помоќен мотор – хонда СТ 1300. Беше баш како што сонував да имам. Тоа беше одличен мотор што го возев 14 години. Потоа го заменив со харли ултра лимитед што го користам за патувања. Но, сакав да знаете колку беше специфична мојата молба, и токму тоа и го добив. И тоа секогаш ќе се појавува.

Можам да ви кажам толку многу приказни за тоа како Царството е многу конкретно и како вашата молба

исто така треба да биде конкретна. Пред неколку години, нашата црква изнајми неколку ескалади за една конференција на која бевме домаќини. Ги изнајмивме за да ги возиме нашите гости и сакавме да имаме убави возила за таа цел. Сега, тоа не беше прв пат да изнајмиме автомобили. Тоа го правевме секогаш кога имавме големи настани. Но, тогаш за прв пат возев еден од тие автомобили додека ги имавме на кампусот за настанот. Не сум сигурен зошто го возевме автомобилот на овој конкретен настан, но со него се вративме дома и остана кај нас таа ноќ. И знаете што? Многу ми се допадна. На мене и на Дренда ни се допадна возењето во тој автомобил но и самиот изглед.

Во тоа време, возевме убав хонда пилот, но ескаладата беше сигурно класа над пилотот. Станувамше збор за платинестиот бисерно бел модел од пократката верзија. Ако се разбирате од овие фордови, тие доаѓаат во две големини, долга и пократка. Нам повеќе ни се допадна кратката верзија бидејќи таа беше полесна за управување и маневрирање. Додека ја возев ескаладата со Дренда, таа рече: „Знаеш, ми се допаѓа овој автомобил. Мислам дека треба да си набавиме еден ваков модел". Се согласив: „Треба да купиме иста како оваа, кратката верзија во бисерно бело боја". Двајцата се согласивме.

Иако никому не кажавме за нашиот разговор, околу еден месец подоцна, додека одев надвор да си го земам весникот, ми заѕвони мобилниот телефон. Го препознав гласот, тоа беше еден човек од нашата црква. Ме поздрави, а потоа рече дека сака да ми купи ескалада. Бев изненаден за кратко, но реков: „Одлично!" Потоа ме праша каква боја сакам да биде автомобилот, а јас му реков дека ни се допаѓа бело бисерната варијанта. Тој рече: „Ќе ти се јавам кога ќе најдеме таков автомобил". Меѓутоа, не ме праша дали ја сакам кратката или долгата верзија.

Помина еден месец и помислив дека можеби заборавил за автомобилот, но не, тој се јави и ни рече да дојдеме, бидејќи ескаладата е подготвена да си ја земеме. Кога го сретнавме, видовме убава бисерно бела кратка верзија ескалада на паркингот. Беше совршена во секој поглед,

без гребнатинка, буквално совршена. Му кажавме дека многу ни се допаѓа. Потоа се извини. Ни кажа дека му е жал што му требало толку време за да ни се јави, но иако се обидел да најде од подолгата верзија, успеал да најде само кратка верзија. Се насмеавме и рековме: „Ние навистина сакавме повеќе кратка". Возејќи го тој автомобил накај дома мислевме дека сме најбогатите луѓе на планетата.

Повторно, би можел да напишам цела книга со илустрации за тоа колку е конкретно Царството. Значи, кога во Филипјаните Павле говори за молби, тоа значи токму она што го пишува. Повторно, вие не просите; вие го искажувате вашето барање. Тоа е исто како кога некое од моите деца ќе ми рече: „Еј, тато, подај ми го лебот". Моите деца не просат од мене храна за да јадат. Тие се однесуваат како храната да е нивна, бидејќи навистина е нивна.

Ми се допаѓа како Господовата молитва нè учи да се молиме и мислам дека ви покажува уште еден одличен пример за ставот што треба да го имаме кога се молиме. Многу едноставно, пишува: *„Лебот наш насушен дај ни го денес".* Прилично директно, зар не? Всушност, Исус ги прекорил религиозните луѓе затоа што тие проселе и продолжувале со долги молитви, во надеж дека Бог ќе направи нешто за нив.

> *„Кога се молите, не говорете многу како незнабошците, зашто тие мислат дека за своите многубројни зборови ќе бидат услишени; вие, пак, немојте да бидете како нив, зашто вашиот Отец Небесен знае од што имате потреба уште пред да Го помолите.*
> *Туку молете се вака:*
> *Оче наш, Кој си на Небесата, да се свети името Твое; да дојде Царството Твое; да биде волјата Твоја, како на Небото, така и на земјата; лебот наш насушен дај ни го денес."*
>
> —Матеј 6:7-11

## КОЛКУ Е ГОЛЕМ ВАШИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ?

Знам дека ова молитва е подолга отколку што јас цитирав овде, но цитирав доволно за да ја потенцирам мојата мисла. Тие мислеле дека ќе бидат слушнати поради нивните многубројни зборови. Што ви кажува тоа? Тие не ја разбирале својата правна положба пред Небото, и за жал, истото е и денес за многумина. Кога Исус вели дека фарисеите мислеле дека ќе бидат слушнати поради многуте зборови, зборот „слушнат" овде не значи дека Бог не слуша. Слуша како судија кој слуша некој предмет. Бог го презема случајот, и правдата ќе биде спроведена. Бидејќи тие не ја разбирале својата правна положба пред Небесниот суд, за нив останувало само да просат молејќи се долги молитви, во надеж дека Бог ќе направи нешто за нив. И што рекол Исус за тоа? **Престанете!** Молете се вака.

Запомнете, Господовата молитва е образец кој нѐ учи како да се молиме. Најчесто луѓето само го цитираат како да е молитва. Не, Тој ви покажува како да се молите. Молитвата ја објавува вашата законска положба во првата реченица: „Татко наш". Тој е ваш Татко, што значи дека имате законско прави да примите од Него. Потоа продолжува и ве учи како да ја поднесете вашата молба пред Него. Вие сте таму за да го побарате она што Небото вели дека е ваше, а сега вашата реквизиција ќе го донесе тоа законско барање од Небесното царство долу на Земјата. Кога го поднесувате тоа барање, тоа не е молење за милост, туку, „Лебот наш насушен дај ми го денес". Забележете дека нема просење во таа изјава. Барањето е едноставно и конкретно: дај ми леб. Наместо леб таму можете да ставите сѐ што ви е потребно. Повторно, тоа е образец за тоа како да се молиме, и не се однесува само на леб. Тоа едноставно вели: **Лебот мој насушен дај ми го денес.**

Вашето барање го носи тоа што е на Небото долу на Земјата, и тоа е во целосна согласност со зборовите на Исус.

*„Вистина ви велам: сѐ што ќе сврзете на земјата, ќе биде сврзано и на Небото; и* ***<u>сѐ што ќе разврзете</u>*** *на*

*земјата, ќе биде разврзано и на Небото.“*

—Матеј 18:18

Дозволете ми да го парафразирам она што штотуку го прочитавме. Ништо во Небесното Царство нема да се појави овде на Земјата во вашиот живот, освен ако не поднесете законско барање за тоа! Зошто? Затоа што не постои правна надлежност за да се случи нешто сѐ додека не интервенирате вие.

Пред неколку години, имаше една млада жена во нашата црква која имаше проблеми со дух на страв. Еден ден додека разговарав со неа, се обидував да го лоцирам коренот, вратата што сатаната ја користеше за да ја измачува. Потоа ми кажа дека кога била млада, пораснала во богат дом и имала прекрасна спална соба. Нејзиниот кревет имал прекрасни перници, а прекривката била неверојатна.

**НИШТО ВО НЕБЕСНОТО ЦАРСТВО НЕМА ДА СЕ ПОЈАВИ ОВДЕ НА ЗЕМЈАТА ВО ВАШИОТ ЖИВОТ ОСВЕН АКО НЕ ПОДНЕСЕТЕ ЗАКОНСКО БАРАЊЕ ЗА ТОА!**

„На прекривката беа најневеројатните кукли“, рече таа. Но, иако имала своја спална соба, таа никогаш не спиела во неа. Таа морала да спие во подрум за да не ја растура собата. Мајка ѝ ја бркала од дома наутро и не ѝ дозволувала да се врати сѐ до вечерта, и тоа откако ќе ги соблечела чевлите и ќе се погрижела да нема ниту малку трева на нејзината облека. Така, иако оваа млада девојка имала богати родители и убави нешта, таа не можела да ужива во нив и била принудена да живее како сираче. Колку тажно. Не е ни чудо што оваа млада жена имала толку тешко време да прима од Бога и се борела со страв и депресија. Но, фала Му на Бога, преку континуирано тренирање на својот ум, таа излезе од тој затвор на стравот, а можете и вие. За да се ослободите од лагите на религиозната култура и целосно да разберете кои сте и што имате, треба да го репрограмирате и вашиот ум.

# КОЛКУ Е ГОЛЕМ ВАШИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ?

> *„Браќа, во името на Божјото милосрдие ве молам подајте ги телата ваши во жртва жива, света и благоугодна на Бога, како ваша духовна богослужба. Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате што е волјата Божја: што е добро, благоугодно и совршено.“*
>
> —Римјаните 12:1-2

Простете ми, сега морам да бидам директен. Никогаш нема да можете да го добиете Божјото наследство додека не го репрограмирате вашиот религиозен ум во вистината за тоа кои сте во Царството. Знаејќи го тоа, Павле сакал да го пренесе тоа знаење на црквата во Ефес.

> *„Ете, затоа и јас, кога слушнав за вашата вера во Христос Исус, и за љубовта кон сите светии, постојано Му благодарам на Бога, спомнувајќи ве во молитвите свои, та Бог на нашиот Господ Исус Христос, Отецот на славата, да ви даде дух на мудрост и откровение за да Го познаете, и да ги просвети очите на срцата ваши за да увидите во што се состои надежта на повиканите од Него, колкаво е <u>богатството на славата од наследството Негово</u> во светиите, и колку е неизмерна величината на Неговата сила во нас, кои веруваме преку дејството на Неговата крепка сила. Таа сила Тој ја покажа во Христос, кога Го воскресна од мртвите и Го постави од Својата десна страна на Небесата, повисоко од секое началство, власт, сила и господство и од секое име со кое се именуваат не само во овој свет, туку и во идниот.“*
>
> —Ефесјаните 1:15-21

Павле вели: „Се молам на Бог да ги просвети очите на срцата ваши за да увидите во што се состои надежта на повиканите од Него, колкаво <u>е богатството на славата од наследството Негово</u> во светиите“. Зборот просветли

значи да се осветли. Тој се моли Светиот Дух да ви помогне да видите колку големо наследство имате во Христа. Тој го нарекува славно наследство! Нашето наследство во Христа, се разбира, е духовно наследство, но и физичко наследство овде на Земјата.

Мислам дека е добро да спомнам збор два за еден мал дел од вашето наследство што малку христијани го разбираат, благословот на Авраам. Некои луѓе мислат дека бидејќи имаме Нов Завет, сите придобивки од Стариот Завет се поништени – не е точно.

> *„Христос нè откупи од проклетството на Законот, откако поради нас стана проклетство, бидејќи е напишано: „Секој да е проклет што виси на дрво!“, така што* **<u>благословот даден на Авраам да дојде преку Исус Христос врз незнабошците</u>***, за да Го добиеме ветениот Дух преку верата.“*
>
> —Галатајните 3:13-14

Значи, што точно е благословот на Авраам? Мислам дека треба да знаете бидејќи тој благослов е ваш.

Навраќајќи се station наназад во времето, на почетокот кога била создадена земјата, Бог ги поставил Адам и Ева над земјата да управуваат со неа во име на Неговото Царство. Сатаната, кој веќе бил фрлен на земјата, ја посакал власта што му била дадена на човекот. Тогаш сатаната направил план за да ги измами Адам и Ева да го следат. Лажејќи ги за Божјиот карактер и ветувајќи им подобар живот, Адам и Ева доброволно избрале да го следат сатаната и да Му свртат грб на Бог. Бидејќи Бог им дал апсолутна власт над земјата, Бог не можел да ги спречи, (Евреите 2:7-8). Која била последицата на тоа? Можеме да видиме во Создавање 3:17-19.

> *„Затоа земјата нека биде проклета <u>за тебе</u>; со мака ќе се храниш од неа сè до крајот на својот живот; трње и бодлики ќе ти раѓа; и ти ќе јадеш трева полска. Со пот на лицето свое ќе јадеш леб, сè дури не се вратиш во земјата, од која си земен; зашто си*

*земја, и во земја ќе се вратиш!“*

Земјата станала проколната, а тоа едноставно значи дека земјата го изгубила Божјиот благослов. Ве молам забележете дека Бог го обвинува Адам за тоа. Тој не ја проколнал земјата; Адам ја проколнал. Со други зборови: Адам буквално Го исфрлил Бог од својот живот! Земјата што некогаш била толку привлечна и зелена оттогаш почнала да дава троскот и трње. Адам и Ева, кои без труд јаделе од градината Божја, сега преживувале во животот, трудејќи се со мака и пот. Бог го изгубил Своето влијание врз човештвото кога сатаната станал бог на овој свет.

*„Богот од овој свет им ги заслепил нивните безверни умови, за да не ги осветли светлината на Благовестието за славата на Христос, Кој е слика на (невидливиот) Бог.“*

—2 Коринтјаните 4:4

Најлошата последица од бунтот на Адам е тоа што целото човештво, неговата лоза, оттогаш е одвоено од Бог и под јурисдикција на сатаната. Во сатановите искушенија, тој изоставил еден мал детал. А тоа е дека пресудата за него веќе била донесена и него го чекала иднина наречена пекол. Сега, човекот, како дел од царството на сатаната и под негова духовна јурисдикција, самиот ќе биде одведен таму. Ова не било Божја одлука туку на Адам. Пеколот никогаш не бил наменет за човекот, како што пишува во Матеј 25:41.

*„...вечен оган приготвен за ѓаволот и за неговите ангели!“*

—Матеј 25:41

Повеќето луѓе мислат дека одењето во рајот или пеколот зависи од нивните дела, и ако се доволно добри, ќе одат во рајот. Но, да бидам јасен: **Одењето во рајот или пеколот нема никаква врска со тоа колку сте добри или лоши.**

Кога Адам се побунил против Бог, целото човештво заедно со себе го одвел во пеколот. Не сакам да звучам безобразно овде, но морам. Сите веќе одат во пеколот поради Адам, а има само еден излез. Единствениот спас од тој суд е вашето име да биде запишано во Книгата на Животот на Јагнето, која е на Небото. И тоа може да се случи само ако верувате дека Исус е Тој што вели дека е и го повикате Неговото име за спасение.

> *„И тогаш, секој што ќе го повика името Господово, ќе се спаси."*
>
> —Дела 2:21

Исус го нарекува ова новораѓање; и ако не сте го повикале името на Исус, би ве охрабрил да го направите тоа сега. Знаете, Исус е Божјиот план за спасение и враќање на Своето создание во Неговото Царство каде што човекот првично бил создаден да живее. Но, бидејќи секој маж, жена и дете имаат слободна волја и имаат законска јурисдикција над сопствениот живот, Бог не може никого присилно да натера да го прими Неговиот бесплатен живот.

> *„Нè избави од власта на темнината и нè воведе во царството на Својот возљубен Син."*
>
> —Колосјаните 1:13

Кога Адам и Ева падналe, Бог ги изгубил Своите амбасадори на Земјата. Тој морал да најде друг човек кој ќе Му даде пристап до земното царство, за да може да го спроведе Својот план за спасение. Тој човек бил Аврам, кој подоцна ќе биде наречен Авраам. Авраам и Сара биле во поодминати години, а Сара ја поминала возраста за раѓање. Но, Бог им се јавил и им рекол дека навистина ќе добијат син. Авраам Му поверувал на Бога, и Бог со него склучил законски договор, заклетва, заколнувајќи му се на Авраам дека тоа сигурно ќе се оствари.

Овој завет повторно ќе ја врати на Бог можноста до го благослови човекот, но само преку Авраам и неговите

наследници, бидејќи заветот бил склучен помеѓу Бога и Авраам и неговите наследници. Токму преку овој завет и оваа лоза Исус дошол на светот. За повеќето, првото поглавје од книгата Матеј е многу здодевен список на генеалогија, но тоа е многу детален запис за родословието на Авраам сè до раѓањето на Исус. Ова поглавје не е толку досадно како што може да ви се чини бидејќи докажува дека Исус дошол преку тоа ветување до Авраам. Запишано е за да се посведочи пред Небото и Земјата, за сите да видат, и потврдува дека Исус легално дошол во земното царство. Тоа е особено важно за сатаната, богот на овој свет, кој би ја оспорил законитоста на Исус, но доказите се таму за сите да ги видат.

Добро, сега кога знаеме кој бил Авраам, да се вратиме на нашата дискусија за благословот на Авраам и како истиот влијае на нас како новозаветни верници. Кога Бог го склучил тој завет со Авраам, му дал ветувања на Авраам. Бог му рекол на Авраам дека ќе стане голем народ и дека преку него ќе ги благослови сите други народи на земјата, што, се разбира, се однесувало на фактот дека Исус ќе дојде преку неговата лоза. Бог рекол дека ќе го благослови Авраам. Овие ветувања што Бог му ги дал на Авраам се нарекуваат благословот на Авраам.

Мораме да запомниме дека Авраам не бил новороден, бидејќи Исус сè уште не дошол да ја плати цената за гревот, така што Авраам не можел да биде во присуство на Бога. Но, Авраам се држел за ветувањето дека преку неговото потомство Месијата ќе дојде и ќе ја плати цената за спасението. Дотогаш, Бог му дал на Авраам ветувања што се однесувале на животот овде на Земјата, објавувајќи како ќе го благослови и ќе му даде големо влијание на Земјата.

До тоа време, сатаната го држел човекот заробен во сиромаштија како резултат на гревот на Адам. Но, преку ветувањата на Авраам, Бог тогаш можел легално да го анулира проклетството на земјата поради бунтот на Адам и да го благослови Авраам. Наместо Авраам да се труди со мака и пот, Бог објавил дека ќе му даде успех на Авраам и дека ќе го направи голем.

Како што читаме во Галатјаните, овие ветувања важат и за нас денес — благословот на Авраам.

ПОГЛАВЈЕ 4

# АВРААМОВИОТ БЛАГОСЛОВ

Како што кажав во претходното поглавје, како новозаветни верници, вие имате духовно наследство како новородени луѓе, но исто така го имате и благословот на Авраам. Да повториме, благословот на Авраам се ветувањата што Бог му ги дал на Авраам опишувајќи кој е тој, неговата иднина и огромното богатство што еден ден ќе го има. За да поставиме основа за нашата дискусија, да се вратиме на стихот во Создавање 3:17-19 каде што пишува за падот на човекот.

> *„Затоа земјата нека биде проклета за тебе; со мака ќе се храниш од неа сè до крајот на својот живот;* ***трње и бодлики ќе ти раѓа; и ти ќе јадеш трева полска. Со пот на лицето свое ќе јадеш леб****, сè дури не се вратиш во земјата, од која си земен; зашто си земја, и во земја ќе се вратиш!“*
>
> —Создавање 3:17-19

Проклетството на земјата – со пот на лицето и мака, ќе се пробиеме низ животот. Во основа, вашиот потенцијал под овој систем зависи од вашиот труд. Се разбира, сите

ние сме родени под овој систем на преживување и сме обучени да ја процениме нашата шанса за успех преку овој филтер – колку труд ќе треба да вложиме? Но, ветувањата што Бог му ги дал на Авраам во 12то поглавје од Создавање, го промениле сето тоа.

> *И му рече Господ на Аврам: „Излези од својата земја, и од родот свој, и од домот на татко си, па појди во земјата што ќе ти ја покажам Јас! А од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам и ти ќе бидеш благословен. Ќе ги благословам оние, што тебе ќе те благословуваат, и ќе ги проколнам оние, што тебе ќе те проколнуваат и преку тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата.“*
>
> —Создавање 12:1-3

Ја гледате разликата? Бог рече:

***„Јас од тебе ќе направам!“***

Размислете за тоа. Бог му рече на Авраам: „Од тебе ќе направам...“ Тој повеќе нема да биде роб на иднината што требало да ја создава или остварува со своја мака и пот. Бог му рекол дека Тој ќе го направи тоа. Со други зборови, преку верата на Авраам Бог имал отворена врата да го благослови. Бог му ветува на Авраам дека ќе го благослови, ќе го направи неговото име големо и дека од него ќе направи голем народ. Бог, исто така, му вели дека преку него ќе бидат благословени сите народи на Земјата, што се однесува на фактот дека Исус ќе дојде преку неговата лоза. Овие ветувања што Бог му ги дал на Авраам, како што реков, се нарекуваат Авраамовиот благослов. За да биде сигурен дека Авраам знаел колку се големи овие ветувања, Бог му дал неколку слики за тоа што сакал да направи преку него.

> *По оние настани беше упатено слово Господово кон Аврам во видение: „Не плаши се, Авраме! Јас сум*

*ти закрила, и наградата твоја ќе биде многу голема.“*
*А Аврам рече: „Господи, зошто ми се Твоите дарови кога сум без пород, а наследник во мојата куќа е Елиезер од Дамаск?“ И пак рече Аврам: „Бидејќи, Ти не ми даде потомство, ете, затоа еден од слугите родени во куќата моја, ќе биде мој наследник.“*
*Но Господ пак проговори: „Нема тој да ти биде наследник, туку оној, кој ќе произлезе од тебе, тој ќе ти биде наследник.“ Па го изведе надвор и му рече:* ***„Погледни на небото и изброј ги ѕвездите,*** *ако можеш да ги изброиш.“ И му рече: „Толкаво ќе биде потомството твое.“*
*И Му поверува Аврам на Господ, и тоа му се засмета за праведност. И му рече: „Јас сум Господ, Кој те изведе од Ур Халдејски за да* ***ти ја дадам оваа земја, да ја владееш****.“*

—Создавање 15:1-7

Бог овде користи две слики за да му помогне на Авраам да ја сфати големината на ветувањата што му ги дава. Прво, Тој вели, „Изброј ги ѕвездите ако можеш, толкаво ќе биде твоето потомство“. Се разбира, кога го имале овој разговор, Авраам воопшто немал деца. Второ, Бог ги поставува границите на целата земја што ќе ја наследи Авраам, повеќе од 35 милиони хектари! Што било повеќе отколку што тој некогаш би можел да ги изоди. Со други зборови, наследството на Авраам било поголемо отколку што тој можел да брои!

Господовиот благослов што бил врз Авраам имал непосреден ефект. Само едно поглавје подоцна, откако го добил Божјото ветување, гледаме огромна промена.

*„А Аврам беше многу богат со добиток, со сребро и со злато.“*

—Создавање 13:2

Како што можеме да видиме, тој навистина побегнал од проколнатиот земен систем на мака и пот.

Сега, да продолжиме напред во времето кога

Израелците заминале од Египет и се упатиле кон Ветената земја. Пред да преминат во земјата, Бог сакал да разберат колку големо ќе биде нивното наследство. Така, еве што им кажува Тој преку Мојсеј во Повторени закони 6:10-12.

> *„Кога, пак, ќе те воведе Господ, твојот Бог, во онаа земја, за која Тој им се заколна на предците твои – Авраам, Исак и Јаков, да ти ја даде со големи и убави градови, што ти **не си ги градел**, и со куќи, полни со секое добро, со кое ти **не си ги наполнил**, и со кладенци ископани, што ти **не си ги копал**, со лозја и маслини, кои ти **не си ги садел**, па ќе јадеш и ќе се наситуваш! Тогаш пази да не Го заборавиш Господа, Кој те изведе од египетската земја, од домот на ропството.“*
>
> —Повторени закони 6:10-12

Мислам дека ја разбирате поентата; сето тоа го наследиле без труд! Да се потсетиме дека кога Израел тргнал во поход на овие територии, за луѓето што живееле таму тоа било суд бидејќи тие било крајно зли.

> *„Кога ќе ги изгони Господ, твојот Бог, пред тебе, немој да речеш во срцето свое: „Заради мојата праведност ме доведе Господ да ја наследам таа земја. Затоа што поради беззаконијата на овие народи Господ ги прогонува од пред тебе.“ Не заради праведноста твоја и не заради правината на срцето твое ти одиш да ја наследиш земјата нивна, туку поради бесчестието на тие народи Господ, твојот Бог, ги изгони од пред тебе, и за да го одржи заветот, со кој им се заколна Господ на предците твои: Авраам, Исак и Јаков; затоа знај сега дека не заради праведноста твоја Господ, твојот Бог, ти дава да ја наследиш таа добра земја, – бидејќи си тврдоглав народ.“*
>
> —Повторени закони 9:4-6

Но, поентата што сакам да ја истакнам можеме да ја

видиме во првата реченица од Повторени закони 6:10, *„Кога, пак, ќе те воведе Господ, твојот Бог, во онаа земја... за која му се заколна на Авраам“.*

**Бог ќе ве донесе во земјата.**

Тие не морале да се борат со свои сили за да влезат во земјата; Бог лично сакал да ги однесе во новата земја.

**Јас ќе го направам тоа!**

Веројатно најдоброто поглавје во Библијата што го прикажува благословот на Авраам е Повторени закони 28. Додека го читаме овој дел, ве молам внесете го вашето име овде, бидејќи сите овие ветувања се за вас сега, како што биле за нив тогаш.

> *„Ако го слушаш гласот на Господ, твојот Бог, ги пазиш и ги извршуваш сите Негови заповеди, што денес ти ги заповедам, тогаш Господ, твојот Бог, ќе те постави погоре од сите народи на земјава; и ќе се пренесат на тебе сите овие благослови и ќе се исполнат, ако го слушаш гласот на Господ, твојот Бог.*
>
> *Благословен ќе бидеш во градот и благословен во полето.*
>
> *Благословен ќе биде плодот на твојата утроба, и плодот на земјата твоја, и плодот на добитокот твој, и плодот на воловите твои, и плодот на овците твои.*
>
> *Благословени ќе бидат кошниците твои и ноќвите твои.*
>
> *Благословен ќе бидеш, кога влегуваш, и благословен – кога излегуваш.*
>
> *Господ ќе ги порази пред тебе непријателите твои, кои се креваат против тебе; по еден пат ќе навлезат тие против тебе, а по седум патишта ќе избегаат од пред тебе.*
>
> *Господ ќе ти испрати благослови на твоите житници и на секоја работа на твоите раце; и на земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава.*
>
> *Господ, ќе те утврди за Свој свет народ, како што ти се беше заколнал на тебе, ако ги извршуваш*

*заповедите на Господ, твојот Бог, и одиш по патиштата Негови. И тогаш ќе видат сите народи на земјата дека името на Господ, ти е дадено на тебе, и ќе се уплашат од тебе.*

*И Господ, ќе ти даде изобилство во сите блага, во плодот на твојата утроба, во плодот на добитокот твој и во плодот на нивите твои на земјата, за која Господ им се беше заколнал на твоите предци дека ќе ти ја даде.*

*И Господ ќе ти го отвори доброто Свое сокровиште – небото, за да дава тоа на време дожд на земјата твоја и да ги благословува сите работи на рацете твои: и ќе им даваш на заем на многу народи, а ти самиот нема да земаш на заем.*

*Господ, ќе те направи глава, а не опашка, и да бидеш само на високо, а не на ниско, ако ги пазиш заповедите на Господ, твојот Бог, што ти ги заповедам денес да ги почитуваш и исполнуваш, и ако не отстапуваш од сите зборови, што ти ги заповедам денес, ни надесно, ни налево, и ако не тргнеш по други богови за да им служиш.“*

—Повторени закони 28:1-14

Да, ова сте вие! Се надевам дека сега можете да видите зошто сакав да го прочитате ова. Тука воопшто не гледате менталитет на преживување. На сè што ќе ги ставите вашите раце ќе напредува!

*„Господ, ќе те утврди за Свој свет народ“.* Утврди? Повеќето луѓе не се утврдени. Утврден е дабот стар 100 години; никој не може да го помести! Но, за повеќето луѓе, тој концепт е туѓ. Нивните животи се полни со стрес, обидувајќи се само да останат подалеку од несигурноста што ги опкружува. Тие не поседуваат ништо! Сè плаќаат на рати, а ако доцнат со ратите, тогаш доаѓа законскиот сопственик и им го одзема тоа што го купиле. Утврдени значи дека не можете да бидете поместени, во добри или лоши времиња.

Бог му кажува на Израел дека никој нема да може да ги исели од нивната земја, а акцентот е ставен на зборот

нивната. Утврдени значи дека вие сте сопственици! Без долг. Вие сте газди. Текстот продолжува и вели: *„И тогаш ќе видат сите народи на земјата дека името на Господ, ти е дадено на тебе, и ќе се уплашат од тебе. И Господ, ќе ти даде изобилство во сите блага“*. Бог вели дека кога тие ќе бидат утврдени, луѓето ќе видат дека се наречени со името Господово. Како? Бог е невидлив, па како безбожните ќе го видат Бога? Стих 11 ни кажува, *„И Господ, ќе ти даде изобилство во сите блага!“* Тие ќе го видат вашето богатство и ќе мора да признаат дека Бог ве благословил. Ако тоа не е доволно, текстот продолжува и вели: *„Ќе им даваш на заем на многу народи, а ти самиот нема да земаш на заем. Господ, ќе те направи глава, а не опашка“.* Ќе бидете толку благословени што ќе бидете заемодавачи, а не заемопримачи. Ќе бидете глава, а не опашка.

**ЌЕ БИДЕТЕ ТОЛКУ БЛАГОСЛОВЕНИ ШТО ЌЕ БИДЕТЕ ЗАЕМОДАВАЧИ, А НЕ ЗАЕМОПРИМАЧИ.**

**Без долг! Ова е дел од вашето наследство.**

Сега треба да ве прашам нешто. Ако она што штотуку го прочитавме е вистина, а е вистина, и ако ви докажам дека како новозаветени верници, ги имате истите тие ветувања, дали тоа ќе промени нешто во вашиот живот? Ако денес добиете наследство од една милијарда долари од некој богат роднина, дали тоа ќе го промени вашиот живот утре? Јас мислам да.

> *„Развесели се, ти неплодна, што не раѓаш; воскликни и извикај ти, која не си почувствувала родилни маки; зашто напуштената има многу повеќе деца од онаа, која има маж, вели Господ.*
>
> *Рашири го местото на шаторот свој; покривите твои на живеалиштето твое прошири ги; продолжи ги јажињата свои и зацврсти ги колците свои.“*
>
> —Исаија 54:1-2

Веќе разговаравме за тоа како една жена може да има повеќе деца без да раѓа од жена која може да биде бремена и да раѓа деца. Сега знаеме дека Исаија зборувал за духовното ново раѓање од Божјиот Дух. И дознавме дека двете жени претставуваат два завети – стариот завет на ропство, што е обичниот начин, и новиот завет со искуството на новото раѓање, кое нè преобразува преку силата на Духот. Дејството на овој нов завет е јасно изразено во примерот што го користи Исаија. Една жена зачнува и раѓа бебе на стандарден начин, со девет месеци бременост. Но, другиот завет не е ограничен од телото, зачнат е со ветување и се раѓа преку силата на Духот. Имаме стих кој укажува на неограничени можности, а не на ограничени. Повеќе не сме ограничени од сопствените искуства или способности. Запомнете, Бог го создал Авраам. Тој не можел да има деца, но имал.

Сетете се на моето сведоштво. Девет години се обидував да го подигнам мојот бизнис, но не успеав. Со Бог, тоа се случи, а сега сум милионер. Мислев дека не е можно да бидам меѓу најдобрите 10 соработници на еден од моите клиенти поради мојот распоред. Четиринаесет години една по друга имав до 4 милиони обрт и мислев дека не е можно да бидам меѓу најдобрите 10. Но, влегов во првите 10 и добив бонус од 100.000 долари што првите 10 ги добиваат веќе повеќе години.

Мојата ќерка Ејми имаше тумор во стомакот тежок 6 килограми и се чинеше дека нема начин да избегне операција, но сепак тоа се случи. Една ноќ додека спиела, туморот исчезнал. Таа изгуби 6 килограми; 3 сантиметри околу нејзината половина; а нејзиниот грб, кој беше заврзан и искривен, беше целосно рекреиран.

На мојата снаа ѝ било кажано дека има уште четири месеци живот бидејќи имаше огромен тумор во пределот на колкот, но таа не умре. Туморот исчезнал една ноќ додека таа исто така спиела.

Можам да ви дадам уште многу примери, но разбирате што сакам да кажам. Вашата иднина повеќе не е ограничена. Бог вели дека ќе го направи тоа. Поради оваа огромна трансформација, Исаија вели дека треба да се

подготвите за напредок. Запомнете, на Авраам му било кажано дека неговото наследство ќе биде повеќе отколку што ќе може да го изброи. Знаете што? Истото Бог го кажува и за вас.

> *„А на Оној Кој, според силата што во нас дејствува, може да изврши изобилно сè што ќе побараме или помислиме.“*
>
> —Ефесјаните 3:20

**Бог е способен да направи повеќе отколку што можете да замислите!!!**

Откако во стих 1 од Исаија 54, Исаија вели дека овој нов завет ќе предизвика натприродно умножување тој во следните стихови објаснува што треба да направиме за да се подготвиме за оваа жетва. Во следните четири стиха, тој изложува четири основни работи што треба да ги направиме за да го искусиме таквиот напредок. Тоа се првите четири закони за забрзување!

Дозволете ми да ви дадам уште еден пример за тоа како функционира ова. Минатата година, 2021 година, поради Ковид, нашиот промет беше во мала стагнација. Имав посеано семе и побарав од Бога 2021 година да биде најдобрата година што некогаш сум ја имал во бизнисот. Тоа беше есента 2021 година, и работите навистина не се движеа ни напред ни station наназад – беа стабилни. Но, се разбира, јас не посеав семе за работите да бидат стабилни. Посеав семе за да ја имам најдобрата година во мојот бизнис.

На почетокот на ноември сонував еден сон. Во сонот видов слика од мојот отворен паричник кој беше полн со пари. Господ преку тој сон ми кажа: „Сè уште можам да направам нешто големо пред да заврши годината“. Леле, какво големо охрабрување.

Неколку недели подоцна, ми се јави еден човек и ми рече дека сака да разговара со мене за нашите инвестиции за кои слушнал многу добри работи. Тој слушнал дека во текот на последните 20 години, никогаш не сме имале клиент што изгубил пари поради промените на пазарот.

Гледајќи ја турбулентноста на пазарот во Соединетите Држави, тој бил љубопитен. Се сретнав со него, му ја објаснив нашата инвестициска стратегија и нему му се допадна. Па, да ја скратам приказна, тој инвестираше прилично голема сума пари. Поради тоа што го имав како клиент, заедно со уште неколку клиенти кои ми се јавија во последен момент, ја имав најдобрата година што некогаш сум ја имал во бизнисот.

Сè што можам да кажам е дека законите на Царството и помазанието за просперитет ги донесоа тие пари. Но, дозволете ми да кажам дека парите не паднаа туку така од небото. Јас ја поднесов мојата молба за тие пари и се случи токму како што посеав. Неверојатно!

## ПОГЛАВЈЕ 5

# ЗАКОНОТ НА ВЛАДЕЕЊЕ

Како што реков во претходното поглавје, новиот завет е причината за промената на многу нешта. Со други зборови: Сè ќе се промени! Откако Исаија пророкувал за овој нов завет и за нашето раѓање во Царството Божјо, тој исто така кажува како тоа ќе го промени начинот на кој живееме. Како новородени луѓе и членови на Божјото семејство имаме пристап до сè што поседува Бог. Како самиот Авраам, и ние се спасивме од проколнатиот земен систем и буквално сменивме царство. Како што реков претходно, вториот стих ги содржи првите четири закони за забрзување. Овие четири закони се закони кои Бог ми ги покажа кога бевме во голем финансиски хаос во Нау центарот. Тие се исклучително моќни концепти кои ќе ви помогнат да напредувате во бизнисот или сè друго од што имате потреба да напредува во вашиот живот. Да почнеме со првиот од деветте закони за забрзување - **законот на владеење.**

*„Рашири го местото на шаторот свој; покривите твои на живеалиштето твое прошири ги; продолжи*

*ги јажињата свои и зацврсти ги колците свои.“*

—Исаија 54:2

**<u>Рашири го местото на шаторот свој.</u>**

Еве ја првата инструкција што Бог ја дава: Раширете го местото на вашиот шатор, не самиот шатор, туку местото на шаторот. Шаторот го претставува вашиот живот, а местото би се однесувало на вашата визија за вашиот живот. Наместо да преживувате на тоа мало парче земја, Исаија вели дека ќе ви треба повеќе простор, многу повеќе простор, за да можете го примите целиот дел од вашето наследство. Овој закон вели да го зголемите местото каде што живеете, да ја зголемите својата територија, својата власт. Запомнете, Бог може да го благослови само она што е под ваша законска јурисдикција.

**Тоа е ваш избор!**

Во Повторени закони 28:8 пишува:

*„Господ ќе ти испрати благослови на твоите житници <u>и на секоја работа на твоите раце</u>; и на земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава.“*

Вие го имате благословот, но повторно, ако нешто не е под ваша јурисдикција, тогаш Бог нема правна јурисдикција над тоа. Значи, еве го прашањето: Дали сакате 3 домати кои се благословени или 50.000? Ако знаете дека сѐ што ќе ставите под тоа помазание ќе напредува, колку би ставиле? О, искушението да се вратиме на нашиот стар начин на размислување со тоа прашање ќе биде големо. Навиката да кажеме „не“ побрзо отколку да кажеме „да“ исто така ќе сака да се наметне. Меѓутоа, не сте сами во таа одлука. Библијата вели дека можете да побарате помош од Бог.

*„Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја побара од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без приговарање – и ќе му се даде.“*

—Јаков 1:5

Но, повеќето луѓе и не стигнуваат толку далеку, бидејќи нивната навика да кажат „не“ ја затвора вратата без воопшто да размислат дека Бог се обидува да ги научи нешто друго. Знам. И јас го имам направено тоа многу пати и тоа ме чинеше илјадници долари.

На пример, имав искуство пред околу една година што многу јасно укажува на оваа погрешна стандардна поставка. Треба да бидам свесен дека може да се појави лесно. Дури и сега после сите овие години, ако не сум внимателен може да влијае врз некоја моја одлука иако тоа не смее да биде така.

Еден ден, 2 Коринтјаните 9:10-11 постојано ми се вртеше низ глава, едноставно не можев да не мислам на тоа. Знаев дека Господ се обидува да ме научи нешто и затоа размислував за тој стих, дозволувајќи Му на Светиот Дух да ми зборува. Делот од текстот што постојано ми се вртеше низ глава беше, „Оној кој му дава на сејачот семе и леб за храна“.

> *„А* ***<u>Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна,</u>*** *Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.“*
>
> —2 Коринтјаните 9:10-11

Додека размислував за овој пасус, се чинеше дека Светиот Дух ми даваше сè поголемо разбирање и фокус, *„и леб за храна“*, овој дел едноставно некако ми отскокна. Сфатив дека толку многу луѓе се соочуваат со страв кога сакаат да дадат затоа што не ја разбираат таа фраза. Повеќето луѓе мислат дека кога даваат, се откажуваат од нешто, дека тоа ќе ги чини. Но, Бог ме потсетуваше дека Тој не само што го обезбедува семето за сеење, туку го обезбедува и лебот за јадење, она што му треба на човекот секојдневно. Се разбира, јас веќе го знаев тоа, но чувствував дека Тој сакаше да бидам сигурен дека ќе им го кажам тоа на луѓето за да разберат дека Тој ни ги дава и двете и затоа не треба да се плашат да бидат дарежливи.

Таа ноќ, неколку недели откако посеавме 15.000 долари во една служба што ја поддржувавме, пред да ги изгаснам светлата и да одам во кревет одеднаш ми падна на ум да ја проверам берзата бидејќи имав купено акции за да видам каква е состојбата. Кога ја отворив мојата сметка видов дека нивната вредност навистина пораснала. Пред да го оставам телефонот, вниманието ми го привлече една акција што јас ја немав купено. Ја имав видено и претходно, дури размислував и да ја купам. Но, кога ја истражував историјата и перформансите на таа акција, видов дека во последните 12 месеци стои во место, па затоа претходно не се одлучив да ја купам. Но, не знам зошто, таа ноќ не можев да престанам да ја гледам таа акција. Чудно, имав чувство дека треба да купам некој процент, нешто што беше премногу невообичаено за мене. Така, вложив 1500 долари во таа акција и го оставив телефонот.

**ТОЈ НЕ САМО ШТО ГО ОБЕЗБЕДУВА СЕМЕТО ЗА СЕЕЊЕ, ТУКУ ГО ОБЕЗБЕДУВА И ЛЕБОТ ЗА ЈАДЕЊЕ, ОНА ШТО МУ ТРЕБА НА ЧОВЕКОТ СЕКОЈДНЕВНО.**

Дренда и јас разговаравме малку, и ѝ кажав дека купив акции, па го земав телефонот да ѝ покажам. Само што го земав телефонот бев шокиран кога видов дека за само еден час вредноста на акцијата пораснала повеќе од 100 проценти. Останавме будни и разговаравме гледајќи како бројките уште повеќе се зголемуваат. Во текот на следните три часа, вредноста на моите акции се искачи на повеќе од 17.000 долари, и тогаш престана растот. Ѝ реков на Дренда: „Тоа се нашите 15.000 долари!“ Брзо ги продадов акциите и така го задржав зголемувањето, и знаев дека ми се враќаат тие 15.000 долари што ги посеав неколку недели претходно. Акциите веднаш се намалија до утрото и еве, неколку месеци после тој настан не се вратени на истото ниво како тогаш. Тоа беше најчудната работа што сум ја видел. Знам дека Светиот Дух ми ја посочи таа акција, и ѝ реков на Дренда дека Бог ни го

враќа тоа што го посеавме. Бог му дава семе на сејачот и дава леб за јадење! Знаете, не е важно како Тој го прави тоа, но Тој секогаш го прави тоа. Но, за мене тоа беше интересно искуство.

Откако ја продадов таа акција и си ги вратив парите, си помислив, *Леле, да знаев дека така ќе се зголеми, ќе ставев многу повеќе од 1500 долари.* Па, да, после војната сите се генерали. Да, можев да ставам 10.000 долари, или можеби ќе си помислите: *Што ако ставеше 100.000 долари?* Замислите си само колкава сума ќе заработев од таа инвестиција. Но, јас не вложив 100.000 долари. Не вложив 10.000 долари. Не вложив 5000 долари. Вложив 1500 долари. Знаете, мојот профит беше ограничен. Вложив 1500 долари, и секако дека ќе сакав поголема заработка, но тоа немаше да се случи бидејќи вложив само 1500 долари. Што се случи? Барем во еден дел постапив исправно. Чувствував дека треба да купам дел од тие акции, но не Го прашав Господ колку треба да купам. Дозволив на мојата стандардна поставка во мојот мозок да ја донесе таа одлука без воопшто да размислувам. Да, ги добив назад тие 15.000 долари, семето што првично го вложив, но не ја добив втората половина од тоа ветување.

*„А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, **Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда**."*
—2 Коринтјаните 9:10

Не го добив растот и зголемената реколта што требаше да биде моја. Бог имаше многу повеќе за мене таа вечер, а не само да ми го врати семето, иако тоа беше одлично. Но, не Го прашав Бога колку да вложам и со тоа го пропуштив умножувањето што ќе беше мое ако Го прашав Бог. Зошто не Го прашав Бог? Бев зафатен и не размислував многу за тоа додека акцијата не скокна толку нагло. Лесно е да дозволиме старата стандардна поставка да зборува, но можеме да ја ресетираме нашата стандардна поставка за да застанеме и да размислиме и да не бидеме толку брзи во нашето расудување. Побарајте од Бог мудрост во

таквите ситуации и ќе видите големи резултати.

Еве што ми рече Господ еден ден: „Не прави мали планови!“

**ИМА ПОВЕЌЕ!**

Многумина пропуштаат толку многу можности што Бог ги поставува пред нив. Тие ги засадуваат трите домати, а кога тие ќе испаднат совршени, велат: „Леле, требаше да посеам повеќе“. И како што ви покажав, тоа лесно може да се направи.

Ајде да погледнеме неколку стихови во книгата Создавање за Авраам.

> *И му рече Бог на Аврам, откако Лот се оддели од него: „Крени ги очите свои, па погледни од местото, каде што си сега, на север и на југ, на исток и на запад, зашто целата земја што ја гледаш, ќе ти ја дадам на тебе и на потомството твое довека; ќе го умножам потомството твое да биде колку што е песокот на земјата; ако некој може да го изброи песокот на земјата, ќе може да го изброи и потомството твое. Стани и изоди ја оваа земја во должина и во широчина, зашто ќе ти ја дадам тебе.“*
>
> —Создавање 13:14-17

Забележете дека Бог вели, *„Крени ги очите свои, па погледни од местото, каде што си сега... целата земја што ја гледаш, ќе ти ја дадам на тебе и на потомството твое довека“*. Потоа во стих 17 вели, *„Стани и изоди ја оваа земја во должина и во широчина, зашто ќе ти ја дадам тебе“.*

Има три витални чекори што Господ му ги покажал на Авраам. Прво, крени ги очите! Да, таму каде што сте. Може да речете: „Па, немам многу“. Бог не рече да погледнете на тоа што го имате туку да ги подигнете очите свои. Сè што ќе видите, Тој ќе ви го даде. Токму овој дел често не го разбираме правилно. Навистина треба да се фокусираме на тоа да Му дозволиме на Бог да ја прошири нашата перспектива за да можеме да гледаме подалеку. Да гледаме **<u>од</u>** таму каде сме, потребно е да

имаме имагинацијата; инаку, ќе гледаме само **<u>околу</u>** нас.

Значи, првиот закон што треба да го совладаме е законот на владеење. Ова е првиот од деветте закони за забрзување. Никогаш нема да се издигнете повисоко од она што можете да го видите. Ајде да застанеме и да одговориме на прашањето: Што гледате? Никогаш нема да се движите кон она што не го гледате. Никогаш!

**НАВИСТИНА ТРЕБА ДА СЕ ФОКУСИРАМЕ НА ТОА ДА МУ ДОЗВОЛИМЕ НА БОГ ДА ЈА ПРОШИРИ НАШАТА ПЕРСПЕКТИВА ЗА ДА МОЖЕМЕ ДА ГЛЕДАМЕ ПОДАЛКУ.**

Бог му рекол на Авраам: „Подигни ги очите, целата земја ќе ти ја дадам“. Забележете дека Тој вели, „целата земја ќе ти ја дадам“, а не „целата земја ти ја дадов“. Целата земја му била на располагање да ја освои, но Авраам имал свој дел во сето тоа. Ако Авраам не ја поминал физички целата земја, Бог не би имал надлежност над таа земја. Можел да му ја даде само земјата на која Авраам газел. Зошто? Затоа што Авраам го имал благословот, помазанието и јурисдикцијата на земјата да ја пренесе таа територија под Небесна јурисдикција.

И последниот дел од оваа равенка е дека никогаш не можете да го освоите она по што не чекорите. Ако не го освоите, како што кажав претходно во оваа книга, никогаш нема да можете да го оспособите да ви носи полза во животот. Ајде да направиме еден краток преглед.

1. Што гледате?
2. Она што го гледате мора да го изодите физички.
3. Никогаш нема да се движите кон она што не го гледате.
4. Никогаш нема да го освоите она по што не чекорите.

Следниот пат кога ќе се возите низ град и кога ќе погледнете некоја куќа, поставете си го прашањето: Како

таа куќа стигнала таму? Знам дека тоа може се чини како глупаво прашање. Но, сериозно, како куќата стигнала таму? Некој морал да ја замисли пред да биде изградена. Од таа замисла се прави нацрт; тогаш од нацртот се прави проценка на буџетот и времето за да се формира понуда за изградба на куќата. Она што сакам да го кажам е дека некој претходно сигурно ја замислил куќата пред да ја изградат. Некој го нацртал тоа што го видел, а потоа го изградил тоа што го нацртал. И кога таа куќа била завршена, изгледала токму како нацртот.

Да повторам:

Некој претходно сигурно ја замислил куќата пред да ја изградат.

Некој го нацртал тоа што го видел (план).

Некој го изградил тоа што било нацртано (извршување на планот).

Но, сè започнува со, „Што гледате?“ Законот на владНо, сè започнува со,

„Што гледате?“

Законот на владеење!

**НО СÈ ЗАПОЧНУВА СО, „ШТО ГЛЕДАТЕ?“ ЗАКОНОТ НА ВЛАДЕЕЊЕ!**

Ќе ве прашам повторно во врска со вашиот живот: „Што гледате?“ Всушност, застанете малку и запишете неколку мисли. Потоа повлечете се од таа слика и запрашајте се: „Дали навистина го сакам ова?“ Запомнете, вие сте тие што ја цртаат сликата.

Примерот со парите, 1500 долари, лесно можеше да стане пример за 150.000 долари ако знаев дека вредноста на акцијата ќе се зголеми. Некој знае дали вредноста ќе се зголеми, и Тој ве поканува да се консултирате со Него секогаш кога за тоа ќе имате потреба.

Има еден прекрасен стих, Римјаните 12:2, што сакам да

си го читам повремено:

> *„Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате што е волјата Божја: што е добро, благоугодно и совршено.“*

Во суштина, овој стих ни кажува да ги промениме нашите мисли и да не се усогласуваме со моделот на живот што сме го имале во минатото. Мајка ми имаше модели на фустани за да може да шие фустани за моите две сестри кога беа мали. Сега, ако таа би сошиела фустан што на крај не ѝ се допаѓа, а потоа повторно би го користела истиот модел, ќе го добиеше истиот фустан што не ѝ се допадна првиот пат. Така би било секогаш кога би го користела моделот што не ѝ се допаѓа. Со цел да се добие поинаков исход, таа би морала да го промени моделот што го користеше, а тоа важи и за нас.

Можеби ќе речете: „Па, Гери, јас навистина немам модел за мојот живот“. И јас би рекол: „Да, имате; на тоа размислувате по цел ден“. И ако речете дека за ништо не размислувате по цел ден, тоа е ваш проблем.

Повторно, законот на владееење ја поставува вашата визија. Тоа е местото каде живеете, а не начинот на кој живеете. Тоа е вашата визија, вашата власт, вашата иднина која ја прифаќате и за која се подготвувате – што нè води до една голема вистина. Секогаш можете да знаете каде одите според тоа за што се подготвувате. Ако некој сака да биде одличен пијанист, ќе сака да вежба. Ако сакаат да успеат во својот бизнис, ќе научат сè за тој бизнис. Па, кажете ми: Што практикувате во слободното време? Целта не ми е да направам да се чувствувате лошо, но треба да застанете и да се соочите со фактите. Така одат нештата.

Последното прашање што сакам да го поставам е: „Каде ве влечат во животот?“ Ќе речете: „Еј, Гери, никој не ме влече никаде“. Извинете што ви се спротивставувам, но некаде сигурно ве влечат. Барем така вели Библијата.

*„Ниеден, кога е во искушение да не вели: „Бог ме искушува“, бидејќи Бог со зло не се искушува, и Тој никого не искушува, но секого го искушува неговата похота која го влече и мами. Потоа похотата, откако ќе се зачне, раѓа грев, а гревот, извршен, раѓа смрт.“*

—Јаков 1:13-15

Јаков нѐ предупредува да не дозволиме злата желба да нѐ вовлече во искушение и грев. Но, секоја желба ќе ве влече кон нејзиното исполнување, добра или лоша. Јаков вели дека човек е во искушение кога има желба. Може да имате или добра желба или зла желба; и двете ќе ве влечат кон исполнување. Откако ќе се појави желбата и ќе се предадете на примамливоста, ќе смислите план за исполнување. Откако ќе постапите

според планот, Јаков вели дека тоа ќе роди дејство на исполнување, а потоа доаѓа задоволување на реалноста на желбата. Затоа запомнете, она што го ставате во вашето срце, она што дозволувате да ве мами, ќе ве влече кон неговото исполнување. Овој концепт работи за вас и против вас, во зависност од видот на желбата за која размислувате. Што гледате?

**Законот на владеење:**

*„Рашири го местото на шаторот свој.“*

—Исаија 54:2

ПОГЛАВЈЕ 6

# ЗАКОНОТ НА КАПАЦИТЕТ

*„Рашири го местото на шаторот свој (Законот за владеење); завесите твои на живеалиштето твое прошири ги (Законот за капацитет); продолжи ги јажињата свои и зацврсти ги колците свои.“*

—Исаија 54:2

Сега, преминуваме на законот за капацитет. Откако ќе ја зголемиме нашата власт, работите мора да се сменат. Мислам дека ако сакате да заземете повеќе територија, вашата способност да управувате со таа нова територија е одредена од вашиот капацитет. Законот за владеење зборува за тоа „каде“ живеете. Законот за капацитет зборува за тоа „како“ живеете секој ден: вашите навики, вашата рутина и како го користите вашето време. Овде, Бог вели дека треба да направите простор за растот што Тој сака да ви го даде. Вашиот сегашен шатор, како го вложувате вашето време и вашата моментална способност, е премногу мал и не е во состојба да се справи со зголемувањето на одговорноста што би дошло со поголемата територија, затоа нешто мора да се промени.

Широко рашири ги завесите од шаторот, **и не**

**воздржувајте се**. Го сакам тој дел. Дури и кога мислите дека сте ги приспособиле работите за да се справите со повеќе, Бог вели дека сè уште не размислувате доволно широко. Не воздржувајте се; направете простор за голем раст, многу голем!

И така, ајде подетално да го разгледаме овој закон. Законот за капацитет едноставно вели дека кога ќе го достигнете својот капацитет престанувате да напредувате. Нема повеќе простор за раст. Шаторот претставува како живеете и процесите што ги користите за да управувате со вашиот ден и обврски.

Една студија што ја прочитав вели дека 8 од 10 вработени се преоптоварени.[1] Токму така; деновите на повеќето луѓе веќе се преполни. Поради ова, тие престанале да сонуваат, што нè враќа на првиот закон, законот за владеење. Луѓето кои го максимизирале својот капацитет престануваат да сонуваат. Полни се со ангажмани па затоа не ни размислуваат за нови идеи. Зошто? Затоа што едвај можат да го завршат она што веќе мораат да го прават секој ден.

Значи, да ве прашам: „Дали сте преоптоварени? Дали се будите со страв? Дали сте целосно исцрпени?" Ако сте, тогаш навистина сте во лоша ситуација. Постои само еден начин да излезете од таа динамика и да почнете повторно да сонувате, а тоа значи дека мора да ги промените вашите процеси.

**Единствениот начин да го зголемите вашиот капацитет е да ги промените вашите процеси.**

Дозволете ми да ви дадам пример за ова што го зборувам. Да речеме дека имате парцела 30 на 30 метри каде што сте засадиле пченица за домашниот леб што го печете во вашата фурна. Веројатно би го пожнееле тоа мало парче земја со срп и ќе ја овршите пченицата на старомоден начин, рачно.

Но, да речеме дека сакате да ја зголемите вашата жетва и одлучувате да посеете 5 хектари пченица. За време на жетвата, кога почнувате да го обработувате тоа

[4] Американскиот речник на англискиот јазик (The American Heritage Dictionary of the English Language)

поле со пченица, работотите напорно неколку часа, а кога погледнувате нагоре, ве обзема страв бидејќи гледате дека сте обработиле само мал дел од вкупната површина што ја имате. Претпоставувам дека можеби е можно да ја исполните вашата задача ако имате доволно време и ако секоја друга обврска во вашиот живот ја ставите на пауза.

Но, да одиме чекор подалеку и да кажеме дека сакате да започнете да ја продавате вашата пченица и одлучивте да посеете 10.000 хектари пченица. Сега што? Па, пред сè, веројатно никогаш нема ни да ја замислите идејата, бидејќи таа можност би ја филтрирале преку, „Нема шанси да соберам толку пченица со мојот срп!“, начин на размислување.

Овде, гледаме дека дури и законот за владеење сега е ставен во мирување поради законот број два, законот за капацитет. Повторно, законот вели дека кога ќе го достигнете својот капацитет повеќе не можете да растете. Тоа е тоа; не можете повеќе да направите ништо. Кој е одговорот за вашиот ограничен капацитет? Променете ги вашите процеси. Мора да го промените начинот на кој живеете во шаторот, да го промените начинот на кој го живеете секојдневниот живот, за да можете да се справите со тој раст. Во примерот со 10.000 хектари земја, очигледно ќе треба да купите комбајн или два. Згора на тоа, ќе треба да вработите луѓе, да имате оддел за човечки ресурси, здравствено осигурување, оддел за плати, плус повеќе трактори и опрема. Едноставно кажано, вашата сегашна дневна рутина дефинитивно ќе се промени.

Дозволете ми да ви дадам уште еден пример. Да речеме дека поминувате околу четири часа неделно косејќи ја тревата во вашиот двор со рачна косилка. Сакате продажба во вашата компанија да се зголеми и знаете дека ако имате повеќе време можете да внесете повеќе бизнис. Меѓутоа, во моментов едноставно немате време. Кое е решението? Има неколку. Може да купите електрична косилка, или уште подобро, да ангажирате некој друг за да можете вие да го вложите вашето време во заработување пари. Оваа едноставна илустрација се однесува на која било област од вашиот живот. Повторно,

мора да ги промените вашите процеси за да добиете повеќе капацитет.

О, знам дека сите го сакаме зборот промена. Тоа е шега – повеќето луѓе не го сакаат – но ако сакате да ја зголемите вашата територија, морате да го сакате. Има еден збор во пасусот од Исаија 54 што можеби сте го пропуштиле, но тој содржи голема вистина.

Завесите твои на живеалиштето твое **прошири** ги.

Потребен е труд за да се прошират тие зависи од шаторот. Сè што е внатре во шаторот треба да се преуреди, а тоа важи и за животот во шаторот. Ајде да разгледаме еден едноставен пример. Земете нов балон и надувајте го. Обично е прилично тешко да се надува првиот пат. Откако ќе го надувате балонот, испуштете го воздухот од него. Ќе забележите дека балонот не е со иста големина како кога беше нов. Тој е сега многу поголем; и ако треба повторно да го надувате, ќе забележите дека сега е многу полесно да се направи тоа. Што всушност се случи со балонот? Го растегнавте латексот во нова нормала. Балонот сега ќе остане во таа ново растегната состојба. Гледајќи го овој пример низ призмата на законот за капацитет, вие ефективно го зголемивте капацитетот на балонот, но за таа цела вие требаше да го растегнете.

Знаете што? Треба да бидете растегнати за да го проширите вашиот капацитет. На почетокот ќе ви биде тешко, но по некое време тоа ќе ви стане новото нормално. Дозволете ми да ви дадам пример од мојот живот. Како што можеби знаете, јас и Дренда имаме две дневни ТВ емисии. Ниту јас ниту таа можевме да се замислиме да водиме ТВ емисии, и затоа ни беше тешко воопшто да започнеме. Ние немавме искуство со ТВ, не знаевме ништо за ТВ емисии и

**ТРЕБА ДА БИДЕТЕ РАСТЕГНАТИ ЗА ДА ГО ПРОШИРИТЕ ВАШИОТ КАПАЦИТЕТ. НА ПОЧЕТОКОТ ЌЕ ВИ БИДЕ ТЕШКО, НО ПО НЕКОЕ ВРЕМЕ ТОА ЌЕ ВИ СТАНЕ НОВОТО НОРМАЛНО.**

ги немавме потребните стотици илјади долари за да започнеме ТВ.

Но, еден ден, почувствувавме дека Господ ни кажува да почнеме со ТВ програма. Така, започнавме да учиме што сè е потребно за да почнеме; и да бидам искрен, колку повеќе учевме, толку повеќе сфаќавме дека немаме поим. Бог беше верен да ни прати во животот луѓе кои го разбираа светот на ТВ; и со вера, започнавме со нашата ТВ емисија на две локални мрежи во Охајо во 2007 година. Во тоа време, ангажиравме една компанија да доаѓа еднаш месечно и да снима четири или пет емисии, бидејќи ги емитувавме еднаш неделно. Трошоците за емисијата во тоа време беа 9000 долари месечно, што беше голема сума за да ја најдеме. Во текот на следната година, нашата емисија почна да се емитува на повеќе мрежи, а нашата месечна сметка за емитување се искачи на 50.000 долари месечно. Морам да признаам дека во тој период бев многу исцрпен; но повторно Господ беше верен и се проширивме на неколку национални мрежи. Така, да, бев растегнат многу надвор од мојата комфорна зона. Но, почнав да се чувствувам удобно со ТВ продукцијата, а парите доаѓаа за да платиме за нашето неделно емитување. Но, еден ден, сето тоа се смени. За нас тоа беше вообичаен молитвен состанок во среда навечер кој го водеше мојата ќерка Ејми. Одеднаш, таа застана, ме погледна и го рече следново.

*„Жетвата е преголема за тебе. Те растегнувам. Само преку мојот Дух ќе можеш да разбереш што ќе се случи. Дали ќе истапиш и дозволиш да те одведам до она што е тешко и не можеш да го разбереш, до невозможното?“*

Леле, ова не беше моето прво родео. Знаев дека Бог ќе ми даде можност што е поголема од мене, и ме подготвуваше за тоа пред таа можност да дојде. Дали ќе кажам да? Дали бев подготвен да бидам растегнат? Ја знаев болката на истегнување бидејќи веќе бев тестиран од Него многу пати, но исто така ја знаев и наградата за истегнувањето. Така таа ноќ реков: „Да, Господи, што и да е, велам да“.

Околу еден месец по тој молитвен состанок, добивме повик од ТВ мрежата Дејстар (Daystar), каде што веќе имавме неделни ТВ емисии. Дејстар (Daystar) е огромна христијанска ТВ мрежа која се емитува во секоја временска зона во светот и ни понудија дневен временски простор. Знаев дека тие обично немаат слободни термини во текот на денот, а знаев и дека ако ги одбијам, веројатно никогаш нема да имам друга шанса за такво нешто. Но, исто така, знаев дека ако започнеме со дневна ТВ програма ќе биде потребна радикална трансформација во начинот на кој работиме, не само во персоналот и опремата, туку и во финансиите потребни за да се плати за тоа.

Во тоа време, едвај ги покривавме трошоците и продукцијата за неделната програма, и не гледав простор во нашите финансии да почнеме со повеќе емисии. Сè уште користевме компанија која ја снимаше и уредуваше нашата неделна ТВ емисија. Но, тогаш сфатив дека ќе морам да развијам сопствен тим од продуценти и уредници, плус немавме ниту камери и друга опрема што е потребна за да емитуваме емисии секојдневно. Но, имаше една работа во пророштвото таа среда вечер со која со сигурност можам да кажам дека се согласив со Господ. Тој праша дали ќе му дозволам да ме одведе во невозможното. Па, морав да се согласам, тоа ми изгледаше апсолутно невозможно. Да ја скратам приказната, Бог ни даде доволно персонал и финансии за да започнеме, но беше тесно; признавам дека бев растегнат!

Дозволете ми да ви помогнам да разберете што се случи потоа. Прво плаќате сметка за емитување еднаш во неделата. Потоа имате емисија секој ден или пет дена во неделата. Тоа непланирано ги зголемува трошоците за пет пати во споредба со претходната сума за една емисија неделно што и онака одвај ја плаќавме. Меѓутоа, луѓето во Дејстар (Daystar) го знаеја тоа и ни рекоа дека веројатно ќе доцниме со исплатата за емитување, бидејќи ќе биде потребно време за нашата нова публика да биде свесна за нашите дневни емисии и да почне да го поддржува емитувањето. Потпишавме договор да имаме дневна емисија, и точно, не бевме во можност да ја платиме

првата месечна сметка на медиумската компанија која управуваше со нашиот договор со Дејстар (Daystar). Но, сите го очекувавме тоа, така што не беше голема работа.

Но, пет месеци подоцна, сè уште заостанувавме со уплатата за емисиите. Потоа добив е-пошта од компанијата во која се наведува дека имаме 500.000 долари неплатен долг, и нивните адвокати се прашуваат што планираме да правиме во врска со тоа. Дали некогаш сте пукнале балон додека го дувате затоа што сте нанеле премногу притисок во него? Па, се чувствував како да сум пред пукање. Немав поим како ќе го платам тој долг, а најлошиот дел во сето тоа беше што во нашата емисија зборувавме за *надминување на финансиските проблеми.* Многу се борев со тоа. Дури ѝ реков на Дренда дека можеби треба да го намалиме бројот на емисии бидејќи не можеме да продолжиме така. Но, таа само ми рече: „Што вели Бог за тоа?“

Бевме на еден мал молитвен состанок, и без никому да кажеме што се случува, неколку од луѓето таму се чувствуваа водени да се молат за мене. Додека се молеа, наеднаш почувствував како се крева тежината на целата ситуација и знаев дека сè ќе биде во ред. Неколку дена подоцна, сонував сон во кој видов огромен куп чекови. Можев да ги видам износите на некои од чековите и многу од имињата напишани на тие чекови. Се разбудив знаејќи дека Бог ни ги носи парите. Тој викенд, зачудувачки, собравме 500.000 долари повеќе од нормалната сума што ја собираме на неделните служби, што, пак, ни даде средства да ја платиме заостанатата и тековната сметка.

Нашите трошоци за ТВ сега се повеќе од стотици илјади долари месечно, но сепак јас спијам како бебе. Зошто? Затоа што зачекорив во новото нормално, новиот капацитет. Да, промената беше огромен дел од тоа – и понекогаш не беше удобно; можам да го кажам тоа – но наградата вредеше и вреди. Еве го мојот совет.

**Не дозволувајте недостатокот на капацитет да ја диктира вашата визија!**

**Дозволете вашата визија да ги диктира промените што треба да ги направите во вашиот капацитет!**

Еве еден клуч кој ќе ви помогне да го сфатите вашиот следен чекор и кои процеси треба да се променат. Само одговорете на следново прашање.

**Што ве фрустрира во вашиот живот?**

Вашиот одговор ги покажува областите кои не можете да ги одржите или областите кои не се ваша јака сила и затоа е подобро да ги предадете на некој друг.

Да речеме дека поминувате околу три часа неделно косејќи трева. Дали така најдобро го исползувате вашето време? Како што веќе спомнав, можете да ги промените вашите процеси со купување побрза косилка или, уште подобро, да платите некој друг да ја искоси за вас. **Останете во вашата лента.** Останете слободни да сонувате за освојување поголема територија.

Второто прашање кое треба да го одговорите е ова:

**Дали вашиот сегашен процес може да одговори на вашите очекувања?**

На пример, ако поседувам супер голема машина за перење и во неа можам да ја исперам целата моја облека, а сепак мојата облека не е испрана, тогаш имам проблем со управувањето со времето. Ова само по себе е прашање на процес, но малку поразлично и за тоа ќе зборуваме во следното поглавје. Но, ако си ги перам алиштата долу кај потокот на некој камен и сè уште имам купишта валкани алишта дома, тогаш треба да сфатам дека мојот процес нема капацитет да одговори на моето очекување или мојата потреба, и во тој случај морам да купам машина за перење или да најмам некој да ми ја испере облеката.

**РАБОТИМЕ ПРЕМНОГУ НАПОРНО ЗА ДА СЕДНЕМЕ И ДА СОНУВАМЕ И ДА ГИ СПРОВЕДЕМЕ ПРОЦЕСИТЕ ШТО МОМЕНТАЛНО ГИ КОРИСТИМЕ ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ...**

Повеќето од нас, без да го сфатат тоа, живеат со неисполнети цели. Не затоа што не работиме доволно,

туку токму спротивното. Работиме премногу напорно за да седнеме и да сонуваме и да ги спроведеме процесите што моментално ги користиме во секојдневниот живот, внатре во шаторот.

На пример, прочитав една статија во која се вели дека повеќето луѓе губат многу часови на ден гледајќи телевизија, сурфајќи на интернет или зборувајќи на нивните телефони. Сигурен сум дека сте слушнале како некој го кажува овој вообичаен израз на крајот од денот: „Каде летна денот? Како може веќе да е време за спиење?“ Па, тоа е добро прашање на кое треба да одговориме. Во следното поглавје, ќе зборуваме повеќе за тоа бидејќи треба да знаете каде летнал денот. Но, за сега, знајте само дека кога вашиот капацитет е ограничен, тоа не е прашањето кое сакате да го одговорите. Знаете само дека доцните; и наместо да се обидувате да сфатите каде летнало времето, вие се фокусирате на тоа како да трчате побрзо за да го надоместите изгубеното.

Една од наједноставните работи што можете да ги направите за да го зголемите капацитетот е да направите список со задачи. Но, повеќето луѓе кои имаат список со задачи не успеваат да го постигнат она што го навеле во тој список. Зошто? Па, повторно, нивните процеси се несоодветни за справување со задачите. Второ, започнуваат со најлесните задачи и никогаш не стигнуваат до потешките, важни задачи. Затоа, еве го клучот: Погрижете се за најтешките, најнедопадливите, но итни задачи на почетокот на секој ден и ќе се изненадите колку многу можете да завршите и како вината дека сте преоптоварени ве напушта.

Вашите процеси водат до план за завршување; и ако не можете да го завршите вашиот план, тогаш тоа е индикатор дека процесот треба да се промени. Една работа на која треба да ве предупредам е одолговлекувањето. Ниту за миг не толерирајте го ограничениот капацитет. Секогаш размислувајте однапред и барајте помош и насока од Светиот Дух. Вашиот капацитет обично не го достигнува максимумот наеднаш и без предупредување, иако тоа може да се случи, како што беше случај со мене. Обично,

можете да ја видите границата оддалеку. Проблемот е кога не гледаме напред и не гледаме дека доаѓа, а потоа сме изненадени и сè станува итен случај.

Се сеќавам кога нашата црква беше многу мала и во подем. Бев исклучително зафатен градејќи ја црквата и мојот бизнис. Во тоа време, имавме книговодител што во своето слободно време ги средуваше сметките на црквата и можев да видам дека нема да можеме да продолжиме така уште долго. Една ноќ во очај, јас и Дренда се држевме за раце и се молевме Бог да доведе некој што може да ни помогне. Истата вечер кога се молевме, беше околу 22 часот кога заѕвони телефонот до нашиот кревет. Ни се јави сопругата на еден од водачите во црквата. Еве што рече таа. „Се молев и почувствував дека Господ ми вели да ви се јавам и да ве прашам дали ви треба помош околу финансиите. Имам големо искуство во областа на финансиите и би сакала да помогнам“.

Леле, многу ни олесна. Знаевме дека оваа жена е доверлива и многу детална во секојдневниот живот и работа, но не знаевме дека има големо искуство во книговодството. Таа стана наша книговодителка и заврши одлична работа.

За жал, Дренда и јас поминавме непотребни недели во грижи и стрес обидувајќи се сами да разбереме како да се справиме со проблемот со книговодството наместо проактивно да бараме помош од Бог. Се сеќавам кога таа жена се јави, ни кажа дека знае дека е доцна, но почувствувала дека Господ ѝ вели да се јави во тој момент. Бог знае сè за задачите што ги испланирал за вас, и Тој ќе ви помогне да го развиете вашиот капацитет за тие задачи уште пред тие да излезат на површина.

Исто така, сакам за кратко да зборувам за градење на соодветно држење на капацитетот. Знам дека тоа е чудна фраза, држење на капацитетот. Но, јас верувам дека ова е од витално значење и е во склад со зборот во Исаија кога Бог им вели на луѓето да направат простор и да не се ограничуваат. Мислам дека повеќето луѓе поставуваат многу ниски цели кога тргнуваат во нов потфат или задача.

# ЗАКОНОТ НА КАПАЦИТЕТ

Се сеќавам еднаш седев до еден дечко во авион и започнавме разговор. Го прашав што прави, а тој ми рече дека има пекарница. Мислејќи дека тој веројатно поседува мала пекарница како оние во мојот град што прават торти за свадби и продаваат колачиња, го прашав да ми каже повеќе за неговата пекарница. Ми кажа дека тоа е само една локална пекарница во Бостон отворена пред две години. Го прашав како оди, а неговиот одговор ме шокираше. Тој ми кажа дека заработиле, мислам, над 20 милиони минатата година. „Чекај", реков, „Мислев рече дека ја отворивте таа пекарница пред две години". Тој рече дека тоа е точно. Потоа го прашав како заработиле преку 20 милиони во втората година од бизнисот. Ми кажа дека нивната цел не била да продаваат роденденски торти и колачиња како примарна работа. Наместо тоа, тие биле насочени кон големите корпорации уште од првиот ден. Сфатив дека овој човек не отворил пекарница за да си ги плаќа сметките; ја отворил за да се збогати! Неговиот начин на размислување ми го привлече вниманието бидејќи многу се разликуваше од размислувањето на повеќето луѓе.

Неговата приказна е совршен пример за првиот закон, законот за владеење и вториот закон, законот за капацитет како работат заедно. Кога се подготвувал да го започне својот бизнис, го поставил својот капацитет да има поголем потенцијал. Тој започнал предвидувајќи и очекувајќи голем успех и затоа ги поставил нештата на тој начин. Повеќето луѓе се борат со тие застарени процеси и едноставно стануваат преоптоварени и поразени од конкуренцијата. Затоа, секогаш поставете го вашиот капацитет понапред од местото каде што мислите дека ќе бидете.

Процесите мора секогаш да бидат применливи. Моментално имаме над 100 вработени во службата, вклучувајќи ја и нашата финансиска компанија. На почетокот, честопати ги губевме сите процеси кога некој од вработените ќе заминеше од нашата служба или компанија, бидејќи никој друг не знаеше како да го прави нивниот дел. Тоа беше доста непријатно искуство. Никој

од нас не се досетил да ги запише и стандардизира тие процеси така што без разлика кој и да работи процесите ќе течат нормално. Знам, глупа грешка, но толку многу мали компании и организации грешат токму во таа работа.

Кога нема јасни линии на комуникација меѓу тимовите може да пропаднат многу важни проекти, а така мнозина не напредуваат и остануваат во некој статус кво, или уште полошо, назадуваат во животот. Да го повториме тоа уште еднаш:

**Процесите мора секогаш да бидат применливи!**

Сабвеј (Subway) сигурно прават добри сендвичи, но тоа е само сендвич - а мислам дека сите ние ќе кажеме дека можеме да направиме сендвичи според нивниот модел само ако имаме пекара каде што ќе ги печеме лебовите. Сепак, тие имаат околу 42.000 локации низ целиот свет, според statista.com. Мекдоналдс на пример има 39.000 продавници ширум светот, според истиот извор. Или што е со Убер (Uber), кој се прошири во над 10.000 градови низ целиот свет за само 12 години постоење, според mappr.com? Дали овие работи се случиле сами по себе? Не, секој може да направи хамбургер. Двајцата кои го основале Убер не барале само подобар начин да стигнат до работа. Не, кога тие започнувале сигурно го имале на ум освојувањето на светскиот пазар. Но, за овие компании да дојдат на тоа ниво каде што се денес, морале да имаат одлични и добро дефинирани процеси. И сигурен сум дека ги менувале низ годините.

Цел живот работам како референт за продажба. И покрај тоа што сум пастор на голема црква и имам дневна телевизиска програма, не се откажав од мојата компанија за финансиски услуги. Кога го започнав тој бизнис, целиот приход доаѓаше од мојата лична продажба со клиентите. Знаев дека ако не ја организирам следната седмица до сабота, ќе изгубам половина од продуктивноста од таа седмица. Значи, можете да претпоставите, поголемиот дел од секоја сабота го поминував на телефон во договарање на тие состаноци.

Во мојата компанија имам обучено стотици

референти за продажба. Повеќето од нив во надеж очекуваа одлична недела во продажба, но малкумина го постигнуваа тоа. Зошто? Тие имаа надеж место план. Повеќето не сакаа телефонски повици, па не ја завршуваа подготовката на време и на тој начин не можеа да ги максимираат своите работни седмици. Тие немаа добро разработен план за тоа на кого ќе се јават во понеделник наутро. Едноставно, се надеваа дека ќе имаат успех јавувајќи им се на клиентите. Тие, исто така не ги земаа сериозно соодносите во бизнисот односно колку повици треба да се направат за да се добие еден клиент. Така, кога два пати по ред ќе добиеја негативен одговор тие се обесхрабруваа и ми велеа дека таа работа сепак не е за нив и даваа отказ. Но, да беа свесни дека, во просек, на десет направени повици ќе заработат помеѓу 3000 и 5000 долари, тие немаше да се откажуваат знаејќи дека позитивниот одговор е веднаш зад аголот.

Дренда и јас се запознавме на факултет во Оклахома и таму го започнавме нашиот бизнис за финансиски услуги. Ми беше тешка сферата на продажба бидејќи не бев многу комуникативна личност и затоа морав да се присилувам да ја завршам работата. Но, по некое време се навикнав да комуницирам со луѓето по телефон, многу повеќе знаев што продавам и затоа ми беше полесно да работам со клиентите. Но, еден ден додека бев на џогирање, Господ ми рече дека треба да се вратам во Охајо. Така Дренда и јас се вративме во Охајо, но повторно беше тешко.

Морав да го градам мојот бизнис од почеток и користејќи телефонски именик почнав да се јавувам на луѓе за да дојдам до нови клиенти. Сфатив дека треба да направам 90 телефонски повици дневно за да разговарам со околу 25 луѓе. Другите не беа дома бидејќи веројатно беа на работа, но јас оставав порака, на која некои одговараа. Од 25 луѓе со кои всушност разговарав, само околу 6 до 7 беа заинтересирани да имаме состанок. Од тие 7 состаноци, јас во просек правев по 3 продажби; и од тие 3 продажби обично заработував околу 2000 до 5000 долари неделно. Откако почнав да се јавувам по препораки го исфрлив телефонскиот именик и работев само со

препораки. Потоа почнав да вработувам соработници сè додека не стигнавме до бројката од 300 референти за продажба, и нашата компанија стана најдобра од 5000 други компании на национално ниво.

Причината зошто ви ја кажав оваа приказна е да нагласам дека мора да имате процес за управување со вашиот ден. Времето е вредно! Денес, повеќе од 30 години подоцна, мојата компанија сè уште работи, иако денес нештата се многу променети. Нашите процеси се променети. Денес, имаме софтвер кој води евиденција за сè. Може да се јави некој клиент во нашата канцеларија, а јас на компјутер можам веднаш да видам запис од секој наш телефонски разговор, заедно со темата на тој разговор. Ние водиме детална евиденција за секој клиент и за секој договор што е потпишан, какви услуги користат кај нас, и каков е перформансот на тие услуги, како функционирале со текот на времето, што сме промениле и уште многу други ставки кои ни помагаат во евалуација на нашиот бизнис. Денеска моите соработници можат да работат од дома и да имаат пристап до сè. Нашите клиенти можат да одат на интернет и да ги ажурираат своите планови, да ни испратат порака или рачно да направат промени во нивните податоци. Светот се менува, а мора да се менуваме и ние.

Денес јас не се јавувам на клиенти. Премногу сум зафатен за тоа. Тој дел го предадов на одличните колеги кои го водат бизнисот место мене. Зошто? Затоа што имам многу други обврски. Освен годишниот состанок на одборот, во канцеларија одам само еднаш на секои три месеци; и освен што ги проверувам месечните извештаи, имам пристап до сè што ми е потребно за сè да функционира како што треба. Знаете, морав да продолжам да ги менувам моите процеси за да можам да освојувам повеќе територија. И покрај тоа што јас лично не се среќавам со клиенти денес, мојата компанија сè уште има нето добивка од стотици илјади годишно. Дали сè уште сакам да работам со клиенти? Да! Дали сè уште ја сакам визијата на мојата компанија? Да! Но, ако сакам да ги постигнам своите цели, јас не можам да правам сè.

Морам да останам фокусиран.

Запомнете, законот за капацитет или ќе го разгори вашиот оган или ќе направи вашиот оган да тлее. Ако сте фрустрирани или преоптоварени, веќе сте чекале премногу долго за да ги промените вашите процеси.

**ЗАКОНОТ ЗА КАПАЦИТЕТ ИЛИ ЌЕ ГО РАЗГОРИ ВАШИОТ ОГАН ИЛИ ЌЕ НАПРАВИ ВАШИОТ ОГАН ДА ТЛЕЕ.**

Кога вашиот капацитет е максимално искористен, готови сте.

Затоа не дозволувајте тоа да се случи. Може да прашате: „Како да знам дали моите тековни процеси се добри или не?“ Па, ако максимално ги користите вашите капацитети, тогаш можеби тоа се одлични процеси, но сте ги надминале. За да не дојдете до максимирање на вашиот капацитет треба постојано да ја евалуирате вашата продуктивност, а тоа нè води до третиот закон за забрзување.

## ПОГЛАВЈЕ 7

# ЗАКОНОТ ЗА ОСВОЈУВАЊЕ

*„Рашири го местото на шаторот свој (Законот за владеење); завесите твои на живеалиштето твое прошири ги (Законот за капацитет); продолжи ги јажињата свои и зацврсти ги колците свои.“*

—Исаија 54:2

Да се вратиме на нашиот главен стих за првите четири закони за забрзување. Третиот закон се заснова на фразата, „Продолжи ги јажињата“. Ако правите поголем шатор, поголемата површина на платното ќе му даде на ветрот поголема моќ да го турне шаторот. Јажињата и колците, кои го држат шаторот на земја, мора да се издолжат за да добијат поголема цврстина за да го издржат влечењето на платното бидејќи притисокот е поголем поради поголемата површина на платното. Но, да ги погледнеме јажињата. Тие се прикачени за шаторот, за што рековме дека го претставува секојдневниот живот, и колците, кои се набиваат во земја. Почвата во која се набиваат колците е основата, местото на вашиот шатор, вашата визија и власт. Колците се набиваат во

земјата за да ги задржат јажињата што го држат вашиот шатор, а тоа се вашите секојдневни процеси, отчетност за вашата визија, земјата. Како го прават тоа? Преку спроведување! Овој трет закон можев да го наречам закон за спроведување или управување. Но, избрав да го наречам закон за освојување затоа што никогаш нема да го освоите она со што не управувате.

**Никогаш нема да го освоите она со што не управувате!** Јажињата се фактите, рентабилноста, и деталите што ви се потребни за да носите добри одлуки. Управувањето ги става фактите на маса видливи за сите. Бидејќи јажињата се прицврстени за вашата визија, тие ги држат вашите процеси во шаторот, како живеете, одговорни пред вашата визија. Ова е начинот на кој можете да процените дали вашите процеси можат да ве одведат до вашата дестинација.

Ако патувате со британско метро, ќе видите знаци на кои пишува, „Внимавајте на меѓупросторот“ на влезот од секој вагон од возот. Ако не сте свесни за празниот простор, може да се повредите или да се случи нешто уште полошо ако паднете во меѓупросторот помеѓу вагоните и платформата. Истата опасност постои и овде. Целиот ваш деловен или домашен живот може да се распадне во голем хаос ако не сте свесни за деталите.

Ако не ви пречи меѓупросторот, ќе бидете далеку од патот истовремено мислејќи дека работите се во ред.

Јас сум пилот и многу брзо научив дека не е добро да се оддалечам од трасата што ја следам. Кога сум многу близу до некој аеродром што добро го знам не треба да го гледам компасот. Теренот под мене ми е познат. Но, кога одам на некое долго патување, немам референтна точка за да знам дали се движам по вистинската траса без компас. Многумина се надеваат дека одат по правиот пат, но всушност се движат по погрешен пат.

Во мојот финансиски бизнис, секогаш бараме од клиентот да направи буџет кога првпат бара услуги од нас. Очигледно, ако сакаме да му помогнеме на клиентот да се ослободи од своите долгови или ако од нас се бара да ги заштитиме неговите инвестиции, треба да видиме

како стои финансиски. Едно прашање што го поставуваме во тој првичен прашалник е колку пари од нивниот буџет им се непланирани. Со други зборови, бараме пари со кои ќе можеме да работиме за да им помогнеме да ги постигнат своите цели и да се ослободат од долговите. Веќе знам пред да прашам дека обично немаат поим. Масовната употреба на кредитните картички направи повеќето луѓе да немаат никаков буџет. Сè додека имаат отворена сметка на нивната картичка, тие продолжуваат да трошат. Но, се разбира, ова е дел од проблемот што се обидувам да им го посочам на моите клиенти, што тие не го знаат, а треба да го знаат.

Секогаш се чудам кога луѓето ми кажуваат дека имаат дополнителни 500 долари месечно, но кога го прават буџетот, откриваат дека секој месец се во минус 700 долари. Имав еден клиент кој ми кажа дека им остануваат 1000 долари на крајот од секој месец, но беше шокиран кога дозна дека тие всушност се во минус 1700 долари секој месец, поради што нивните кредитни картички беа блокирани. Хм, се прашувам како стигнале до таму. Без детали нема друг начин да знаете дали ќе можете да го постигнете она што треба да го постигнете.

Потребна е посериозно управување за да се справите со сите детали од процесите на вашето зголемено семејство. Како што кажав претходно, ако се обидувате да соберете 10.000 хектари жито со срп, луѓето ќе се смеат на вашето незнаење. Потребни се многу комбајни за да соберете толку многу жито. Се разбира, како што реков, како што се зголемува вашето управување, потребата вашите процеси да се менуваат станува се поочигледна. Ако некој сака да премине од обработување на мала нивичка со жито на масовна обработка на жито ќе треба да спроведе огромни промени. Потребен е оддел за финансии, оддел за човечки ресурси што ќе се справува со правните аспекти, здравственото и пензиското осигурување, распоредот за одржување на сите машини што ќе ви требаат и многу повеќе.

Значи, повторно, никогаш нема да можете да го освоите она со што не можете да управувате.

Токму тоа Бог сакаше да ми го каже во Евреите 11:33-34, пасус што го споменавме на почетокот од книгата. Луѓето веруваат дека Бог ќе им даде големи бизниси и приходи, но тие немаат капацитет да се справат со она што велат дека го сакаат.

Знам за еден пастор кој многу добро го разбира ова. Кога има интервју за некоја работна позиција во неговата црква, на крајот од интервјуто тој бара од кандидатите да го одведат до нивниот автомобил. Тој знае дека ако нивниот автомобил е многу нечист, тогаш и неговата црква за кратко време ќе изгледа неуредно како тој автомобил. Тој знае дека ако не можат да го одржуваат она што веќе го имаат, нема шанси да можат да се справат со повеќе. Сега, да претпоставиме дека заедно со засрамениот сопственик тој стои веднаш до нечистиот автомобил во кој има помфрит и расфрлано ѓубре по целиот под. Што мислите, што ќе каже кандидатот за работното место? „Извинете, немав време да го исчистам мојот автомобил." Но, дали тоа навистина е изговор? Не, извинете, тоа не е изговор. Има перални за автомобили, а има и бизниси кои доаѓаат кај вас дома и ви го перат и чистат автомобилот.

Таквите луѓе немаат визија за животот, очигледно. Но, ќе се обложам дека кога автомобилот бил нов, уживале во тоа колку е уреден и чист и сигурно биле одлучни тоа да остане така. Но, животот е полн со активности. Секојдневни процеси не можеле да останат во чекор со нивната визија. Што се случило? Тие ја компромитирале својата визија и едноставно прифатиле да возат валкан автомобил. Во таков случај, откако ќе се забележи проблемот, треба да се воведе нов процес и да се спроведе со цел тој проблем повеќе да не се повтори. На пример, еден список со задачи и потсетник да се однесе автомобилот на перење секоја среда после работа. Или да се организира некој друг да ја исчисти колата. Заклучокот е дека таквите личности ја прилагодиле својата визија да се вклопи во рамките на нивниот моментален капацитет.

Управувањето има многу важна улога. Така знаеме кои процеси треба да се променат, како што реков, но

исто така ќе ви посочи и каде вие лично можеби треба да излезете од процесот. Што сакам да кажам со тоа? Кога работите стануваат покомплицирани ќе треба да ангажирате стручна помош. Знам како размислуваат луѓето како човекот со валканиот автомобил. Тие мислат, *Еден ден ќе го направам тоа.*

Но, имам забележано дека луѓето кои не оставаат ништо на случајот секогаш прашуваат: „Кому можам да му ја предадам оваа задача?“ Мислам дека сите се справуваме со менталитетот, „Јас треба да го завршам ова“. Тоа е така затоа што секогаш прво гледаме како да преживееме. Еве ќе го кажам ова директно: не можете да си дозволите да ги решавате сите мали задачи. Вашето време вреди многу повеќе.

Да, своевремено јас сам ги правев завршните сметки и финансискиот извештај. Тоа воопшто не беше една од моите силни страни и затоа секогаш мразев да го правам тоа. Подоцна бев премногу зафатен да го правам тоа, и како што тие извештаи стануваа покомплицирани, јас немав доволно познавање да продолжам сам да ги правам завршните сметки. Сфатив дека одамна требаше да ангажирам професионалец за таа работа, а моето одолговлекување повеќе ми наштетуваше отколку што ми помагаше. Истото беше и со пресметувањето на придонесите и даноците за плати на вработените; беше многу хаотично кога сам го правев тоа. Мислев дека штедам пари, но долгорочно, откако добив неколку казни, воопшто не штедев пари. Сега, за само сто долари месечно, една компанија го прави тоа за мене. Ниту секунда не размислував за таа одлука!

Раководењето со моето време е огромен дел од мојот живот. Бидејќи имам толку многу обврски, нема шанси сам да се справам со сè. Моментално имам двајца лични асистенти кои го водат мојот календар и вршат разни работи за мене. Кога некој ќе ме праша дали можам да се сретнам со нив, им велам да разговараат со моите помошници. Јас не можам да одговорам на тоа прашање; тие го водат мојот календар. Управувањето или спроведувањето ми покажува каде и кога треба да

најдам некој друг да го прави тоа што го правам јас со цел да можам да се фокусирам на големата слика, на визијата. Значи, дозволете ми да кажам нешто што треба да го запомните.

**Капацитетот секогаш е заложник на недостатокот на делегирање и спроведување.**

Оваа изјава е толку важна што треба да застанете и да ја прочитате повторно. Уште подобро, запишете ја некаде каде што можете често да ја гледате. Значи, еве го прашањето: Што можете да делегирате? Вие сте тенкиот врат на инката, затоа тргнете се од патот и престанете да се обидувате сами да постигнете сè.

**ВИЕ СТЕ ТЕНКИОТ ВРАТ НА ИНКАТА, ЗАТОА ТРГНЕТЕ СЕ ОД ПАТОТ И ПРЕСТАНЕТЕ ДА СЕ ОБИДУВАТЕ САМИ ДА ПОСТИГНЕТЕ СÈ.**

Како водачи, било да е тоа на некоја голема компанија или на самиот ваш живот, вие мора да ја водите промената во вашите процеси со цел да бидете сигурни дека максимално го користите капацитетот што треба да ве доведе до вашите цели. Управувањето ги обезбедува фактите кои ја поттикнуваат таа промена. Управувањето ги обезбедува сите детали кои се од непроценлива вредност за вас, водачот – како што се вашата рентабилност на тековните процеси, вработените, маркетингот и многу други области од вашиот живот. Овие нешта ви покажуваат што треба да се промени. Вагата во вашата бања е уред кој ги става фактите на маса (без игра на зборови) и ви помага да се движите кон промените во вашата исхрана и навиките за вежбање. Што треба да купите? Што треба да продадете? Спроведувањето ги дава сите одговори.

Пред неколку години, имавме огромна ледена бура во Охајо што нѐ остави без струја повеќе од една недела. Немаше отворени бензински пумпи, мрежата за мобилни телефони не функционираше; и во тоа време немав исечено дрва за каминот. Имавме една соба во која имаше камин на пропан и таму ги поминавме тие денови.

## ЗАКОНОТ ЗА ОСВОЈУВАЊЕ

За моите деца  тоа беше еден од најубавите периоди во нивните животи бидејќи игравме игри во таа соба во текот на целата недела. Но, за мене тоа беше катастрофа што можеше да се избегне. Имам неколку хектари шума полни со паднати дрвја кои требаше да се исечат пред зимата.

После тој настан, направив неколку работи. Прво, инсталирав самостоен резервоар за бензин од 1000 литри на мојот имот што постојано го одржувам полн. Од тој резервоар користам гориво за косење трева во лето, но истиот ми служи и како резервна опција за вонредни состојби. Исто така инсталирав и генератор за струја што работи на пропан, кој е доволно моќен да произведува електрична енергија за целата куќа. И, се разбира, и тој резервоар за пропан ми е постојано полн. Исто така, чувам добра залиха на исечено огревно дрво во мојата штала и секогаш поседувам барем едно возило со погон на сите тркала за да можам да се движам во зима. Имаме и залихи на намирници за еден месец складирани во нашиот подрум и секогаш чуваме и пари при рака. Сите овие работи ми беа достапни пред таа долга недела кога бевме затворени поради временските услови, но тогаш ги немав решено тие прашања. Ова е причината зошто планот за управување ќе ви помогне да бидете подготвени на време. Ќе ви ги покаже слабите области кои може негативно да влијаат врз вашите планови и да ги саботираат вашите цели.

Значи, да се вратиме на списокот со задачи што го споменав претходно. Драго ми е што веќе завршивте неколку работи од тој список, но поставете си го ова супер важно прашање: „Зошто не ги завршив сите работи од списокот?“ Ако сте како мене, има работи кои остануваат на вашиот список со месеци. Тоа е целосно неприфатливо. Што ми говореше тоа? Ми говореше дека капацитетот ми е ограничен, па дури и да ги имав најголемите идеи во светот сето тоа би било залудно. Зашто, колку и да се трудев да ги ставам тие идеи на мојот список со задачи, тие немаше да бидат реализирани. Списокот едноставно постојано ќе се зголемуваше. Морав да ги сменам моите

процеси! Знаете дека го имате или сте го имале истиот проблем. Управувањето, списокот, ми покажа дека се залажувам, и доколку бев сериозен за мојата визија морав да променам нешто.

Сега, гледајќи го вашиот список, дали можевте да делегирате некои од тие задачи? Дали постои начин да ги промените вашите процеси за да не мора повторно да се занимавате со истото прашање? Зарем не би било прекрасно да ја напуштите канцеларијата на крајот од денот знаејќи дека сте ги завршиле сите задачи од списокот? Тоа може да се направи. Размислете само како тоа би влијаело на вашиот успех ако вашите мисли се сменат од Морам да запомнам да го направам тоа во Што е следно? Тоа би донело ОГРОМНА разлика!

Не заборавајте, колку е поголема визијата толку поголема промена треба да се случи во вашите процеси и толку поголема е потребата за добро управување. Колку е важен овој закон за освојување?

> *„Кои преку вера победија царства, **вршеа** правда, добија ветувања.“*
>
> —Евреите 11:33

Тоа може да биде разликата помеѓу да се сака и да се реализира. Еве еден факт што знам дека ќе помогне некому, а можеби и вам. **Некои луѓе сакаат да управуваат!**

Знам дека кога зборувам за администрација, мозокот на многу луѓе се исклучува - не на сите, се разбира, но на мнозинството. Знам затоа што таа област не ми паѓа многу природно; ме исцрпува. Но, верувале или не, некои луѓе сакаат администрирање и управување, мислам навистина го сакаат тоа! Создадени се да го сакаат!

> *„И некои од вас Бог постави во Црквата: прво за апостоли, второ за пророци, трето за учители; потоа даде дарби за чудеса и исцелување; па за*

> *помагање, за **управување** и за зборување на разни јазици.“*
>
> —1 Коринтјаните 12:28

Знаете што? Бог создал некои луѓе кои се посебно добри со детали. Јас не сум еден од нив, како што кажав. Уживам во одредена доза на управување, но деталите не ми се јака страна.

Мојата ќерка е сопственик на маркетинг компанија, и нејзиното време е целосно исполнето. Таа рече дека не може да има повеќе клиенти сè додека не ангажира дополнителна помош. Таа ми кажа дека сите 20 вработени во нејзината компанија директно одговараат пред неа. Таа знае дека тоа не е добро и дека мора да ја промени структурата и нејзините процеси. Зошто? Па, покрај фактот што максимално е ангажирана, таа мора да микроменаџира со секој оддел, а тоа ја убива нејзината креативна страна. Таа рече дека креативноста ѝ е јака страна и дека нејзиниот талент прави компанијата да напредува. Таа се соочува со емоционална слабост и преоптоварување. Таа вели дека си оди дома емотивно истрошена, а нејзината ревност опаѓа. Да, ѝ реков дека тоа ми звучи како законот за капацитет да го достигнал својот максимум, а еден од симптомите е токму тоа, емоционална исцрпеност.

Откако истражи неколку поголеми маркетинг компании, таа реши да се јави на една компанија само за да им постави неколку прашања за тоа како тие функционираат. Не беше сигурна дали ќе ѝ дадат некаков совет бидејќи би можеле да ја гледаат како можна конкуренција. *Нема што да изгубам*, рече таа, но беше очајна. Ми кажа дека се јавила и, на нејзино изненадување, жената со која разговарала со радост одговорила на нејзините прашања. Ќерка ми дознала дека жената со која разговарала лично ја создала целата структура на работните места во нејзината компанија заедно со описот за секое работно место.

Ќерка ми беше многу среќна за разговорот со жената. По некое време таа помислила: *Дали оваа жена ќе сака да*

*ми помогне да создадеме структура за мојот персонал и соодветна административна структура ако ѝ платам?* Повторно, таа немаше што да изгуби, па прашала. И неверојатно, жената одговорила: „Ќе ми биде мило; едноставно уживам во администрација". Згора на тоа, таа рекла дека ќе го направи тоа бесплатно. Таа рекла дека размислувала да најде клиенти надвор од своето работно време, правејќи го токму она што го побарала ќерка ми, и сметала дека ова ќе биде добар тест за нејзината идеја. Ќерка ми беше многу возбудена. Затоа бидете охрабрени; секогаш има некој што може да ви помогне.

**Некои луѓе го сакаат она што вие го мразите!**

Не губете време правејќи го она што го мразите. Ангажирајте или доведете некој што има способност и сака да го прави тоа. Колку подолго го правите она што го мразите, толку повеќе тоа ќе ви ја краде радоста и возбудата и можеби ќе ве намами да се откажете.

**ЗАПОМНЕТЕ, НИКОГАШ НЕМА ДА ГО ОСВОИТЕ ОНА СО ШТО НЕ УПРАВУВАТЕ.**

Како заклучок во врска со овој исклучително важен закон за забрзување, запомнете, никогаш нема да го освоите она со што не управувате. Законот за освојување ги обезбедува податоците и деталите потребни за да се проценат вашите процеси во однос на постигнувањето на вашите цели.

**Запомнете да внимавате на меѓупросторот!**

ПОГЛАВЈЕ 8

# ЗАКОНОТ ЗА ПРИТИСОК

*„Рашири го местото на шаторот свој (Законот за владеење); завесите твои на живеалиштето твое прошири ги (Законот за капацитет); продолжи ги јажињата свои и зацврсти ги колците свои.“*

—Исаија 54:2

Навистина не е тешко да се разбере законот за притисок кога разбирате зошто служат колците од шаторот. Колците го стабилизираат целиот шатор. Едноставно е. Во овој случај, Бог ни кажува да ги зацврстиме нашите колци во визијата, местото на нашиот шатор, за да не бидат лесно извлечени од зголемениот притисок што го носи држењето на поголем шатор. Запомнете, во шаторот се одвиваат процесите на секојдневниот живот. Нашата поголема визија сега бара промена во начинот на кој живееме, со нови и посложени процеси. Сè додека колците се зацврстени, шаторот ќе остане дигнат и процесите во шаторот ќе продолжат да се оформуваат како што е потребно за да се реализира визијата, претставена од

основата во која се набиени колците, законот за владеење.

Дозволете ми да го парафразирам значењето на примената на овој закон. Веќе утврдивме дека јажињата го претставуваат управувањето или спроведувањето што ги држи нашите секојдневни процеси одговорни пред нашата визија, теренот. Зошто тогаш Бог вели да ги зајакнеме нашите колци? Бидејќи како што го зголемуваме нашиот шатор (промената или новите процеси што ги бара нашата поголема визија) ќе се соочиме со поголема тежина или притисок или да се откажеме од нашата визија или да ја компромитираме нашата визија поради хаосот што го носи промената. Промената носи предизвик, ги ремети нештата. Треба да се држиме цврсто кога бродот се лула напред-назад. Ако се држиме без да се пуштиме, бродот ќе нè доведе до пристаништето што сме го поставиле како цел. Понекогаш промената создава турбулентно патување, но промената вреди. Просто кажано, зајакнувањето на вашите колци едноставно значи ова.

**Не дозволувајте притисокот да направи да ја компромитирате вашата визија. Не ја пуштајте визијата!**

Ги имате Божјите ветувања и Неговото Слово нема да пропадне. Значи, држете се за таа визија. Напредокот доаѓа. Сум разговарал со многу луѓе кои се каат. Ми кажуваат дека требало да истапат кога биле помлади, или дека требало да започнат со некој бизнис, да појдат на некое патување или да ја изградат куќа што сакале да ја градат. Списокот е многу поголем. Се разбира, наназад гледаме секогаш со нормална визија, но гледањето напред на ветувањата од Бог е подобро отколку гледањето наназад со чиста визија.

**МОРА ДА ЗАПОМНИТЕ ДЕКА ВЕТУВАЊЕТО СЕКОГАШ ЗБОРУВА ЗА КРАЈОТ, А НЕ ЗА ПОЧЕТОКОТ.**

Кога го кажувате тоа, мора да запомните дека ветувањето секогаш зборува за крајот, а не за почетокот. Бог секогаш зборува во завршено време, што значи дека Тој секогаш

зборува за заклучокот или победата во насоката или задачата. Кога Бог му рекол на Авраам дека од него ќе направи голем народ, во тоа време, Авраам немал ни дете. Но, Бог зборувал за крајот, а не за сегашноста.

Се сеќавам еднаш во сон Бог ми покажа дека мојот бизнис ќе заработувам многу пари. Мислам, повеќе пари отколку што во тоа време мислев дека ќе можам да заработувам, а тоа беше пред многу години. Кога Го прашав Господа како тоа ќе се случи, Тој ми рече: „Ќе мора двапати да ја ребрендираш твојата компанија за да го достигнеш тоа ниво“. Бев збунет. Реков: „Не разбирам. Зошто мора два пати да го ребрендирам бизнисот, а не само еднаш?“ Тој ми одговори и ми рече: „Бидејќи нема да можеш да ги видиш промените што треба да се случат пред првото ребрендирање“. Бог сакаше да ми каже дека од позицијата од која бев не можев да гледам подалеку. И Тој беше во право. Ја ребрендирав компанијата, дури и го сменив името за време на првото големо ребрендирање, и бизнисот навистина напредуваше; но сè уште имаше многу прашања и процеси што не беа јасни по првото ребрендирање и реструктуирање.

Не ме сфаќајте погрешно. Се справивме со многу дисфункции при првото ребрендирање, но како што продолживме да растеме, се појавија повеќе проблеми. Нашите процеси заостануваа. Така, направивме список на сите слаби области што ги забележавме додека растевме и почнавме да го планираме нашето второ ребрендирање и реструктуирање. Една од областите што требаше да ја подобриме беше нашите компјутерски системи. Во тоа време, секој соработник работеше од свој лаптоп, а потоа на крајот од секој месец требаше да ги прикачи датотеките кај нас за да бидат регистрирани и синхронизирани на главниот компјутерски систем во канцеларијата. Знаевме дека ако сакаме да станеме силна компанија на национално ниво, мора да инсталираме мрежна програма до која ќе може да се пристапува од секаде и која ќе ги чува сите наши потребни датотеки автоматски, земајќи ја таа важна улога од рацете на нашите соработници.

Исто така, требаше да го подобриме начинот на кој комуницираме со нашите клиенти и да обезбедиме подобро онлајн искуство и пристап до нивните сметки. Сфативме дека деновите на хартиените билтени се завршени; и бидејќи даночните закони и упатства постојано се менуваа ни требаше поедноставен начин да ги информираме за тоа нашите клиенти. Знаевме, исто така, дека деновите на хартиени архиви се завршени и дека навлегувавме во доба на дигитализација. Ни требаше подобар начин безбедно да ги архивираме формуларите со лични податоци на нашите клиенти и потпишаните договори, како и евидентирање и опис на природата на секој телефонски повик на клиентите и сите промени што требаше да се случат по повикот. Дотогаш сето тоа го правевме на хартија, но знаевме дека нема да бидеме компанијата што сакаме да бидеме без да го промениме тоа.

Така, по втор пат ја ребрендиравме целата компанија. Тоа се случи околу седум години по првото ребрендирање. Запомнете, нашата компанија постои 35 години и во тој период многу нешта се променија. Почнавме да користиме софтверска платформа наречена Salesforce, која ни даде можност да ги правиме сите овие работи автоматски. Резултатот од тоа второ ребрендирање го ослободи нашиот затнат капацитет и ни овозможи да се движиме напред и да ја освоиме територијата што ја бараше нашата визија. Почнавме да гледаме повеќе успех отколку што се надевавме кога Бог првпат ми го кажа тој збор. Но, морав да го поминам тој процес.

Ветувањето секогаш зборува за крајот. Ако не го разбирате крајот, ветувањето и визијата, може да се обесхрабрите и да се откажете. Но, сѐ додека ги држите тие колци набиени во земја, неподлегнувајќи на притисокот да ја компромитирате визијата, ќе го пронајдете својот пат. Господ ќе ви го покаже.

Кога Бог ме повика да проповедам, имав 19 години. Ми беше роденден и еден пријател ме покани на стек кај нив дома. Тој ми беше единствениот пријател. Седејќи околу трпезата, тие ме замолија да се молам за храната, знаејќи

дека сум христијанин. Кога почнав да се молам, наеднаш ме обзеде силно Божјото помазание. Бев шокиран и изненаден од тоа. Додека седев таму, помазанието стануваше сè посилно, така што морав за кратко да ја напуштам просторијата. Излегов од задната врата во дворот, и присуството на Бог стана уште посилно. Одеднаш видов слика од мене како стојам со Библија во рака и им проповедам на група луѓе. Ја видов просторијата каде што проповедам и низ прозорецот забележав дека надвор е темно. Видов дека сите луѓе седат на преклопни столчиња и го видов бројот на луѓе кои беа таму, околу 20 до 30. Тогаш ги слушнав, не звучно, туку во мојот дух, овие зборови: „Те повикувам да го проповедаш Моето Слово". Таа изјава ја слушнав три пати, а потоа помазанието го снема. Кога се вратив во куќата и седнав, сите очи беа вперени во мене. Тие прашаа што се случи, а јас реков: „Мислам дека Господ штотуку ме повика да го проповедам Неговото Слово ". Тоа беше многу јасна слика и искуство во врска со мојата иднина.

Некои ќе речат: „Па, дали после тоа почна да проповедаш?" Не, не почнав веднаш. Бог потоа ме водеше да одам на факултет. Знаете, јас во основа едвај завршив средно училиште. Само едно друго момче беше со послаби оцени од мене. Господ знаеше дека, иако сум повикан, сè уште не бев подготвен. Да бидеме искрени. Ако не можете да пишувате и ако не можете да комуницирате, не сте подготвени. Така, се запишав на факултет и со многу напорна работа, завршив со просек од 2,9. За мене, тоа беше одлично. Во тоа време, факултетот беше најтешката работа што сум ја направил во животот и ми беше драго што завршив.

По факултетот, на мое чудење, почувствував дека Бог ме повикува да работам во сферата на финансиите, конкретно да продавам животно осигурување и хартии од вредност. Зошто Бог би го направил тоа? Бев срамежлив, крајно срамежлив. Бев толку срамежлив кога бев мал што секогаш кога можев ги избегнував луѓето. Кога почнав со продажба, умрев милион пати. Морав да се присилувам себеси да се јавувам на телефон и да разговарам со луѓе.

Но, станував сè подобар и подобар во тоа, и на крајот, мојата компанија беше на прво место од 5000 компании на национално ниво.

Тогаш Бог ми рече: „Сега, напушти ја компанијата и основај црква, на која ти ќе бидеш пастор“. Знаете, не бев подготвен кога Бог првично ме повика. Морав да поминам низ процес на подготовка. Првата официјална ноќ на нашата нова црква, додека стоев таму проповедајќи, ја видов истата слика што ми ја покажаа Бог вечерта кога бев повикан. Луѓето седеа во истата просторија, на истите преклопни столчиња, а надвор беше мрак. Тоа беше неверојатна потврда дека сум токму онаму каде што Бог сакаше да бидам. Тоа се случи 21 година откако ја имав таа визија на 19-годишна возраст.

Гледате, Бог ни дава ветување или слика за која треба да се држиме, за да нè држи да чекориме по правиот пат. Значи, запомнете, Бог секогаш зборува во завршено време. Затоа, не испуштајте ја вашата визија. Држете се цврсто за неа и нека ви зборува по патот на животот. Тогаш ќе ја најдете реалноста на сликата што ве довела до таму.

Исто така, сакам да не го заборавате овој факт додека ја трчате вашата трка.

**Има целна линија!**

Има цел и награда за напорната работа и промената во која се впуштате. Ја поздравувам вашата желба да видите напредок и забрзување во вашиот живот. Но, знајте дека ќе има проблеми. Промената не е лесна.

**ИМА ЦЕЛ И НАГРАДА ЗА НАПОРНАТА РАБОТА И ПРОМЕНАТА ВО КОЈА СЕ ВПУШТАТЕ.**

Во животот имав многу велосипеди бидејќи многу сакав да возам. Пред седум години сакав да возам 160 километри во еден ден. Признавам дека тоа беше многу авантуристичка цел. Никогаш не сум возел ниту приближно до таа дистанца во минатото, но бидејќи имав 60 години, знаев дека тоа треба да го сторам тогаш или можеби никогаш нема да имам друга можност. Како што

ви кажав претходно во оваа книга, живеев на село, што беше одлично место за возење велосипеди. Дренда и јас имавме стар тандем велосипед Рали, велосипед направен за двајца, што повремено го возевме.

Така, почнав да зборувам со Дренда да се пријавиме заедно да возиме на трката од 160 километри на нашиот нов тандем бидејќи стариот велосипед двоседец беше навистина премногу тежок за толку долга дистанца. Изненадувачки, нејзе ѝ се допадна идејата. Не бев сигурен дека таа ќе сака да седи на велосипедското седиште толку долго. Но, Дренда отсекогаш беше со авантуристички дух, па решивме да најдеме таква трка што ќе биде спонзорирана. Спонзорираната трка е организирана трка на која има поставени станици за вода и храна по должината на вашата рута. Плус, има помош за механички проблеми како и медицинска помош доколку е потребно.

Еден ден додека патувавме со авион, таа виде реклама за една таква трка во списанието на авиокомпанијата. Трката беше претставена како најдобрата трка или возење со велосипед од таков вид. Трасата беше одредена да поминува околу езерото Тахо, потоа кон езерото Траки во Калифорнија, а потоа назад до езерото Тахо за да се задоволи потребното растојание од 160 километри. Додека бевме во авионот, двајцата ги видовме сликите, и одлучивме дека тоа ќе биде најдобрата трка за нас и затоа се пријавивме.

Знаевме дека за успешно да ја завршиме трката треба прво да купиме подобар тандем велосипед. Како што реков, нашиот стар, тежок тандем не беше добар за таква рута. Откако добро разгледавме, една недела пред да заминеме купивме прекрасен црн алуминиумски тандем велосипед Канондејл.

Трката беше во Калифорнија, очигледно, и планиравме да го транспортираме велосипедот од Охајо до Калифорнија на нашето комбе за патување, во одделот за складирање. Ги направивме нашите хотелски резервации, го товаривме комбето и тргнавме кон Калифорнија. Кога конечно стигнавме во областа на езерото Тахо по една недела возење, бевме изненадени. Не сфативме дека

езерото Тахо е целосно опкружено со големи планини. Знаев дека од убавите слики требаше да го сфатиме тоа, но сега гледајќи ги тие искачувања, бев малку загрижен за нашата способност всушност да ја завршиме трката. Но, сепак, бевме решени да возиме.

Додека жена ми стоеше во ред за да нè регистрираат, човекот пред неа ја прашал дали ќе ја вози пократката рута од 110 километри или подолгата од 160 километри. Дренда му одговорила дека во тандем со мене ќе ја вози патеката од 160 километри. Потоа ја прашал колку долго се подготвувала, а таа му одговорила дека неколку пати била на работа со велосипед. Тој ја погледнал во неверување и ѝ рекол дека нема шанси да ја завршиме трката. Тој ѝ рекол дека иако тој бил страстен велосипедист се пријавува само за патеката долга 110 километри. Во тој миг службеникот за регистрација ја прашал Дренда за која дистанца се пријавува. Дренда брзо го погледнала човекот до неа и одговорила, „Се пријавуваме за трката од 160 километри“.

Почнавме околу 6:30 наутро и навистина немавме проблеми во првите 70 километри освен неколку потребни прилагодувања на велосипедот. Знаете, ние всушност го возевме нашиот нов велосипед само еднаш пред да стигнеме таму. Знам, знам, бевме тотално наивни. Имаше уште еден мал детаљ што не успеавме да го пресметаме во нашите планови, а тоа беше дека поголемиот дел од нашето возење беше помеѓу 2500 и 3000 метри на надморска височина. Не го земавме во предвид ниту намаленото ниво на кислород на тие височини. До 80 километри, почнав да го чувствувам тоа и знаев дека сум во неволја. Но, по малку одмор и внесување малку храна, се чувствував подобро и почнавме повторно. Сè уште беше пред нас најтешкиот дел од трасата, искачување од 20 километри непосредно пред целта.

Кога стигнавме до 130 километри и на половина од последното искачување едноставно не можев повеќе. Рачките од велосипедот беа бели со сол од потта од жешкото сонце, а мускулите не ми функционираа. Седнав покрај патот мислејќи да се откажам кога една жена дојде

и ми рече: „Изгледа дека ти треба сол“. Таа можеше да види дека сум блед и дека рачките беа покриени со сол. Таа отиде до својот автомобил и извади тегла со расолница, која е многу богата со сол. Таа рече дека секогаш носи со себе тегла со расолница на вакви патувања. Таа ми ја подаде теглата и ми рече да се напијам од расолницата, што и го направив тоа. За неколку минути, можев да почувствувам дека енергијата ми се враќа во телото; и станав и повторно тргнав да возам по нагорнината.

Кога стигнавме до врвот на планината, до целта возевме само удолу. Гледајќи пред мене, можев да ја видам целната линија. Ништо не ми изгледаше подобро во тој момент од таа цел! Знаев дека штом ќе стигнам таму, ќе има храна, топол туш и исполнетост знаејќи дека сум направил нешто што изгледало невозможно. Бевме еден од двата тандема на таа трка од група од околу 300 учесници. Подоцна од оние со кои разговарав дознав дека возењето во тандем на таа делница било многу потешко од велосипед за едно лице. Кога всушност ја поминавме целта, мислам дека немаше зборови со кои можеше да се изразат нашите чувства на благодарност и олеснување што ја завршивме трката.

Вашето патување ќе има сличност со нашето патување на тој велосипед. Сè изгледа славно пред да го започнувате вашето патување, но секогаш има прашања што мора да се решат по патот. Во нашиот случај, многу ќе си го олесневме патувањето доколку претходно ја направевме соодветната подготовка и ако истражувавме повеќе за областа и рутата пред да одиме.

Но, причината зошто ви ја кажав оваа приказна е да ве охрабрам да се фокусирате на крајот, на наградата, додека Бог ви зборува за вашата иднина. Запомнете, Тој зборува за финишот, а не за почетокот. Колку прекрасно ќе биде кога ќе стигнете таму. Значи, кога патот станува малку тежок и сте во искушение да ги извлечете вашите колци и да ја напуштите вашата визија, мора да имате јасна слика за таа цел во вашиот ум. Тоа беше причината поради која започнавте, и за тоа внимавајте да се држите. Бидејќи Библијата вели да ги зајакнеме своите колци,

треба да знаеме како да го правиме тоа.
Ајде да погледнеме во Авакум 2:2:

*Ми одговори Господ и ми рече: Запиши го видението и одбележи го на плочи јасно, та оној, што ќе чита, да може да го прочита.“*

Првото нешто што треба да направите е да ја запишете визијата. Ова не е опција и е толку важно што може да одреди дали ќе успеете или не. Притисокот има начин да направи она што на почетокот било толку јасно, одеднаш да стане нејасно. Повеќето луѓе почнуваат да гледаат station наназад во време на притисок, кога работите се луди, и се чини дека нема гаранција за успех. Ова е време кога треба да ја погледнете визијата, крајот, и да се запрашате: „На што сакам да се вратам?“

**ТРЕБА ДА ЈА ПОГЛЕДНЕТЕ ВИЗИЈАТА, КРАЈОТ, И ДА СЕ ЗАПРАШАТЕ: „НА ШТО САКАМ ДА СЕ ВРАТАМ?“**

Имам пријател кој останал без работа и барајќи одговори за својот живот дошол до нашиот материјал. Рече дека слушал секој ден со часови и почнал да го менува начинот на размислување. Решил да основа сопствена компанија за превоз наместо да бара нова работа во канцеларија. На почетокот, биле тој и еден камион, но имал одреден успех и можел да си ги плати сметките. Но, како што слушал од нашите предавања неговата визија постојано растела. Почнал да купува камиони, а потоа уште камиони, и сега има 18 камиони кои возат со полно работно време. Неговиот готовински тек се зголемил од 4000 долари месечно на над 100.000 долари неделно за пет години. Ми рече дека било тешко и дека морал многу да научи за транспортот со камиони. Морал да ги научи сите федерални закони, а потоа да научи и како да управува со многу камиони. Ми кажа дека имало денови кога едноставно не можел да го поднесе хаосот бидејќи компанијата растела толку брзо. Но, тогаш тој ќе се сетил:

# ЗАКОНОТ ЗА ПРИТИСОК

*Нема каде да се вратам, затоа морам да продолжам да одам напред.* Знаете, тој морал да застане и да гледа напред, а исто така да сфати дека нема ништо зад него на кое сака да се врати.

Колците за кои Исаија зборува дека треба да бидат зацврстени се ветувањата и визијата што се пред вас. Нема ништо зад вас што одговара на иднината што Бог ја поставил пред вас.

Еве ги чекорите за зајакнување на вашите колци:

1. Запишете ја вашата визија и задолжително наведете зошто сте ја прифатиле таа визија. Каков ќе биде животот кога ќе стигнете таму? Каква награда ве чека таму?

2. Визијата треба да биде јасна, што значи имајте план. Што треба да направите за да ја примите визијата?

3. Започнете, што значи постапувајте согласно таа визија. Откако ќе го имате вашиот план и ќе завршите со длабинската анализа, продолжете понатаму.

4. Го додавам и ова: Внимавајте со кого ја споделувате вашата визија и со кого се дружите.

> *„Придојдените меѓу нив почнаа да негодуваат, а заедно со нив и синовите израелски седнаа, плачеа и велеа: „Кој ќе нѐ нахрани со месо? Ја помниме рибата што ја јадевме како подарок во египетската земја, краставиците и дињите, и кромидот, и празот, и лукот; а сега душата наша се исушила: освен мана, ништо друго пред очите наши.“*
>
> —Броеви 11:4-6

Според речникот, зборот џган значи бурна толпа од вулгарни, бучни луѓе; збунета, неправилно собрана; <u>неука толпа</u>.

Овие луѓе сакале да се вратат во Египет каде што јаделе риба без пари?! Дали биле слепи или глупави? Таму немало ништо друго освен ропство! Ало, разбудете се! Знам дека е лудо и не можам да разберам, но се чини дека луѓето повеќе би сакале да се вратат назад кон уништување отколку да ја платат цената на промената и слободата.

Имав еден вработен, кој требаше да ја изгуби својата куќа. Сакајќи да му помогнам, му дадов огромен список со потенцијални клиенти што веќе беа клиенти кои требаше да го заменат своето осигурување со ново поевтино што штотуку го откривме. Мислам, колку едноставно беше тоа? Повикувате клиент и му кажувате дека сакате да му ја намалите стапката на осигурување. Запомнете, тие веќе беа наши клиенти; тоа беше едноставен повик за кој сум сигурен дека ќе беше добра вест. Но, знаете што? Тој не сакаше да го прави тоа. Тој ми рече дека едноставно не сака да се јавува на луѓе. Се шегуваш? Тој веќе беше еден од моите референти за продажба. Тој веќе знаеше како да го прави тоа и можеше да го работи во сон. Така, тој не направи ништо и неговата куќа беше одземена од заемодавецот.

За жал, тој не е исклучок. Го имам гледано ова одново и одново со референтите за продажба. Тоа е смешна работа. Човек е спремен да работи осум часа на ден на одредено работно место, но кога ќе му понудите шанса да заработи пет пати повеќе од неговиот приход, и да биде слободен, нема да работи два часа на ден. Дали е толку добро ропството? Не, се разбира дека не. Треба да го запомните тоа кога има притисок.

И бирајте ги пријателите мудро; птици од еден вид заедно. Сакате да бидете опкружени со луѓе кои самите одат напред и ве охрабруваат да го правите истото. Држете се настрана од луѓе кои се негативни и имаат лош став кон животот.

Донесете конкретна одлука дека нема да вртите десно или лево штом ќе Го слушнете Бог и ќе тргнете кон вашата дестинација. Држете се цврсто за она што го рекол Бог. Сум имал моменти кога мислев дека ќе

овенам од притисокот. Ви кажав во последното поглавје за секојдневно излегување на ТВ и како морав да се борам со она што го рече Бог кога немав одговори. Морав да се држам цврсто за Неговото ветување и да не бидам поместен.

> *„Зашто Бог не ни даде дух на страв, туку дух на сила, љубов и разбраност.“*
>
> —2 Тимотеј1:7

Го можете тоа. Набијте ги тие колци длабоко во земјата. Зголемувањето доаѓа. Вие не сте робови. Вие стоите како син или ќерка во Божјиот дом и имате наследено пристап до целиот имот. Сето тоа ви е достапно!

**Запомнете, ако колците се извадат, целиот шатор ќе падне!**

## ПОГЛАВЈЕ 9

# ЗАКОНОТ ЗА СТРАТЕГИЈА

Законот за стратегија е петтиот закон за забрзување. И можете да погодите колку е важен овој закон – ПРЕМНОГУ ВАЖЕН! Дефиницијата на зборот стратегија, според reedictionary.com, е долгорочен план за успех. Во едно од претходните поглавја спомнав за потребата да имате план пред да градите куќа. Овој принцип важи за секоја област од животот. Ако сакате да аплицирате за деловен заем, првото нешто што банкарот ќе побара да го види е вашиот бизнис план. Тој ќе го оцени вашиот план за да види дали има смисла, дали мисли дека ќе успее. Многу луѓе сонуваат да одат некаде во животот, но немаат план како да стигнат таму. Постојано разговарам со разни луѓе, ги прашувам што сакаат да прават во животот и тие ми ја кажуваат својата возвишена визија. Потоа ги прашувам како ќе платат за тоа, а тие појма немаат; немаат план. Кој е одговорот? Запишете го ова: **Кога го имате планот, имате сѐ!**

Дозволете ми да ви дадам неколку примери како илустрација. Што ако ви кажам дека со само еден совет

можам да ги решам сите ваши финансиски проблеми? Дека тоа што ќе ви го кажам буквално ќе ве ослободи финансиски, затоа подгответе хартија и пенкало да го запишете? Во ред, еве го советот: Заработете нето приход од 10.000.000 долари оваа година. Се разбира, за некои луѓе и оваа сума не е доволна да ги решат своите проблеми, но за повеќето Американци, десет милиони долари се доволно пари да ги решат своите финансиски проблеми.

Кога го давам овој пример на моите конференции, сите почнуваат да се смеат како да е некаква шега. Но, не се шегувам. Ако заработат толкава сума пари во една година, на повеќето луѓе тоа ќе им го промени животот. Потоа кога го објаснувам ова на конференциите, тие продолжуваат да се потсмеваат и да се смеат, но зошто? Тие се смеат затоа што не можат да се видат себеси како заработуваат толкава сума пари, и за нив изгледа смешно дури и да размислат за тоа. Проблемот е што тие не можат да се замислат себеси во таква состојба.

Но, што ако ви кажам дека сум сопственик на компанија за извоз и навистина ми треба помош? Мојата компанија произведува уникатен производ и од тој производ веднаш треба да испорачам 5000 парчиња. Значи, ви нудам договор да ми помогнете да ги спакувам и испорачам овие предмети. Нудам да ви платам 500 долари за секоја кутија што ќе ја подготвите и запечатите за испорака. Претпоставувајќи дека можете да подготвите 100 дневно, вашата плата би била 50.000 долари на ден. И, за да биде примерот уште појасен, јас ви нудам тригодишен договор. Сега, по потпишувањето на таквиот договор, ако ви кажам да направите нето приход од 10.000.000 долари, ќе знаете дека тоа ќе биде лесно затоа што ќе ви требаат само 200 дена за да ги заработите тие 10.000.000 долари. Во такви услови никој нема да се смее и исмејува.

Па, во што би била разликата меѓу луѓето кои се исмејуваат на тој предлог и оние што би ги најмил да ги подготвуваат и испорачуваат кутиите? Разликата би била во планот. Кога имате план, имате сè. Зошто го велам ова? Затоа што, иако можеби сè уште не ви се исплатени сите

10.000.000 долари, бидејќи ја имате таа работа знаете дека согласно договорот тие пари ќе бидат ваши ако само го следите планот. Затоа реков: „Кога имате план, имате сѐ“.

Кога Дренда и јас бевме во ужасни долгови, не знаев каде има излез од финансискиот хаос во кој се наоѓавме. Бевме до гуша заглавени во долгови. Должевме на УЈП, должевме на заложните куќи, имавме 10 блокирани кредитни картички и 3 заеми од финансиски компании со камата од 28%. Должевме на нашиот стоматолог, за хемиско чистење, на нашите родители и на нашите пријатели. Немаше кому не му должевме пари. Со човечки очи гледано, немаше надеж. Не ми одеше добро во бизнисот и немав одговори за моите финансиски проблеми. Колку што учевме повеќе за Царството, знаевме дека Бог ќе ни го покаже излезот.

Потоа, една ноќ, Бог ми даде сон и ми покажа во тој сон дека треба да ја напуштам компанијата во која бев претходните девет години и да основам своја компанија. Сега видете го ова: Мојата компанија требаше да им помага на луѓето да се ослободат од своите долгови! Знам. Лудо, нели? Мислам, да знаев како да се извлечам од долговите, ќе го направев тоа уште пред многу години. Но, Бог ми кажа да го направам токму тоа. Бев малку во шок, всушност, немав идеја како да основам сопствена компанија. Но, компанија која им помага на луѓето да излезат од долгови? Еј, сѐ уште ми требаше некој да ми каже како да го направам тоа!

Кога почнав да се молам за ова, имав искуство со Светиот Дух кое ми го промени животот во однос на тоа како тоа може да се случи. Тоа се случи за време на еден телефонски разговор со мој клиент за осигурување. О, заборавив да ви кажам дека бев во индустријата за финансиски услуги и продавав осигурување и хартии од вредност додека ми се случуваше целиот тој финансиски хаос. Знам, тоа е како еден водоводџија што се грижи за туѓите проблеми, но ја запоставува пукнатата цевка и водата што тече во неговиот дом. Иако полека тонев во мојата позиција за финансиски услуги, искуството

што го стекнав во моето општо знаење за тоа поле во претходните девет години беше многу важно за она што Бог сакаше да ми го покаже.

Додека седев со мојот клиент и неговата сопруга во нивната кујна, ја поминавме вообичаената презентација, што значи го пополнивме формуларот за нивната општа финансиска состојба. Овие податоци првенствено се користеа за да се одреди ставката на нивното животно осигурување и да се испитаат алтернативите за инвестирање. Додека ја разгледувавме нивната листа на долгови, и двајцата се вознемирија, а сопругата почна да плаче објаснувајќи ми колку безнадежно се чувствуваат и двајцата. И двајцата работеа со полно работно време и сепак на крајот од секој месец беа во минус.

Јас и Дренда живеевме така девет години пред Бог да почне да нè учи за Царството, затоа можете да замислите како се чувствував за нив. Како Дренда и јас, тие беа христијани, но без знаење за тоа како функционира Царството. Во тоа време, навистина не можев да објаснам многу за Царството, освен некои од почетните работи што Бог веќе ни ги покажа. Ги споделив со нив и, се разбира, споделив некои од неверојатните приказни што ги искусивме во нашите животи. Очигледно, можев да забележам дека животното осигурување не е нивниот главен проблем. Многу кратко им објаснив што ме научи Бог во врска со Царството, но копнеев по нешто што можам да направам за да им понудам вистински финансиски одговори за нивната ситуација.

Таа вечер во канцеларијата, додека го завршував денот и го средував мојот нормален куп документи и пораки на кои требаше да одговорам, одеднаш ми светна: *Што ако погледнам подалеку од проблемот со животното осигурување и ја земам предвид целата нивна финансиска слика? Дали има нешто што можам да направам? Што ако почнам да барам пари?* Со други зборови, се прашував што ако најдам поевтини начини да го прават она што веќе го правеа? Мојата цел би била едноставна, да најдам поевтина алтернатива за извршување на работите што тие веќе ги правеа и потоа да ги пренаменам сите

пари што ќе останат на нивниот готовински тек и долг. Изгледаше како едноставна задача, но навистина не знаев многу за другите финансиски области освен за животното осигурување и хартиите од вредност. И треба да ви кажам дека ова беше пред деновите на Интернет. Истражувањата требаше да ги правиме на старомоден начин, преку телефон и жолти страници.

Работев на тоа цела седмица бидејќи за седум денови требаше повторно да се сретнам со клиентите. Бев изненаден од тоа колку пари можев да заштедам месечно бидејќи одвоив време навистина детално да ја истражам секоја нивна финансиска област. Кога завршив, се собра сума од стотици долари месечно. Со мојот финансиски калкулатор, ги собрав сите нивни долгови и потоа ги применив ослободените пари од нивните вообичаени месечни исплати. Кога го притиснав копчето за пресметување, останав да зјапам во одговорот на екранот - 6,2 години. Одговорот беше вкупно 6,2 години ќе му бидат потребни на мојот клиент да ги отплати сите негови долгови, вклучително и станбената хипотека, без да го промени својот приход. Да, добро прочитавте, без да ги зголеми своите месечни примања. Бев шокиран и убеден дека сум направил грешка, па пресметував одново и одново додека не се уверив дека го имам вистинскиот одговор. Можно ли е ова? Зошто сите не го знаеја ова?

Брзо извлеков неколку други папки од други клиенти што ми беа при рака и набрзина ги прегледав при што дојдов до истите резултати. Секој од нив можеше да остане без долгови за 5 до 7 години, вклучувајќи ја и хипотеката, без зголемување на месечниот приход. Беше доцна додека во канцеларијата ги завршував пресметките, но се упатив дома многу радосен. Ако она што го открив беше вистина, а сите мои пресметки укажуваа дека е вистина, тогаш тоа беше големо, навистина големо откритие.

Бев љубопитен како моите клиенти ќе реагираат на тие информации. За нашиот претстоен состанок, решив да ги напишам броевите во едноставна презентација од една страница. Мојата цел беше да им дадам надеж; јас немав никаква лична полза од тоа. Знаев шансите

да купат животно осигурување беа речиси никакви. Но, исто така знаев дека ќе сакаат да го слушнат она што го дознав. Следната недела, повторно ги прегледав моите пресметки и бев сигурен дека сум во право.

Кога заѕвонив на вратата почувствував нервозно исчекување. Откако седнавме околу кујнската маса, им кажав што правев цела недела со нивните сметки. Полека им објаснив како стојат работите, објаснувајќи им како дојдов до заштедените средства заедно со телефонскиот контакт од компаниите што ги најдов како поевтина алтернатива за нивните потреби. Можев да кажам дека кај нив растеше возбудата бидејќи заштедената готовина постојано се зголемуваше. Но, кога дојдов до заклучокот дека целосно ќе ги вратат долговите за 6,2 години без да им се зголемат месечните приходи, вклучувајќи ја и хипотеката за нивниот дом, и двајцата почнаа да плачат, овој пат од радост. Солзи им течеа по лицето додека постојано кажуваа колку се шокирани од резултатите. Тие скокаа и ме прегрнуваа, а таа вечер имавме одлична прослава.

Да бидеме искрени. Дали УЈП ќе ви каже како да плаќате помалку данок? Дали банкарот ќе ви каже како да избегнете поголема камата? Не, целиот систем е дизајниран да ви ги земе парите, а не да ве заштити. Знаев дека она што го открив треба да го научи секое семејство во Америка! Таа ноќ имаше драматично влијание врз мене и сакав да го направам истото за секој мој клиент. Така, вооружен со тие информации и со потврда на сонот што ми го даде Бог, ја напуштив компанијата за животно осигурување во која работев, а јас и Дренда основавме своја компанија правејќи го токму она што го направив за тој клиент.

Во тие рани години, ја нарековме нашата компанија „Faith-Full Family Finances“. Името јасно откриваше кои сме ние – ако го разбирате Царството и верата, вашите финансии ќе бидат полни. Се согласувам дека не беше многу добро име за компанија; обидете се да го изговорите неколку пати по ред како брзозборка, но добро ни тргна. Подоцна го сменивме името во Forward Financial Group,

име што го имаме до ден денешен, и сѐ уште е силно.

Да бидам искрен, нашите лични финансии сѐ уште не беа големи. Сѐ уште моравме да ги враќаме тие долгови, но знаевме дека ја најдовме патеката по која ќе трчаме. Почнувајќи со нашата нова компанија, бевме возбудени и малку нервозни во исто време. Требаше многу да научиме за основање и водење компанија, но најголемата пречка со која се соочивме беше како да заработиме пари правејќи го тоа. Нашиот предизвик беше во тоа што знаевме дека не можеме и не сакаме да им наплаќаме на луѓето пари за да им помогнеме да се ослободат од долговите. Ова беше голема пречка и поминавме доста време молејќи се за тоа и разгледувајќи ги опциите. Без да навлегуваме во деталите, Господ ни покажа неверојатна стратегија како да ја основаме компанијата и да ја поставиме во позиција да заработува пари без да им наплатуваме на клиентите.

Следно, моравме да најдеме начин да ги забрзаме долгите рачни пресметки со податоците од нашите клиенти. Знаев дека ќе морам да создадам компјутерска програма што ќе го прави тоа за нас, но не знаев ништо за компјутери или како да најдам некој што има способност да го направи тоа. Повторно, Бог направи неверојатно дело. Ми се јави една личност што живее далеку од нас, која слушнала за нас. Сакаше да дознае што правиме за нашите клиенти. Му се допадна тоа што го работевме, и додека разговаравме, дознав дека тој е компјутерски програмер и дека покрај компанијата за која работел, тој имал и своја компанија. Разговарав со него за нашата потреба, а тој со многу ентузијазам рече дека сака да ни помогне во тоа што го правиме. Му кажав дека нашата компанија е нова и дека немаме средства да го платиме за работата што се понуди да ја заврши за нас, иако тој ни понуди огромен попуст. Тој сѐ уште сакаше да ја заврши работата и рече дека можеме да му платиме подоцна кога ќе имаме пари. Така и направивме.

Луѓето го сакаа нашиот бизнис. На крајот на краиштата, зошто да не? Добиваа бесплатни услуги, а луѓето сакаа да заштедат пари во својот буџет и да ги подмират своите долгови. Бизнисот зеде голем подем

и за само две и пол години успеавме да ги платиме сите наши долгови. Наскоро, имавме преку 300 референти за продажба кои го споделуваа нашиот план низ целата земја. Нашата компанија растеше и низ годините тоа ни овозможи да дадеме стотици илјади долари за поддршка на Евангелието и луѓето.

Планот што го нарековме „Како да се ослободите од вашите долгови", и денес е достапен бесплатно, повеќе од 30 години подоцна. Компанијата растеше во својата мисија како што одминуваа годините. Ние продолживме да се фокусираме на пензиските инвестиции по финансискиот пад во 2001 година, и потоа, се разбира, падот во 2008 година, каде што милиони луѓе изгубија 50% до 80% од своите пензиски заштеди. Истражувавме сигурни опции за инвестирање и го започнавме тој аспект од нашиот бизнис во 2001 година.

Со гордост можам да кажам дека раководиме со повеќе од сто милиони долари на нашите клиенти, и ниту еден од нив не изгубил ниту долар од инвестициите во претходните 21 години финансиски хаос во нашата земја и во светот. И како и со нашиот должнички план, не наплатуваме провизија, административна такса или брокерска такса, првично или годишно за нашите инвестициски клиенти. Ако сте уморни од коцкање со вашите пари од пензискиот фонд, посетете ја страницата Forwardfinancialgroup.com за повеќе информации.

Но, поентата што сакам да ја истакнувам е дека Бог ни го даде планот. Знаев дека таа вечер кога клиентите во солзи скокнаа од своите места и со радост трчаа околу масата и ме прегрнуваа дека го најдов мојот одговор, мојот план. Се разбира, допрва требаше да разјасниме и разработиме некои работи со цел ефикасно да заработуваме и да го произведуваме нашиот план за нашите клиенти. И, се разбира, требаше да ангажираме и обучиме други да го прават истото, заедно со канцелариските персонал. Но, никогаш не сум бил повозбуден, дури и по сите овие години, отколку што бев првата вечер со тие клиенти. Зошто? Па, се разбира дека бев возбуден за нив, но знаев – мислам, навистина знаев – тоа беше тоа. Тоа беше мојот

план, патот до слободата за моето семејство и мене.

**Откако го имав планот, знаев дека битката е завршена. Остана уште да се примени!**

Неверојатно, нели, една едноставна идеја од Светиот Дух ги промени нашите животи засекогаш?! Да, моравме практично да ја реализираме идејата, но Бог ни покажа каде да одиме. Какво беше чувството, Гери, да бидеш целосно без долгови? Мир! Одмор! Размислете за тоа. Од тешка финансиска дисфункција дојдовме до целосно балансирано салдо, плаќавме во готово за нашите автомобили, нашиот дом и сè друго што ни требаше. Девет долги години бев под екстремен притисок секој миг од секој ден. Немав одмор. Не беше важно кој ден во неделата е или дали е празник. Не бев мирен. Моите финансиски прашања ме следеа секаде каде што одев. Постојано носев срам и понижување поради нашата финансиска состојба. Стравот ми беше постојан придружник, а паничните напади и антидепресивите ми беа начин на живот во екот на мојот очај. Но, тогаш искусив слобода!

Добро, Гери, разбираме и мило ни е за тебе. Но, како да го добиеме нашиот план, стратегијата за нашиот живот? Па, мило ми е што прашавте. Тоа е нашата следна станица. Ќе започнеме во петтото поглавје од Евангелието на Лука.

> *„Еднаш, кога народот се притискаше кон Него за да го чуе словото Божјо, Тој стоеше покрај Генисаретското езеро. Тогаш виде два кораба што стоеја покрај езерото; а рибарите беа излегле од нив и си ги плавеа мрежите. Тој влезе во еден од корабите, кој беше на Симон, па го замоли да отплови малку од брегот, па седна и почна да го поучува народот од коработ.*
>
> *А штом престана да говори, му рече на Симон: „Заплови кон длабочините и фрлете ги мрежите свои за лов!“*
>
> *Но Симон Му одговори и рече: „Учителе, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но по Твоја волја ќе ја фрлам мрежата.“*

*И штом го направи тоа, тие уловија толку големо количество риба, што дури и мрежата им се скина. Им дадоа знак на другарите што беа во другиот кораб да дојдат и да им помогнат; и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што за малку ќе потонеа.*

*А кога го виде тоа, Симон Петар падна пред нозете Исусови и Му рече: „Оди си од мене, Господи, зашто сум грешен човек!“ Зашто него, и сите што беа со него, ги беше обзел страв од многуте риби, што ги уловија, а исто така и Јаков и Јован, синовите Заведееви, кои му беа другари на Симон.*

*И му рече Исус на Симон: „Не плаши се! Отсега ќе ловиш луѓе!“ Кога ги извлекоа двата кораба на суво, оставија сѐ и тргнаа по Него.“*

—Лука 5:1-11

Еве што сакам да видите во оваа приказна. Како прво, тие биле професионални рибари, но сепак ловеле риба цела ноќ и ништо не фатиле. Но Исус доаѓа и го позајмува нивниот чамец за да проповеда од него, а потоа му вели на Петар: *„Заплови кон длабочините и фрлете ги мрежите свои за лов!“.* Петар и неговите двајца партнери, Јаков и Јован, се воодушевени од уловот што тогаш го имале. Уловиле толку многу риби што за малку ќе им потонеле и двата чамци.

Значи, да одговориме на едно прашање: како ги фатиле тие риби? Тие веќе ловеле цела ноќ и не фатиле ништо, но одеднаш, го имале најголемиот улов во целата своја кариера. Како? Еве го одговорот. Исус му кажал на Петар каде да ловат! Тој им вели: *„Заплови кон длабочините и фрлете ги мрежите свои за лов!“.* Ако Исус ви покаже каде да ловите, можете и вие да фатите риба. Секој може да фати риба!

**Ако Исус ви каже каде да ловите, можете да фатите риба!**

Чујте ме, деновите на доверба во сопствените планови и стратегии се поминати. Јас живеев така девет долги,

тешки години. Но, потребна е само една идеја од Бога, една стратегија дадена од Бога, план, за да го промените вашиот живот засекогаш. Мислам, видете го мојот пример. Бев без надеж додека Бог не ми ја даде таа една идеја да започнам бизнис што ми донесе милиони. Не сум толку добар. И сигурен сум дека ако Петар стои денес до вас и ви кажува за огромниот улов на риби што го уловил тој ден, ќе ви кажеше дека ни тој не е толку добар. Значи, кога зборувам за законот за стратегија, јас не велам дека вие треба да измислите сè, не. Светиот Дух ќе ви ги каже а вие треба да ги слушнете тие натприродни стратегии. Се сеќавате што му рекол Бог на Авраам? „Јас од тебе ќе направам".

**ПОТРЕБНА Е САМО ЕДНА ИДЕЈА ОД БОГА, ЕДНА СТРАТЕГИЈА ДАДЕНА ОД БОГА, ПЛАН, ЗА ДА ГО ПРОМЕНИТЕ ВАШИОТ ЖИВОТ ЗАСЕКОГАШ.**

Па, како ги слушаме тие стратегии од Светиот Дух? Исто како што ги слушнал Петар на тој брод.

Па, Гери, Исус не е тука, но сигурно би било убаво да беше. Ќе ни кажеше што да правиме. Се согласувам Тој не е овде лично, но Тој е тука. Тој Го испратил Светиот Дух да зборува во Негово име и да ви помогне.

> *„А Утешителот пак, (Помошникот, Адвокатот, Застапникот, Советникот, Снабдувачот), Духот Свети, Кого што Отецот ќе Го испрати во Мое име, Тој ќе ве научи на сè и ќе ви напомни за сè што сум ви зборувал."*
>
> —Јован 14:26

Да, Исус е сè уште ваш Советник и помошник преку Светиот Дух. Тој ќе ви зборува и ќе ви го покаже патот по кој треба да одите.

Но, ако сакате да водите живот исполнет со стратегии

од Светиот Дух и со победи предводени од Светиот Дух, прво треба да се ново родите, а потоа, второ, да се крстите во Светиот Дух. Ако ова е нешто сосема туѓо за вас, тоа е во ред. Ќе ви објаснам детално. Но, дозволете ми веднаш да ја потенцирам поентата: Исус рече дека е толку важно да се крстите со Светиот Дух што рече дека не треба да излегувате од дома без тоа крштевање! Јас не го велам тоа; Исус го вели тоа во Дела 1:4-5.

> *„Не оддалечувајте се од Ерусалим, туку чекајте го ветувањето од Отецот што сте го слушале од Мене: Јован крштаваше со вода, а вие, не по многу дни од денес, ќе бидете крстени со Светиот Дух.“*
>
> —Дела 1:4-5

> *„Но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци.“*
>
> —Дела 1:8

Забележете дека Исус вели: „Не излегувајте од дома без ова – ова е неопходно!“ Во основа, Тој вели: „Потребна ви е оваа сила за да ги вршите Божјите дела, за да бидете сведоци на Царството“. Сепак, денес, има мноштво христијани кои допрва треба да слушнат или да го доживеат крштевањето со Светиот Дух. Голем број на христијани кои пораснале во црква сè уште не слушнале за потребата од крштевањето со Светиот Дух. Или тие биле пораснати во црква каде што им било кажано дека крштевањето со Светиот Дух не е за денес, дека чудата поминале.

Јас израснав во таква црква и никогаш не бев слушнал за крштевањето со Светиот Дух. Добивам толку многу е-пошта од луѓе ширум светот кои допрва треба да слушнат за оваа моќна вистина. Многу од пораките што ги добивам ја доведуваат во прашање валидноста на овој дар за денес, поради што одвоив време да зборувам за оваа вистина за крштевањето со Светиот Дух. Крштевањето со Светиот Дух е клучот за вашата способност да добиете

уникатни, натприродни стратегии од Светиот Дух.

Верувам дека Библијата е многу јасна во врска со оваа област, и сакам да ја оставам Библијата да зборува за себе. Ќе одговори на сите ваши прашања. Но, прво, сакам да ви дадам малку позадина за тоа како јас ја открив вистината за крштевањето со Светиот Дух.

Кога бев помлад, бев гладен за Бога (сè уште сум иако сум постар), и одев во црква што припаѓаше на одредена деноминација. Неделните богослужби ни поминуваа рутински. Можеби и вашето искуство е слично. Се сеќавам на неколку химни проследени со тивок момент на медитација. Секогаш ја цитиравме Господовата молитва, а потоа свештеникот држеше проповед, завршна химна и благослов. Секоја богослужба беше идентична.

Луѓето беа прекрасни и, да, тие навистина Го сакаа Бога. Но, никогаш не ја видов реалноста на Евангелието. Не видов драматично променети животи или исцелени луѓе преку Божјата сила. Веројатно можам да кажам дека не видов многу демонстрации на Царството Божјо.

Така, бев гладен за Бог, имав 18 години и работев во пицеријата на татко ми. Една вечер, еден дечко влезе во пицеријата и ме покани на богослужба. Се одржуваше во мала методистичка црква, а говорникот беше евангелизатор што зборуваше дека Исус ги прави истите работи денес како во времето кога чекорел на земјата.

Сега тоа ми го привлече вниманието, бидејќи сакав да го видам тоа. Неколку мои пријатели одеа во таа црква, па решив да одам на тие богослужби за духовно пробудување. Иако таа ноќ не слушнав за крштевањето со Светиот Дух, бев длабоко трогнат од присуството на Бога на таа богослужба. Моите пријатели кои присуствуваа таму ме охрабрија да дојдам повторно во недела, што и го направив тоа. Се заљубив во таа црква и истата стана мојот нов црковен дом.

Неколку недели по тие богослужби, запознав група жени кои одеа во таа црква и исто така одржуваа неделни библиски проучувања. Тие зборуваа за нешто што се нарекува крштевање со Светиот Дух, дарови на Духот и разни други работи за кои никогаш порано немав

слушнато. Бев толку желен да слушнам за таа сила за која зборуваа што ги прашав дали можам да дојдам на нивното женско библиско проучување. Нивното библиско проучување беше наутро, и бидејќи работев навечер во пицеријата, решив да присуствувам.

Кога стигнав таму, дознав дека навистина сум единствениот дечко таму и единствениот 18-годишник, но тоа не ми беше важно. Отидов на тоа библиско проучување затоа што бев гладен за Бог. Им поставив многу прашања.

Тие беа толку трпеливи со мене и читајќи од Светото Писмо ми покажаа во мојата Библија дека крштевањето во Светиот Дух е за денес и дека Божјата сила е достапна денес исто како што била достапна во времето кога Исус одел по земјата. Најдобриот дел беше кога ми кажаа дека тоа е за сите верници – за секој што ќе побара.

Откако присуствував на проучувањата неколку недели, ми кажаа дека националната служба наречена Сјајот на жената одржува состаноци во градот. Сјајот на жената беше и сè уште е организација која учи многу за крштевањето со Светиот Дух. Овие жени планираа да присуствуваат на тие средби и ме поканија да одам со нив. Во тие денови, луѓето од сите конфесии се собираа да слушнат и да уживаат во ова крштевање за кое дотогаш главно се зборуваше само во пентекосталните цркви. Тоа беа денови што многу луѓе ги нарекуваа харизматично пробудување, каде што ова учење за Светиот Дух ги премина сите деноминациски линии.

Кога присуствував на женскиот состанок, видов стотици жени собрани на едно место. Повторно, како маж јас бев малцинство таму, но присуството на Бога во таа просторија беше опипливо. Тој ден, говорникот праша секој што сака да го прими овој дар на Светиот Дух, да излезе напред за молитва на крајот од состанокот. Затоа отидов напред тие жени да се молат за мене. Додека тие се молеа, се чувствува преплавен додека присуството на Бог стануваше уште посилно. Кога се предавав на Неговото присуство, бев изненаден кога слушнав како всушност почнав да се молам во Светиот Дух и да изговарам зборови

што не ги разбирав. Долго време се молев на јазици таа ноќ, бев толку обземен од искуството.

Сакав да им кажам на сите што ги познавам за тоа што ми се случи! Но, кога споделив со моите пријатели во црквата за она што го доживеав, тие не беа толку возбудени. Тие велеа дека јазиците се од ѓаволот или дека не се за денес. Ме предупредија да се држам настрана од тие свети ревнители!

Во тие денови, црквите не беа отворени за даровите на Духот, а преовладувачка доктрина беше дека чудата поминале со апостолите. Но, тогаш сфатив дека Божјата сила воопшто не завршила!

Непосредно пред да се одржи тој женски настан, бев поставен како младински водач во таа мала методистичка црква. Навистина не се бараше многу од мене, освен да имаме младински состаноци секоја недела навечер во црковниот подрум. Обично игравме игри, јадевме храна и имавме кратка библиска поука. Јас навистина бев млад, но тие видоа дека имам ревност за Божјите работи и дека сакам да помогнам.

Обично имавме околу 15 деца во групата, и по моето искуство тој ден на состанокот на *Сјајот на жената*, сакав да им кажам за моето крштевањето со Светиот Дух. Сфатив дека, како мене, повеќето од нив не ни слушнале за ова искуство и знаев дека нема да слушнат за тоа за време на неделната утринска служба во таа конкретна црква.

Пред да ви кажам што се случи следно, мислам дека треба да ви кажам за мојот начин на размислување во тоа време. Не добив дозвола од пасторот да зборувам со младите за тоа мое искуство. (Подоцна сфатив дека требаше да побарам дозвола.) Јас исто така не му кажав на пасторот за тоа што ми се случи.

Не сакав да се бунтувам против мојата црква и не се обидував да го заобиколам авторитетот на пасторот. Едноставно бев само возбуден. Во тоа време, навистина не ја разбирав контроверзноста околу оваа тема и секако не мислев дека пасторот ќе биде против тоа.

Неделата вечер откако го примив крштевањето со

Светиот Дух, планирав да им кажам на младите за тоа што ми се случи и да им покажам неколку стихови од книгата Дела што зборуваат за тоа. Бевме во црковниот подрум седејќи во круг на подот кога им го споделив моето искуство и поминав низ неколку стихови кои го потврдуваат таквото искуство.

Токму таа вечер пасторот дојде на состанокот и седеше од мојата лева страна додека споделував. Не ни можев да претпоставам дека тоа што го кажував ќе предизвика реакција кај него. Како мој пастор, мислев дека тој веќе знае сѐ што ќе споделам.

Така, споделив со нив за состанокот на кој отидов и за работите што ги видов. Навистина не навлегував во многу детали за зборувањето на јазици. Наместо тоа, се фокусирав на Дела 1:8 каде што пишува дека ќе добиеме *сила* кога Светиот Дух ќе дојде врз нас за да бидеме сведоци на Бога. На крајот од состанокот, незнаејќи како да завршам со предавањето, само им реков на децата да кренат рака ако сакаат да го примат крштевањето со Светиот Дух.

Не знаев што да правам во тој момент. Мислам, никогаш не сум видел некој да служи на некого за крштевањето со Светиот Дух, освен она што го видов на состанокот на *Сјајот на жената.* Мислам дека во тоа време можеби знаев само две или три стихови што се однесуваат на тоа.

Така, јас само реков: „Ако сакате да го добиете овој бесплатен дар на Светиот Дух кренете ја раката и наведнете ги главите да се молиме“. Тоа е навистина сѐ што реков. Не ги допрев и не ги подучив како да Го примат Светиот Дух. Ги наведнавме главите и се помоливме. Се разбира, ги затворивме очите додека се молевме како што беа поучени сите „добри“ христијани.

На крајот само реков: „Амин“. Потоа почнав да слушам некаква врева меѓу децата. Ги отворив очите и видов дека некои од нив плачат, некои се тресат, а седум деца почнаа да зборуваат на јазици. Кога почнаа да зборуваат на јазици, го видов најнеобичниот сјај на нивните лица. Тие светеа како светилки! Бев шокиран!

Мојот пастор, кој до овој момент не рече ништо, брзо

ме потчукна по рамото и ме праша дали може веднаш да разговара со мене. Влеговме во соседната соба, а тој гледајќи ме во очи ми рече: „Ова е од ѓаволот. Не може повеќе да бидеш младински водач овде. Нема да го допуштиме ова овде".

*Си помислив, Како можеш да кажеш дека е од ѓаволот? Мислам, погледни ги овие деца! Тие блескаат!* На нив физички можеше да се види помазанието. Се разбира, тогаш не ни знаев што значи зборот помазание. Само знаев дека светат, а јас ниту ги допрев ниту им кажав како да постапат. За мене беше многу обесхрабрувачки и збунувачки што мојот пастор така ме прекорува и навистина не знаев што да правам.

Следната недела се вратив во црквата, но наместо да седнам напред каде што обично седев, седнав одзади. Знаев дека ми е нарушен односот со пасторот поради состанокот со младите и мислев дека е подобро да се држам малку настрана додека не сфатам што би бил следниот чекор за мене.

За време на неделната утринска служба, имаше вообичаен тивок момент на медитација. Тоа беше многу свет и тивок момент на молитва во мојата црква. На сите главата им беше наведната, а во црквата владееше апсолутен молк. Можеше да слушнеш како паѓа игла. Токму во тој момент почувствував како некој ме тапка по рамото. Седев на крајот од клупата, и очигледно, некој стоеше на патеката и ме чукаше по рамото.

Отпрвин, бев шокиран од помислата дека некој шета за време на тој свет и резервиран момент за молитва. Кога ја подигнав главата, се изненадив кога видов едно од децата кои беа на младинскиот состанок претходната недела. Знаев и дека тој беше еден од седумтемина кои го примија крштевањето на Светиот Дух таа ноќ. Тој ме погледна и рече: „Ајде да одиме!" Си помислив, *Да одиме? Каде да одиме?*

Неверојатно, тој светеше исто како ноќта кога Го прими Светиот Дух, и знаев дека Бог прави нешто. Но, не бев сигурен дека тоа е време или место да направам нешто, бидејќи веќе бев прекорен од пасторот. Исто така

знаев и дека не можеме да правиме што ќе ни текне во црква во недела наутро.

Тогаш тој рече: „Ќе се молам за мајка ми.“ Тогаш почнав да сфаќам што се случува. Јас ја познавав неговата мајка. Таа беше мала, слаба жена и беше болна долго време. Таа имаше пет пршлени кои беа во лоша состојба, а единствената надеж на лекарот беше да ги спои. Станувaше збор за потенцијално многу сериозна операција, а мојата пријател беше нејзиното единствено дете. Се разбира, тој беше загрижен за својата мајка.

Откако го прими крштевањето со Светиот Дух, тој чувствуваше сигурност дека Исус ќе ја исцели неговата мајка. Затоа, кога рече: „Ајде да одиме“, помислив дека ќе оди кај мајка си и ќе ги положи рацете врз неа и тивко ќе се моли. Но, тој не го стори тоа. Тој отиде кај мајка си, ја зеде од клупата и ја однесе напред пред црквата.

Ја седна и почна да се моли за неа колку што може гласно на јазици. Сега запомнете, сето ова се случуваше за време на „тивкиот“ момент на медитација, кој повеќе не беше толку тивок. Бев шокиран! Потоа се сврте кон мене и ми рече: „Објасни што се случува“.

Тогаш сфатив зошто ме натера да дојдам. Тој сметаше дека бидејќи јас сум тој што му кажал за крштевањето со Светиот Дух, мислеше дека јас треба да ѝ кажам на целата црква за тоа откако ќе го слушнат како тој се моли на јазици за својата мајка.

Така, јас стоев пред собранието како негов гласноговорник, и таму тој се молеше за својата мајка на јазици. Навистина не знаев што да кажам, особено што мојот пастор седеше таму и ме гледаше. Едноставно ѝ кажав на црквата дека мајка му е болна и дека тој се моли за неа на јазици, што е во Библијата. Но, знаете што? Таа веднаш оздраве тоа утро во црква!

Тоа се случи поради верата на синот на кој навистина не му беше важно што некој друг мисли за него што се моли. Тој беше убеден дека Светиот Дух е жив и денес и дека Тој може да ја исцели мајка му.

И покрај тоа што таа веднаш беше исцелена, црквата не го прими тоа. Всушност, многумина од нив дојдоа

кај мене потоа и ми рекоа: „Па, не ни пречеше тоа што тој се молеше за мајка му, но јазиците, не можеме да ги прифатиме јазиците". Па, можам да гарантирам дека ѓаволот мрази кога луѓето се молат на јазици. Се надевам дека ќе ви помогнам да разберете зошто тој ги мрази јазиците пред крајот на оваа книга.

Можеби сте пораснале во црква каде што не се практикувале јазиците и даровите на Духот. Или можеби пораснавте учејќи дека јазиците не се за денес или дека престанале. Овие прашања не се тешки за одговор. Библијата е многу јасна на оваа тема. Значи, ајде добро да го погледнеме Словото и да ја дознаеме вистината за крштевањето со Светиот Дух. Да се вратиме на стихот што го читавме на почетокот на ова поглавје.

> *„Не оддалечувајте се од Ерусалим, туку чекајте го ветувањето од Отецот што сте го слушале од Мене: Јован крштаваше со вода, а вие, не по многу дни од денес, ќе бидете крстени со Светиот Дух."*
>
> —Дела 1:4-5

Во овој стих има неколку важни вистини што треба да ги видиме:

1. Крштевањето на Светиот Дух е различно од крштевањето во вода.

2. Исус вели дека е исклучително важно. Всушност, Тој јасно вели дека нема да можете да направите ништо без тоа.

Запомнете, Исус штотуку им рекол на учениците да одат и да го проповедаат Евангелието на сите народи, но тие нема да можат да го покажат или да го потврдат Царството Небесно без ова крштевање. Затоа Исус им рекол: „Не одите никаде додека не ја добиете оваа сила".

> *„Но ќе примите сила од Светиот Дух, Кој ќе слезе*

*на вас и ќе Ми бидете сведоци.“*

—Дела 1:8

*Сила!* Грчкиот збор за *сила* овде е *дунамис* и тука го добиваме зборот за динамит. Така, гледаме дека Божјата сила доаѓа врз нас да ги вршиме Неговите дела. Претходно во службата на Исус, Тој спомнал дека силата или помазанието со кое служел е од Неговиот Татко.

> *„Зборовите што ви ги кажувам, од Себе не ги зборувам; туку од Отецот, Кој е секогаш во Мене, Тој ги врши делата.“*
>
> —Јован 14:10

> *„Синот не може да прави ништо Сам од Себе.“*
>
> —Јован 5:19

Гледате, и Исус имал потреба од силата од Самиот Божји Дух. Зборот помазание значи, „да се примени на“. Исус го примил тоа помазание на реката Јордан од Својот Татко кога Светиот Дух слегол врз Него во вид на гулаб.

Дури откако Исус го примил тоа помазание, можел да ги врши делата на Царството. Ако Исус имал потреба од тоа помазание, имаме потреба и ние! Таа сила ќе сведочи (или ќе даде сведоштво) преку докажување дека Бог е реален за оние што не Го познаваат.

Библијата, исто така, вели дека ќе добиете сила кога Светиот Дух **ЌЕ ДОЈДЕ НА ВАС**, а не кога ќе дојде во вас како кога се новораѓате.

Многумина се збунети кога зборуваме за крштевањето со Светиот Дух, мислејќи дека тие веќе Го *примиле* Светиот Дух кога Го примиле Христос. И вистината е дека тие Го примиле Светиот Дух кога Го примиле Христос. Светиот Дух ги оживеал нивните духови за Бога и ги направил едно со Бога.

Ние сме живи за Бога преку силата на Светиот Дух одвнатре кога се ново раѓаме. Но забележете дека овој стих вели кога Светиот Дух ќе дојде <u>на</u> вас. Ова е важен факт: новораѓање и помазанието или крштевањето на Светиот Дух се два различни настани. Можеме подобро

да го разбереме ова ако погледнеме во Јован 20.

> *А Исус пак им рече: „Мир вам! Како што Ме прати Отецот, така и Јас ве праќам.“ И кога им го кажа ова, дувна и им рече: „Примете Дух* Свети!“
> —Јован 20:21-22

Ние Го гледаме Исус овде по Неговото воскресение додека ги поздравува своите ученици, вдахнува во нив и им кажува да Го примат Светиот Дух. Ова е моментот кога тие наново се раѓаат и нивните духови оживуваат за Бога одвнатре. Сепак, Исус им кажува да го чекаат крштевањето на Светиот Дух, кое ќе дојде на нив подоцна.

Ако Го примиле Светиот Дух кога Исус вдахнал на нив, зошто би им рекол да чекаат во Ерусалим сѐ додека не Го примат Светиот Дух Кој им бил ветен дека ќе дојде? Тоа се два различни настани и две различни функции – но Духот е ист. Повторно, сакам да истакнам дека Исус морал да биде крстен од Светиот Дух за да влезе и да биде делотворен во Неговата служба. Пред Исус да биде крстен од Светиот Дух, нема запис дека Тој направил ниту едно чудо. Дали Исус го умножил лебот на трпезата кога растел? Дали правел чуда кога бил бебе? Дали ја умножувал храната кога уште бил гладен како бебе? Не, Тој не го правел тоа. Зошто не? Едноставниот и искрен одговор е: не можел.

Дури *откако* Го примил Светиот Дух на реката Јордан, почнал да прави чуда. Знаете, Исус дошол како човек. Тој не дошол како Божји Син во Својата моќ и слава. Како човек, Тој бил ограничен како што секој човек е ограничен. Тој не можел да лечи или да прави чуда, исто како што јас и ти не можеме да правиме чуда сами од себе.

Меѓутоа, за разлика од нас, духот на Исус не бил мртов за Бога кога се родил како бебе. Неговиот дух бил секогаш жив за Бога; Тој немал потреба да се нановораѓа како нас. Меѓутоа, иако Неговиот дух бил жив за Бога како Син, тој сепак требало да биде крстен од Светиот Дух пред да може да ја започне Својата служба, исто како и ние.

> *И штом се крсти, Исус веднаш излезе од водата. Одеднаш Му се отворија небесата и Го виде Духот Божји како слегува како гулаб и се спушта над Него. И ете, глас од небесата говореше: „Овој е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја!“*
>
> —Матеј 3:16-17

Запомнете, ние Го знаеме Исус како Цар на царевите и Господар над господарите, но ова не е позицијата од која Тој служел. Почнал да прави чуда дури откако Светиот Дух се спуштил врз Него на реката Јордан.

Вашата служба (бидејќи *секој* верник е повикан да ги врши делата на Исус) не може да започне додека не бидете крстени во Светиот Дух – потребна ви е силата на Светиот Дух за да ја вршите Божјата волја. И ви треба способност да се молите во Дух за да знаете како да ја вршите Неговата волја.

Се разбира, можете да сведочите за вашето искуство кажувајќи им на другите што вели Библијата за спасението. Многу христијани кои не се крстени со Светиот Дух се ефективни во споделувањето на Добрата вест за Евангелието, но немаат сила да го демонстрираат Царството како Исус. Поради тоа имаме многу слаби проповеди.

Кога Исус ги соочил фарисеите во врска со нивното неверување, Тој се осврнал на чудата што ги правел. Тој им рекол:

> *„Верувајте Ми дека Јас сум во Отецот и Отецот е во Мене. <u>Ако ли, пак</u>, не – тогаш верувајте во Мене заради делата.“*
>
> —Јован 14:11

Исус во основа вели дека оваа демонстрација на Царството става крај на сите аргументи; прашањето е решено. Сега, се разбира, секој верник има целосни законски права на сè за што платил Исус, вклучувајќи го и исцелувањето. Секој верник може да го прими секое

Божјо ветување преку вера (договор со Небото), и не им треба крштевањето на Светиот Дух за да примат нешто од Бога.

Но, за таа сила да тече од вас кон другите, и да одите во даровите на Духот и да уживате во благословот на Небесните тајни преку молитвата на јазици, мора да ја имате силата на тоа помазание!

Може да прашате: „Зошто да се молам на јазици?" Ѓаволот ги мрази верниците кои знаат да се молат во Духот (на јазици), и сакам да бидам сигурен дека разбирате зошто. Кога Павле рекол дека му е мило што се молел на јазици повеќе од кој било друг, сигурно имало причина поради која се чувствувал така. Павле кажува нешто во 1 Коринтјаните 14 што треба да го прочитаме.

> *„Кој зборува на друг јазик, тој се* ***надградува*** *сам себе; а кој пророкува, тој ја* ***надградува*** *Црквата."*
>
> —1 Коринтјаните 14:4

Ајде да одиме малку подлабоко. Што значи да се биде надграден? Надграден значи, „да се поучува или ползува, особено морално или духовно; издигнување."[1]

Ќе се согласите дека има многу моменти кога ви треба инструкција, да знаете по кој пат да одите, да разберете некоја ситуација или да ја донесете вистинската одлука. Токму во тоа може да ви помогне молитвата на јазици, да ве издигне или да ве поучи. Павле јасно ја кажува оваа поента.

> *„Зашто оној, кој зборува на друг јазик, тој не им зборува на луѓе, туку на Бога; бидејќи никој не го разбира, а со Духот кажува тајни."*
>
> —1 Коринтјаните 14:2

Повторно, Павле зборува за нашите духови дека имаат способност да зборуваат работи што никогаш не сме ги

[1] http://www.dictionary.reference.com/browse/edified

виделе, слушнале или сме ги знаеле, или како што вели Павле „тајни“. Исто така, забележите во овој стих дека Павле вели дека ние со нашиот дух кажуваме тајни, а не со Божјиот. Како нешто што не сме го знаеле влегува во нашиот дух? Тоа е лесно! Преку Божјиот Дух, Кој сега е едно со нашите духови.

> *„Бидејќи, кој човек знае што има во човекот, освен човечкиот дух кој живее во него? Па така и Божјото не го знае никој, освен Божјиот Дух.“*
>
> —1 Коринтјаните 2:11

Кога нашите духови ги примаат мислите Божји, нашите умови исто така ги примаат овие мисли. Кога нашиот ум ги прима Божјите мисли, ние тоа го нарекуваме „откровение“, да се биде „просветлен“ или како што вели Павле, да се биде „надграден“. Сега знаете зошто Павле рекол дека му е мило што се молел на јазици повеќе од кој било друг; уживал во придобивката на познавањето на волјата Божја во секоја ситуација.

Токму на тоа се осврнува Павле во 1 Коринтјаните 2:15-16:

> *„Духовниот, пак, човек испитува сè, а него никој не може да го испитува. Зашто, кој го спознал умот Господов, та да го објасни? А ние имаме ум Христов.“*

Не сме оставени само на нашето човечко расудување, туку можеме да судиме за сите работи. Ова е одлична вест! Имаме способност, молејќи се во Духот (јазици), да примаме тајни, работи што не сме ги знаеле; и со тоа знаење, ние можеме да донесеме правилни пресуди за сите работи!

**КРШТЕВАЊЕТО НА СВЕТИОТ ДУХ Е БОЖЈОТО ТАЈНО ОРУЖЈЕ!**

Крштевањето на Светиот Дух е Божјото тајно оружје! Тоа може да ја пренесе Неговата волја на земјата без ѓаволот да знае што се случува. Всушност,

молитвата во Духот е наведена како дел од нашиот духовен оклоп во Ефесјаните 6:18:

*„Со секаква молитва и молба во секоја пригода молете се во духот.“*

Молитвата во Духот ни овозможува да ги преземеме стратегиите што ќе ни овозможат да го заобиколиме непријателот или да напредуваме со уникатни и необични тактики. Павле вели дека Божјиот Дух ќе ни ги открие оние работи што ни се бесплатно дадени.

Имплицираната придобивка е тоа што можеме да донесуваме правилни одлуки во животот преку пристапот до Христовиот ум. Мислам дека ќе се согласите дека ова е прилично прекрасно!

(Делови од ова поглавје се преземени од мојата книга *Вашата финансиска револуција: Моќта на стратегијата.* За да научите повеќе за тоа како да го слушате Светиот Дух, ве молам размислете да си набавите копија.)

## ПОГЛАВЈЕ 10

# ЗАКОНОТ ЗА ИТНОСТ

Додека седам овде во мојот дом, низ прозорецот гледам кон шумата позади нашата куќа. Живеам на прекрасно парче обработливо земјиште во Охајо на кое исто така има ниски ритчиња со прекрасни дрвја. Јас поседувам повеќе од 55 хектари, од кои околу 20 се шуми, 10 до 12 хектари се мочуришта, а остатокот се ливади.

Единственото нешто што недостасуваше беше езерце. Да, мочуриштето секогаш има вода и секоја есен е одлично место за лов на патки, но, навистина, не е доволно длабоко за рибите да ја преживеат летната жештина. Минатата година, решив да изградиме убаво езерце зад куќата. Кога седам на задната палуба, пред мене гледам мочуриште, шума и сега, прекрасно мало езерце. Радосен сум поради тоа. Вистинската причина зошто изградив езерце таму е затоа што сакам да ловам риба. Пораснав веднаш до езерце и не можам да ги избројам сите вечери кога заедно со моите пријатели седевме покрај него и ловевме сомови.

Кога го изградивме Нау центар, седиштето на нашата служба, направивме езерце веднаш зад задната врата

од мојата канцеларија, а мојата трска за риболов стои веднаш до вратата чекајќи на мене. Во секое време во езерцето има голема шарена пастрмка, оддалечено само на петнаесетина метри од мојата канцеларија и можам кога сакам да излезам и да го фатам мојот вечерен оброк. Сакав да ја имам истата можност дома. Така, во моето ново езерце пуштивме пастрмка, жолтоперка, морска ластовица и сом. Леле, колку прекрасни услови.

Причината зошто зборувам за риболов е затоа што ќе послужи како добра илустрација за законот за итност што е многу важен за вашата задача. Минатата недела проповедав во неколку цркви во Флорида. Еден мој пријател има куќа на плажата на самиот брег на Заливот, и тој ме покани да останам неколку ноќи во неговата куќа. Не сакав да пропуштам таква можност, особено затоа што тоа беше добра можност за риболов. Така, јас и Дренда останавме таму неколку ноќи. Првото утро, излегов на плажа, и за околу еден час фатив шест белвици, два сома, една морска риба и две ајкули.

За ручек јадевме ајкули и белвици.

Но, ова е лекцијата. Кога ловам риба, ловам. Стојам со трската во рака чекајќи го и најмалото движење на конецот. Јас сум секогаш на штрек. Подготвен сум да ја повлечам таа трска пред да трепнете. Поради тоа ретко пропуштам да уловам риби. Пред околу два месеци бев на риболов, но не ја држев трската во рака. Ќе претпоставите? Една риба се фати на мамецот, и трската се вивна во воздухот и отиде право во морето. Бев изненаден и ја испуштив таа риба и ја изгубив мојата трска!

Значи, еве го законот за итност: **Дали сакате да ловите риба или да сечете мамец?**

Сигурен сум дека сте ја слушнале таа позната изрека порано. Станува збор за двајца луѓе, едниот е преокупиран со приготвување на мамецот, нагласокот е на зборот преокупиран, а другиот е фокусиран на ловот. Кога ловам риба, јас сум внимателен, подготвен да реагирам во секој момент. Но, сум бил на риболов со луѓе кои не биле многу фокусирани и не обрнувале внимание на нивната трска. Кога рибата ќе удри на конецот, јас морам да им викнам:

„Еј, имаш риба!“ Потоа, додека да ја земат својата трска рибата ја нема. Или морам да кажам: „Еј, мислам дека ти треба мамец на јадицата“ или „Еј, дозволи ми да ти помогнам да го отплеткаш конецот од дрвото“. Мислам дека сите можеме да се поистоветиме со овие луѓе.

Знам дека звучи како да зборувам за риболов, но не е така. Зборувам за вашите вработени, за луѓето со кои се дружите, а можеби дури и за вас. Зборувам за пропуштените можности. Еве ја вистината. Луѓето што се расеани не ни знаат дека пропуштиле шанса! Ако ме ангажирате како консултант, а веќе сте ја купиле оваа книга, можам да ви гарантирам дека пропуштате можности; и со тоа што не го применувате овој закон, губите еден куп пари.

Мојата сопруга пред некој ден се јави во салонот на Хонда затоа требаше да се поправи нешто на нашата АТВ машина. Тие рекоа дека не можат да го примат возилото во наредните три до четири седмици. Така, мојата сопруга им рече: „Па, тоа е предоцна. Мојот сопруг исто така сака да купи ново возило. Дали постои начин да го примите ова возило порано? Нам всушност ни треба само да го замениме акумулаторот и да ставиме нови гуми“. „Не. Извинете, не е можно.“ Да кажете дека не е можно е навистина силна изјава. Не е можно? Ќе ви треба можеби еден час да ја завршите работата, веројатно помалку. Дренда потоа му кажа на менаџерот на сервисот по телефон: „Па, навистина штета бидејќи ќе пропуштите продажба. Ние ќе го однесеме возилото во другиот салон на Хонда, ви благодарам за вашето време“. Менаџерот на услугата потоа рече: „Во ред, жал ми е“. Дозволете ми да ги преведам зборовите на мојата сопруга упатени до менаџерот на сервисот. „Знам дека го купивме автомобилот од вас, но веројатно никогаш повеќе нема да се вратиме во вашата продавница“.

Сега, да претпоставиме дека одделот за механички услуги и поправки е навистина целосно зафатен и без слободни термини. Мислам дека тие работат пред и по работното време сервисирајќи ги сите АТВ -а. Како вие би постапиле да бевте на нивно место? Јас ќе проверев

со сите вработени, можеби дури и ќе понудив мал финансиски бонус за оној што би бил подготвен да остане и да се погрижи за таа работа. Секој со половина мозок би сфатил дека тие не само што одбиваат повик за сервисирање, туку веројатно клиент кој претходно им верувал, но сега ќе премине кај нивната конкуренција и веројатно нема повеќе да се врати кај нив.

Размислувајќи за моето искуство кога го купував мојот АТВ од тој дилер, се сетив на недостаток на внимание од нивна страна. Никој не дојде да ми помогне; морав сам да најдам некој да ми помогне. Од нив не добив писмено објаснување за тоа како работи АТВ-то. Всушност, околу шест месеци подоцна, добив писмо со упатството за ракување за АТВ машината, заедно со рачно напишана белешка во која пишуваше: „Го најдовме ова во одделот за сервис, проверивме и дознавме дека е за вашата машина".

Врз основа на нашето искуство со тој менаџер на услуги, можам да ви кажам неколку работи за тој човек. Прво, тој не е сопственик! И второ, тој веројатно вложува повеќе енергија во својата лига во мал фудбал отколку во својата работа. Но, овој човек не е исклучок во нашата култура; ова е нашата култура.

Во ред, треба да бидам малку подиректен овде, и сакам да прочитаме една парабола што Исус ја кажува во Лука 16. Знам дека е подолга, но треба навистина да одвоите време и да размислите за тоа што го кажува Исус овде.

> *А на учениците Свои им рече: „Си беше еден богат човек кој имаше настојник; и тој беше наклеветен пред него дека го растура неговиот имот. И тој го повика, и му рече: ‚Што е ова што слушам за тебе? Дај сметка за раководењето, зашто веќе не ќе можеш да бидеш настојник.'*
>
> *А настојникот си рече во себе: ‚Што да правам? Господарот мој го одзема од мене раководењето на куќата; да копам, не можам, да просам – се срамам. Знам што да направам, за да ме примат луѓето во своите домови, откако ќе бидам отпуштен од*

*раководењето на куќата.‘*

*И кога ги повика должниците на својот господар, секого поодделно, му рече на првиот: ‚Колку му должиш на мојот господар?‘ Тој одговори: ‚Сто мери масло.‘ И му рече: ‚Земи си ја потврдата, седни бргу и напиши педесет!‘*

*Потоа му рече на другиот: ‚А ти, колку должиш?‘ Тој одговори: ‚Сто мери пченица.‘ И му рече: ‚Земи си ја потврдата и напиши осумдесет!‘*

*И го пофали господарот несправедливиот настојник, зашто постапил досетливо; зашто синовите на овој свет кон својот род се подосетливи од синовите на светлината. И јас ви велам: создадете си пријатели преку неправедно богатство, па, кога тоа ќе исчезне, да ве примат во вечните живеалишта.*

*Верниот во малку и во многу е верен, а несправедливиот и во многу и во малку е несправедлив. Па така, ако во неправедното богатство не бевте верни, кој ќе ви го довери вистинското? И ако во туѓото не бевте верни, кој ќе ви го даде вашето?*

*Ниеден слуга не може да им служи на двајца господари; зашто, или едниот ќе го замрази, а другиот ќе го засака, или на едниот ќе му угоди, а другиот ќе го презре. Не можете да служите на Бога и на Мамон.“*

—Лука 16:1-13

Леле, леле, леле! Оваа парабола во центар го погоди проблемот. Работникот воопшто не се грижеше за сопственикот на автомобилскиот салон. (Извинете, но само сакам да ја направам параболата релевантна за нашата приказна.) Работникот чекал само да дојде 17:00 часот или мислел на нешто друго. Но, ако самиот тој го започнал тој бизнис од нула би имал јасна слика за сите трошоци што треба да се подмират само за да работи таа продавница, и би знаел дека тој ќе земе плата на крај откако ќе бидат исплатени другите вработени; тогаш ви

гарантирам дека никогаш не би рекол, „не е можно“.

Во параболата, Исус вели дека овој нечесен управител имал способност да размислува како сопственик, но мислел само на себе. Тој бил нечесен работник! Не, дозволете ми да се коригирам: Тој бил нечесен човек. Бил наемник.

**И ако не се грижите за туѓиот имот, кој ќе ви го даде вашиот?**

Тој е како човек кој постојано гледа во телефонот кога лови риба и се чуди зошто не уловил ништо.

Во текот на годините ова го имам искусено од прва рака во мојот бизнис. Имав вработено луѓе во сферата на графички дизајн и маркетинг кои едноставно не беа ажурни. Морав постојано да ги потсетувам што да објавуваат или навремено да ја ажурираат нашата веб страница со настаните што ги планиравме. Понекогаш на веб страницата сè уште можев да видам настани што беа завршени пред неколку месеци. Но, тогаш ќе дознаев дека тие имаат сопствен бизнис „на страна“, и кога ќе ја погледнев нивната веб-страница, сè беше совршено и убаво, и сите линкови работеа. Имав и работник кој едноставно беше многу бавен во извршувањето на обврските, а потоа бев во шок кога го гледав како ги завршува своите лични обврски со крајна итност.

Да бидам искрен, ваквиот недостаток на итност и на лична одговорност станаа епидемија во денешно време. Сигурен сум дека можете да го забележите тоа во локалните ресторани за брза храна во вашиот град. Имавме Мекдоналдс во нашиот град каде што вработените ги креваа столовите на масите и ги гасеа светлата во делот каде што се масите еден час пред да затворат. Светлата беа вклучени напред каде што беа касите, но светлата во ресторантскиот дел беа исклучени. Луѓето мислеа дека се затворени кога ќе се приближеа со своите автомобили гледајќи ги дигнатите столчиња и исклучените светла низ прозорците.

Еден ден, влегов кога светлата беа исклучени, а столовите беа дигнати на масите, и реков: „Еј, извинете. Знам дека затворате, но би сакал само да земам чај

за носење". Бев шокиран кога касиерот ми рече: „Ох, нема проблем. Отворени сме уште еден час". Прашав: „Дали трпезаријата е отворена?" „Секако, само тргнете ги столчињата од која било маса". Така, прашав дали трпезаријата е исто така отворена за муштерии до затворањето, а тој ми одговори потврдно. „Значи", реков, „можете ли да ми кажете зошто столчињата се дигнати на масите, а светлата во трпезаријата исклучени секоја вечер, еден час пред да затворите?" „Ох, секогаш можете да влезете. Менаџерот сака да си оди точно во 22:00 часот, затоа сака подовите да бидат чисти и столчињата дигнати пред да дојде времето за затворање". „Интересно. Значи, вашиот менаџер се подготвува да затвори додека е сè уште отворено наместо да се подготвува да останете отворени додека сè уште сте отворени". Мене тоа ми звучи како наемник!

**Дали сте отворени или не?**

Еве една веродостојна изјава заснована на она што го поучувал Исус. Никогаш не ставајте наемник над вашите работи – НИКОГАШ. Претпоставувам дека добрата работа во оваа културолошка деградација и слободен пад кон просечноста е во тоа што ако се појавите на работа на време, ќе се истакнете како сонцето во мрачен свет. Секој работодавец што го познавам има проблем да најде работници што размислуваат како сопственици. Обрнувањето внимание на овој закон за забрзување не само што ќе ви заработи многу пари, туку исто така може да направи одеднаш да напредувате над вашите колеги, директно на врвот, исто како што тоа се случило со Јосиф кога бил изведен од затвор и бил поставен како втор човек во целиот Египет. Во животот нема ниски или безначајни позиции. Бог го знае вашето срце и вашата дисциплина да работите со интегритет и итност. Тој ќе се погрижи луѓето да дознаат за вас.

**ВО ЖИВОТОТ НЕМА НИСКИ ИЛИ БЕЗНАЧАЈНИ ПОЗИЦИИ.**

Во *Воведот* ви ја кажав мојата приказна за тоа како го открив законот за итност како еден од деветте закони

што требаше да ги научам. Како што реков во Воведот, покрај тоа што сум пастор на голема црква и имам дневна телевизиска програма, поседувам и финансиска компанија која им помага на луѓето да се ослободат од долговите и исто така нуди сигурни опции за инвестирање за оние луѓе кои не сакаат честите промени на берзата да влијае врз нивните финансии.

Колку за ваша информација, долги години соработував со овој партнер. Тие имаат годишна конвенција за сите нивни соработници во продажбата кои исполнуваа одредена норма на годишно ниво. Секоја година јас успешно ја исполнував нормата и се квалификував за таа конвенција со обрт на кеш од околу 4.000.000 американски долари годишно. На конвенцијата, тие исто така јавно им оддаваа чест на првите 10 соработници во продажбата и истите ги наградуваа со бонус од 100.000 долари и уште некои други убави дополнителни придобивки. 14 години по ред имав приближно ист обем на бизнис со нив, околу 4.000.000 долари. Таа година, Дренда и јас повторно се квалификувавме за конвенцијата со просечниот обрт од околу 4.000.000 американски долари. Сега, не ме сфаќајте погрешно. Самите конвенции секогаш беа многу убави, и јас бев благодарен што се квалификував како еден од околу 80-те што беа таму наспроти стотиците кои не беа.

Една година додека седев таму и гледав како првите 10 соработници го добиваат своето признание и бонус, одеднаш Господ ми зборуваше и ми рече: „Сакам и ти да бидеш на бината!" За кратко бев изненаден од она што го слушнав. „Господи, знаеш зошто не сум таму со нив. Зафатен сум со црквата и со дневните ТВ емисии. Луѓето што се таму горе го прават ова секој ден. Јас немам толку време; веќе сум максимално зафатен". Потоа Го слушнав како вели: „Сакам да бидеш горе за да бидеш Мој сведок". Веќе беше пролет, а за да се квалификувате меѓу првите 10, требаше да имате промет од над 10.000.000 долари.

Откако разговаравме за ова со Дренда, посеавме семе за тие 10.000.000 долари и исповедавме дека тоа е веќе завршена работа. Но, немавме идеја како да го зголемиме прометот на над 10.000.000 долари во преостанатото

време што ни остана од годината. Не заборавајте, претходните години стигнувавме до 4.000.000 долари. Па, требаше да веруваме во помазанието и да веруваме дека Бог ќе ни даде план.

Само неколку дена подоцна сонував многу едноставен сон. Во сонот, Бог ми кажа што треба да направам за да влезам во првите 10. Чудно, тоа беа само три збора, но знаев што сака да ми каже кога ги слушнав. Зборовите беа: „Искористи го моментот!“

**Искористи го моментот!**

Молејќи се за сонот, разбрав што ми покажува Господ. Како што знаете, јас сум зафатен, многу зафатен, но Господ ми покажа дека бидејќи бев зафатен и затоа што моите вработени беа исто така зафатени, понекогаш не бевме толку брзи во одговорот на повиците за информации или услуги како што требаше да бидеме. Никој не беше мрзлив; колегите едноставно беа зафатени со други клиенти.

Ќе застанеме кратко сега за да ви дадам квиз. Врз основа на она што штотуку го кажав и од она што веќе го научивте во оваа книга, каква е вашата дијагноза? Во право сте. Ја имавме таа страшна болест наречена исполнет капацитетот. И велите дека може да биде кобно ако не се реши брзо? И доктори, каков лек ќе понудите? Што велите? Дали треба да направам два процеса пред спиење со некои моментални податоци од администрацијата? Добро, ова беше малку за забава, но прашањето не е забавно. Тоа е реално, и да, може да биде кобно за вашата визија.

Моравме да ги промениме процесите ако сакавме да го зголемиме прометот од 4.000.000 долари на над 10.000.000 долари за помалку од една година. Затоа свикав состанок и им кажав на колегите дека сакам секој клиент или потенцијален клиент што ќе ни се јави да добие повратен повик уште во првиот час, без разлика на сè. И јас го правев истото. Имаше една работа што понекогаш го отежнуваше брзото проследување. Имено, имаме правило што вели дека со секој клиент што сака да инвестира повеќе од 50.000 долари мора да се сретнеме

лице в лице. Мислев дека никој не сака да ги инвестира своите пари без претходно да добие одговор на сите прашања од вистинска личност, истата личност која ќе стане нивен финансиски ментор. Во ред, состаноците во живо се одлични, но ние сме лиценцирани во секоја држава, и насекаде имаме клиенти. Но, нашето правило сè уште важи. Мора да имате средба лице в лице со секој клиент кој размислува да инвестира повеќе од 50.000 долари, освен ако клиентот не е отворен за тоа и повеќе сака да се состане на зум или преку телефонски повик. Инаку, бевме подготвени и отворени да се сретнеме каде било во земјата лице в лице. Сфатив дека Бог вели дека треба да го искористиме секој момент, а тоа нема да биде лесно.

Се сеќавам бевме на семејно крстарење од Њујорк до Рим таа година, и врз основа на моето правило, одговарав на повици и закажував состаноци сред Атлантскиот Океан. Многу пати бев уморен и веќе исцрпен кога ќе ми се јавеше некој од Западниот брег. Ќе договорев состанок во 21:30 часот, и ќе летав со авион, заминувајќи овде од Охајо во 21:00 часот по локално време знаејќи дека едвај можам да стигнам таму на време за нашиот состанок. Потоа, летав назад со црвени очи, заминувајќи од таму на полноќ, по нивно време, или 3:00 часот по мое време, стигнував дома во 7:00 часот, појадував и потоа одев на работа. Морав да научам да спијам во авион. Многу ноќи не сакав да одам. Веќе бев уморен, но ќе се потсетев на зборовите, „Искористи го моментот" и ќе тргнев на пат.

На крајот на годината успеавме. Бевме во топ 10, а бевме на сцената заедно со другите и го добивме бонус чекот од 100.000 долари. Но, еве еден интересниот факт. Целта од 10.000.000 долари ја постигнавме од само еден случај. Еден случај! Ако откажев само еден од повиците на моите клиенти во текот на таа година, немаше да ја постигнеме целта. Искористувајќи го моментот донесе раст и во секоја друга област од бизнисот.

Следната година, тој партнер ја зголеми минималната потребна квота на промет на 12.000.000 долари за бонусот и за првите 10. Така, јас и Дренда го посеавме нашето семе

и Му верувавме на Бога за 12.000.000 долари; и успеавме, повторно од само еден случај. Следната година беше истата приказна и секоја наредна година во следните шест години.

Се сеќавам кога направивме 12.000.000 долари првата година. Таа година конвенцијата беше во Будимпешта. Колку прекрасен град е тоа! Но, на тоа патување, луѓето почнаа да ме прашуваат: „Како го постигнуваш ова? Колку трошите на маркетинг?“ Јас одговарав: „Ништо. Не се рекламираме; нашите клиенти сами го шират гласот за нас“. И тие едноставно не можеа да веруваат во тоа. Се разбира, секогаш им кажував за мојата приказна и за тоа како Божјото Царство го промени мојот живот. Таа сцена ми даде платформа да го споделам Евангелието многу пати.

Во *Воведот*, ви оставив прашање: „Како стигнавме од 4.000.000 долари до над 10.000.000 долари со тој партнер? Всушност, промените што ги направивме ни помогнаа да направиме повеќе и со сите други партнери, носејќи го нашето вкупно инвестициско постигнување близу до 20.000.000 американски долари за годината.

Тоа што бевме намерни и итни во секоја ситуација целосно го промени начинот на кој работевме. Се случи сосема нова промена во тоа како функциониравме внатрешно. Реалноста е дека најголемата промена што се случи беше начинот на кој размислувавме и функциониравме секој ден. Се разбира, ништо од ова немаше да биде можно без разбирање на законот за стратегија. Имав очајна потреба да Го слушнам Светиот Дух за мудрост и креативни идеи за да ги достигнеме нашите цели. Светиот Дух ни кажа дека работиме многу под нашите можности и ни посочи што треба да промениме за да заземеме нова територија.

*„Надевај се на Господ од сѐ срце и не се потпирај врз твојот разум. По сите свои патишта **размислувај за Него**, и Тој ќе ти ги покаже твоите патеки.“*

—Изреки 3:5-6

Да земеме за пример состанок на една голема група. Претседавачот на состанокот ќе рече: „Би сакал да му оддадам признание на господинот со црвен џемпер што седи позади". Што вели тој? „Те поканувам да кажеш нешто. Ја гледам твојата крената рака". Истото важи и за Светиот Дух. Не се потпирај врз својот разум.

**ДОЗВОЛИ МУ ДА ТИ ЗБОРУВА!**

Продавачите навистина се умешни со зборовите, затоа состаноците на референтите за продажба се интересни, но да се биде итен воопшто не е интересно. Итноста никогаш не е пријатна. Секогаш мора свесно да донесеме одлука да бидеме итни. Затоа реков: „Дали сакате да ловите риби или да сечете мамци?" Секако, има време кога мамката треба да се исече и подготви – но не и кога рибата јаде. Тоа е правото време да се биде итен. Итноста бара јасна цел и јасен план за извршување. Лесно е вашето внимание да биде раштркано во различни правци кога сте зафатени. Тоа беше нашата грешка. Требаше да останеме фокусирани наместо да бидеме зафатени. Сето тоа бараше да ги погледнеме нашите процеси; и кога го направивме тоа, видовме дека нашиот капацитет е ограничен во многу области. Нашите референти за продажба правеа премногу документи, имаше премногу лепливи белешки по нивните бироа. Премногу од нив мораа самите да ги завршат административните работи во нивниот бизнис, а ние моравме да промениме нешто што ќе ги ослободи да бидат со своите клиенти.

Сигурен сум дека многумина помогнаа да се складира сеното во текот на летото. Сеното треба да се стави во штала пред да заврне, бидејќи ако сеното се навлажни ќе мувлоса и ќе скапе. Мојот вујко, кој чуваше многу сено, често ме викаше на помош да го складираме сеното пред да заврне. Ако имаше најава за дожд, сите се активираа. Сите ги оставаа своите работи и го собираа сеното, а ние не запиравме додека целото сено не беше собрано во шталата.

Значи, ова е прашањето на кое треба да одговорите. Дали во момент на итност им пристапувате на вашите работи или сечете мамка? Како можете да бидете сигурни? Па, колку време трошите во гледање телевизија, гледајќи

на телефонот или просто денгубење? Второ, дали ги следите вистинските работи, оние работи кои ќе имаат најголемо влијание во вашиот живот? Каков е вашиот однос со Бог, вашиот брак, вашите деца? И кога се вклучувате во вашето поле за жетва, дали сте итно ангажирани, слушајќи Го Светиот Дух за мудрост и сте брзи да го извршите она што треба без никакво одолговлекување? Дали обрнувате внимание на законот за освојување каде што ги добивате податоците од администрацијата, обрнувајќи внимание на деталите за да можете да бидете проактивни наместо реактивни со вашите одлуки?

**ДАЛИ ВО МОМЕНТОТ НА ИТНОСТ ИМ ПРИСТАПУВАТЕ НА ВАШИТЕ РАБОТИ ИЛИ СЕЧЕТЕ МАМКА?**

Имавме вечерна конференција во Пенсилванија на една христијанска ТВ станица. Настанот во живо требаше да заврши околу 22:00 часот истата вечер. Сега, една куќа што се граничи со мојот имот беше ставена на лицитација поради неплатена хипотека во 10:00 часот следното утро. Без заинтересиран за тој имот веќе некое време, и бидејќи се граничи со мојот имот, сакав да го купам. Мислев дека ќе можам да го изнајмувам или едноставно да го чувам како опција за некое од моите деца кога ќе им треба привремен дом. Возев цела ноќ до Охајо и се вратив дома 30 минути пред да започне продажбата на шерифот. Јас купив куќата. Но, ова е начинот на размислување што мора да го имате; жетвата бара итност! Се разбира, ние не живееме во состојба на итност, но кога рибите јадат тогаш треба да бидеме целосно ангажирани.

Тие три збора ми заработија стотици илјади долари во последните шест години.

**Искористи го моментот!**

Три едноставни зборови, но кога ги применив, тие ми го променија светот; а сигурен сум дека ќе го променат и вашиот.

Законот за итност!

## ПОГЛАВЈЕ 11

# ЗАКОНОТ ЗА ВАЖНОСТ

Законот за важност е витален закон кој има способност целосно да го трансформира вашиот живот. Возбуден сум што можам да го споделам со вас. Ако треба да ја насловам нашата денешна дискусија, би ја именувал:

**Стремејќи се кон големото не пропуштајте го важното**

Кога бев во средно училиште, се заљубив во ловот. Обично, зајаците и верверичките беа моите главни мети. Елените дојдоа подоцна во средно училиште, но во раните години, веднаш откако ја најдов старата пушка во средно училиште, ловев зајаци и верверички. Сè додека еден ден, ловејќи во шумата на еден пријател, не прелета јато патки. Тие кружеа, а потоа ги видов како спуштаат на езерцето што се граничи со неговиот имот. Никогаш порано не размислував да ловам патки, но кога го видов тоа јато како лета, наеднаш почнав да размислам за тоа. Отидов дома и извадив неколку ловечки списанија и прочитав неколку приказни за лов на патки барајќи совети, бидејќи никогаш порано немав ловено птици.

Знаев дека треба да добијам дозвола да ловам на

тоа езерце, и иако мојот пријател живееше веднаш до езерцето, тој не знаеше кој е сопственикот. Имаше мала бела куќа на патот пред имотот, па една вечер, братучед ми и јас застанавме и разговаравме со луѓето таму. Тие рекоа дека не ја поседуваат земјата, туку дека само ја чуваат, и рекоа дека слободно може да ловиме таму.

Една работа се повторуваше во сите приказни што ги прочитав за лов на патки, а тоа беа мамките. Така, отидов во продавница за спортска опрема и купив шест пластични мамки Малард. Планот беше да одиме на лов следниот ден после училиштето. Како што се договоривме, јас и мојот пријател дојдовме до езерцето да ги поставиме нашите мамки и да се подготвиме за вечерниот лов. Прошетавме наоколу и ги поставивме нашите мамки, а потоа се скривме во тревата што се граничи со езерцето и чекавме. По отприлика еден час, ништо не се појави. Но, до езерцето, на околу 200 метри оддалеченост, имаше поток што минуваше низ имотот. Видов неколку патки како летаат околу тој поток тој ден кога го видов јатото додека јас ловев верверички. Бидејќи на езерцето не се случуваше многу акција, јас и мојот пријател решивме да одиме до потокот за да видиме дали таму има патки. Ги оставивме мамките и отидовме до потокот, околу кој имаше неколку големи отворени површини за кои мислев дека ќе бидат добри за патки, но повторно ништо. Затоа, решивме да се вратиме кај езерцето и да ја дочекаме вечерта.

Додека се враќавме кон езерцето, се израдувавме кога видовме јато патки со пристојна големина како кружат околу езерцето и потоа слетуваат на него. Беше совршено. По целиот пат околу езерцето имаше земјена брана која нè криеше од патките додека се приближувавме и заземавме позиција. Кога стигнав до браната и почнав да ползам за да пукам, ја видов водата покриена со патки. Така, мислев дека е добро да пукам во една додека тие беа уште во водата, а потоа да пукам повторно откако ќе почнат да бегаат.

Па, додека ја подготвував пушката за истрел, патките уште не ме видоа. Таман да ја насочам пушката кон една

патка видов поголема патка што беше малку подалеку. Таа беше двојно поголема од другите патки. Така, решив да пукам во неа. Нанишанив кон целта и пукав во поголемата патка. На звукот од пушката, јатото се крена со татнеж на крилја и гакање. Но, јас бев збунет, бидејќи поголемата патка во која пукав не полета. Наместо тоа, патката се сврте на страна и почна да тоне. Одеднаш, сфатив што се случило. Ја застрелав сопствената мамка! Седев таму во ужас додека мамката полека тонеше надвор од видното поле. Бев повеќе лут поради тоа што ги пропуштив патките отколку што пукав во сопствената мамка, но сигурно се чувствував глупаво. Мојот пријател дојде и ме праша дали погодив патка. Во срам, признав што направив. Значи, еве ја лекцијата. Тоа беше одличен истрел, но не беше важен истрел. Пластиката не се јаде!

Пред да почнеме да навлегуваме подлабоко во оваа тема, ајде прво да ги дефинираме нашите поими. Зборот одлично, според *definitions.net*, значи **невообичаено** во споредба со нешто друго.

Зборот **важно**, според речник на *Колинс*, значи **да се има голем ефект**.

А зборот *ефект*, според речникот *Мериам-Вебстер*, значи: **<u>моќ или способност да се произведат резултати: сила или влијание</u>**.

Може да се истакнувате во споредба со другите и да изгледате одлично или да бидете одлични, но дали имате големо влијание и давате резултати? На пример, стрелав одлично во таа пластична мамка, но тоа не значеше ништо затоа што не ги даде резултатите што ги посакував и ми требаа.

Дозволете ми да го појаснам ова со следниот пример. Да речеме дека поправам часовник. Ако ми треба шрафцигер, каква големина треба да биде шрафцигерот? Ако земам некој долг шрафцигер со рамна глава, можам да го држам во раката и да речам: „Леле, ова навистина е одличен шрафцигер“. Но, големината никако не би била добра за да ми помогне за тој часовник. Таков голем шрафцигер не би имал никакво значење во мојата ситуација бидејќи не може да ги донесе резултатите или влијанието што

ми требаат во моментот. Ми треба мал шрафцигер за да работам на часовникот. И во таков момент, еден мал шрафцигер, иако не е одличен, има голема важност затоа што може да ги даде резултатите што ми се потребни.

Еве неколку прашања за кое треба да размислите:

- Дали имате одличен или значаен живот?
- Дали имате одлични вработени или значајни?
- Дали имате одлична или значајна кариера?

Немој да целите на мамката! Целите да постигнете нешто важно. Интересно е што повеќето млади деца сакаат да бидат актери, пејачи или само да станат познати. Но, да не ја мешаме важноста со тоа да се биде одличен.

Мислам дека сите ќе се согласиме дека Исус бил одличен водач Кој имал значаен живот. Ајде набрзина да погледнеме неколку лекции што треба да ги земеме во предвид од Неговиот живот.

> *„И на зајдисонце, сите што имаа болни од разни болести ги доведуваа кај Него; а Тој,* ***положувајќи раце над секого од нив****, ги исцелуваше. Од мнозина излегуваа демони со викање, и велеа: „Ти си Христос, Син Божји“. А Тој забрануваше и не им дозволуваше да кажуваат дека знаат дека е Тој Христос. Кога се раздени, Тој излезе и отиде на осамено место, а луѓето Го бараа па, кога дојдоа кај Него, Го задржуваа да не си оди од нив. А Тој им рече: „И на другите градови треба да им ја објавам радосната вест за царството Божјо,* ***зашто за тоа сум пратен****.“*
>
> —Лука 4:40-43

На Исус навистина Му одело добро. Имал **одлични** собири, демоните Го препознавале и вриштеле пред Него, а луѓето добивале исцеление. Подобро од тоа не можело да биде. Не е ни чудо што луѓето не сакале Тој да замине.

Но, Исус знаел дека е подобро да прави нешто што е важно и значајно отколку да биде голем. Можел да остане таму и да продолжи да има одлични масовни собири, но тоа не била причината зашто Тој бил испратен на Земјата. Тој знаел дека не е таму за лично да положи раце на секој болен човек на Земјата. Не, Тој знаел дека има многу поголема мисија – да ја плати легалната цена за гревот на целото човештво и потоа да испрати војска што ќе ги полага **рацете** на болните и тие да бидат излечени.

Значи, која акција во таа ситуација би имала најголемо важност за Исус? Знаеме дека престојот таму ќе дал одлични резултати, кои секако сами по себе би биле важни, но кој план ќе дал најголемо значење? Кој план би ги дал резултатите што Бог ги имал на ум? Добро, да одиме чекор понатаму. Исто како и тој мал шрафцигер, важноста на Исус доаѓала од способноста да произведе резултати и да ја исполни целта.

**Цел!!!**

Без цел, нема важност. О, луѓето можеби ја гледаат надворешноста, сјајот, но без цел и резултати нема важност иако може да има величина. Целта нѐ осветлува и ни помага да го препознаеме она што е навистина важно во нашите животи. Целта ги просудува нашите одлуки. Секој треба да одговори на прашањата: „Зошто сум испратен? Која е мојата цел?“

**БЕЗ ЦЕЛ НЕМА ВАЖНОСТ.**

Сакам да ви го дадам она што јас го нарекувам десет показатели за важноста кои ќе ви помогнат да ја препознаете и истребите измамата на тоа да се биде голем и да продолжите да се стремите кон она што е важно.

### 1. На што треба да ги ставате вашите раце?

Како што истакнав во нашиот стих, таму пишува дека Исус лично ги положил рацете на секој од болните луѓе на тој собир. Сите сме ограничени со времето што го имаме и потребно е да сфатиме дека не можеме да положиме рака на сѐ. Не можеме да поседуваме сѐ, и не можеме да

**НАМ НЕ НИ ТРЕБААТ ПОВЕЌЕ ГОЛЕМИ ИДЕИ. ОНА ШТО НАМ НИ ТРЕБА Е ДА ЈА НАЈДЕМЕ ИДЕЈАТА ОД БОГ ЗА НАШИТЕ ЖИВОТИ.**

постигнеме сè. Околу нас има многу големи идеи и каузи со благородни и добри намери. Но дали вие сте повикани да се вклучите во сите нив? Нам не ни требаат повеќе големи идеи. Она што нам ни треба е да ја најдеме идејата од Бог за нашите животи. Исус не дозволил да биде дефокусиран од Неговата примарна мисија. Знаел зошто е испратен и каде треба да ги положи рацете. Тој добро ја разбрал моќта на важноста и мудро го користел Своето време за подигне други луѓе кои ќе постигнат повеќе отколку што Тој сам можел да постигне. Тој ги испратил 12-те во Марко 6:12, 72-та во Лука 10 и ја испратил црквата во Марко 16. Сега, има милиони луѓе кои полагаат раце врз луѓето.

Така, треба да одговорите на следното прашање: Н**а што или на кого полагате раце што ќе ви го умножи значењето?**

Дренда и јас се селевме неколку пати во текот на нашиот заеднички живот. Пред некој ден се спуштивме во нашиот подрум и баравме нешто низ кутиите и наидовме на неколку кутии кои сме ги спакувале во Тулса пред 25 години и никогаш дотогаш не сме ги отвориле. Во тоа време бевме практично беспари, а тоа што го видовме во кутиите кога ги отворивме беше тажен приказ на бескорисни работи за кои сигурно сме мислеле дека се вредни во тоа време. Иако повеќето работи во тие кутии практично беа смет, имаше неколку работи кои беа вредни само како спомени. Но, нелогичноста во тоа беше што двапати се селевме откако се преселивме овде од Тулса. Тоа значи дека истите тие кутии сме ги носеле со нас без воопшто да ги отвориме за да видиме дали тоа што е во нив ни треба. Значи, колку беа важни тие кутии? Не многу ако никогаш не ни одвоивме време да ги отвориме во тие две големи селидби!

## ЗАКОНОТ ЗА ВАЖНОСТ

**Носите ли нешто што можеби треба веќе да го оставите позади вас?**

Колку пати ги ставате рацете на истите предмети? Исчистете го ѓубрето и направите детоксикација на вашиот живот. Еве една задача за вас. Следниот пат кога ќе размислувате за улогата што нешто ја има во вашата иднина поставете го следното прашање:

Ова е одлично __________, но дали додава важност (дали ќе ми помогне да ги постигнам резултатите и да го имам влијанието во однос на мојата цел и задача)? Дали ќе послужи на мојата цел и ДАЛИ МИ ТРЕБА?

Не е погрешно да имате неколку добри работи кои не служат за никаква цел освен за ваше задоволство, но во сето тоа треба да има добра рамнотежа. Сигурен сум дека сте биле во домови каде што сопствениците имаат свои колекции, полици и полици полни со плишани животни, или порцелански животни, или што ли уште не. Како се чувствувате кога во вашиот дом на секој квадратен сантиметар од просторот има премногу наредени предмети? Споредете го тоа со чувството кога одите на одмор и пристигнувате во вашиот изнајмен стан или во вашата соба во хотел со пет ѕвезди. Кога ќе влезете во таа не натрупана просторија, тоа е како да вдишувате свеж воздух. Тоа е толку пријатно и удобно. Во тој редослед има креативност. Таму има мир за душата. Направете ги вашата канцеларија и дом толку пријатни!

Кога ја започнувавме црквата, на богослужбите доаѓаше еден брачен пар. Тие беа нововенчани. Таа пораснала на фарма за кокошки, а нејзиното семејство имало рутина после секој оброк: остатоците од храната ги ставале во сад што го чувале покрај прозорецот за да им го однесат на кокошките. Нејзиниот сопруг ми кажа дека тие се во брак неполн месец и дека не можел да сфати зошто неговата сопруга постојано ги ставала остатоците од вечерата во сад покрај прозорецот. Така, еден ден ја прашал. Таа му го дала објаснувањето што јас ви го кажав. Нејзиниот сопруг на тоа ѝ одговорил: „Но, душо, ние немаме кокошки!“

Каков багаж носите со себе? Сè што поседувате ве

поседува вас. Сѐ што поседувате бара внимание. Треба да се подмачка, да се измие, да се полира или да се складира.

**Вашата визија е премала ако не можете да се ослободите од тоа што не ви треба!**

**2. Кој сте вие? Исус знаел кој е Тој.**

Која е вашата уникатност? Повеќето луѓе не знаат кои се тие. Бев во Париз пред неколку години кон крајот на есента, и беше толку ладно што моравме да носиме палто. Дренда и јас шетавме по една улица со многу ексклузивни продавници за облека. Гледајќи ги сите актуелни модни стилови по излозите сфативме дека црното е новиот моден тренд. Сѐ беше црно. Улиците беа преполни тој ден, и гледајќи ги сите тие стотици луѓе што одеа по улицата, сѐ што можев да видам беше црно. Од буквално стотици луѓе, ниту еден немаше некаква друга боја на себе. Секој човек носеше облека во сиво и црна боја. Секој сака да биде како сите други, но токму вашата уникатност ве прави вредни за вашата цел. Внимавајте да не го заборавите тоа.

**ВАШАТА УНИКАТНОСТ ВЕ ПРАВИ ВРЕДНИ ЗА ВАШАТА ЦЕЛ.**

**3. Знајте дека треба да слушнете од Бога.**

*„А утредента, во темни зори, стана, излезе и отиде на* ***пусто место*** *и таму се молеше.“*

—Марко 1:35

Исус знаел дека треба да поминува време со Бог и да остане фокусиран на Неговата задача. Среде големиот успех, Исус знаел дека Му треба Бог. Голема грешка е да се потпирате на вчерашните победи и стратегии. Има многу причини зошто тоа не е добра идеја, но дозволете ми да ви дадам една навистина голема. Имате противник кој сака да ве исфрли од колосек, или уште полошо, да ви го одземе животот. Ова секогаш мора да го имате на ум

додека се движите по вашиот пат.

> *„Ние сепак ја проповедаме мудроста меѓу совршените, но не мудроста од овој свет, ниту, пак, онаа на владетелите на овој свет, кои се минливи, туку ја проповедаме Божјата мудрост, сокриена во таинство, која Бог ја предодредил уште пред вековите за наша слава, која никој од владетелите на овој свет не ја спознал; зашто, ако ја беа спознале, тогаш немаше да Го распнат Господ на слават.* “
>
> —1 Коринтјаните 2:6-8

Забележете дека пишува дека ако сатаната го знаел планот на Бога, тој би го сменил. Планот што функционирал вчера можеби не е добар за денес затоа што можеби сатаната го научил и е подготвен за тој план. Секогаш ви треба ново откровение од Бога за да ги водите вашите битки.

Пред многу време еден од моите партнери ми прати порака. Тој ми кажа дека кога првпат почнал да го применува законот на Царството во неговиот бизнис со недвижнини, почнал да има огромни успеси. Но, по околу шест месеци, тој почнал да се соочува со секакви проблеми. Проблеми со неговиот персонал, проблеми со комплетирање на веќе готови зделки итн. Беше збунет. Му вратив и му реков: „Што ќе направиш во врска со тоа?“ Чуден одговор на порака во кој се бара помош, знам. Но, сакав топката да ја ставам во негови раце. Тој требаше да разбере дека сега се соочува со нова стратегија од страна на непријателот, но и покрај тоа тој има власт да се справи со тоа. Секако, не го оставив само со тоа прашање. Јас потоа му објаснив дека тој сега е на радарот на непријателот. Неговиот успех и неговото сведоштво за Божјото Царство нанеле длабока штета на царството на темнината, и затоа непријателот ја сменил тактиката. Го охрабрив со следните стихови.

„Некои, пак, од Јудејците кои лутаа наоколу и ги

*истеруваа злите духови, се обидоа да го повикаат името на Господ Исус над оние кои беа обземени со демони, и велеа: „Ве заколнуваме во Исус, Кого Го проповеда Павле!“ Тоа го правеа седумте синови на јудејскиот првосвештеник Скева а лошиот дух одговори и рече: „**<u>Исус Го познавам и Павле го знам; но кои сте вие</u>**?“ И скокна на нив човекот, во кого имаше лош дух, и, откако ги совлада, покажа против нив таква сила, што тие, голи и ранети, побегнаа од таа куќа.“*

—Дела 19:13-16

Му реков дека ми е мило што неговото име е познато во пеколот; така и треба да биде. „Но, *кој си ти*?“ Сакав да бидам сигурен дека знае дека има власт да се справи со тактиката на фрустрација на непријателот.

Најголемото оружје што го имаме е она што веќе го споделив во поглавјето за законот за стратегија, Светиот Дух. Ајде да прочитаме една многу позната библиска приказна, и ќе објаснам повеќе.

*„Кога Филистеецот се исправи и почна да пристапува и да се приближува кон Давид, Давид брзо се стрча кон местото на борбата против Филистеецот, и бркна со раката во торбата, извади оттаму еден камен и фрли со праќата, та го удри Филистеецот в чело, така што каменот се заби во челото негово, и тој падна ничкум на земјата. Така, со праќа и камен, го победи Давид Филистеецот; го удри Филистеецот и го уби; а Давид немаше меч во рацете.“*

—1 Самоил 17:48-50

Во оваа добро позната библиска приказна, Давид се соочува со Голијат, човек џин и обучен воин од неговата младост. Искрено гледано, Давид немал шанса, или имал? Давид го облекол оклопот на царот Саул но тој оклоп бил премногу голем за него. Повторно, Давид не би

имал никаква шанса да го победи Голијат со стратегија што Голијат ја очекувал. Наместо тоа, Давид употребил една сосема друга стратегија, стратегија што никој не ја очекувал и целосно го изненадила Голијат.

> *„Зошто си тргнал против мене со стап? Да не сум куче?“*
>
> —1 Самоил 17:43

Давид во едната рака го држел својот стап, а во другата прашката. Сигурен сум дека Давид ја сокрил својата прашка додека се приближувал до Голијат и го користел својот стап како мамка. Голијат бил збунет. Пред него стоело дете без меч, вооружено само со стап, и тоа дете ќе се бори со него? Но, Давид имал план. Наместо да оди во битка, Библијата вели дека Давид потрчал кон Голијат. Сигурен сум дека тоа било дел од изненадувачкиот фактор на кој сметал Давид. Трчањето кон Голијат имало за цел да му отежне на Голијат да има време да ја препознае вистинската опасност – прашката. Значи, кое било вистинското оружје на Давид? Натприродната стратегија од Светиот Дух.

**БОГ НЕКА ВИ ПОКАЖЕ ШТО ТРЕБА ДА ПРАВИТЕ. НИКОГАШ НЕ ОДИТЕ САМИ; СЕКОГАШ ПОГРИЖЕТЕ СЕ ДА ОДВОИТЕ ВРЕМЕ ДА СЛУШНЕТЕ.**

Затоа ви велам дека треба да поминувате време со Бога. Дури и на врвот на вашиот успех, непријателот секогаш ќе се обидува да ги сопре Божјите планови. Не треба да се плашите од тоа, затоа не дозволувајте непријателот да ве искушува да се плашите. Тој е поразен и нема моќ или власт над вас.

Соработникот за кој ви кажав, промени неколку работи во неговата канцеларија и структурата на неговата компанија, и денес напредува повеќе од кога било.

Бог нека ви покаже што треба да правите. Никогаш не одите сами; секогаш погрижете се да одвоите време да

слушнете.

**4. Дали оваа врска носи нешто важно во мојот живот?**

Бог ги користи луѓето, а исто така и сатаната. Внимавајте на односите. Научете да кажете „не“ и научете да го чувате вашето време. Не дозволувајте да станете нечиј одговор. Секогаш упатувајте ги на Исус. Не велам дека не треба да бидете достапни за луѓето, но треба да внимавате на луѓето кои не сакаат да мрднат со прст во вашиот заеднички однос и постојано ве влечат. Непријателот ужива да користи луѓе за да ве истошти.

Кога бевме млади пастири, чувствувавме дека треба да бидеме достапни за луѓето секогаш и секаде каде што им требаше помош. Имавме без број часови на индивидуални средби. Преземавме одговорност што не беше наша и им ги плаќавме нивните долгови. Нашите срца беа на право место, но без да го сфатиме тоа, непријателот ги користеше овие луѓе за да нѐ исцрпи додека дури и службата не ни беше бреме. Имавме маратонски телефонски разговори со истите луѓе одново и одново што едноставно го вадеа животот од нас. Во нашата незрелост, мислевме дека мора да ги решиме проблемите на сите. Но, на крајот, Господ ни кажа да престанеме со тоа – не дека не смеевме да им помагаме на луѓето, но моравме да ја ставиме топката во нивни раце.

Еден мудар пастор ни кажа дека не им должиме на луѓето време или пари. Но, им должиме добар, здрав совет за нивниот живот. Нѐ потсети дека не постоиме за да бидеме нивни блиски пријатели, туку нивни пастири. Тој рече дека единственото нешто што им го должиме е да бидеме пример, да ги научиме за Царството и да ни биде убаво правејќи го тоа. Тој рече дека ако не ни е убаво, тогаш зошто некој друг би сакал да Му служи на Бог? Моравме да се согласиме и да направиме промени во тоа како управувавме со времето и како баравме од луѓето да бидат одговорни.

**5. Што правите?**

Јас морам ______________. Луѓето се обиделе да Го спречат Исус да го напушти нивниот град, *„А Тој им рече, „И на другите градови морам да им ја објавам радосната вест за царството Божјо, зашто за тоа сум испратен““,* (Лука 4:43).

Правењето големи работи не е замена за правење важни работи. Што треба да правите денес што не го правите или што правите денес што не треба да го правите?

**Можете да кажете „не“ само кога го знаете своето „да“!**

**6. Каде треба да го правите тоа? Каде е вашата територија, вашата ниша или задача?**

Забележете дека Исус знаел дека мора да оди во другите градови и дека затоа бил испратен. Исус можел да го процени Неговиот напредок бидејќи знаел каде оди.

Да повторам. Можете да го процените вашиот напредок само кога знаете каде одите. Ова е поврзано со нашите претходни четири закони, но ако не знаете каде одите, како ќе знаете кога ќе стигнете таму или дали некогаш ќе стигнете таму?

**7. Токму затоа бев испратен.**

Која е вашата причина, вашата кауза, вашата војна? Заработувањето пари е ужасна причина. Во моментот кога ќе заработите малку, ќе престанете. Не, мора да имате јасна цел што е поголема од парите! Само кога имате лична војна ќе се будите секое утро. Никој не мора да ни каже мене и на Дренда да одиме во црква, да проповедаме или да кажеме некому за Царството. Тоа не е наша работа. Тоа сме ние. Кога тоа што го правите ќе ви стане хоби, тогаш сте на вистинскиот пат.

**8. На кого сакате да му кажете? И што сакате да им кажете?**

Клучниот збор овде е сакате. Каде природно гравитирате? Која задача или мисија ве возбудува? Она што ви е важно секогаш се гледа во одговорот на тоа прашање. Кога она што морате да го направите полека станало нешто што сакате да го направите, тогаш се движите во вистинската насока. Се разбира, секоја задача има работи во кои можеби нема да уживаме. Но поентата е дека ве привлекува задачата, имате страст за тоа. Работењето на задачата всушност ви дава енергија и сте возбудени за вашата иднина.

**Вашата иднина мора да биде поголема од вашата сегашност** или можеби ќе се откажете во време на притисок.

**9. Живејте како што живеете една недела пред да одите одмор.**

Знаете како ја правите таа огромна листа на задачи пред да одите на одмор? Како станувате рано, а останувате до доцна? Посветени сте и фокусирани. Неверојатно е колку работи ќе завршите таа недела. Наградата пред вас, вашиот одмор, ве мотивира да работите со различно ниво на интензитет. Најдете ја целта на вашиот живот што ве тера да живеете така секој ден.

**10. Не се откажувајте!**

Мислам дека ова зборува сам за себе. Откажувањето не е опција. Ако навистина сакате да се откажете, престанете и одете на одмор. Секогаш гледате појасно кога сте одморени.

**И на крај, запомнете дека не сте тука за да бидете одлични, туку значајни. Со тоа што сте значајни, ќе станете одлични!**

ПОГЛАВЈЕ 12

# ЗАКОН ЗА ДАРЕЖЛИВОСТА

Една вечер цело семејство бевме на вечера во еден од нашите омилени локални ресторани. Келнерката што нѐ служеше беше млада дама која беше бремена. Кога се подготвував да ја платам сметката, одеднаш почувствував поттик да ѝ дадам поголем бакшиш од вообичаените 22-25% од вкупната сметка, па оставив 100 долари плус од износот на сметката. Таа ја зеде потпишаната сметка без да ја погледне и тргна назад кон кујната.

За една минута, се врати со солзи по лицето. Дојде да ни се заблагодари. Ни кажа дека се наоѓа во тешка финансиска ситуација прашувајќи се како ќе го помине месецот. Имавме можност да го споделиме Христос со неа и да се молиме пред да заминеме.

Бевме само дарежливи, а со тоа ја отвориме вратата за евангелието на нејзиното срце.

*„Или, пак, го презираш богатството на Божјата благост, стрпливост и долготрпеливост, не разбирајќи дека Божјата благост те води кон*

*покајување?“*

—Римјаните 2:4

Во еден друг превод на Римјаните 2:4 пишува дека Божјата добрина нè води кон покајание.

**Да се биде дарежлив значи да се однесуваме како Бог.**

Во Матеј 5:45 пишува:

*„За да бидете синови на Вашиот Отец Небесен; зашто Тој го остава Своето сонце да грее и над лошите и над добрите, и им праќа дожд и на праведните и на грешните.“*

Бог е добар, и Тој е дарежлив! Ние сме Негови деца, а нашата нова природа во Христа е исто така дарежлива. Како и во приказната погоре, да се биде дарежлив значи нашето срце да чука за луѓето на ист начин како Божјото. Како кога пиете голтка ладна вода на многу топол ден, така дарежливоста носи олеснување и надеж во свет кој се наоѓа во пустината на сиромаштијата.

Влијанието на бесплатното давање јасно се гледа во упатството на Павле во 2 Коринтјаните 9:10-15, напишано до црквата во Коринт:

*„А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.*

*Бидејќи извршувањето на таа служба не само што ги надополнува потребите на светиите, туку и во мнозина предизвикува обилна благодарност кон Бога; и тие, користејќи ги плодовите од таа служба, Го прославуваат Бога за вашето покорно исповедање на Евангелието Христово и за штедроста на заедницата со нив и со сите други. <u>А тие со молитви за вас копнеат по вас поради преизобилната</u>*

*благодат Божја во вас. Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“*

Вашата дарежливост прави луѓето да го фалат Бог и да бидат благодарни!!! Забележете дека Павле вели дека дарежливоста е наша служба пред Бога.[1]

Зборот служба е дефиниран како: Вршење на работа или должност за претпоставен или како слуга.19

Дел од вашата должност во Божјо име, овде во земното царство, е да го покажете Неговото срце и грижа за луѓето. Резултатот е јасен - допира до срцата на луѓето и ги отвора да Го примат Христос.

Мислам дека сите можеме да се сетиме колку ни значела помошта што сме ја добиле кога сме имале потреба за тоа.

**Дарежливоста им го покажува на луѓето вашето срце и Божјото срце за нив.**

Дарежливоста е толку моќна. Ги надминува зборовите и оди директно во срцето. Неверојатно е како можеме да се сетиме на некој комплимент или подарок што некој ни го дал. Има моменти кога Бог користи луѓе кои ние не ги ни знаеме за да нè охрабрат и да ни помогнат.

**ДАРЕЖЛИВОСТА Е ТОЛКУ МОЌНА. ГИ НАДМИНУВА ЗБОРОВИТЕ И ОДИ ДИРЕКТНО ВО СРЦЕТО.**

Посебно незаборавно време за мене беше кога Дренда и јас бевме на лов на фазани со едни наши пријатели. Дренда и јас штотуку се венчавме и живеевме во Тулса. Возевме пет часа до Канзас, имавме одличен лов. Но, кога се враќавме кон Тулса, моторот на автомобилот на нашиот пријател доживеа крах. Бевме среде пустелија, на земјен пат и неколку часа од дома. Ако некогаш сте биле во Канзас, тогаш знаете колку е пусто. Веќе беше темно и можевме да видиме само едно светло во далечината. Отидовме до домот на земјоделецот и му кажавме за нашата ситуација.

[1] http://www.thefreedictionary.com/service

Бев целосно шокиран кога тој рече: „Ќе ве одвезам до дома вечерва. Ќе го ставиме автомобилот на мојата приколка и ќе ве однесам дома навреме за стигнете на работа во понеделник“. Дренда требаше да започне со нова работа со скратено работно време во еден ресторан, и беше многу разочарана што можеби ќе треба да се јави и да им каже дека нема да стигне на првиот работен ден.

Неверојатно, овој човек, кој никогаш порано не сме го сретнале, нè возеше пет часа до нашиот дом во Тулса, а потоа го возеше истиот пат назад до Канзас истата ноќ, пред утрото. Никогаш нема да го заборавам тој несебичен чин на добрина. Тој не сакаше да земе ни пари за гориво. Секогаш ќе му бидам благодарен на тој човек. Кога мислам на него, секогаш мислам на неговиот дар со благодарност.

Кога луѓето ќе помислат на вас, тие ќе Му се заблагодарат на Бога за вашата дарежливост.

Еден од најмоќните принципи што ги научив се наоѓа во следните стихови, дел од беседа на Павле за дарежливоста:

> *„Бидејќи извршувањето на таа служба не само што ги надополнува потребите на светиите, туку и во мнозина предизвикува обилна благодарност кон Бога; и тие, користејќи ги плодовите од таа служба, Го прославуваат Бога за вашето покорно исповедање на Евангелието Христово и за штедроста на заедницата со нив и со сите други. А тие со молитви за вас копнеат по вас поради преизобилната благодат Божја во вас. Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“*
>
> —2 Коринтјаните 9:12-15

Преизобилна значи: од голема количина или висок степен; надминати, извонредни или невообичаени: *структури со неверојатна величественост.*[2]

[2] http://www.thefreedictionary.com/browse/surpassing

## ЗАКОН ЗА ДАРЕЖЛИВОСТА

Што е тоа што ќе биде ваше во огромна количина? Што е тоа што ќе биде извонредно и ќе ја надмине величественоста во вашиот живот? Божјата благодат! Да ја погледнеме дефиницијата за благодат.

Благодат: незаслужена Божја наклоност.

Ова е вообичаената дефиниција за благодат, но дозволете ми да ви дадам подобра дефиниција. Следува цитат од Википедија за Божествената благодат:

„Вообичаеното христијанско учење е дека благодатта е незаслужена милост (наклонетост) што Бог му ја даде на човештвото испраќајќи Го Својот син да умре на крст, при што обезбеди вечно спасение.[3]

Сепак, оваа дефиниција сама по себе не може да ги опфати сите употреби на терминот во Светото Писмо. На пример, Лука 2:40 (Кинг Џемјс верзија), *„И детето растеше и се зацврстуваше во духот, исполнето со мудрост, и Божјата благодат беше врз него*". Во овој пример, погоре споменатата дефиниција за благодат како незаслужена наклонетост нема смисла затоа што на безгрешниот Христос тоа не Му требаше.

Џејмс Рајл предложува, „Благодатта е оспособувачкото присуство на Бог што ви овозможува да бидете луѓето кои Тој ве создал да бидете и да го правите она што Тој ве повикал да го правите". Исто така, Бил Готард предложува: „Благодатта ни ја дава желбата и силата што Бог ни ја дава да ја вршиме Неговата волја". Овие две дефиниции даваат добро објаснување на зборот благодат низ Библијата.[4]

Значи, гледаме во овој пасус дека Павле зборува за благодатта, или силата да напредуваме. Овој дар, дарот на благодатта, бил прославуван затоа што ги снабдувал потребите на луѓето. Павле ја завршува својата дискусија (во 2 Коринтјаните) со: ***„Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!"***

Еве ја силата што може да ве ослободи од финансиското ропство – Божјата благодат. Оваа моќ, Божјата благодат, е достапна за секој верник. Но, овде е предизвикот. <u>Можеме многу да зборуваме за она што Павле вели да го</u>

---

[3] http://www.thefreedictionary.com/browse/surpassing

[4] http://en.wikipedia.org/wiki/divine_grace

правиме — да даваме. Но, ако не ја разбираме благодатта, оспособувањето да напредуваме со Божјата сила, ја пропуштаме жетвата што Бог ја одредил за нас. Тоа е како да ја засадете вашата градина во шума под сенката на некое големо дрво – нема сонце, нема моќ да го донесе посакуваниот резултат.

Дренда и јас ги читавме случките во Библијата каде што се пројавувала Божјата сила и околностите целосно се променувале на добро. Морам да признаам дека речиси воопшто не слушавме такви приказни во црквата каде што растевме. Освен во спасението, никој навистина никогаш не зборуваше за тоа како практично да се исползува благодатта во други ситуации. Да, разбирам дека нашето спасение е најважно. Но, како што само спомнав, истата благодат ни е потребна за да функционираме во секоја област од нашиот живот. Но јас не го знаев тоа. И поради моето незнаење бевме сиромашни, болни и депресивни. Знаевме за спасението – тој дел за вечното спасение го имавме искусено – но не знаевме или не разбравме како секојдневно да го искусиме Небото во нашите животи и да ја манифестираме Божјата моќ.

Но, еве што ми кажа Господ тој ден кога ми зборуваше за Царството: „Ти си во овој хаос затоа што немаш научено како функционира Моето Царство!“ Со други зборови, Тој велеше дека не знам како да го ослободам авторитетот на Царот овде на земјата. Не знаев како се прави тоа, ниту, пак, знаев дека такво нешто воопшто е можно. Дозволете ми кажам една вистина: никогаш нема да бидете слободни доколку не сте финансиски слободни.

И како што говориме Дренда и јас во последните 30 години, никогаш нема да ја откриете духовната цел за вашиот живот сѐ додека финансиски не си го средите животот. И дозволете ми да ја истакнам оваа поента: МОЖЕТЕ ДА БИДЕТЕ СЛОБОДНИ! Мора да бидете финансиски ослободени не само за себе и за вашето семејство, туку и за луѓето да го видат Божјото Царство како функционира во вашиот живот и, како овошно дрво полно со зрели плодови, тоа ќе ги привлече луѓето кон Царството. Луѓето бараат одговори. Бараат нешто

автентично. Тие имаат очајна потреба да го видат Царството, а не само религија.

Еден пример посебно се истакнува и може да послужи како добра илустрација за тоа како живеат многу Американци. Една госпоѓа побара да ја посетам, бидејќи ѝ требаше помош околу долгот. Јас и еден од моите соработници се сретнавме со неа и слушајќи ја нејзината приказна не можев да поверувам што слушам. Таа имаше 32 различни кредитни картички, сите искористени до лимитот. Жената успешно изградила свој затвор и бараше клуч за да излезе. Во мојот ум, одговорот беше лесен: *Престани да користиш кредитни картички.* Тоа би било одличен почеток. Затоа, ѝ реков да ги пресече картичките и инсистирав да живее во рамките на своите приходи. Исто така ѝ предложив да почне да користи дебитна картичка. Таа веднаш се расплака и го постави ова шокантно прашање: „Како ќе можам да купувам чевли?“ Дали добро слушнав? Таа немаше доволно пари за храна, но прашуваше за чевли?

Можеби мислите дека таа госпоѓа е исклучок. Во однос на бројот на кредитни картички што ги имаше, таа беше исклучок. Но, кога станува збор за финансиски затвор, таа воопшто не е исклучок. Погледнете ја најновата статистика во Америка:

- 56% од луѓето немаат 1000 долари во банка.[5]
- 40% не можат да платат непланирани трошоци во износ од 400 долари.[6]

Пријатели, Американците се баш како што ми кажа Господ – робови. Размислете што прават робовите. Не работат за себе. Иако тие работат и носат профит, профитот се испраќа до заемодавачите секој месец, оставајќи одвај доволно за семејството да преживее уште еден месец. Робовите живеат во куќи што не ги поседуваат (што значи дека имаат хипотека). Тие возат автомобили што не ги поседуваат за да одат на работа

[5] Кармен Рајник, „56% од Американците немаат ниту 1000 долари на страна за итни случаеви“, www.cnbc.com, 19 јануари 2022 година

[6] Со Јун, „40% од Американците немаат 400 долари во банка за итни трошоци: Федерални резерви“, www.abc.go.com, 24 мај 2019 година.

за да платат рата за куќата што не ја поседуваат. Носат облека што ја купиле со кредитна картичка за да одат на работа, за да платат за автомобилот и куќата што не ги поседуваат, заедно со студентскиот кредит што сè уште го отплаќаат. Разбирате што сакам да кажам.

> *„Богатиот господари над сиромавиот, и должникот станува роб на заемодавецот.“*
>
> —Изреки 22:7

Како што спомнав претходно, повеќе од 80% од луѓето не ја сакаат својата работа, а 33% всушност ја мразат својата работа.[7] Зошто тогаш работат таму каде што работат? Затоа што тие се робови, а робовите немаат опции! Значи, има ли излез од ропството? Да! Не ми верувате? Дозволете ми да ви покажам.

> *„Бидејќи извршувањето на таа служба не само што ги надополнува потребите на светиите, туку и во мнозина предизвикува обилна благодарност кон Бога; и тие, користејќи ги плодовите од таа служба, Го прославуваат Бога за вашето покорно исповедање на Евангелието Христово и за штедроста на заедницата со нив и со сите други. А тие со молитви за вас копнеат по вас поради п<u>реизобилната благодат Божја во вас.</u> Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“*
>
> —2 Коринтјаните 9:12-15

Ајде да останеме фокусирани на тој одговор – благодатта Божја, силата да напредуваме!

Исто така, да бидеме свесни дека непријателот сака да останете во долгови и никогаш да не го видите излезот. Токму затоа во САД има 1,1 трилиони активни кредитни картички. Тоа е исто така причината поради која се испраќаат 7 до 8 милијарди барања за кредитни картички секоја година.[8] Некој сака да бидете во долгови,

[7] Кен Кеис, доктор на науки, „Зошто луѓето ја мразат својата работа?“ Linkedin.com, 6 октомври 2014 година

[8] Бјанка Питер, „Број на кредитни картички и иматели на кредитни картички“, https://www.wallethub.com, 15 јули 2020 година

и не мислам само на банките и трговците кои ве молат да ги пробате нивните картички. Сатаната знае дека ако сте во долгови, нема да можете да живеете во Божјите намери за вашиот живот, и на тој начин наштетувајќи му на Неговото Царство.

Значи, дозволете ми да повториме. Ова поглавје е за дарежливоста, така? Па, да и не. Да, подоцна ќе зборуваме за сите придобивки од дарежливоста и давањето. Но давањето само по себе не е одговорот без да знаете како да ја искористите благодатта, моќта Божја. Затоа, повторно да наведам: Формулата на давање сама по себе, како формула, не е клучот. Тоа е дел од одговорот, се разбира, но за да напредуваме нам ни треба таа натприродна, извонредна сила, наречена благодат.

Дастин и Кендал открија за што зборувам. Тие се млад пар кој навистина не разбирале дека им треба Божјата благодат во нивните финансии сè додека не се нашле во финансиски хаос. Тие разгледувале нова бизнис идеја и решиле да направат исчекор. Цената? 150.000 долари, позајмица. Истиот месец кога го купиле бизнисот, од УЈП биле ревидирани нивните трошоци и им биле наплатени 53.000 долари заостанати даноци. Дастин ми кажа преку ноќ тие се нашле во долг од над 200.000 долари без никаков излез, особено затоа што финансиски биле во теснец уште пред да го купат бизнисот. Тие штотуку позајмиле пари за да ја платат болничката сметка за породувањето на нивното последно бебе и имале уште многу рати да враќаат за тоа. Ревизијата ги турнала во уште поголема финансиска дупка, а Дастин се обидувал да најде решение.

Барајќи, конечно нашол понуда за кредит од 30.000 долари, истиот му бил одобрен и за таа идеја разговарал со својата сопругата. Меѓутоа тој не знаел дека Кендал ја проучувала и размислувала за мојата книга, *„Вашата финансиска револуција: Моќта на починката“*, која исто така зборува за исползување на Божјата благодат. Така, кога Дастин ѝ ја претставил идејата за заем, Кендал била разочарана, надевајќи се дека наместо кон банките тој ќе се сврти кон Бога. Таа решила да разговара со него

за нивната одлука и го охрабрила да има доверба во Бог. Милостиво, Дастин ја примил мудроста на неговата сопруга. Додека се молеле, слушнале како Светиот Дух им вели да посеат семе. Се разбира, во тоа време, тие ја немале сумата што Бог им ја покажал да ја дадат, па следните 28 дена работеле напорно за да заработат доволно за да ја посеат сумата што им ја покажал Бог. Резултатот? Нивниот бизнис веднаш почнал да напредува.

Во текот на следната година, тие можеле да вратат 175.000 долари од нивниот долг, и Дастин ми кажа дека таа година заработил 12 пати повеќе пари отколку што заработил во целиот свој живот! Кендал и Дастин открија дека Царството функционира секој пат!

**Кој беше нивниот одговор? Благодатта!**

Зборувавме за тоа како великодушноста духовно влијае на луѓето, како ги омекнува нивните срца со благодарност кон вас и кон Бога. Го изнесовме и она што го вели Павле, дека оваа способност да се биде дарежлив е резултат на Божјата благодат во нашите животи.

> *„А тие со молитви за вас копнеат по вас поради преизобилната благодат Божја во вас. Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“*
>
> —2 Коринтјаните 9:14-15

Зборувавме за акцентот што Павле го става на зборот *прекумерна* кога ја опишува благодатта што ни ја дал Бог за да напредуваме. Дознавме дека благодатта значи извонредна сила да се постигне нешто. Павле оваа сила на Божјата благодат да ни помогне да напредуваме ја нарекува неопислив дар! Мислам дека секој ќе признае дека ако Бог сака да им помогне да напредуваат во животот, тие ќе напредуваат. За да ви помогнам да ја сфатите големината на она што Бог сака да го направи во вашиот живот и огромната сила што ви е достапна, ајде да се вратиме неколку стихови поназад и да читаме од стих шест:

# ЗАКОН ЗА ДАРЕЖЛИВОСТА

*„Ова, пак, ви го велам: кој така скржаво сее, така скржаво ќе жнее; а кој богато сее, богато и ќе жнее. Секој да дава како што одлучил во срцето, а не со жал или принуда; зашто Бог го љуби оној што од срце дава.*

*А Бог може изобилно да ве дарува со секаква благодат, секогаш да имате доволно за сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело.*

*Како што е напишано: „Раздаде, им даде на сиромашните; правдата Негова останува вечна.“*

*А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.“*

—2 Коринтјаните 9:6-11, Динамичен превод

Меѓутоа, еве каде работите стануваат навистина возбудливи! Го гледаме истиот збор благодат овде, но, во овој пасус Павле го додава терминот „секаква“ на зборот благодат. Павле овде јасно зборува за давање и примање и истакнува дека кога давате, целата Божја благодат е достапна за да се донесе жетвата. Целата Божја благодат едноставно имплицира дека целата Божја сила, Неговата мудрост, наклонетост и увид ви се достапни за да ја соберете жетвата од тоа семе. Не знам за вас, но тоа ме возбудува. Но, тоа сепак не значи дека жетвата ќе се случи сама од себе.

**СЕТА БОЖЈА СПОСОБНОСТ Е ДОСТАПНА ДА ВИ ПОМОГНЕ ДА ГО СОБЕРЕТЕ ПЛОДОТ ОТКАКО ЌЕ ПОСЕЕТЕ И ВТОРО, ПОРАДИ ТОА ИМАТЕ НЕОГРАНИЧЕНА ИДНИНА!**

Ако некој многу богат земјоделец ви каже дека ќе ви ја позајми целата своја земјоделска опрема вредна милиони долари за да засадете

и да пожнеете некоја култура, а вие не знаете ништо за земјоделството, тоа нема да ви ползува ништо. Бог ни ја ставил на располагање сета Своја сила, но ние сѐ уште имаме наш удел во сето тоа. Како што знае земјоделецот, земјоделството е многу повеќе од само фрлање семе на земјата. Засега, сакам само да разберете дека сета Божја способност е достапна да ви помогне да го соберете плодот откако ќе посеете и второ, поради тоа имате неограничена иднина!

Затоа, ајде сега да одиме чекор понатаму и да зборуваме за јасното откровение во овој пасус зошто е добро да имаме пари.

> *„А Бог може изобилно да ве дарува со секаква благодат, секогаш да имате доволно за сѐ, да бидете од сѐ срце дарежливи во секое добро дело.“*

Гледаме дека првото нешто што Бог го спомнува е секогаш да имате доволно за сѐ. Забележете дека не станува збор само за пари. Во секое време да имате доволно за сѐ што ви е потребно! Јас секогаш велам: „Кога вие се грижите за Божјите работи, Тој ќе се погрижи за вашите!“ Значи, секогаш во сѐ! Тоа за мене значи дека никогаш нема да ви фали нешто без разлика на економската состојба. Кога Бог вели дека вашите потреби ќе бидат задоволени, Тој не зборува ниту за тоа само дека ќе преживеете.

> *„И ќе им даваш на заем на многу народи, а ти самиот нема да земаш на заем. Господ, ќе те направи глава, а не опашка, и да бидеш само на високо, а не на ниско, ако ги пазиш заповедите на Господ, твојот Бог, што ти ги заповедам денес да ги почитуваш и исполнуваш.“*
>
> —Повторени закони 28:12б-13

Кога Бог зборува за исполнување на сите ваши потреби, Тој зборува за целосна финансиска слобода без никаков долг, чекорење во вашата задача со страст и уживање во

најдоброто од земјата. Тоа исто така значи и совршено здравје и совршен мир.

Второ, откако ќе се задоволат вашите потреби, а овде не мислам само на преживување:

*„Па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.“*

Крајниот резултат е да се придвижат срцата на луѓето кон Бога. Ова може да значи лично давање на некој што има потреба или давање за некоја Божја задача во земното царство. И двата примери треба да ги придвижат срцата на луѓето кон Бога. Имајќи го тоа на ум, дозволете ми да се осврнам на една лажна претпоставка што ја слушам толку често. Некој еднаш ми рече дека не им требаат повеќе пари, бидејќи имаат доволно. Пред сè, тие не разбираат зошто е добро да се има пари. Ако едноставно зборувате дека ви е удобно и имате сè што ви треба, тогаш претпоставувам дека постои состојба кога нагонот да имате повеќе пари може да се намали. Но, тука е делот што навистина треба да го разберете. На Бог му требаат повеќе пари! Да кажам уште еднаш:

**НА БОГ МУ ТРЕБААТ ПОВЕЌЕ ПАРИ!**

Има уште многу работа.

„А Бог може изобилно да ве дарува со секаква благодат, секогаш да имате доволно за сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело.“

Треба да се фокусирате на тоа добро дело. Секое добро дело е дело направено во името на Царот. Всушност, имате многу специфично дело според Ефесјаните 4.

*„А на секого од нас благодатта му е дадена според мерката на дарот Христов.“*

—Ефесјаните 4:7

*„И Тој постави едни за апостоли, други за пророци,*

*трети за благовестители, четврти за пастири и учители, за усовршување на светиите во делото на служењето.“*

—Ефесјаните 4:11-12

Знаете, повеќето луѓе имаат цел да бидат финансиски слободни затоа што се уморни од крпење крај со крај. Тие бараат мир. Бидејќи повеќето имаат работи кои навистина не ги сакаат, тие бараат слобода што ќе им овозможи да имаат пари да го прават она што го сакаат наместо она што треба да го прават.

Еве една изјава која ги излудува религиозните луѓе:

*„Па во сè да се збогатите.“*

—2 Коринтјаните 9:11

Да, навистина пишува – да се збогатите! Сега, терминот богат е субјективен и претежно флуиден во нашата култура. Навистина не можеме да кажеме дека некој што има милијарда долари е посреќен од некој со 100.000 долари.

Не, да се биде богат, се разбира, значи да бидат задоволени сите мои потреби, да го јадам најдоброто од земјата, но и да играм со моите внуци, да се држам за рака со жена ми и многу други прекрасни работи во животот. Дренда и јас имаме пет прекрасни деца; сите Го сакаат Бога и на еден или друг начин се вклучени во служба. Сите живееме блиску еден до друг и, искрено кажано, сакаме да се дружиме еден со друг. За мене тоа е богатство!

Видете, религиозните луѓе мислат дека да се има многу пари е алчност. Но, не можете да имате премногу пари ако им служите на луѓето. Секогаш има нова задача и нова територија за освојување.

**НЕ МОЖЕТЕ ДА ИМАТЕ ПРЕМНОГУ ПАРИ АКО ИМ СЛУЖИТЕ НА ЛУЃЕТО.**

Така, да повторам, Бог сака да имате многу средства за да ја извршувате Неговата работа во светот. Бог сака да бидете дарежливи за Него, да им помагате

на луѓето и да ги финансирате Неговите задачи. Застанете! Ако сакате да бидете дарежливи во секоја прилика, мора да имате пари. Мислам, секоја прилика може да биде секој ден или повеќе пати на ден. Да бидеме искрени. Не може да го правите тоа ако живеете од ден за ден. Ќе имате пари не само да ги платите вашите сметки, туку многу повеќе! Мислам дека сите би се согласиле со тоа. Но, ајде да ја одредиме суштината.

Во што се состои стравот од давање? Дека нема да имаме доволно за нас, нели? *Еј, ми требаат тие пари,* можеби мислите, и секако дека ви требаат. Но, знаете што? Како што реков, и на Бог Му требаат. Значи, како Бог ќе ги добие парите што Му се потребни за да ја финансира Својата агенда? Тие пари ќе дојдат од вас и од мене и од другите соверници, се разбира. Луѓето на сатаната сигурно нема да ги финансираат Божјите задачи. Бог нема да ви ги побара вашите пари без да ви даде ветување, поврат на вашата инвестиција, така да се каже, нели? Па, зависи кого прашувавте.

Мнозинството верници ќе речат дека е погрешно да даваме со мотив Бог да ни врати. Тие веруваат дека дарежливоста и очекувањето нешто назад се заснова на алчност и го намалува чистиот чин на обожавање на Бог. Дали мислите дека земјоделецот претерува што верува дека неговото сеење ќе му донесе профит за него и неговото семејство? Се разбира не. Тој едноставно ги користи законите што му ги дал Бог. Бог се радува кога гледа како напредуваме. Тој ни го дал законот за сеење и жнеење за наша полза. Исус раскажал една парабола што зборува за ова. Нема неделно училиште каде што оваа приказна не е кажана уште од почетокот на времето. Но, поради некоја причина, се чини дека учителите секогаш испуштаат еден исклучително важен дел од приказната. Ајде да одиме во Лука 10 и да ја прочитаме параболата за добриот Самарјанин.

> *И ете, стана еден законик и, искушувајќи Го, рече: „Учителе, што треба да направам за да наследам живот вечен?“*

*А Тој му рече: „Што е напишано во Законот? Што читаш таму?“*

*Тој одговори и рече: „Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој разум; и својот ближен како себе си!“*

*Му кажа пак: „Добро одговори; тоа прави го и ќе живееш.“*

*Но тој, сакајќи да се оправда, Му рече на Исус: „А кој е мој ближен?“*

*Исус му одговори и рече: „Еден човек, додека слегуваше од Ерусалим во Ерихон, западна меѓу разбојници. Тие го соблекоа и го претепаа, и си отидоа, оставајќи го полумртов. Случајно во тоа време слегуваше по тој пат еден свештеник и, кога го виде, помина на спротивната страна. Исто така и еден левит, кога дојде на тоа место, погледна и премина на другата страна.*

*Еден, пак, Самарјанин, кој патуваше, кога дојде до него, го виде и се сожали. И кога се приближи, му ги преврза раните, полевајќи ги со масло и со вино. Потоа го качи на добитокот свој, го однесе во гостилница и се погрижи за него. А утредента, на кинисување, извади два денарија, му ги даде на гостилничарот и му рече: ‚Погрижи се за него; а ако потрошиш нешто повеќе, кога ќе се вратам, ќе ти платам.‘*

*Кој, пак, од тие тројца ти се чини дека му беше ближен на оној, што падна во рацете на разбојниците?“*

*А тој одговори: „Оној што му искажа милосрдие.“*

*Исус му рече: „Оди и ти прави така!“*

—Лука 10:25-37

Мислам дека сите сме ја слушнале оваа приказна со лекцијата: „Што ќе направел Бог доколку тој одел по патот и го видел тој човек?“ Знаеме дека не би го оставил таму

да умре покрај патот. Лекцијата што се учи на повеќето детски часови во неделното училиште е дека Бог сака да се грижиме за луѓето, и јас целосно се согласувам со тоа. Меѓутоа, за вистински да го разберете Исусовиот укор, треба да знаете дека Евреите ги презирале Самарјаните и ги сметале за нечисти. Така, Евреите се сметале себеси за многу посвети и поправедни во Божјите очи од Самарјаните. Значи, приказната на Исус во основа го прекорува овој учител на законот за неговиот побожен став. Но, делот што никогаш не се споменува, навистина никогаш, е делот од приказната што ги вклучува двете сребрени монети.

> *Потоа го качи на добитокот свој, го однесе во гостилница и се погрижи за него. А утредента, на кинисување, извади два денарија, му ги даде на гостилничарот и му рече: „Погрижи се за него; а ако потрошиш нешто повеќе, кога ќе се вратам, ќе ти платам“.*
>
> —Лука 10:34-35

Во аналогијата што ја поучува Исус, го гледаме човештвото истепано и помодрено од сатаната, крадецот. Ние разбираме дека маслото и виното пророчки Го претставуваат Светиот Дух и крвниот завет што Исус го дава на сите што ќе дојдат кај Него. Меѓутоа во оваа приказна Исус не застана со маслото и виното. Тој знае дека потребно е време за човекот да оздрави и затоа го носи на безбедно место да се опорави, во гостилницата, сето тоа на негова сметка. Гостилницата ја претставува локалната црква. Тоа е местото каде што Исус ги носи луѓето кои биле претепани и умираат на патот на животот. Тие се новородени, исчистени од гревот со крвниот завет и оживеани од Светиот Дух, но сепак со себе ја носат дамката на системот од проколнатиот земен систем. Ним им треба време да заздрават и да научат сосема нов начин на живот. Исус ги поставува во локалната црква, под управителство на локалниот пастор, кој треба да го

надгледува нивниот напредок.

Но, во црквата го наоѓаме истиот став како тој на учителот на законот. Луѓето не сакаат да се вклучат во помагањето во гостилницата. Пасторите поминуваат голем дел од своето време молејќи ги луѓето да помогнат со неделното училиште или да помогнат со малите групи. Но, се чини дека луѓето веќе се зафатени со својата работа и тешко им е да се посветат да помогнат. Бидејќи луѓето не сакаат доброволно да се посветат да помагаат, религијата се обидува преку вина да ги присили на тоа: „Му должиш на Бог да го направиш тоа и тоа. На крајот на краиштата, погледни што направи Бог за тебе". И се согласувам, секогаш треба да имаме спремни и благодарни срца кон Бога и да имаме желба да им помагаме на другите. Но, Бог не функционира според системот, „Ми го должиш тоа".

Тој вели: „Ти оставам две монети да ги покриеш трошоците и ќе ти платам КОЛКУ и да те чини кога ќе се вратам". Сега, кога вели: „Кога ќе се вратам", тој не зборува за второто Христово враќање, туку, напротив, кога бизнисменот ќе се врати во гостилницата.

Има пророчка паралела. Оваа изјава значеше дека гостилничарот ќе добие финансиска помош.

Сега, можеме да кажеме: „Одлично. Бог ќе ги покрие трошоците за грижата за оваа личност"; сепак тоа не е мотивација за многу луѓе, а еве зошто. Ако ве замолам да нахраните 200 луѓе и ви кажам дека ќе ги покријам трошоците за храната, можеби ќе бидете или нема да бидете возбудени да го направите тоа. Да, можете да го направите тоа од лојалност кон мене или од должност кон Бога, а понекогаш и тоа ќе биде потребно. Но, како начин на живот, ако ве замолам да го правите тоа постојано, веројатно нема да бидете премногу возбудени за тоа.

Верувам дека причината поради која толку многу пастори се чувствуваат како да треба да го молат својот народ да се вклучи во нешто е затоа што тие не поучуваат дека Бог ќе ни врати за нашата дарежливост. Тој сака да знаете дека ова е семејна задача и дека имате право на жетва. Павле зборува за ова во своето послание до црквата во Коринт.

# ЗАКОН ЗА ДАРЕЖЛИВОСТА

*„Кој војувал некогаш на своја сметка? Кој сади лозје, а не јаде од неговиот плод? Или кој пасе стадо, а не пие од неговото млеко? Зар го зборувам ова само како човек? Не го вели ли истото и Законот? Бидејќи во Мојсеевиот закон е напишано: „Не врзувај ја устата на вол што врши“. Зар Бог се грижи за воловите? Или го вели тоа, главно, за нас? – Да, за нас е напишано тоа; зашто, оној што ора, треба да ора со надеж, и кој врши, да врши со надеж дека ќе го добие она што го очекува.“*

—1 Коринтјаните 9:7-10

Ќе се согласите дека доколку работите во сопствен бизнис, знаејќи дека имате право да жнеете од вашиот труд, ќе бидете многу помотивирани и полни со страст. Токму тоа Бог сака да го разберете: тоа е семеен бизнис. Бог не сака да Му служите од страв. Таков е ставот на луѓето што служењето го гледаат како обврска. Тој сака да служиме од срце за Него и поради радоста што ја носи наградата.

Во приказната Исус избрал гостилничар и тоа е многу важно. Знаеме дека гостилницата работи како бизнис. Гостилничарот во дневниот цех ги вклучил и режиските трошоци и платата за персоналот. Но, на сите трошоци потребни за управување со гостилницата, тој додава и профит. Да, профит. Секој пат кога наплатува за ноќевање, тој прави профит. Поради ова, гостилничарот има многу поинаква перспектива кон повредениот. Не го чини ниту денар да се грижи за него. Всушност, гостилничарот знае дека од секоја вечер што човекот ќе остане таму, тој ќе има профит; и со отворената сметка што ја понудил патувачкиот бизнисмен, тој веројатно бил многу среќен. Можам само да го замислам разговорот на гостилничарот со патувачкиот бизнисмен пред тој да замине: „Еј, доколку најдеш некој друг на патот на кој му треба помош, задолжително доведи го овде. Ќе ги примам сите што ќе ги донесеш; и ако нема повеќе слободни соби, ќе додадам!“

Како што можете да видите, има многу повеќе во приказната отколку само познатата приказна за тоа што би направил Исус. Исус се обидувал да го исправи религиозниот начин на размислување што експертот за законот го имал за Бог, но исто така сакал и да истакне дека навистина нема да нè чини ништо да се грижиме за луѓето. Всушност, тоа носи награда.

Секогаш сум тажен кога слушам како луѓето велат дека Бог им прави лоши работи на добрите луѓе или кога гледам како луѓе Му служат на Бог од религиозна должност наместо од возбуда за животот што можат да го имаат со Него. Сатаната се обидува да ја сокрие Божјата добрина од Божјиот народ за да не Му служат доброволно со сето свое срце. За повеќето, црквата е нешто што се случува во недела наместо да разберат дека тие се црквата, гостилницата во која Бог ги испраќа луѓето да станат целовити. За жал, не го разбираат Божјото срце – дека Тој е подготвен да ја плати цената за да дојде до луѓето – и Тој секогаш ни дава повеќе отколку што сме инвестирале. Секогаш.

**САТАНАТА СЕ ОБИДУВА ДА ЈА СОКРИЕ БОЖЈАТА ДОБРИНА ОД БОЖЈИОТ НАРОД ЗА НЕ МУ СЛУЖАТ ДОБРОВОЛНО СО СЕТО СВОЕ СРЦЕ.**

Се сеќавам еднаш пред многу години седев со братот на Дренда и разговаравме токму за ова – дека Бог е добар и дарител, и дека ни го дал Царството што ги задоволува сите наши потреби. Ова разбирање за Царството беше ново за Џони и неговата сопруга Кенди, бидејќи тие потекнуваа од традиционална црква. Џони и Кенди беа учители во Џорџија.

Иако работеше како наставник, Џони исто така работеше со скратено работно време за мојата финансиска компанија Forward Financial Group. Во првата година во компанијата, тој заработуваше повеќе работејќи за компанијата со скратено работно време отколку што заработуваше цела година како наставник, па реши да даде отказ од својата работа и да работи за нас со полно

работно време.

На почетокот Џони се снајде многу добро, но подоцна во истата година видов дека неговата активност почна да се намалува. Знаев дека не може долго да продолжи со тоа темпо. Дренда и јас планиравме да одиме во Џорџија за Божиќ и планирав да го посетам Џони и да поминам малку време со него за да видам дали можам да ги откријам причините зошто тој повеќе немаше доволно клиенти за да остане да работи за нас со полно работно време. Пред да му се јавам на Џони, тој ми се јави прв и ме праша дали може да се видиме и да разговараме за бизнисот. Се разбира, веќе бев подготвен да го направам токму тоа. Можев да кажам дека Џони и Кенди беа исплашени. Тие веќе имаа сметки во вредност од 5000 долари за тековниот месец, и исто толку за наредниот месец, меѓутоа немаа извор од каде да ги добијат тие пари.

Додека седев со Џони, неговите први зборови беа: „Едноставно не функционира“. Знаев дека вистината за Царството е сосема нова за Џони и Кенди, и чувствував дека треба да ги научам како духовно да се справат со тоа. Затоа што знаев дека Царството секогаш функционира! Така, поминав околу два часа со нив учејќи ги на законите на Царството и како да ја применат својата вера. Додека зборував, можев да почувствувам како од нив исчезнува стравот а верата расте.

Знаев дека Џони е подготвен за следниот чекор. „Џони“, реков, „треба да посеете семе кај Бога и да Му верувате за парите што ви требаат“. Џони и Кенди се согласија, но немаа пари. По некоја случајност со мене носев чек за Џони од канцеларијата во вкупна вредност од 160 долари. Знаев дека можат да ги искористат тие пари и ги охрабрив да ги посеат како семе бидејќи сите знаевме дека тие 160 долари не беа доволни за сметките од 5000 долари што тие требаше да ги платат. Тие се согласија.

Пред да се молиме заедно во вера, го прашав Џони: „За колкава жетва веруваш со ова семе што ќе го посеете?“ Само што го кажав тоа, Светиот Дух ме запре и рече да не му дадам да одговори, а јас знаев зошто. Џони ќе induced:

„Верувам за 5000 долари“, очигледно, бидејќи таму беше притисокот. Наместо тоа, Светиот Дух ми рече: „Прашај го дали ќе бидат доволни 12.000 долари за 30 дена?“ Така, го направив токму тоа. Го спречив да одговори и го прашав дали ќе бидат доволни 12.000 долари за 30 дена. Видов дена неговите очи широко се отворија кога ја кажав сумата за која Господ ми рече да го прашам. Знаев дека Џони никогаш во целиот свој живот не заработил 12.000 долари за 30 дена. Седеше таму кратко, а потоа рече дека може да верува за тоа со мене. Истото прашање ѝ го поставив и на Кенди, а таа исто така рече „да“. Така, ги здруживме рацете, ги положивме на тој чек и ја ослободивме нашата вера за 12.000 долари за 30 дена.

Три недели подоцна, добив повик од Џони. Тој беше многу возбуден. Во тој временски период Џони склучил три договори кои му донесоа заработка не од 12.000, туку од 17.000 долари. Тогаш навистина поверува во тоа што му го кажував.

За жал, два месеци подоцна, во една дождлива ноќ додека се враќал дома после еден состанок Џони изгубил контрола над својот автомобил. Автомобилот бил целосно уништен, но Џони ја преживеал несреќата, што само по себе било Божји чин. Меѓутоа, поради несреќата, Џони не можеше да работи бидејќи сѐ уште закрепнуваше. Во тој временски период, поради неисплатени рати, нивната куќа беше запленета и ставена на лицитација. Им беа потребни 10.000 долари за куќата да биде повлечена од продажба.

Меѓутоа, во тоа време, Џони и Кенди одлучија дека треба да се преселат во Охајо за да бидат поблизу до учењето за Царството кое им го менуваше животот. Така, тие ја огласија куќата за продажба иако знаеја дека имаат само еден месец до лицитацијата закажана од банката. Како што се приближуваше крајниот рок, немаше заинтересирани купувачи сѐ до неколку денови пред самата лицитација, кога еден човек покажал заинтересираност да ја купи куќата. Но, тој имал еден услов. Сакал да му даде на Џони капар од 10.000 долари за да ја чува куќата 30 дена, а во тој временски рок тој

планирал да склучи зделка од која планирал да го финансира купувањето. Џони беше шокиран.

Знаеше дека за куќата да биде повлечена од продажба, тие мораа да најдат купувач кој ќе плати во кеш бидејќи лицитацијата беше за само неколку дена. Тој човек му понудил на Џони чек од 10.000 долари на лице место, со план подоцна да ја комплетираат купопродажбата. Тоа беше точната сума што му требаше на Џони. Знаејќи дека тоа е од Бог, го прифатил чекот од 10.000 долари и го платил долгот за куќата. О, заборавив да ви кажам дека тие 10.000 долари не беа сметани во цената за куќата, односно беа бонус.

Така, Џони и Кенди се преселија во Охајо каде што живееја во изнајмен дом. Тие се вклучија во црквата Вера и Живот, а Џони продолжи во финансискиот бизнис со обновена енергија. Но сега имаа нов проблем. Имаа само еден автомобил, и истиот му требаше на Џони за да стигне на многуте состаноци со клиенти што ги имаше во текот на седмицата. Но, знаеја што треба да прават. Тие посеаја семе за нов автомобил и веруваа дека го добија кога се молеа според Марко 11:24. Тогаш се случи нешто многу необично.

Еден пријател од детството на Џони се јавил и ги кажал овие зборови. „Џони, дали некогаш ти вратив за велосипедот што ми го подари во шесто одделение?“ „Не“, одговорил Џони. Тогаш неговиот пријател му рекол: „Сега ќе ти вратам. Ќе ти купам БМВ“. Како деца, двете момчиња секогаш зборувале за автомобили и тој знаел дека Џони секогаш сакал БМВ. Пријателот останал доследен на зборот и му дал на Џони пари да си купи БМВ. Откако Џони ги добил парите, сепак, сфатил дека бидејќи сега има поголемо семејство БМВ не е автомобилот што навистина им треба. На крајот, тој и Кенди одлучиле да купат семеен теренец за Кенди, но исто така и помал автомобил за службените патувања на Џони, бидејќи малиот автомобил на Кенди што го возеа во тоа време беше стар и имаше проблеми. Така и се случи. Се сеќавам на ноќта кога Џони ми се јави. Возејќи кон салонот да го купат новиот теренец за Кенди, со солзи во очите ми кажа

колку е шокиран што за прв пат во животот ќе имаат два автомобили кои се целосно платени. Џони беше нова личност. Тој знаеше дека Бог може да направи сè.

Еден ден дојде во мојата канцеларија и ми рече дека не сака повеќе да живеат под кирија, и дека тој и Кенди сакаат да купат куќа со земјиште. Тие веќе гледале огласи. Јас знаев дека кредитоспособноста на Џони не е добра поради сообраќајната несреќа и го охрабрив да продолжат да изнајмуваат сè додека не ја подобрат својата финансиска состојба и кредитоспособност. Но, се чинеше дека Џони не обрнуваше многу внимание на моите зборови. Потоа ми кажа дека веќе видел куќа на продажба малку подолу на нашата улица, и дека сака да дознае повеќе детали за истата. Се разбира, бидејќи во тоа време имав хипотекарна компанија, знаев дека Џони никако не ги исполнува критериумите за кредит. Знаев и дека нема доволно кеш за да даде аванс за таква куќа.

Сепак, бев шокиран кога една недела подоцна тој се врати во мојата канцеларија со насмевка тврдејќи дека ја купил куќата со фарма. Знаев дека тоа е приказна што морам да ја слушнам. Се разбира, тој и Кенди посеале финансиско семе во Божјото дело како што беа поучени, верувајќи дека веќе примиле кога се молеле. Потоа Џони ми објасни што се случило. Тој пошол во банка да се распраша за условите за кредит, а менаџерот гледајќи го неговиот кредитен извештај му го рекол следново: „Џони, ти си во право за твојот кредитен потенцијал. Не си способен да купиш ништо“. Меѓутоа менаџерот рекол и нешто чудно. Тој го ставил кредитниот извештај на страна и му рекол: „Но, ми се допаѓаш. Ќе видам што можам да направам“.

За да ја скратам приказната, банката му одобрила 100% од сумата за куќата, му дозволиле да остане до крајот на договорот во куќата што ја изнајмуваа, односно уште четири месеци, му одобриле средства за надополнување на резервоарот со пропан, го платиле данок што го должеле за имот за земјиштето и му одобриле уште 5000 долари во кеш за да ја поправи пукнатината во бетонот на предниот трем. Седев таму зачуден слушајќи

го како зборува за Царството. Можев само да кажам „Неверојатно!“

Еден месец подоцна, Џони ми кажа дека посеал семе за трактор Форд. Ми кажа дека одлучил дека му треба трактор на неговиот нов имот и дека посеал многу специфично семе за син дизел трактор Форд. Повторно, бидејќи тој работеше кај мене и знаејќи ја цената на тракторите, знаев дека нема пари за таков трактор. Но, ете, неколку недели подоцна, гледајќи низ прозорецот од мојата куќа, го видов Џони како вози син дизел трактор Форд кон неговата фарма. Кога го прашав каде и како го добил тракторот, тој ми кажа дека една жена сосема случајно му пристапила во црква и го прашала дали знае некој кој можеби сака да купи трактор. Тие ја ликвидирале фармата на нејзините родители и затоа сакале да се ослободат од тракторот. Џони ѝ кажал дека е заинтересиран. Жената му кажала да не се грижи за парите и дека може да им плати кога ќе биде во можност бидејќи немале итна потреба од парите. И ете така тој го добил својот трактор.

Неговиот успех продолжи. Следниот месец заработи 72.000 долари. Ако го прашате Џони за причината на неговиот успех, тој ќе ви каже дека тоа плод на неговата дарежливост кон Бог и на разбирањето на законите на Царството.

Сѐ уште се сеќавам кога пред Божиќ седев со Џони и Кенди во нивниот дом во Џорџија додека тие имаа 5000 долари долг за месечните сметки и уште 5000 долари за следниот месец без никаков извор на финансии. За да им помогнам, едноставно морав да им помогнам да Го видат Бог низ маглата на околностите со кои се соочуваа. Им го покажав она за што зборуваме ние, 2 Коринтјаните 9:10-11.

*„А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сѐ да се збогатите за секаква дарежливост, која преку*

*нас предизвикува благодарност кон Бога.“*

—2 Коринтјаните 9:10-11

Павле вели дека Бог не само што ќе го обезбеди она што ви треба за да бидете дарежливи, туку ќе го обезбеди и лебот што ви треба за вашите потреби. Лебот се однесува на сè што ви треба лично во вашиот живот. Оттука, Тој ќе ја зголеми вашата способност да давате уште повеќе. Тоа значи дека ќе напредувате. Повторно, во што се состои стравот од давање? Во тоа дека ќе немате за вашите потреби. Но, овде Бог вели дека му дава семе на сејачот и леб за храна.

Сега, еве едно многу важно прашање. Дали тоа што го имате во раката е семе или храна? Знаете што? Тоа е ваш избор; тоа е ваше семе.

Таткото на мајка ми, дедо ми, цел живот бил земјоделец. Се сеќавам како младо момче си играв во количката во која тој го чуваше семето. Гледате, секоја година при жетвата дедо секогаш чуваше доволно семе за да ја наполни количката што ја чуваше во шталата. Таа количка беше семето што тој го чуваше за да го засади на пролет за родот следната година. Во текот на зимските месеци, дедо мораше да ја гледа таа голема количка полна со соја, знаејќи дека има избор да го продаде семето за некоја итна потреба или да го чува до пролетта кога знаеше дека ќе даде голема жетва. Имаше избор, но беше убеден во законите што го регулираат времето на сеење и жнеење, и со својот живот се потпираше на тие закони.

Џони и Кенди мораа да се соочат со истата одлука држејќи го чекот од 160 долари. Тие сигурно можеа да ги искористат парите за да покријат некоја неодложна потреба, но наместо тоа, знаеја дека дарежливоста кон Бог долгорочно ќе им даде поголема жетва. И тие беа во право.

*„Еден раздава штедро, и уште му се додава; а друг преку мера е скржав, и пак е сиромав.“*

—Изреки 11:24

## ЗАКОН ЗА ДАРЕЖЛИВОСТА

Исус кажа уште една парабола во Матеј 25 што мислам дека треба да ја погледнеме додека уште сме во ова поглавје.

> *„Зашто, Тој ќе постапи како човекот, кој тргнувајќи на пат, ги повика слугите свои и им го предаде својот имот; и на едниот му даде пет таланти, на другиот два, на третиот еден, секому според способноста негова; и веднаш замина. Оној што зеде пет таланти, отиде, ги употреби во работа и спечали други пет таланти; и исто така и оној што зеде два таланта, спечали други два; а оној, што доби еден талант, отиде и го закопа в земја и така ги сокри парите на својот господар.*
>
> *По долго време дојде господарот на тие слуги и побара да му поднесат сметка. И кога пристапи оној што беше примил пет таланти, донесе уште други пет и рече: ‚Господаре, ти ми предаде пет таланти; ете, сум спечалил уште пет.‘*
>
> *Господарот му рече: ‚Убаво, добар и верен слуго! Во малку беше верен, над многу ќе те поставам; сподели ја радоста со својот господар!‘*
>
> *Дојде, исто така, и оној што беше примил два таланта и рече: ‚Господаре, ти ми предаде два таланта, ете, со нив спечалив уште два.‘*
>
> *Господарот му рече: ‚Убаво, добар и верен слуго! Во малку беше верен, над многу ќе те поставам; сподели ја радоста со својот господар!‘*
>
> *Пристигна и оној што беше зел еден талант и рече: ‚Господаре, те знаев дека си жесток човек: жнееш каде што не си сеел, и собираш каде што не си веел, па се уплашив и отидов, и го сокрив твојот талант в земја; ете ти го твоето.‘*
>
> *А господарот му одговори и рече: ‚Зол и мрзлив слуго! Ако си знаел дека жнеам, каде што не сум сеел, и собирам каде што не сум садел, требаше моите пари да им ги дадеш на трговците, па кога ќе дојдам*

*да си го приберам своето со добивка; земете го од него талантот и дајте му го на оној што има десет таланти; зашто секому, што има, ќе му се даде и преумножи, а од оној, што нема, ќе му се одземе и она што го има; а лошиот слуга фрлете го во крајна темнина: таму ќе биде плач и крцкање со заби.'"*

—Матеј 25:14-30

Приказната е позната. Господарот го напушта градот и остава тројца слуги на чело. На еден му дава пет таланти злато; на друг му дава два таланти злато; а на трет му дава еден талант. Првите двајца веднаш се фаќаат за работа и ги удвојуваат талантите злато што ги имаат. Господарот им аплаудира за нивната работа. Но, јас сакам да разговараме за третиот слуга. Ајде внимателно да погледнеме што му кажува овој слуга на господарот кога дава сметка за тоа што направил со златото на господарот.

*„Пристигна и оној што беше зел еден талант и рече: ‚Господаре, те знаев дека си жесток човек: жнееш каде што не си сеел, и собираш каде што не си веел, па се уплашив и отидов, и го сокрив твојот талант в земја; ете ти го твоето.'"*

Обрнете внимание на првата реченица: *„Господаре, те знаев дека си жесток човек: жнееш каде што не си сеел"*. Што вели тој овде? Ќе ви кажам точно што вели. „Кој плаќа за семето? Ако жнеете таму каде што не сте посеале семе, па, некој сигурно го посеал тоа семе". Сега, господарот не го барал тоа од него бидејќи му дал пари за да купи семе. Но, така слугата гледаше на господарот, како на многу жесток човек. Во основа, неговиот став бил: „Јас немам никаква добивка од ова, и затоа не сум заинтересиран".

Поради неговата слика за господарот, тој во основа одбива да се вклучи. Тој се обидува да го скрие својот вистински презир кон господарот, наведувајќи дека мотивот да ги сокрие парите бил затоа што се плашел да не ги изгуби и затоа отишол и ги сокрил парите за да

ги зачува. Но, господарот го препознава неговиот блеф и вели дека ако навистина се грижел за господарот, барем ќе ги вложел парите во банка за да заработи од каматата. Не, слугата навистина не се плашел да не го изгуби златото. Се плашел колку ќе го чини да се активира.

Имал искривена и зла слика за господарот. Искривена затоа што всушност токму спротивното било точно. Господарот не бил жесток човек. Останатите двајца слуги биле наградени со унапредување и поканети да уживаат во имотот на господарот откако успешно работеле со парите на господарот. Овој слуга, поради неговата погрешна слика за господарот, избрал да не направи ништо.

И токму на ова нè учи религијата – дека Бог е тежок учител и дека нема никаква корист од работата со Него, па зошто да се вклучиме? Но, таквата слика за Бога е целосно изопачена и не е вистинита. Да се нарече Бог неправеден е зло. Бог е токму спротивното од тој приказ. Тој е добар и наградува.

Но, сега, сакам да укажам на една многу важна вистина што е наведена во оваа приказна. Внимавајте добро што прави господарот со златото што му го вратил злиот слуга.

> *„Земете го од него талантот и дајте му го на оној што има десет таланти; зашто секому, што има, ќе му се даде и преумножи, а од оној, што нема, ќе му се одземе и она што го има; а лошиот слуга фрлете го во крајна темнина: таму ќе биде плач и крцкање со заби.“*

Дали добро прочитав? Господарот го зел златото од безвредниот слуга и му го дал на тој што имал 10 таланти, а не на тој што имал 4? Не сум сигурен дека тоа е политички коректно, но тоа е Божјата мудрост. Слушнете МНОГУ ВНИМАТЕЛНО!

Бог ќе ги даде Своите големи идеи и задачи на оние Негови деца кои се грижат за она што е Негово и прво се

**БОГ ЌЕ ГИ ДАДЕ СВОИТЕ ГОЛЕМИ ИДЕИ И ЗАДАЧИ НА ОНИЕ НЕГОВИ ДЕЦА КОИ СЕ ГРИЖАТ ЗА ОНА ШТО Е НЕГОВО И ПРВО СЕ ДОКАЖАЛЕ ВЕРНИ ВО МАЛИТЕ РАБОТИ.**

докажале верни во малите работи. Господ не е глуп. Тој ќе ги вложи своите пари таму каде што ќе донесат најголем поврат.

Ве молам размислете за она што штотуку го кажав: „Бог ќе ги вложи Своите пари таму каде што ќе донесат најголем поврат!"

Секако, на Бог не Му е до парите, туку до луѓето. Кога сме верни да работиме трудољубиво со Него, Тој ќе нè унапреди и ќе нè облее со Неговите добри дарови. Да, Бог има омилени луѓе во смисла на тоа дека има луѓе на кои може да им довери различни задачи. Оние што биле верни ќе ја добијат Божјата доверба да се справат со поголеми и задачи со поголема награда за Него.

Забележете го ставот на двајцата слуги кои биле успешни. Тие веднаш отишле и ги вложиле парите на нивниот господар! Зошто веднаш? Затоа што знаеле дека тоа е можност, а не ропство. Толку многу од верници сметаат дека служењето на Бог е мака, должност што треба да се исполни, а не можност како што навистина и е.

Кога јас и Дренда го градевме Нау центарот, моравме да донесеме одлука. Бевме црква од само околу 500 луѓе кога решивме дека треба да изградиме постојан и поголем дом за нашето растечко црковно тело. Сакавме да собереме колку што можеме повеќе пари за проектот од 6 милиони долари. За нас во тоа време беше огромна сума на пари. Планот беше да се изгради основната инфраструктура за околу 4,2 милиони, а потоа да се додадат опремата и другите помали градби на кампусот во вредност од околу 2 милиони долари како што ќе дојдат парите.

Ова не беше наше прво искуство да бидеме дарежливи кон Божјите проекти, но во тоа време беше најголемото искуство во кое бевме вклучени. Меѓутоа, како и слугите во

приказната кои ја знаеја добрината на нивниот господар, ние веднаш сакавме да бидеме дел од собирањето пари и сакавме да дадеме на ниво кое ќе бара вера и послушност кон она што верувавме дека Бог ни го кажува. На денот кога како црква договоривме секое семејство да објави колку пари ќе посее за проектот, јас и Дренда рековме дека ќе дадеме 200.000 долари. Сега во тоа време ние немавме 200.000 долари. Но, имавме семе од околу 20.000 долари што требаше да го посееме за преостаната сума. Во минатото Господ ни покажуваше каде и како да пожнееме многу повеќе од тоа што ни било потребно. Откако го посејавме она што го имавме, почнавме да се молиме во Духот, чекајќи упатства и инструкции каде и како да ја зграпчиме преостанатата сума пари.

За да ја поставиме основата за тоа како Бог ги донесе потребните пари, треба да ви кажам дека имаме наша финансиска компанија повеќе од 30 години. Таа компанија работи со различни трговци и професионалци, како што ви спомнав претходно. Повеќето од поголемите трговци со кои работиме имаат годишни конвенции и собири за нивните клиенти.

Една година, нè поканија со Дренда да одиме во Лондон, Англија на нивната конвенција. Престојувавме во еден многу убав хотел во центарот на Лондон, и беше едноставно прекрасно, како што велат во Лондон. Компанијата организираше еден настан во друг дел од градот, а потпретседателката на компанијата нè покани да одиме заедно со такси на настанот, што со задоволство го прифативме. Потпретседателката, се разбира, ни се заблагодари за целиот промет што им го носевме, а потоа почна да ни кажува за новата бонус програма што ја почнуваа таа година. Таа ни објасни како тоа ќе функционира и ни кажа за структурата на бонусот што тие ќе го дадат на соработниците кои го препорачуваа нивниот производ.

Бев многу возбуден додека зборуваше бидејќи знаев дека правевме доволно промет за да се квалификуваме за бонусите за кои зборуваше. Потоа наеднаш, кога ја прашав за дополнителни детали, таа изјави дека

нашата компанија нема да се квалификува за бонус програмата поради структурата на нашиот однос со нивата компанија. Не можев да верувам. Зошто таа ми ги кажа сите тие детали и ме убеди во овој одличен план за на крај едноставно да ми ја одземе сета возбуда? И второ, не разбрав како е структуриран нашиот однос со нивната компанија за да не можеме да се квалификуваме за бонусот. Иако поставив дополнителни прашања, таа навистина не ми даде јасен одговор. Единственото нешто што со сигурност го знаев беше дека нема да можам да се квалификувам за бонусот; таа беше јасна во тоа.

Помина една година и прометот за таа година беше навистина добар, па ми текна да се јавам и повторно да се распрашам за бонусот. Меѓутоа, овој пат кога се јавив, не успеав да разговарам со неа, па кај нејзината асистентка оставив порака со моето прашање. Следниот ден, нејзината асистентка ми се јави и со строг глас ми рече дека потпретседателката веќе ми кажала минатата година дека не ги исполнуваме условите и дека таа не може да стори ништо за тоа. *Па, добро, си реков, барем се обидов.*

Сега, додека се молев за тоа каде да ги најдам тие 180.000 долари, слушнав како Светиот Дух ми вели повторно да се јавам на потпретседателката и да го побарам тој бонус. Ќе ви кажам дека не бев воодушевен што го слушнав тоа. По моето искуство кога ја прашав претходните две години, знаев каде стои по тоа прашање. Таа беше многу јасна. Така, одлучив да ѝ испратам мејл само за да ги испитам водите, на некој начин. Околу седум дена подоцна, го добив нејзиниот одговор во кој, на моја радост, беше наведено дека таа размислувала за моето барање и решила да го одобри бонусот за нашата компанија. Неверојатно, бонусот беше 200.000 долари! Сега, еве го најдобриот дел. Таа промена на договорот остана на сила во последните 14 години, и оттогаш ги добивам тие 200.000 долари секоја година. Гледате, Бог наградува! И има добивка од нашата дарежливост кон Божјите задачи.

Поминаа околу пет години и решивме дека како црква

треба да собереме повеќе пари за да завршиме неколку работи во црквата и да купиме опрема. Повторно, моравме да одлучиме колку сакаме да посееме кон тие проекти и решивме да дадеме 500.000 долари. Леле, тоа беа многу пари, но чувствувавме дека можеме да Му веруваме на Бога откако видовме што направи со тие 200.000 долари. Повторно, посеавме колку што можевме, што мислам дека беше 50.000 долари, и верувавме дека Светиот Дух ќе ни покаже каде и како да ги добиеме преостанатите 450.000 долари. Мислам дека можеби поминаа шест недели кога добив известување дека ќе има некакви промени во договорот во областа на начинот на кој ќе нè исплаќаат. Откако пресметавме земајќи ги во предвид измените, видовме дека ќе добиваме околу 630.000 долари повеќе во следните три години во споредба со претходно. Одлично, нели? Па, знаете што? Промената во договорот остана на сила во последните 11 години, а ние го добиваме тоа зголемување секоја година. Бог е Бог на добивка. Тој е добар и наградува.

**КОГА ВИЕ СЕ ГРИЖИТЕ ЗА БОЖЈИТЕ РАБОТИ, ТОЈ ЌЕ СЕ ПОГРИЖИ ЗА ВАШИТЕ.**

Да повторам уште еднаш. Кога вие се грижите за Божјите работи, Тој ќе се погрижи за вашите!

## ПОГЛАВЈЕ 13

# ЗАКОНОТ ЗА ПРОСЛАВУВАЊЕ

Се чини дека повеќето луѓе денес немаат многу причини за прославување, бидејќи се чини дека секој ден им е истата песна. И тоа е многу лошо, бидејќи животот треба да биде забава во која секој ден се слави Божјата добрина. Но, разбирам. Кога човек се бори само да преживее, не му е дојдено до славење. Но, славењето е дел од вашиот одговор, клучот до вашата слобода. Дозволете ми да го започнам нашиот разговор со едно прашање.

**Што прославувате?**

Прославата треба да биде дел од сè што правите и планирате да правите.

Да се вратиме на дискусијата што ја имавме претходно, каде што ви кажував за патувањата и бонусите што ги даваа партнерите на мојата финансиска компанија. Патувањата што ги нудеа беа прилично неверојатни, сместувањето беше во луксузни хотели во најегзотичните и најубавите места во светот, и секако, сè беше целосно платено. Знаете дека тие патувања ги чинат компаниите стотици илјади долари, па зошто го прават тоа? Се разбира, тие имаат свои производи и услуги што сакаат да ги претставуваат на јавноста, и тоа можат да го направат

преку интернет-страница или преку ТВ реклами. Но, според нивното искуство, тие осознале дека на луѓето им треба помош да разберат како функционираат нивните производи и услуги и затоа најдобро за компанијата е да ги обезбеди тие информации.

Во нивното истражување, тие откриле дека разговорот со вистинска личност се покажал како најефективен начин да се пренесе оваа информација до потрошувачот. Значи, овие компании ангажираат агенти за продажба да го прават токму тоа. Но, постојат стотици финансиски услуги и производи на пазарот, па како тие финансиски компании да ги инспирираат агентите за продажба да го нудат токму нивниот одреден производ или услуги? Постојат многу начини да се направи тоа.

Секако, најдобро е вашиот производ да биде најконкурентен или производ кој подобро ги задоволува потребите на потрошувачите од конкурентот. Повисоки провизии за агентите за продажба од конкурентите, исто така, е добар начин да ги инспирирате агентите да го продаваат нивниот производ. Но, конкуренцијата е жестока меѓу компаниите, и има многу големи компании со одлични производи, и сите тие би биле добри за клиентот. Затоа, како да ги инспирирате агентите за продажба да го изберат производот или услугата на вашата компанија за да го нудат на нивните клиенти? Ете затоа тие компании ги нудат таквите патувања на своите партнери.

Продажните претставници кои ги продаваат овие финансиски производи обично не се врзани со договор за продажба, што значи дека тие се слободни да ја изберат компанијата и производот што ќе го нудат на своите клиенти.

Значи, да претпоставиме дека има неколку одлични производи што имаат ист квалитет и имаат корист за вашиот клиент по приближно иста цена. Да претпоставиме дека повеќето од овие компании немаат програма за бонус патувања, но една има. И да речеме дека едната компанија што има програма за бонус патување обезбедува патување до Бора Бора за нивните

продажни претставници кои носат одреден профит за нив за таа година. Претпоставувајќи дека сè друго е еднакво, иста вредност и иста цена за клиентот, која компанија ќе ја изберете за вашиот клиент? Мислам дека одговорот на тоа прашање е лесен. Значи, иако другите компании имаат одлични производи по ист трошок како оној што сте го избрале за вашиот клиент, но сепак не сте ги избрале нив. Зошто не?

Ајде да анализираме како една компанија со стимулативна програма го добила бизнисот. Компанијата која го продава производот со стимулативната програма ја разбира човечката природа. Тие поставиле цел, а исто така одредиле и награда. Ве молам запишете го ова.

**Поставете ја целта и одредете ја наградата.**

Ајде сега да го смениме зборот награда со зборот прослава. Зошто? Затоа што зборот прослава носи повозбудлива и подетална слика за она што се обидувам да го пренесам.

**Поставете ја целта и одредете ја прославата.**

Факт е дека повеќето агенти за продажбата го надминуваат своето нормално темпо за да постигнат цел што ќе ги квалификува за некоја награда. Целиот мој живот сум во продажба и отсекогаш сакав да го достигнам нивото на производство што ќе ми овозможи да присуствувам на едно од тие неверојатни патувања или да добивам бонуси. Додека работев во текот на годината, секогаш се замислував себеси на патувањето за таа година. Замислував колку ќе биде добро да бидам таму. Таквата цел ме поттикнуваше да го надминам моето нормално удобно темпо и да бидам поактивен. Кога конечно пристигнав на конвенцијата на компанијата и ми беше чест да бидам таму и да добијам бонус чек, тоа беше одлично чувство. Не само што се квалификував за патувањето, туку имав и големо задоволство од она што успеав да го постигнам во таа деловна година.

Компанијата што го обезбедуваше стимулативното патување беше паметна. Тие не чекаа да се квалификувам за да ми кажат за патувањето. „Еј, оваа година навистина беше продуктивна. Ќе ве наградиме со патување до Бора

Бора". Не, тие не функционираа на тој начин. Тие ги известуваа своите партнери три или четири месеци пред да започне квалификациската година информирајќи ги детално за тоа како можат да се квалификуваат.

Зошто? За да можете да ја прилагодите вашата стратегија и процеси доколку е потребно, и да ја достигнете таа цел.

Ви ја кажав мојата приказна за тоа како Бог ме водеше да се вклучам во продажба после факултет и колку ми беше тешко. Бев многу срамежлив. Телефонските повици и разговори со луѓето беа надвор од мојата комфорна зона. Иако мразев да се јавувам, го сакав финансискиот бизнис како бизнис. Сакав да учам сè за финансиските производи и услуги, економијата и да бидам дел од кампањата за помош на луѓето. Но, беше тешко; Сакав да се откажам секој ден. Знам дека мислите, *Па, ако мразеше да го работиш тоа, тогаш зошто воопшто почна?*

За време на факултетот и веднаш по факултетот, работев во продавница за малопродажба каде што се продаваа прекривки за прозорци, како завеси и мини ролетни и разни видови подни облоги. Јас бев инсталатер на прозорци. Еден ден додека подготвував нарачка за инсталација, агентот за осигурување на газдата дојде да разговара со него за нешто поврзано со осигурувањето. Го слушнав нивниот разговор и чудно, бев фасциниран.

Набргу потоа, ми се јави еден човек кој никогаш не сум го сретнал и ми рече дека бара да вработи претставници за нова компанија во сферата на финансиите. Го добил моето име од некој што знаеше дека барам нешто ново. Тој ми кажа кога и каде ќе има состанок, и ако сум заинтересиран да дознаам повеќе да дојдам. Сакав да дознаам повеќе и затоа отидов на состанокот. Она што го научив на тој состанок беше фасцинантно и нешто внатре во мене ми велеше: *Да, сакам да го работам ова.* Но запомнете, јас бев повикан од Бог да го проповедам Неговото Слово. Што е со тоа?

Па, кога се случи ова, штотуку ја побарав Дренда за жена; и договоривме да одиме во Џорџија, од каде што беше таа. Веќе го запознав нејзиното семејство – бидејќи

еднаш тие дојдоа во Тулса - но ова беше прв пат јас да одам во Џорџија и сакав да ја побарам нејзината рака од татко ѝ.

Додека бев таму, планиравме да одиме во нејзината црква. Да бидам искрен, бев малку збунет во врска со понудата да работам во финансискиот бизнис. Нешто во мене многу сакаше да го работи тоа иако таквата работа ми се чинеше надвор од мојот карактер. По неделната утринска богослужба, една жена која јас не ја познавав, но Дренда сигурно ја познаваше, дојде до мене и ми рече дека има збор за мене. Таа ми рече: „Размислуваш за некоја понуда за работа. Господ ми покажа 10 точки во врска со таа позиција", и таа ми кажа сè што ќе правам на тоа работно место. Таа уште ми рече: „Треба да ја прифатиш работата, бидејќи е од Господ".

Така, ја прифатив позицијата и почнав да се обучувам. Беше толку лудо. Имав силна желба да го научам ова поле и да работам со клиенти, но во исто време бев многу плашлив и имав страв да разговарам со луѓе. Беше вистинска битка за мене да истапам напред. Но, тој пророчки збор што го примив во таа црква ми потврди дека работата е од Бог, и знаев дека тоа е насоката по која треба да одам, иако тоа не ми правеше никаква смисла.

Така, јас и Дренда бевме во брак и живеевме строго од провизии. Леле, тоа беше борба. Во првата година, компанијата за која работев нудеше стимулативно патување во Бока Ратон, Флорида. Фактот дека тие воопшто ја имаа таа конвенција не ми го ни привлече вниманието. Никогаш не сум патувал и никогаш порано не сум бил во одморалиште. И како сосема нов во бизнисот, мислев дека нема шанси да се квалификувам. Бидејќи животот ме научи да кажам „не" пред да кажам „да", затоа и го отфрлив тоа како невозможна мисија за мене. Освен тоа, веќе имав доволно проблеми и стрес борејќи се да заработам доволно пари за да ги платам сметките.

Но, Дренда имаше сосема поинаков поглед на животот. Таа била претседател на нејзиниот клас од 500 студенти сите четири години во средно училиште. Имала највисоки оцени и била прва во својата генерација. Таа исто така

била уредник на училишното списание. Во тоа време бевме целосно различни кога беше во прашање поттикот и амбициите.

Кога Дренда ја виде рекламата за ова патување, се возбуди многу и рече: „Одиме!" Не се согласив, велејќи дека нема шанси да одиме на тоа патување бидејќи нивото на потребниот промет беше превисоко. Но, таа не попушташе. Ме тераше да го гледам промо видеото на компанијата секој ден, а исто така стави брошура за патувањето на моето биро. На почетокот видеото не ме интересираше. Но, нејзината страст конечно ме натера да размислувам за тоа. Така, пресметав колкав профит треба да донесеме на нашите партнери до крајот на целата кампања за да се квалификуваме, и заклучив дека тоа е невозможно, но и дека не треба целосно да се откажувам.

Како што ближевме до последните два месеци, сè уште не ги исполнувавме критериумите, но на мое изненадување не бевме толку далеку колку што мислев дека ќе бидеме во тој период. Додека разговаравме за ситуацијата, Дренда ми рече дека ќе добие лиценца за да може да ми помогне. Поминувајќи го целиот процес на лиценцирање, остана уште еден месец да го исполниме критериумот. Таа се сретна со неколку семејства што ги познававме и склучи неколку договори, и заедно со она што јас веќе го постигнав бевме близу до целта.

Дојдовме до последниот ден од временскиот рок, а нам ни недостасуваа уште два договори за да се квалификуваме. И јас и Дренда имавме договорени средби со потенцијални клиенти таа вечер. Требаше да се сретнеме во канцеларијата на Карго Експрес за да ја испратиме целата документација на време со цел да стигне во седиштето на компанијата следното утро. Само така ќе ги исполнивме условите. Канцеларијата на Карго Експрес затвораше во 23:00 часот, а јас стигнав таму само неколку минути пред затворањето, надевајќи се дека Дренда веќе ќе биде таму, но таа не беше таму. Сега, тоа беше пред времето на мобилните телефони, и затоа немав начин да се јавам за да дознаам каде е. Знаев дека нејзиниот состанок беше договорен за 19:00 часот, и таа

одамна веќе требаше да биде завршена и да ме чека пред каргото.

Како што отчукуваше часовникот кон 23:00 часот, или времето за затворање, станав загрижен, не само за случајот туку и за неа. Службеникот ми рече дека мора да затворат точно во 23:00 часот за да ги однесат сите пакети на време до аеродромот. На две минути до 23:00 часот, Дренда пристигна летајќи на паркингот и влезе низ вратата пред да тие да затворат. Набрзина ги пополнивме сите потребни формулари и му ги дадовме на службеникот. Бевме толку возбудени што отидовме во еден локални ресторан што работи доцна во ноќта да се напиеме кока кола. Зошто само две кока коли? Затоа што само толку пари имавме со нас. Но УСПЕАВМЕ! Се квалификувавме бесплатно да одиме на тоа неверојатно патување. За мене тоа беше прв пат да одам во одморалиште и прв пат да седам и да вечерам на бели чаршафи. На тоа патување искусив уште многу други работи за прв пат.

Мојот живот буквално се промени, а мојата визија за нашите животи никогаш не беше иста поради тоа патување. Затоа реков дека зборот награда го менувам во славење во мојата изјава погоре. Тоа навистина беше прослава каква што никогаш претходно не сум доживеал. Но, како стигнавме таму? Се разбира, Бог работеше со нас, но стимулот, ветената прослава, нè мотивираше да се надминеме себеси.

**ЗАПОМНЕТЕ, ПОСТАВЕТЕ ЈА ЦЕЛТА И ОДРЕДЕТЕ ЈА ПРОСЛАВАТА.**

О, посакувам да ја доживеете радоста на славењето што ја доживеав јас таа недела. И знаете што? Верувам дека можете! Затоа запомнете, поставете ја целта и одредете ја прославата.

Сепак, повеќето компании не работат така. Тие даваат бонуси што се врзани за годините на стаж. Каков стимул дава тоа? Сакате да прославите што некој вработен ги поминал годините во вашата компанија? Дали поради тоа ги ангажиравте, да работат долго време кај вас? Или ги ангажиравте да ја завршат работата? Запомнете, сакате

да прославите јасна цел што ќе го оправда ангажирањето на таа личност за работата. Дали само вложувањето време ги плаќа сметките? Сигурен сум дека веќе дознавте дека го прави токму спротивното.

Некои компании даваат покачувања врз основа на тоа како работникот работи во текот на годината, што звучи одлично. Нивната грешка е во тоа што немаат одредено конкретна награда што се заснова на мерливи показатели и што немаат јасно дефинирана прослава за тие што ќе ја остварат нормата во одредена временска рамка. Се разбира, тоа треба да биде пренесено на работникот пред да започне вистинскиот временски период, а не на крајот или на средината.

Потоа забележувам дека други компании даваат автоматски покачувања врз основа на тековните податоци за трошоците на животот од владата на САД. Тоа е добро за одржување или задржување на вашите вработени, но не служи како мотивација. Никогаш нема да го мотивирате работникот со тоа што само ќе му понудите начин да ги плаќа своите сметки. Поставете цели за вашите тимови, и на крај заокружете го процесот со една голема прослава.

Во раните денови на нашата црква, мислам дека имавме околу 500 луѓе, и им кажавме на луѓето од персоналот дека кога ќе стигнеме до бројка од 1600 луѓе на неделните богослужби, ќе ги однесеме сите на Хаваи. Ја задржавме таа цел пред нив, и токму тоа го направивме. Кога дојдовме до 1600 членови на црквата, ги однесовме сите луѓе што беа во полн работен однос во црквата на Хаваи на една недела. Имавме навистина прекрасно патување.

Но, гледајќи наназад, требаше да поставам помали, поостварливи цели на патот со помали прослави. Јазот од 500 до 1600 беше преголем за да се покрие во временскиот период на кој се надевав, а многумина се откажаа предвреме. Има уметност во поставувањето цели – доволно луѓето да бидат мотивирани, но не превисоки па да бидат прогласени за невозможни. Запомнете, малите цели водат кон големи победи.

## ЗАКОНОТ ЗА ПРОСЛАВУВАЊЕ

**МАЛИТЕ ЦЕЛИ ВОДАТ КОН ГОЛЕМИ ПОБЕДИ.**

Кога првпат започнав со продажба, во нашата канцеларија имаше голема табла со името на секој претставник за продажба и прометот што го оствариле секоја недела. Нашите состаноци секогаш мотивираа и секој месец даравме маици за да ги препознаеме најдобрите. Нема да ми верувате колку тие претставници се бореа за маиците! Увидов дека на повеќето од нив признанието им значеше повеќе отколку парите.

Открив дека луѓето сакаат да се натпреваруваат; сакаат да победат. Тие само сакаат јасна насока и инструкции. МОРА ДА ИМА НАГРАДА! Луѓето треба да знаат дека ако се борат следува награда и прослава.

Иако разбирам зошто повеќето компании плаќаат преку систем на плати, силно предлагам да го преиспитате вашиот систем на плати. Бог нè создал да бидеме креативни и ни дал имагинација. Најдобро функционираме знаејќи дека имаме неограничена иднина. Ако ги вклучите луѓето од вашиот тим да работат кон целите, вие ја користите нивната имагинација и креативност. Ќе откриете дека одговорите што цело време сте ги барале се кај нив, но мора да научите како да ги извадите тие одговори од нив. Каква мотивација има човек што работи за плата да оди подалеку од платата? Дали треба да ги мотивираме луѓето на база на страв? Ако не си продуктивен, утре можеби нема да бидеш овде? Или треба да биде: „Еј, направи го ова, а ние ќе те наградиме со ова“?

Платите не се мотивација сама по себе. Размислете за тоа; вашиот работник знае дека ќе ја добие својата нормална плата без разлика дали ќе се потруди или не. На крајот, тие ќе се запрашат зошто да се потрудат повеќе кога тоа не им ја менува платата. Ако успорат или забрзаат, нема разлика. Овој систем нема да работи! Така, работодавачот мисли, *Добро, ќе ја зголемам платата на оваа личност. Тоа ќе ја мотивира да работи понапорно и да преземе поголема одговорност.* Погрешно. Сè

уште не функционирате на систем на награда. Откако луѓето ќе добијат некоја позиција, тие го поставуваат своето темпо на ниво на управување, вршејќи ја својата позиција со менталитет на процесирање. Менталитетот на процесирање гледа на она што е кажано да се направи, што мора да се направи.

**НЕ САКАТЕ ВАШИОТ ТИМ ДА ИМА МЕНТАЛИТЕТ НА ПРОЦЕСИРАЊЕ!**

Сакате тимот да работи со менталитет на претприемач. Ниту еден претприемач не сонува да започне свој бизнис само за да може да има работа. Не, тие го започнуваат својот бизнис за да имаат неограничена иднина. Тие вложуваат време да го започнат бизнисот затоа што се мотивирани од наградата за слобода и просперитет. Второ, тој што започнува сопствен бизнис не бара полесен живот. Знам, бидејќи како претприемач, работам повеќе часови отколку што некој би ми платил. Зошто? Затоа што имам визија и страст за тоа што го работам. Мојата иднина не е само да поминам осум часа на работа; ова е тоа што сакам да го правам. Ова сум јас и го сакам тоа.

Работодавците што ги познавам зборуваат за тоа колку е тешко да се најдат луѓе кои ја работат својата работа како тие да се газди. Ми велат дека сите изгледаат како да имаат наемнички став. Се согласувам, и причината зошто вашите вработени се однесуваат како наемници е затоа што ги плаќате како да се наемници. Сега, пак, не зборувам за сумата што им ја плаќате. Реков како ги плаќате. Обично им се дава плата без тие да имаат сопственост или профит од она што го градат. Колку е тоа обесхрабрувачки?

Еве го тажниот дел: Бидејќи тие не можат да учествуваат во профитот од она што го градат со вас, тие се зад сцената, зад вашиот грб, и го планираат своето бегство кон слободата. Креативноста што тие толку копнеат да ја ослободат во себе ја користат после работните часови размислувајќи како да го изградат својот бизнис, а не вашиот. На крајот, тие ќе си заминат. Тажно е што тие ментално веќе си заминале долго пред да го напуштат вашето работното место. Значи, ако сакате

да изградите нешто што ќе трае, мора да им дозволите на вашите вработени да учествуваат во радоста, прославата за она што е постигнато. Нешто што им користи и ги наградува за нивниот труд и визија. Ако не го правите тоа, едноставно ја обучувате вашата конкуренција. Значи, да се потсетиме што кажавме на почетокот.

Поставете ја целта, и одредете ја прославата, наградата.

Последна работа: не можете да надувате дупнат балон, без разлика колку се трудите. Дозволете ми да ви покажам еден од моите омилени стихови, а потоа ќе објаснам што мислам.

> *„Благословувај Го, душо моја, Господа, и целата моја внатрешност да го благословува Неговото свето име! Благословувај Го, душо моја, Господа и не заборавај ги сите Негови добрини, на Оној, Кој ги очистува сите твои беззаконија, Кој ги исцелува сите твои болести; Кој го избавува од пропаст твојот живот, Кој те овенчува со милост и со добрини. Кој го исполнува со добра животот твој, како на орел ти ја обновува твојата младост.“*
>
> —Псалми 103:1-5

Забележете дека пишува кога животот е исполнет со добра тоа ја обновува твојата сила! Вие не сте единствените во вашиот тим што имаат желби. Воспоставување систем на компензација што ги наградува вашите вработени за она што го прават – наместо само некаде во канцеларијата да биде напишано нивното име – целосно ќе го заживее вашиот тим и вашата иднина. Не е погрешно да давате плати сѐ додека нудите систем кој исплаќа бонуси, или делење на профитот, или некој систем на плаќање што ги наградува луѓето врз основа на она што го направиле, а не на она што требало да го направат. Мора да постои детална цел и структура за наградување што ќе им биде соопштена на сите. Времето на прославување ја обновува вашата и нивната сила! Тоа ве мотивира вас и вашиот тим да сакате да го направите тоа повторно. Тие утврдуваат дека вреди да се стремат кон наградата. Меѓутоа, трудот

без награда го прави токму спротивното, како што се гледа во секоја држава што го испробала социјализмот.

Да ја земеме за пример Венецуела, нација која некогаш беше најбогатата во Јужна Америка. Неверојатно, Венецуела има најголеми познати резерви на нафта во светот, повеќе од Саудиска Арабија, но сепак во основа е банкротирана држава. Дозволете ми да цитирам дел од една статија што неодамна ја прочитав, а која јасно покажува што се случува кога целосно ќе ја отстраните идејата за награда за трудот во една држава.

> *Кога Хуго Чавез беше избран за претседател, една од неговите први активности беше да започне со национализација на земјоделскиот сектор, наводно со цел да ја намали сиромаштијата и нееднаквоста со тоа што ќе земе од богатите земјопоседници за да им даде на сиромашните работници. Од 1999 до 2016 година, неговиот режим одземал повеќе од 6 милиони хектари земјиште од вистински сопственици.*
>
> *Национализацијата го уништи производството во погодените индустрии затоа што ниту една влада нема капацитет да води илјадници бизниси ефикасно. Наместо тоа, владините функционери се присилени преку стимулации да ги задоволат гласачите со ниски цени за производите и ангажирање повеќе работници отколку што е потребно, дури и кога тоа е погрешна економска одлука.*
>
> *Како што и предвидуваше теоријата на економијата, со зголемувањето на државната контрола врз земјоделската индустрија, производството на храна во Венецуела падна за 75% за две децении, додека населението во земјата се зголеми за 33%. Ова беше рецепт за недостиг и економска катастрофа. По земјоделството, режимот ја национализираше струјата, водата, нафтата, банките, супермаркетите,*

*градежништвото и другите клучни сектори. И во сите овие сектори, владата ги зголеми платите и даваше производи по ниска цена, што резултираше со повеќедневни прекини на струја низ целата земја, чести прекини на водоснабдувањето, пад на производството на нафта и банкротирани државни претпријатија.*[1]

Работата без награда не промовира продуктивност, туку токму спротивното. Господ го знае ова. Така Тој нè создал – не само да работиме, туку и да уживаме во плодот на нашиот труд. Дури и Исус го разбрал принципот на поставување на цели, а потоа одредување на прославата.

*„Давајте и ќе ви се даде: мерка добра, набиена, натресена и преполна ќе ви дадат в пазуви; зашто со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери.“*
—Лука 6:38

Забележете колку време е посветено на објаснување на резултатот од давањето. Бог можел едноставно да каже: „Јас сум Бог. ДАВАЈТЕ!“ Не, тоа не би функционирало. Тогаш луѓето ќе Го презираат Бога и Тој не би се разликувал од социјалистичките влади што ги гледаме во светот. Бог би бил тежок учител.

Павле го разбрал истиот принцип.

*„Ова, пак, ви го велам: кој така скржаво сее, така скржаво ќе жнее; а кој богато сее, богато и ќе жнее. Секој да дава како што одлучил во срцето, а не со жал или принуда; зашто Бог го љуби оној што од срце дава.*

*А Бог може изобилно да ве дарува со секаков дар, секогаш да имате доволно за сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело. Како што е напишано: „Раздаде, им даде на сиромашните; правдата Негова*

---

[1] Даниел Ди Мартино, „Како социјализмот ја уништи Венецуела“, https://economics21.org, 21 март 2019 година

*останува вечна.“*

*А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.“*

—2 Коринтјаните 9:6-11

Повторно, гледаме дека целта е јасно поставена заедно со наградата или прославата исто така јасно поставена. Повторно, гледаме дека е посветено повеќе време во објаснување на деталите за наградата и прославата отколку за давање. Ако тоа е системот што Бог го користи со нас, мислам дека ќе ни биде подобро ако го користиме истиот систем за сите оние кои работат за нас во било кој капацитет.

Повторно, прво поставете ја целта, а потоа одредете ја прославата, каква ќе биде наградата ако целта се исполни на време како што е наведено. Им давате слобода сами да одредат како да ја остварат мисијата. Не го микроменаџирајте нивниот процес. Ќе ве изненадат и вас и самите себе.

Реков дека ќе ви кажам што мислев со обидот да надувам дупнат балон. Тоа е невозможно. Реков дека е невозможно, нели? За жал, така функционираат многу водачи. Наместо да ги залепат дупките, тие мислат дека ако само се трудат повеќе и вложат повеќе пари, сè ќе биде добро. Но, се разбира, дознаваат дека тоа не е вистина. Затоа застанете и поправете го системот. Ангажирање нови луѓе или вложување повеќе пари во балонот нема го да решат проблемот. Луѓето и парите само ќе се изгубат во истите дисфункции што направиле да си заминат луѓето што работеле претходно. Можете да го решите проблемот; Господ ќе ви помогне.

Закон за прославување – секој сака забава!

# ЗАКЛУЧОК

Се надевам дека уживавте во оваа книга, но уште поважно, се надевам дека содржината ви зборуваше, ве охрабри и ќе ви помогне да напредувате во сопствениот живот и занимање. Како што кажав во почетокот на оваа книга, има многу други закони за забрзување за кои може да се пишува. Но, тоа се оние што ги видов во мојот сон, оние за кои Светиот Дух ми рече да ги научам и да ги спроведам ако сакам да ги достигнам целите што Господ ги има за мојот живот.

Како заклучок, сакам да споменам два други закони, кои се повисоки од сите закони што ги споменав во оваа книга. Тие се:

> *„А Исус му одговори: ‚Возљуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сиот свој разум', тоа е прва и најголема заповед; а втората е слична на неа: ‚Возљуби го својот ближен како себеси!' На тие две заповеди се држат целиот Закон и Пророците."*
>
> —Матеј 22:37-40

# ВЕРА ДОДАТОК

Што е вера?

Верата е поим што во христијанските кругови често пати се зема здраво за готово. И јас сум убеден дека многумина, ако не и мнозинството, не знаат што е вера, зошто ни е потребна, како да знаат дали се во верата и како да најдат вера. Ако верата е прекинувачот што ја излекувал жената во Матеј 9:20-22, како што тврди Исус, тогаш треба многу внимателно да ја разгледаме верата! Нашата дефиниција за верата ја наоѓаме во Римјаните 4:18-21. О, знам што мислите, *Не, Гери. Евреите 11:1 е нашата дефиниција за верата.*

> *„А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа.“*
>
> — Евреите 11:1

Да, тоа е традиционалниот одговор, но доколку внимателно го прочитате тој стих, Евреите 11:1 ни ги кажува придобивките од верата, а не што е всушност верата. Верувам дека нашиот стих во Римјаните ќе ни даде многу јасна слика за тоа што всушност е верата.

*„Авраам, без никаква основа за надеж, поверува со надеж дека ќе стане татко на многу народи, според реченото: „Такво ќе биде твоето потомство.“ И откако не ослабна верата негова, тој не помисли дека телото негово е веќе безживотно, зашто беше речиси стогодишен, и дека утробата Сарина е речиси веќе безживотна; и во ветувањето Божјо не се посомнева со неверие, туку остана со цврста вера и Го прослави Бога, наполно уверен дека Тој е силен да го изврши она што го ветил.“*

—Римјаните 4:18-21

Ајде да ја разгледаме позадината на оваа приказна. Авраам и Сара не можеле да имаат деца. Не мислам на тоа дека тие се обидувале, но не можеле да имаат деца и дека требало само да продолжат да се обидуваат. Мислам на тоа дека тие имале речиси 100 години, и за нив биолошки повеќе немало шанси за деца. Нивните тела не можеле да имаат деца; тоа било невозможно! Сепак, Бог на Авраам му ветил дете, иако природно тоа било сосема невозможно. Библијата вели дека Авраам бил целосно убеден дека Бог има моќ да го направи она што го ветил, и покрај природните факти кои укажувале на поинаква реалност.

***„А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа.“ — Евреите 11:1***

Еве ја нашата дефиниција за верата: „Да се биде целосно убеден дека Бог има моќ да го изврши она што го ветил“. Јас тоа го кажувам вака: **Да се биде во согласност со Небото**, не само ментално туку во потполна убеденост, нашите срца се смирени и целосно се уверени во она што Бог го рекол, иако гледано од човечка перспектива за тоа нема никакви изгледи.

**Нашата дефиниција за тоа што е вера:** Верата е

целосна убеденост во она што го вели Бог! Согласност на нашите умови и срца со Небото. Потполно уверени, сигурни, и мирни срца.

**Зошто е потребна вера?**

Зошто Бог не може кога и да посака да ги излечи сите болни? Зошто Тој не може да ги запре војните? Зошто Тој не може да испрати ангели да ни го проповедаат Евангелието? Сигурен сум дека некогаш сте ги слушнале сите овие прашања. Одговорот е дека Тој не може. Не е дека Бог нема способност да го стори тоа. Тој нема јурисдикција или овластување да го стори тоа. „Гери, сакаш ли да кажеш дека Бог не може да направи сѐ што сака?“ Знам дека во овој момент ова ви звучи навистина чудно, но ајде да погледнеме во Библијата за да го најдеме нашиот одговор на ова прашање.

> *Туку, напротив – некој посведочил зборувајќи:*
> *„Што е човекот да мислиш на него, синот човечки, та да се грижиш за него? Си го направил за кратко малку подолен од ангелите, но со слава и чест си го овенчал и си го поставил над делата од Твоите раце; сѐ си потчинил под нозете негови.“*
> *А кога сѐ му потчини, ништо не му остави непотчинето; но сега уште не гледаме дека сѐ му е потчинето.“*
>
> —Евреите 2:6-8

Можеме да видиме од овој пасус дека Бог му дал на човекот целосна правна јурисдикција над целата земја. Немало ништо што не било под негова јурисдикција. Тој владеел на земјата со апсолутна власт и авторитет. Неговата способност да владее со авторитет била поддржана од власта што го поставила овде. Во суштина, тој владеел со делегирана власт на Царството Божјо. Тој ја носел круната на таа власт, која ја претставувала славата Божја, помазанието и почесната положба што ја имал.

За да добиете добра слика за ова, да земеме во предвид

некој цар. Иако тој е само човек и нема вистинска моќ во своето природно битие, тој носи круна што означува дека стои како претставник не само за себе, туку и за целото царство и власт. Неговите зборови имаат авторитет само затоа што се поткрепени со целата моќ и природни ресурси на власта и царството што тој ги претставува.

Исто така, еден сообраќаен полицаец кој го насочува сообраќајот може да запре огромен камион со приколка: „Застани во името на законот“. Да, камионот е многу поголем од сообраќаецот, а сообраќаецот сам по себе не може да се спореди со силата на камионот, но камионот застанува. Застанува не поради сообраќаецот, туку поради значката што ја носи тој, која претставува власт. Во овој случај, власта е многу поголема од човекот што ја носи значката. Камионџијата не се плаши од човекот, но се плаши од власта која човекот ја претставува, и затоа тој застанува со каминот.

Истото важи и во овој случај. Адам владеел над целата земја. Божјата моќ и власт, претставени со круната на славата и честа, му дале на човекот уверување дека неговите зборови владеат во име на Божјото Царство.

Многу е важно да се забележи дека кога Адам ја изгубил својата способност да владее со земјата со тоа што извршил предавство против Божјата власт, тој ја изгубил својата круна. Земното царство станало инфицирано и променето. Смртта влегла на земјата, а сатаната добил авторитет и законско право да влијае врз работите на луѓето. Неопходно е да разберете и дека човекот е сè уште легален владетел над земното царство, бидејќи Бог го поставил на таа позиција, но тој сега нема овластување да владее духовно како некогаш. Сепак, дури и во неговата падната состојба, тој сè уште е задолжен за земјата. Да, тој повеќе ја нема својата круна на Божјата власт како

**ЗАТОА БОГ МОРА ДА КОРИСТИ ЛУЃЕ ИСПОЛНЕТИ СО ДУХОТ ЗА ДА ЈА ОСТВАРИ НЕГОВАТА ВОЛЈА ВО ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО.**

поддршка. Тој нема овластување да владее со Божјата сила и слава; ја изгубил почесната положба. Но тој сѐ уште е единствената легална врата до земното царство. Затоа Бог мора да користи луѓе исполнети со Духот за да ја оствари Неговата волја во животот на луѓето.

На ист начин, сатаната користи луѓе инспирирани од демоните за да влијае на земјата со цел да се исполнат неговите намери за луѓето. Овој принцип за надлежноста на човекот над земјата е од витално значење за вашето разбирање на законот за Царството, и штом ќе го разберете, ќе одговори на многу прашања што може да ги имате во иднина за тоа зошто некои работи се случуваат или зошто некои работи не се случиле или не се случуваат духовно.

Може да речете: „Но јас мислев дека Господова е земјата и сѐ што е на неа?" Точно, сѐ е Негово. Се надевам дека овој пример ќе ви помогне да разберете што сакам да кажам. Кога ќе ви изнајмам дом што легално е мој, иако е мој јас повеќе немам легално право да дојдам во тој дом кога и да посакам. Постои клаузула во повеќето договори за закуп што одредува кога сопствениците можат законски да влезат во изнајмени простории – за на пример, да се реши некој итен случај или да се поправи нешто – и во тие договори прецизно стои колку претходно сопственикот треба да го најави своето доаѓање. Ако се обидам да влезам во домот надвор од овој договор, тоа ќе се смета за кршење и влегување, дури и ако сум сопственик на имотот. Доколку го прекршам договорот за закуп, легално може да бидам отстранет од тој имот иако јас сум сопственикот. Оваа илустрација ни покажува зошто сатана можел само преку Адам да добие пристап до земното царство. Само Адам го имал клучот! Сатаната морал да помине низ вратата, а Адам бил таа врата. Ако сатаната се обидел да го заобиколи авторитетот на Адам, тој законски би бил принуден да излезе.

*Потоа ѓаволот Го одведе на една висока планина и му ги покажа за миг сите царства во светот. И Му рече ѓаволот: „Тебе ќе Ти ја дадам сета оваа власт*

*и нивната слава, зашто мене ми е предадена, и ја давам кому што сакам. Ако ми се поклониш, сето тоа ќе биде Твое.“*

—Лука 4:5-7

Во овој стих можете да видите дека сатаната тврди дека власта и раскошот (богатството) на царствата на луѓето му биле дадени. Кој му ја дал оваа власт? Оној што ја имал, Адам! Затоа Бог не може само да интервенира во работите на луѓето без да помине низ законскиот влез. Ако го стори тоа, сатаната ќе се жали дека законот не се почитува. Не. Бог морал да помина низ истата врата низ која поминал сатаната за да ја одземе власта од човекот и да ја воспостави својата, а таа врата бил човек. Но, дали имало таков човек?

*И му рече Господ на Аврам: „Излези од својата земја, и од родот свој, и од домот на татко си, па појди во земјата што ќе ти ја покажам Јас! А од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам, и името твое ќе го прославам и ти ќе бидеш благословен. Ќе ги благословам оние, што тебе ќе те благословуваат, и ќе ги проколнам оние, што тебе ќе те проколнуваат и преку тебе ќе бидат благословени сите народи на земјата.“*

—Создавање 12:1-3

Авраам е наречен татко на нашата вера затоа што тој е човекот што на Бог Му ја отворил вратата на земното царство со што подоцна ќе бидат благословени сите народи на земјата. Се разбира, кога овој стих зборува за благословот на народите, зборува за Исус Христос, кој подоцна ќе направи пат Божјата власт повторно да има легален пристап на земјата преку верата на Авраам.

Верата на Авраам отворила легална врата за Небото, што Бог трајно ја отворил со склучување правен договор (завет) со Авраам и неговото потомство или наследници.

Дозволете ми да го парафразирам она што сакам да

го кажам. Небесната власт може да добие пристап на земјата само преку некој маж или жена на земјата бидејќи само тие имаат законска јурисдикција овде. Таа законитост може да се постигне само ако еден маж или жена се целосно убедени во своето срце во она што го вели Бог (вера).

***„Затоа, верата доаѓа од слушањето на пораката, а пораката – од Божјото слово.“ —Римјаните 10:17***

Уште еден начин да се каже ова е дека небото може легално да влијае само на оние луѓе на земјата кои сакаат и избираат да бидат под Божјиот авторитет и власт. Тоа е истиот принцип што преку Адам го искористил сатаната за да се здобие со пристап на Земјата. Тој го убедил Адам дека на Бог не може да Му се верува и така направил јаз меѓу Бог и човекот. Така, Адам избрал да му верува на сатаната и го отфрлил Божјиот авторитет.

Истиот овој принцип Бог подоцна преку Авраам ќе го употреби за да ја врати Својата власт и авторитет овде на земјата. Авраам Му верувал на Бог, а неговиот договор Бог го сметал за праведност, што значи дека бараниот правен договор бил обезбеден. Овој договор на двете страни, Бог и Авраам, Му дозволил на Бог да склучи правен договор (завет) со кој се обезбедил легален пристап на Небото овде на земјата, НО од витално значење е да се забележи дека овој договор важи само за Авраам и неговите наследници. Знак на овој завет им бил даден на сите наследници на Авраам, а тоа било обрежувањето. Обрежување е отсекување на кожичката од машкиот пенис. Кога семето на еден маж влегувало во жената, тоа семе морало да помине низ тој обрежан пенис, процес што пред сатаната и самите родители носел порака дека ова дете стоело пред Небото како наследник на тој правен договор меѓу Бог и Авраам.

Меѓутоа, како што прочитавме претходно, иако тој договор бил <u>достапен</u> за секој маж и жена, за тие да ги уживаат благодатите од договорот тие морале да ги

исполнат законските обврски од тој договор со тоа што ќе бидат целосно сигурни во Божјиот збор. Во суштина, како со електричната енергија, заветот преку кабли и жици стигнувал до нивните домови, но сепак тие морале да го вклучат прекинувачот со тоа што лично ќе верувале и постапувале според Божјото Слово.

Во ред, сега знаеме што е верата и зошто истата е законски потребна. Сега е многу важно да дознаеме како да добиеме вера и како да знаеме дека сме во верата или дека имаме вера.

**Како добиваме вера?**

Еве го одговорот: Не можете да се молите за вера. Дали сте изненадени? Претпоставив дека ќе бидете.

> *„Затоа, верата доаѓа од слушањето на пораката, а пораката – од Божјото слово.“*
>
> —Римјаните 10:17

Како доаѓа верата од слушањето на Божјото Слово? Дали е тоа сѐ? Каков е процесот? Дали само слушањето на Словото е сѐ што е потребно за да се развие верата во човечкиот дух? За да разбереме како доаѓа верата и за што зборува Римјаните 10:17, можеме да погледнеме во поглавје Марко 4. Оваа тема е толку важна што не смее да се пропушти! Во Марко 4:13 Исус вели дека ако не разберете што поучува во тоа поглавје, нема да можете да разберете ниту една друга парабола во Библијата. За мене тоа е многу важно!

Зошто е ова поглавје толку важно? Важно е затоа што ни кажува како Небото се поврзува со земното царство, како добива законитост и каде се случува тоа. Нема ништо поважно за вашиот живот од тоа да знаете за што зборува целото ова поглавје. „Како функционира Божјото Царство?“, може да прашате. Прочитајте го четвртото поглавје од Марко! Во ова поглавје, Исус ни кажува три параболи во врска со тоа како се создава верата во човечкиот дух, што, како што знаете сега, е услов за Небото легално да дејствува на земјата.

# ВЕРА ДОДАТОК

Трите приказни во ова поглавје се параболата за сејачот, параболата за човекот што фрла семе и приказната за синаповото семе.

Ајде прво да ја погледнеме втората приказна што ја раскажува Исус во Марко 4, приказната за човекот што фрла семе.

> *Па рече: „Царството Божјо прилега на човек што фрлил семе в земја, па спие, и станува ноќе и дење; а како никнува и како расте семето, тој не знае. Зашто земјата сама од себе донесува плод, најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно зрно во класот. А кога ќе узрее плодот, веднаш испраќа срп, зашто дошло времето за жетва.“*
>
> —Марко 4:26-29

Пред да го разгледаме овој пасус, ајде прво да ги дефинираме нашите поими. Што е семето за кое зборува Исус, и што е земјата? Исус всушност ги дефинира тие термини во претходната парабола за сејачот во истото поглавје. Семето е Словото Божјо, а земјата е срцето на човекот или духот на човекот. Така, во оваа парабола, користејќи ја дефиницијата на Исус за тие два збора, би рекле дека Исус вели дека човек го фрла Божјото семе во своето срце. Тогаш само по себе почвата или срцето на човекот почнува да произведува вера (договор со Небото) во земното царство.

Пред да продолжиме, важно е да се сетите која е нашата дефиниција за верата: срце кое е целосно убедено во она што го кажува Небото. Овој пасус вели дека иако човекот не знае како функционира процесот, Словото што било посеано во неговото срце почнува да расте и да создава согласност само по себе. Тоа се случува кога човек спие и кога е буден; не е важно, процесот продолжува. Кога човекот го чува Словото во своето срце, полека неговото срце се согласува со она што го кажува Небото и се создава вера.

Нашиот стих во Марко 4 ни кажува дека срцето создава

согласност преку процес. Приказната ни кажува дека на почетокот кога нашето срце го прима Словото, верата почнува да се формира. Исус ја споредува таа фаза со никулец. Никулецот потоа продолжува да расте и станува стебленце. На крајот, се формира главата на стебленцето, но дури и во оваа доцна фаза, нема плод, нема договор и нема промена во природното царство. Потоа Исус вели дека процесот продолжува сè додека главата не созрее и произведе зрело жито. Кога процесот ќе стигне до таа точка, кога зрелото семе е во главата, постои согласност и вера, дозволувајќи им на мажот или жената да го соберат на земјата плодот што Небото го посеало во срцето на човекот.

Сега обрнете внимание. Да разгледаме што всушност се случило. Небото го посеало Божјото Слово на земјата или земното царство, во срцето на секој маж или жена каде што е потребен договор. Во тоа време, срцето на човекот сè уште не е во согласност со Небото, но во срцето почнува да се одвива процес што го доведува срцето, само по себе, во согласност со она што е посеано. Исус користи одлична илустрација за да ни го покаже овој процес. Споредувајќи го овој процес со земјоделец кој сее семе и како растението созрева, Исус ни дава слика за тоа како изгледа верата. Во природното царство, кога семето во класјето е зрело, ќе изгледа **ТОЧНО** како семето што било посеано во земјата. Да повторам.

**Кога семето што е во класјето на растението ќе созрее, ќе изгледа точно — ТОЧНО — како семето што било посеано во земјата.**

Засадете пченка и зрелото семе ќе биде исто како семето што сте го засадиле. Тие се исти, изгледаат исто и имаат ист вкус. Не можете да препознаете разликата помеѓу двете; тие се идентични. Дозволете ми да го парафразирам она што Исус го кажува. Кога го слушаме Словото (Римјаните 10:17), ние всушност го расфрламе Божјото Слово во нашиот духовен човек, нашето срце. Ако го чуваме тоа Слово во нашето срце, истото ќе созрее; и кога ќе биде зрело, сликите во нашето срце (земното царство) ќе одговараат на она што го кажува Небото.

# ВЕРА ДОДАТОК

Со други зборови, можеме да кажеме дека кога сеете некое ветување од Небото во вашето срце, тоа полека ќе произведе доверба во она што Бог го кажал само по себе. На крајот, вашето срце ќе биде целосно убедено во она што го кажува Небото и ќе има согласност. На пример, ако се соочувате со болест, околностите во вашето тело ви зборуваат дека сте болни. Додека го сеете Божјото Слово кое вели дека Бог ја платил цената за вашето исцелување преку она што го направил Исус, вашето срце полека почнува да биде сигурно во она што Бог го кажува само по себе.

Кога тој збор ќе созрее во вашето срце, довербата дека сте исцелени станува она во што **вие** верувате и исповедате. Веќе не го цитирате само она што го вели Небото. Сега вашето срце е цврсто убедено. Кога велите, „Исцелен сум", тоа не е формула што ја цитирате; туку, нешто во што вие верувате и знаете дека е факт. Она што го кажува Небото сега е ваша сопствена перцепција за реалноста.

Еве зошто Евреите 11:1 вели:

> *„А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа."*

Кога имаме вера постои натприродно уверување за тоа што го вели Небото, но сепак има уште еден чекор во процесот.

Човекот мора да го употреби својот срп за да ја собере жетвата, да го внесе во својот живот она во што е сигурен во своето срце.

> *„А кога ќе узрее плодот, **веднаш испраќа срп**, зашто дошло времето за жетва."*
>
> —Марко 4:29

Забележете дека иако срцето е во согласност со Небото, а Небесната реалност е станата реалност за мажот или жената, сѐ уште не се случила вистинска промена во

физичкиот свет. Бидејќи човекот е оној кој природно има надлежност овде на земјата, тој исто така мора да го ослободи тој Небесен авторитет овде на земјата. Бог не може да го стори тоа без маж или жена. Можам да ви го покажам ова во многу познатиот стих што го дискутиравме претходно.

> *„Бидејќи со срцето се верува за* ***оправдание****, а со устата се* ***исповеда*** *за спасение.“*
>
> —Римјаните 10:10

Со срце човекот верува во Словото, создавајќи вера и се оправдува. Оправдан е правен термин што значи примена на правото. Значи, кога срцето на човекот е во согласност со Небото, и неговото срце е целосно убедено во она што го кажува Небото, тој е оправдан. Сега Небото има легално право да интервенира во неговиот живот, во земното царство. Но, самото оправдувањето не ја ослободува Божјата сила. Во една куќа има струја до и преку разводната кутија, но има уште еден чекор – вклучување на прекинувачот за да се пушти струјата, а потоа светлата се палат. Зошто? Затоа што, како што се истакнува во Римјаните 10:10, има уште еден чекор откако ќе бидете оправдани.

Секој маж или жена што стои оправдано пред Небото и земјата мора да го признае или да постапи според тој договор за всушност да ја ослободи моќта и помазанието од Бог на земјата. Ве молам прочитајте го тој стих повеќе пати додека целосно не разберете што сакам да кажам. Еве како функционира! Еве како Небото добива законитост во земното царство – срцето е местото каде што Небото се поврзува со земното царство, а потоа нашите зборови и постапки се прекинувачите што всушност ја ослободуваат Небесната моќ. Ве молам повторно обрнете внимание на вториот дел од тој стих: Ние сме тие што мора да го ослободиме Небесниот авторитет овде на земјата.

Концептот на Небото што чека поединецот да, пред сè, обезбеди законитост и, второ, јурисдикција овде на земјата може да се види преку она што Исус го поучува во

Матеј 16:19 и Матеј 18:18.

> *„И ќе ти ги дадам клучевите од Небесното царство, и што ќе сврзеш на земјата, ќе биде сврзано на Небесата; а што ќе разврзеш на земјата, ќе биде разврзано и на Небесата.“*
>
> —Матеј 16:19

> *„Вистина ви велам: сè што ќе сврзете на земјата, ќе биде сврзано и на Небото; и сè што ќе разврзете на земјата, ќе биде разврзано и на Небото.“*
>
> —Матеј 18:18

Исус наведува во Матеј 16:19 дека клучевите (авторитетот) на Царството Небесно ќе ги даде на црквата овде на земјата. Тој вели дека што и да врзете на земјата, Небото ќе го поддржи, а што и да ослободите на земјата, Небото ќе го поддржи. Повторно, ќе земеме за пример еден полицаец; тој има авторитет, но власта ја има моќта. Полицаецот го има клучот или авторитетот на власта, бидејќи положил заклетва ќе биде агент на таа влада. Она што го кажува тој е поддржано од власта. Запомнете, луѓето имаат правна јурисдикција овде, и затоа само луѓето можат да му дадат на Небото правна јурисдикција овде.

**ЕВЕ КАКО НЕБОТО ДОБИВА ЗАКОНИТОСТ ВО ЗЕМНОТО ЦАРСТВО - СРЦЕТО Е МЕСТОТО КАДЕ ШТО НЕБОТО СЕ ПОВРЗУВА СО ЗЕМНОТО ЦАРСТВО, А ПОТОА НАШИТЕ ЗБОРОВИ И ПОСТАПКИ СЕ ПРЕКИНУВАЧИТЕ ШТО ВСУШНОСТ ЈА ОСЛОБОДУВААТ НЕБЕСНАТА МОЌ.**

Има уште една многу важна вистина што треба да ја знаете за верата. Дозволете ми за момент повторно да се повикам на нашиот стих од Марко 4.

> *„Зашто* ***земјата*** *сама од себе* ***донесува плод****, најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно зрно во класот.“*
>
> —Марко 4:28

Запомнете, Исус кажува дека почвата спомната во оваа парабола го претставува срцето на човекот или човечкиот дух, како што споменав претходно. Забележете каде се создава верата; дали тоа ве изненадува? Верата не е производ на Небото, како што веруваат повеќето луѓе, таа се создава овде во земното царство и е производ на вашето срце. Не можете да се молите или да барате од Бога повеќе вера. Верата не е потребна на Небото. Нема да ни треба договор на Небото. Не, таквиот договор е потребен само овде на земјата и може да се случи само во срцата на мажите и жените на земјата. Како што учи параболата во Марко 4, постои само еден начин да се постигне тоа – со ставање на Божјото Слово во вашето срце и оставајќи простор на процесот на договорот. Значи, ако ми треба вера, што би направил? Би го расејал Божјото Слово во моето срце и би го оставил да расте додека не се создаде вера. Само така доаѓа.

Пред да го оставиме Марко 4, сакам повторно да зборувам за споменатиот срп.

> *„А кога ќе узрее плодот,* ***веднаш испраќа срп****, зашто дошло времето за жетва.“*
>
> —Марко 4:29

Верувам дека поголемиот дел од црковниот свет не бил научен како да го користи српот, што значи дека не биле научени како да го пожнејат она што им треба. Црквата генерално е подучена како да дава, но не и како да го одгледува и пожнее семето што го посејала. Исус е многу специфичен во овој стих, велејќи дека кога жетвата на нашата вера е достапна, НИЕ мора да испратиме срп. И покрај тоа што можеби успешно сме го ослободиле

нашето семе со вера, ако не знаеме како да го користиме српот, нема да има жетва. Искрено, јас не знаев ништо за ова додека Господ не почна да ме учи како функционира Царството. Дозволете ми да ви дадам неколку примери за ова.

Бев поканет да зборувам во една црква во Атланта. Богослужбата беше во среда навечер, а црквата не беше толку голема, но тоа не ми сметаше. Сакав само да ги поучувам луѓето за Царството. Кога стигнав пред црквата, ми беше чудно што вратите беа заклучени и немаше никој. Имаше десет минути до почетокот на богослужбата. Стоејќи таму слушнав навистина гласен автомобил зад мене; звучеше како воопшто да нема пригушувач. Кога погледнав, видов стар истрошен, расипан пикап како се паркира во уличката зад црквата. Не мислев ништо за тоа; на крајот од краиштата, бев во центарот на Атланта. Додека чекав, еден човек дојде од зад зградата и се претстави како пасторот на црквата. Се извини што доцни, но имал проблеми да го стартува автомобилот. Тој ми рече дека морал да го стартува пикапот на туркање. Ми кажа дека многупати автомобилот не стартувал воопшто, и дека тогаш мора да пешачи осум километри до црквата.

Додека ми раскажуваше за неговата црква, ми рече дека иако е пастор на црквата, главната функција на црквата била да ги храни луѓето од внатрешноста на градот. Снабдувале повеќе од 10.000 оброци месечно на таа локација.

Додека пасторот зборуваше, почнав да се вознемирувам. Пред мене стоеше Божји човек кој храни 10.000 луѓе месечно, а нема добар автомобил? Тој беше единствената слика за Бог што многу од оние луѓе што добивале храна некогаш ќе ја видат. Ако видат како едвај преживува, морајќи да пешачи до црквата осум километри на летен ден кога е 30 степени, каква доверба би имале дека Бог може да им помогне? Можев да се погрижам за тоа. Имав прилично нов автомобил со поминати 36.000 километри што можев да му го дадам. Му кажав за мојот план и дека ќе испратам еден од моите помошници во Атланта

со автомобилот. Тој, се разбира, беше воодушевен. Таа ноќ ја поминав учејќи го него и неговата мала црква за Царството Божјо и како тоа функционира во однос на парите.

Кога отидов дома, договорив автомобилот со возење да стигне во Атланта. Кога мојот помошник дојде кај мене дома да го земе автомобилот, знаев дека правам духовна трансакција на Небото. Знаев дека кога го пуштив тој автомобил во Божјото Царство, можев да Му верувам на Бог за возило што ќе ми треба и мене. Јас не сум голем љубител на автомобили, што значи дека навистина не сум многу по автомобилите. Некои луѓе се, но јас не сум. За мене автомобилот е само алатка. Се разбира, сакам да имам убав автомобил, но обично ги возам додека не треба да се заменат.

Кога пристигна мојот асистент, влегов во мојата гаража, ги положив рацете на автомобилот и реков: „Татко, го пуштам овој автомобил за работата на Твојата служба, и додека го пуштам овој автомобил, ми се враќа автомобил...“ се двоумев. Знам колку е специфично Божјото Царство и знаев дека само зборот „автомобил“ не е доволен. Знаев и дека морам да бидам конкретен и дека јас и Дренда треба да се договориме за специфичноста на она што го добивме. Додека стоев така на половина на реченицата, сфатив и дека немам поим каков автомобил сакам. Така почнав одново: „Господи, денес го пуштам овој автомобил во Твојата служба и верувам дека добивам навистина убав автомобил додека сеам, но ќе мора дополнително да Ти го кажам моделот и типот кога ќе одлучам за тоа“. Тоа беше тоа; автомобилот го немаше. Навистина немав автомобил на ум за да можам да кажам: „Да, го сакам ТОЈ автомобил“.

Поминаа неколку месеци. Се разбира, Дренда се согласи да ја дадеме колата и, како и јас, немаше поим каков автомобил сака. Во текот на следните два месеци, разговаравме за автомобили, и конечно еден ден таа рече: „Знаеш, мислам дека би сакала да имаме кабриолет“. Се согласив и ѝ реков дека мислам дека тоа би било забавно, но каков кабриолет? Повторно, не ни знаевме

кои произведувачи на автомобили прават кабриолети.

Но, еден ден додека одевме на ручек, мојата сопруга одеднаш рече: „Тоа е тоа!“ „Што е?“, прашав. „Тоа е тоа“, рече таа додека покажуваше кон паркингот на ресторанот во кој влеговме. „Што е?“, прашав. „Тој автомобил, сакам таков автомобил!“ Потоа видов убав кабриолет на другата страна од паркингот. „Ајде да видиме каков е“, реков. Така се упативме до кабриолетот и се паркиравме позади него. Па, не е ни чудо што ни се допадна. Беше тоа БМВ 645Ci, убав кабриолет, и многу скап. Да бидам искрен со вас, кога го видов тој автомобил, си помислив, Добро, Господи, покажи ни што да правиме. Знаев дека нема да платам 115.000 долари за ново БМВ, но знаев и дека Бог може да направи неверојатни работи. Јас и Дренда никому не кажавме за колата, ниту спомнавме дека бараме кола.

Околу две недели подоцна, ни се јави братот на Дренда и ни рече: „Го најдов автомобилот за Дренда!“ „Што значи тоа?“, реков. Тој одговори: „Го видов овој автомобил на продажба, и одеднаш почувствував дека ова треба да биде автомобилот на Дренда; и дека треба да ви кажам за тоа“. „Каков автомобил е тоа?“, прашав. „БМВ 645Ci, совршен автомобил. Мислам навистина совршен. Стар само неколку години, има мала километража и без гребнатинка. Освен тоа, го познавате човекот што го продава“. „Да?“, реков. „Да. Тој рече дека може да му се јавите“. Секако, кога ми ја кажа марката и моделот на автомобилот, знаејќи дека токму за тој автомобил зборувавме со Дренда само неколку недели претходно, знаев дека Бог нешто смислил.

Му се јавив на човекот кој го поседуваше автомобилот. Да, навистина го познавав, и разговарајќи малку за автомобилот тој ми кажа дека истиот е во одлична состојба. И потоа ми ги кажа овие зборови. „Знаеш, цело ова време додека зборуваме на телефон, навистина чувствувам дека овој автомобилот треба да биде на Дренда“. Јас не ни му спомнав дека ја гледам колата за Дренда. Човекот продолжи и рече: „Еве што ќе направиме. Ќе ти го продадам за 28.000 долари“. Не можев да поверувам во тоа што го слушнав. Автомобилот вредеше

многу повеќе. Кога ѝ кажав на Дренда за тоа, таа беше многу воодушевена. Автомобилот го плативме во готово и го возиме и денес. Сè уште работи и изгледа одлично. Сè уште нема ни гребнатинка на него, а сме се возеле доста во тој автомобил, со дигнат кров, под топлината на сонцето, со гласна музика.

Нашето омилено патување со тој извонреден кабриолет беше низ планините Колорадо, носејќи ја нашата опрема за кампување во багажникот. Нашата ќерка Кирстен беше со нас на тоа патување, и се сеќавам дека возев низ Канзас на I-70 во текот на ноќта со кренат кров. Кирстен лежеше и спиеше на задните седишта додека возев. Ѕвездите блескаа силно над нашите глави, а патот беше празен, освен можеби по некој камион. Тоа беше една од оние совршени ноќи каде што воздухот беше пријатен и животот беше прекрасен. Следните две недели ги поминавме возејќи низ Карпестите планини и искусив колку е добар тој автомобил. Еден збор може да го опише – прекрасен!

Но, овде е клучното прашање. Како дојде тој автомобил овде? Зошто беше истиот модел на автомобил за кој Дренда рече: „Тоа е тоа!"? Знаев дека Божјото Царство го донесе тој автомобил во нашите животи. Знаев дека кога го посеав нашиот автомобил на тој пастор, постапив според тој духовен закон. Се сеќавам дека реков дека ќе добијам автомобил, не џип, не СУВ, туку автомобил. Се сеќавам дека кажав убав автомобил. Но, јас и Дренда моравме да го ставиме српот. Тој автомобил немаше да се појави додека не рековме: „Тоа е тоа!" Иако имав вера кога го посеав автомобилот, не го ставивме српот додека Дренда не рече: „Тоа е тоа".

Се случи уште нешто што го демонстрира овој принцип на уште поголем начин. Како што реков, сакам да ловам. Живеам во предел што е добар за ловење и благословен сум што поседувам сопствено ловечко земјиште. На моите над 55 хектари, имам околу 20 хектари шума и околу 10 до 12 хектари мочуриште. Секоја година ловам елени и верверички со голем успех. Наоколу секогаш летаат патки и гуски, но поради некоја причина, никогаш

не размислував да ги ловам. О, еднаш или двапати низ годините сум бил со моите синови до мочуриштето и уловивме неколку гуски за вечера. Но, во суштина не ловевме патки.

Пред неколку години додека гледав десетици и десетици патки како летаат кон мочуриштето, одлучив да пробам да ловам патки. Леле, беше навистина возбудливо! Многу ми се допадна. За време на есенскиот лов на патки, открив дека сериозно морам да работам на стрелањето во патки. Успеав да уловам неколку и открив дека и тие се многу добри за јадење. Забележав дека многу пати патките беа надвор од дометот или на работ од дострелот на мојата пушка, што верував дека придонесе за некои мои промашувања. Ја користев мојата обична, универзална пушка што ја користев за секаков лов, од зајаци до елени, модел ремингтон 11-87. Немојте да ме разберете погрешно, тоа е одлична пушка и многу ми се допаѓа. Но, имав слушнато дека има нови модели на пушки наменети само за лов на патки. Тие беа камуфлирани и имаа магацин за магнум муниција од три и пол инчи, што знаев дека ќе помогне при стрелањето на далечни цели. Планирав да направам поголемо истражување на тие пушки пред да започне следната сезона на патки.

Сезоната на патки заврши, беше јануари, а јас бев во една продавница за опрема за лов, риболов, и кампување и сакав да прошетам низ делот за пушки за да видам како изгледаат тие нови пушки за птици. Кога дојдов до делот за пушки, видов дека имаат цел дел само за пушки наменети за лов на патки. Погледнав неколку и размислував да купам една што ми се допадна, но чинеше 2000 долари, а имаше уште неколку месеци до сезоната за лов на патки. Ќе почекам, си помислив. Но, направив нешто необично пред да заминам. Навистина не знаев што правам кога го направив тоа. Едноставно го направив тоа без размислување. Покажав кон пушката што ја сакав и гласно реков. „Ќе ја имам таа пушка, во името на Исус“. Повторно, не размислував многу за тоа; Само прокламирав дека ќе ја имам таа пушка. Моето срце имаше јасна слика за пушката што ја сакав.

Бев поканет да зборувам на една деловна конференција неколку недели подоцна, и таму се случи нешто што ми го привлече вниманието. Откако зборував, сопственикот на компанијата дојде и ми рече дека сакаат да ми дадат подарок како благодарност за моето доаѓање. Тој рече: „Знаевме дека сакаш да ловиш, па ти ја купивме оваа пушка“. Бев во шок кога извадија сосема нова, бенели, полуавтоматска пушка за патки, токму како онаа што ја посочив во продавницата! Дали го гледате ова? Како се појави токму таа пушка? Низ годините имам подарено многу пушки, но никогаш не го искористив српот. Со други зборови, ги посеав тие пушки во вера и великодушност, но никогаш не го ставив српот. Никогаш немав кажано: „Господи, тоа е тоа! Таа пушка ја сакам“. Но, во моментот кога го направив тоа, се појави жетва!

Му ја раскажував приказната за пушката на еден мој пријател-колега служител. Тој рече: „Да, мислам дека Бог понекогаш го прави тоа. Тој едноставно ќе те благослови со посебен мал подарок за да ти покаже дека те љуби“. Додека размислував за тоа што го рече, сфатив: „Не, тоа не е точно. Да, Бог ме љуби, но Тој не сака само да ме изненади со некој мал подарок“. Автомобилот и пушката дојдоа не затоа што Бог сакаше да ми покаже дека ме љуби. Тој ми покажа дека ме љуби кога Го испрати Исус за мене и ми го даде Царството!

**БОГ САКАШЕ ДА МИ ПОКАЖЕ ДЕКА МЕ ЉУБИ. ТОЈ МИ ПОКАЖА КОГА ГО ИСПРАТИ ИСУС ЗА МЕНЕ И МИ ГО ДАДЕ ЦАРСТВОТО!**

Со години говорам дека црквата има направено прилично добра работа во поучувањето за дарежливоста, но ужасна работа во поучивањето на луѓето како да жнеат. Значи, можете ли да кажете што е српот од претходните приказни? Се надевам дека е очигледно! Српот се нашите зборови!

*„Смртта и животот му се потчинети на јазикот,*

*и оние што го владеат, ќе вкусат од плодовите негови.“*

—Изреки 18:21

Едно време мислам дека црквата учеше многу за нашата исповед. Сум бил со луѓе, а можеби и вие, што би кажале нешто, а потоа покривајќи ја устата велат: „Треба да внимавам што исповедам“. Тоа звучи како благородна задача и се согласувам дека ќе ви помогне да го задржите Словото во вашето срце. Меѓутоа, внимавањето на вашата исповед навистина нема никаква врска со српот. Што? Но, мислам дека само што рече дека српот се наши зборови. Да, така кажав, но применувајќи го тоа само како некоја формула не е клучот само по себе.

*„Зашто, вистина ви велам ако некој ѝ* ***рече*** *на оваа планина: ‚Дигни се и фрли се в море!‘ и не се посомнева во срцето свое, туку* ***поврува*** *дека ќе биде како што* ***рекол****, ќе му се исполни, што и да каже.“*

—Марко 11:23

Повторно, српот во Марко 4 се вашите зборови! Пред Марко да го каже делот за српот, тој веќе го објаснил процесот на верата и како да стекнеме со вера. Пишува кога семето е зрело, го ставате српот затоа што дојдена е жетвата. Жетвата е дојдена затоа што сте во верата, се согласувате со Небото во вашето срце. Горенаведениот стих во Марко 11 го потврдува истиот принцип. Вашето срце верува во Словото, потоа исповедате и го ослободувате Небесниот авторитет. Но, забележете ја фразата: *„Поверува дека ќе биде како што рекол“*. Тестот на верата е ако верувате во она што го кажувате. Самото кажување или исповедање на Словото Божјо не е вера сама по себе. Ако вашето срце не е во согласност со Небото, можете да се исповедате цел ден и пак нема да се случи. Значи, дали треба да внимавате на вашата исповед или вашето срце?

*„Добриот човек од добрата ризница на своето срце*

*изнесува добро, а лошиот човек од лошата лошо, зашто неговата уста го зборува она со што му е исполнето срцето.“*

—Лука 6:45

*„Од сѐ, што е за пазење, најмногу чувај го срцето свое, зашто од него се изворите на животот. Отфрли ја од себе лажливоста на устата, и лукавството на јазикот од себе оддалечи го.“*

—Изреки 4:23-24

Јасно можеме да видиме дека она што го кажуваме произлегува од нашите срца и од она во што веруваме. Следејќи го процесот во Марко 4, знаеме како всушност да го промениме она во што веруваат нашите срца и да ги усогласиме со Небото и во верата. Потоа, кога сме целосно убедени, го ставаме српот со нашите зборови и постапки.

Разбравте? Одлично, да продолжиме понатаму.

Додека ја продолжуваме нашата дискусија за верата, сакам да поставам едно прашање на кое мора да бидете во можност да одговорите.

**Како да знам дали навистина имам вера?**

Тоа е големо прашање и **мора** да го знаете одговорот бидејќи е невозможно да се моли молитва со вера без претходно да имате вера. Постојат многу начини да знаете дали имате вера или не, многу симптоми што треба да ги знаете и да ги барате. Може да донесете многу лоши одлуки засновани на страв кога не сте во верата. Одлуките засновани на страв секогаш ќе ве држат заложници на земното проклетство и ќе ве направат да го пропуштите она што Бог го сака за вас.

Значи, кој е доказот за верата? Првиот знак е лесен; можете да погледнете назад на нашата дефиниција за верата и да разберете дека да се биде целосно убеден во вашето срце е вистински клуч. Но, многу пати мислиме дека сме убедени, но само во нашите умови се согласуваме со Словото, а не и со нашите срца. Треба да можете да ја

знаете разликата. Кога сте целосно убедени, се разбира, постои ментална согласност со она што го кажува Словото, но исто така и знаење дека сте сигурни, доверба што носи мир и очекување.

> *„А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа.“*
>
> —Евреите 11:1

Ако имате докази дека имате нешто, дали сепак некој ќе треба да ве уверува дека навистина го имате тоа? Се разбира не. Повторно, кога сте во верата односно кога имате вера, постои знаење, мир и увереност дека го имате она што го вели Божјото Слово, иако можеби сѐ уште не го гледате. Многу луѓе го велат тоа вака: „Знам дека знам дека знам дека го имам тоа“, Ова знаење е одвнатре, а не од она што ви го кажуваат околностите. Тоа е во вашиот духовен човек или вашето срце. Нема повеќе страв, нема досадни мисли на грижи кои го бомбардираат вашиот ум; знаете дека е завршена работа.

Еден друг аспект на верата е радоста и очекувањето. Вашиот одговор е тука. Го имате! Верата е повеќе од чувство на мир или самодоверба, иако и тоа ќе го имате. Треба да бидете способни и духовно да ја браните својата позиција. Кога го велам тоа, замислете си судница во која вие сте адвокат кој го испитува сведокот. Зошто верувате во она што го верувате за вашата ситуација? Како би ја одбраниле својата позиција? Има само еден одговор, Словото Божјо.

На пример, ако некој дојде во вашата куќа и рече: „Еј, излези од мојата куќа“, дали ќе речете: „Ох, извини; дај ни еден ден, ќе се отселиме.“? Не, нема; веројатно ќе се насмеете. Ако човекот рече: „Не, ова е моја куќа; излези или ќе те видам на суд“, твојот одговор би бил: „Со задоволство ќе се видиме на суд!“ На рочиштето мирно би му ја покажале на судијата вашата имотна листа. Тој би ја погледнал и веднаш ќе нареди да биде уапсен човекот за малтретирање и ќе го натера да ги плати сите судски трошоци. Во случајов вашата доверба не се темели на тоа

како се чувствувате и вашите емоции, туку, напротив, врз законот и фактот дека сте законски сопственик на куќата.

***„А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа.“ —Евреите 11:1***

Кога станува збор за тоа да се има вера, сум открил дека многу пати луѓето што не разбираат што е тоа вера лесно ја мешаат својата самодоверба во нивните дела со нивниот извор на вера – Божјото Слово. Лесно може да се помеша формулата или дејствување според Божјото Слово со вистинската моќ на Царството, која доаѓа од срце кое е цврсто убедено. На пример, ако сте посеале пари во Божјото Царство, а јас ве прашам зошто верувате дека ќе добиете возврат за тоа што сте го дале, вашиот одговор не треба да биде: „Бидејќи на таков и таков датум дадов одредена сума пари“. Таа исповед ја гледа само вашата постапка, формулата, и нема никаква сигурност. Вашата сигурност може да дојде само од Словото Божјо.

Не можам да го избројам бројот на луѓе со кои сум се молел и кои после кога ќе ги прашам зошто веруваат дека ќе го примат тоа за што сме се молеле, само зјапаат во мене без одговор. Кога прашувам очекувам да кажат нивната вера, нивната согласност со Небото. Сакам да ги слушнам како велат: „Знам дека ќе добијам затоа што Бог ми вети во таа и таа книга од Библијата и во тој и тој стих дека веќе сум добил“. Доколку не можат да се повикаат на некој стих веројатноста е дека не се закотвени и навистина немаат поим каде оди нивниот брод.

Запомнете, верата може да постои само кога ја знаете волјата Божја. Зошто? Затоа што верата може да постои само кога вашето срце е во согласност со волјата Божја. Верувам дека многу луѓе мислат дека имаат вера, но немаат. Повторно, нивните умови може да се согласат дека Словото Божјо е вистинито и добро, но вера

постои само кога нивните срца се целосно убедени. За многумина, нивните умови се согласуваат со Божјото Слово, но нивните срца сè уште не се убедени.

Еве една добра илустрација за она што го зборувам, илустрација за која верувам дека ќе ни помогне да видиме дека многумина не се во вера иако мислат дека се. Што ако ви кажам дека неодамна дознав дека небото не е сино, како што тврдат луѓето, туку дека сината боја, како што ја нарекуваат, е всушност жолта боја? Со други зборови, ви кажувам дека цел живот погрешно ве учеле за боите и дека сината не е навистина сина туку жолта.

Што би направил вие? Дали ќе воздивнете од шок и набрзина ќе се јавите на наставничката од прво одделение викајќи и обвинувајќи ја дека ви наштетила во животот со тоа што погрешно ве учела за боите? Мислам не. Нема да има емоционална реакција на страв, нема да има драма. Едноставно ќе знаете дека сум идиот, отфрлајќи го коментарот како ирационален и ќе си продолжите со вашата работа. Зошто? Затоа што сте целосно убедени дека сината боја е сина!

Сега, да го споредиме мојот пример со дискусијата за нашата вера. Што ако сте целосно убедени во она што го вели Бог за исцелението, а докторот ви каже дека ќе умрете од рак? Ќе го погледнете тој доктор и ќе си помислите дека тој е идиотот затоа што знаете дека нема шанси тоа да се случи. Зошто? Затоа што сте целосно убедени во исцелението за што платил Исус. Дали ме разбирате? Се разбира, многу луѓе се молат, но кога малку разговарам со нив откривам дека нивните молитви не се молитви на вера, туку на надеж, бидејќи тие не се сигурни за исходот. Пријатели, затоа е многу важно да се изградиме со Божјото Слово. Треба да знаеме која е Божјата волја за да можеме да бидеме сигурни во она што Тој го кажува, а исто така да можеме да го отфрлиме она што не е Негова волја. Дозволете ми да ви дадам пример од мојот живот кој илустрира колку е важно да се храниме со она што Бог го кажува за животот.

Бев уморен, бидејќи имав неколку тешки недели како сопственик на бизнис (ова беше пред да бидам пастор).

Мојот распоред беше преполн со деловни телефонски повици, и се разбира, имав голем притисок бидејќи живеевме од провизии. Тој ден бев кај мојот стоматолог на рутинско пломбирање на забот. Сè беше нормално додека стоматологот не ја вбризга анестезијата. Кога ја стави иглата, дојде до ненадеен потрес, а потоа мојата вилица веднаш се вкочани, наместо тоа да се случи постепено. Бев изненаден и му кажав на стоматологот што се случи. Тој рече: „О, сигурно сум го погодил нервот". Брзо го прашав: „Дали е тоа нормално?" Тој ги кажа овие зборови: „Па, обично тоа заздравува". Што? Дали добро го слушнав? „Докторе, како тоа обично заздравува?" Тој рече: „Па, околу 80 до 85 проценти од случаите целосно заздравуваат без постојан негативен ефект".

Што? Одеднаш во мене се створи страв. Сега што? Дали мојот нерв ќе заздрави? Во мојот ум почнаа да кружат страшни мисли. По мојот термин, моето лице остана вкочането, за разлика од вообичаениот стоматолошки преглед кога вкочанетоста полека исчезнува. Се упатив кон следната локација каде што требаше да имам состанок со еден клиент, околу еден час возење од стоматолошката ординација, па имав доволно време да размислам за она што штотуку се случи. Но, по целиот пат бев во агонија, не од каква било болка, туку поради недостаток на мир и од стравот што ми се вртеше низ умот.

Кога се враќав дома од состанокот, подоцна во текот на денот, застанав кај еден пријател. Лицето сè уште ми беше вкочането и барав уверување од некој дека оваа работа ќе заздрави. Забележете ја мојата грешка: за мојата доверба не се свртев кон Божјото Слово, туку кон личност која не беше ни силен верник. Ѝ кажав на таа личност што се случило и чекав да ми каже: „Тоа не е голема работа, Гери; ќе заздрави!" Наместо тоа, еве што ми кажа. „О, не! Имав еден пријател на кој му се случи истото, и неговото лице никогаш не заздрави. Оттогаш неговото лице е парализирано". Не можев да поверувам

**ВО ТОЈ МОМЕНТ, ЗНАЕВ ДЕКА МОЈАТА ЕДИНСТВЕНА НАДЕЖ Е БОЖЈОТО СЛОВО**

што слушам! Ме обзеде преголем страв. Се однесував како да знаев дека сè ќе биде во ред и му се заблагодарив за одвоеното време.

Во очај, застанав кај друг пријател и го поставив истото прашање, а во шок го слушнав истиот одговор: „О, не“, ми рече: „Имам пријател на кој му се случи истото, и неговото лице никогаш не заздрави, до ден денешен е парализирано“.

По оваа посета, бев скршен. Знаев дека Бог лечи (во мојот ум), но едноставно не можев да се ослободам од тој страв. Моето срце дефинитивно не беше убедено. Таа ноќ бев во агонија! Мојот ум беше полн со страв, а моето лице сè уште беше вкочането како што беше во стоматолошката ординација. Додека се обидував да заспијам, почнав да чувствувам мала болка под десното уво. Дали е можно? Татко ми се бореше со Белова пареза една или две години порано и ми кажа дека сè започнало со болка веднаш под неговото уво. Белова пареза се јавува кога нервот кој ги контролира мускулите на лицето, кој патува низ мала дупка во коската веднаш под увото, се приклештува од инфекција или воспаление.

Додека лежев обидувајќи се да спијам, сè што можев да слушнам беа овие зборови што ми поминуваа низ мислите: „Ќе имаш Белова пареза исто како и татко ти“. Кога се разбудив наутро, имав целосен случај на Белова пареза! Не само што ми беше вкочанета вилицата, туку и целото лице од десната страна и не можев да ги затворам очите ниту устата. Бев хаос.

Отидов на консултација кај матичниот лекар за да ги потврдам моите сомнежи. По прегледот, тој ме погледна и ми рече дека навистина имам случај на Белова пареза. Тогаш реков: „Што ќе се случи следно?“ Тој рече: „Па, во околу 80 до 85 проценти од случаите, тоа ќе заздрави без трајна пареза“. „Дали добро го слушнав?“

Во тој момент знаев дека сум во неволја. Знаев дека ѓаволот нема да застане тука и не сакав да знам што е следно. Знаев доволно за духовната војна за да знам дека одам во погрешна насока. Запомнете, ова беше неколку години пред да знам тоа што го знам сега за овие работи.

Но, знаев доволно за да сфатам дека морам духовно да се справам со оваа работа ако сакам да победам. Исто така, сфатив дека ова е демонска напад за да ме фати неподготвен и уморен и во време кога не очекував никакви проблеми.

Во тој момент, знаев дека мојата единствена надеж е Божјото Слово. Во себе, немав апсолутно никаква способност да го запрам стравот што ме мачеше во мислите. Затоа земав мали картички на кои напишав Библиски стихови за исцеление и ги залепив низ целата куќа. Се покајав пред Господа и го започнав процесот на развивање вера во моето срце. Знаев дека морам да го посеам Словото во моето срце за да се развие верата, па затоа размислував за Божјото Слово во текот на денот.

На почетокот ништо не се смени. Моето лице остана вкочането, а јас постојано се борев со духот на страв. По околу една недела, без ништо да се промени на моето лице, нешто се случи!

Исто како и процесот што го гледаме во нашиот стих Марко 4:26-28, кога го посеав Словото во моето срце, во мене почна да се раѓа вера, прво листот, потоа стебленцето, главата и на крај зрело зрно.

Во текот на целиот овој процес, сè уште немаше договор, а со тоа ниту вера. Сепак, иако не гледав промена или не знаев како функционира овој процес, според нашиот стих во Марко 4, работите навистина се менуваа.

Промената за која зборувам сè уште не е во манифестирана во природната област, но промената се случува во нашите срца. Ако се држиме за Словото, тоа полека го менува системот на верување на нашите срца од систем на невера во договор со Небото само од себе.

Така, во овој случај, се држев за Словото, знаејќи дека тоа е мојот единствен одговор. Одеднаш, еден ден, додека шетав низ мојата куќа со сите тие залепени картички со Библиски стихови за исцеление, случајно прочитав една што ја имав видено сто пати. Но, овој пат кога го прочитав стихот на неа, БАМ! Наеднаш врз мене дојде помазанието, стравот веднаш си замина, и ЗНАЕВ дека сум исцелен. Да, моето лице сè уште беше вкочането. Немаше промена, но

знаев дека сум излечен. За неколку часа, моето лице беше сосема нормално, без ниту трага од вкочанетост. Слава на Бога! Словото е делотворно!

И покрај тоа што дозволив мојот духовен живот да ослабне поради моето запоставување и зафатеност, на крајот ја сфатив мојата грешка и се покајав за мојата глупост. Ова беше многу одамна кога првпат учев како навистина функционира верата и немав големо искуство во оваа област. Гледајќи наназад на она што го направив, знам дека беше глупаво од мене што гледав на луѓето во мојата неволја, наместо да одам директно во Божјото Слово. Кога разбрав што се случува, се свртев кон Божјото Слово со голема сигурност. За жал, повеќето луѓе не се сигурни во овој процес бидејќи никогаш не биле поучени за верата и како таа доаѓа. Бидејќи не се свесни за процесот, кога се под притисок, се откажуваат од Словото, мислејќи дека тоа не функционира.

**Разберете го противнападот на сатаната.**

Кристин дојде во нашата црква не знаејќи многу за Бога. Таа Го прифатила Исус на една од нашите неделни утрински богослужби, и нејзиниот живот беше радикално променет. Во нашата црква имаме час по Духовна ориентација каде што учиме за Царството. Една од областите за кои зборуваме и поучуваме е легалното право да бидеме исцелени. Кристин со години имала проблеми со слухот. Всушност, таа носела слушен апарат 40 години и веќе изгубила над 50 отсто од слухот. Нејзината мајка била глува, а нејзиниот брат исто така страдал од истиот проблем со губење на слухот. Кога Кристин слушнала дека, како верник, има законско право да биде излечена, таа била многу возбудена!

На часот, мојата сопруга, Дренда, ги положила рацете врз неа и се молела нејзиниот слух да биде отворен, и таа веднаш слушала совршено. Кристин почнала да вреска и да плаче и да Го слави Бога. Кога Дренда и Кристин дојдоа да ми ја кажат добрата вест, почувствував потреба да ја предупредам за контранападот на сатаната. Ѝ реков на Дренда да ѝ укаже на Кристин дека ако повторно

се појават симптомите, храбро да се спротивстави на проблемот и да прокламира дека е излечена, а сатана да се повлече. Следното утро дошол тестот. Таа повторно не можела да слуша добро. Така, таа го направила токму она што ѝ го кажавме: „НЕ! Сатано, јас не го примам ова. Јас сум исцелена, и јас бев исцелена, во името на Исус!“ Нејзините уши се отвориле, и оттогаш тие останаа отворени.

Запомнете дека сатаната ќе изврши противнапад и ќе се обиде да си ја врати територијата. Не дозволувајте да го направи тоа. Стојте цврсто на Словото Божјо!

Во овој додаток, одвоив малку време за да ви дадам основно разбирање за тоа што е вера, како таа функционира, како да знаете дали сте во верата односно дали имате вера и каде да добиете вера. За да биде делотворно Божјото Царство во вашиот живот, треба да го знаете ова. Запомнете, Исус ѝ рекол на жената што го добила своето исцеление во Матеј 9:20-22: „Твојата вера те исцели“. Така ќе биде и со вас: вашата вера, целосната увереност на вашето срце во она што го кажува Небото и користење на српот се вашиот одговор за секој проблем или потреба со која може да се соочите во животот.

Целиот мој материјал е достапен на garykeesee.com.

Ако сакате информации за мојата компанија, посетете ја страната на Forward Financial Group на forwardfinancialgroup.com.

Ако сакате информации за тоа како да ги инвестирате вашите пари од пензискиот фонд без ризик од губење на средства поради промените на пазарот, или ако барате начин максимално да ја исползувате вашата пензија, повторно, посетете ја страната на Forward Financial Group.

Ако сте заинтересирани да организирате една од нашите конференции за Финансиска револуција во вашата црква, ве молиме контактирајте нè за повеќе информации.

Служба на Гери и Дренда Киси
P.O. Box 779,
Њу Албани, Охајо 43054

Посетете ја страницата
на **FLNFree.com** за
бесплатно преземање на
дополнителни материјали за
поучување на вашиот јазик!

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување
на вашиот јазик? Одете на **FLNFree.com**

# ЗАБЕЛЕЖЕТЕ ЈА МОЖНОСТА

# НЕ ГИ ЗАПОСТАВУВАЈТЕ ВАШИТЕ СОНИШТА

**Откријте како да го забрзате својот успех и да ги остварите вашите соништа!**

Дали знаете дека повеќе од 80% од Американците не ја сакаат својата работа? Зошто тогаш секое утро тие одат на работа што ја мразат? Затоа што нивната визија е во сенка на борбата да си ги платат сметките. Нивната слобода е киднапирана од нивниот долг така што тие веќе се откажале од своите соништа.

*Незавршена Работа: Девет закони за забрзување* отворено говори за овие теми и ве води низ потребните чекори за промена на вашиот став - вашите *мисли* - во мисли на **можност** и **забрзување**, за да не остане ниту еден неостварен сон, пропуштени можности да бидеме влијателни, и да не ја пропуштиме Божјата волја за нашите животи.

Гери Киси, на негов својствен начин, користи практична мудрост, сведоштва, и извадоци од Светото Писмо за да ве поведе низ едноставните чекори што водат од преживување до целосен просперитет.

Гери и неговата сопруга Дренда долго време биле робови на долгот и проблемите. Гери бил толку обземен од страв што не можел ниту да стане наутро од својот кревет, така што тој морал да прима антидепресиви. Меѓутоа, применувајќи ги чекорите од оваа книга, неговиот живот се променил и тој почнал да искусува победи.

Со своето триесетгодишно искуство, Гери им помогнал на безброј луѓе да ја исполнат Божјата волја и соништа за нивниот живот. Гери сака да ви помогне да победувате и да напредувате во животот со цел да не пропуштите ништо од Божјите замисли за вас.

**Подгответе се за забрзување.**



Гери Киси е автор, говорник, претприемач, финансиски експерт и пастор, кој има горлива желба да им помага на луѓето да извојуваат победи во животот, особено во областите на верата, семејството и финансиите. Гери и неговата сопруга Дренда имаат создадено неколку успешни бизниси и се основачи на Faith Life Now, во чија продукција се две телевизиски програми – Решавање на проблемот со парите и Дренда, конференции ширум светот и практични ресурси. Гери и Дренда исто така се и пастори на црквата Faith Life, во близина на Колумбус, Охајо.

P.O.Box 779, New Albany, OH 43054 | garykeesee.com

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување на вашиот јазик? Одете на FLNFree.com